Количината на “кинетичка енергија” зависи од брзината на возилото и од тежината на возилото и на неговите патници. Колку се поголеми тие вредности, толку повеќе енергија треба да се “апсорбира” во случај на незгода.

Најзначајниот фактор, сепак, е брзината на возилото. Ако брзината се удвои од 25 km/h (15 mph) на 50 km/h (30 mph), на пример, соодветната кинетичка енергија четирикратно се зголемува.

Со оглед на тоа што патниците од возилото во нашиот пример немаат врзани сигурносни појаси, во случај на судир целата количина на кинетичка енергија на патниците ќе се апсорбира само од споменатиот удар.


Дури и при брзини од 30 km/h (19 mph) до 50 km/h (30 mph), силите што делуваат на телата при судир лесно можат да надминат еден тон (1000 kg). При поголема брзина овие сили се уште поголеми.

Патниците на возилото кои немаат сигурносни појаси не се “врзани” за возилото. Во директен судир, тие ќе се движат напред со истата брзина со која се движело нивното возило непосредно пред ударот. Овој пример не се однесува само на директни судири, туку и на сите незгоди и судири.


Дури и при мали брзини, силите што делуваат на телото при судир се толку големи што не е можно да се заштитите со рацете. Во случај на директен судир, патниците на возилото кои немаат сигурносен појас ќе бидат неконтролирано фрлени напред и ќе се судрат, на пример, со управувачот, инструментната табла или ветробранското стакло ››› сл. **19**.

Исто така, важно е за патници на задните седишта правилно да ги стават сигурносните појаси, бидејќи инаку би можеле да бидат насилно исфрлени напред низ внатрешноста на возилото при незгода. Доколку патник на задно седиште нема појас, тој не само што се загрозува себеси туку и патниците на предните седишта ››› сл. **20**.

Прицврстување и вадење на сигурносниот појас



Сл. **21** Ставете го јазичето на сигурносниот појас во бравата.



Сл. **22** Ослободете го јазичето на сигурносниот појас.

Правилно ставените сигурносни појаси ги држат патниците во возилото во положба што најмногу ги штити во случај на незгода или нагло сопирање ››› ⚠.

Прицврстување на сигурносниот појас

Прицврстувајте го вашиот сигурносен појас пред секое патување.

- Правилно нагодете го предното седиште и потпирачот за глава ››› стр. **46**.
- Потпирачот за грб на задното седиште доведете го во исправена позиција ››› ⚠.
- Повлечете го јазичето и појасот ставете го рамно преку вашите гради и скут. Не превртувајте го притоа сигурносниот појас ››› ⚠.
- Ставете го јазичето во бравата на правилното седиште ››› сл. **21**.
- Повлечете го појасот за да се осигурате дека јазичето е безбедно фиксирано во бравата.

Ослободување на сигурносниот појас


Одврзувајте го сигурносниот појас само кога возилото застанало ››› ⚠.

- Притиснете го црвеното копче на бравата ››› сл. **22**. Јазичето се ослободува од бравата.
- Доведете го појасот со рака назад за лесно да се намота и да не се оштети облогата.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Сигурносниот појас не може да ја понуди својата целосна заштита ако потпирачот за грб не е во исправена положба и ако сигурносниот појас не се носи правилно, соодветно на вашата висина.
- Откачувањето на сигурносниот појас додека возилото е во движење може да предизвика тешки или фатални повреди во случај на незгода или нагло сопирање.
- Самиот сигурносен појас, или лабавиот сигурносен појас, може да предизвика сериозни повреди ако појасот се премести од тврдите делови на телото кон меките области (на пример, стомакот).

Правилна позиција на сигурносниот појас



Сл. **23** Корекција на позициите на сигурносниот појас и на потпирачот за глава, гледано од напред и странично.



Сл. **24** Позиција на сигурносниот појас за време на бременоста.

Сигурносните појаси ја нудат својата максимална заштита во случај на несреќа и го намалуваат ризикот од тешки или фатални повреди само кога се правилно поставени. Понатаму, ако лентата на појасот е правилно поставена, сигурносниот појас ќе ги држи патниците во возилото во оптимална положба за да се осигури дека воздушното перниче обезбедува максимална заштита. Затоа, сигурносниот појас мора секогаш да се носи, а лентата на појасот правилно да се намести.

Неправилно носените сигурносни појаси може да предизвикаат сериозни или дури и фатални повреди ››› стр. **46**, *Правилна позиција на седење на патниците во возилото*.

- Раменият дел од сигурносниот појас мора да лежи на центарот на рамото, никогаш преку вратот или раката, под раката или зад рамото.
- Долниот дел од сигурносниот појас мора да лежи преку карлицата, никогаш преку стомакот.
- Сигурносниот појас мора да лежи рамно и удобно да одговара. Затегнете го појасот ако е потребно за да го зафатите секое олабавување.

Во случај на бремени жени, сигурносниот појас треба да помине рамномерно преку градите и што е можно пониско низ карличната област со рамна лента за да не го притиска стомакот; дополнително, мора да се користи во текот на целата бременост ››› сл. **24**.

Прилагодување на позицијата на лентата на појасот на вашата големина

Позицијата на сигурносниот појас може да се прилагоди со приспособување на висината на предните седишта.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилно носената лента на појасот може да предизвика тешки или фатални повреди во случај на несреќа.

- Раменият дел од сигурносниот појас мора да лежи на центарот на рамото, никогаш преку вратот или раката.
- Сигурносниот појас мора да лежи рамно и удобно да одговара на телото.
- Долниот дел од сигурносниот појас мора да лежи преку карлицата, никогаш преку стомакот. Сигурносниот појас мора да лежи рамно и удобно да се вклопи на карлицата. Затегнете го појасот ако е потребно за да го зафатите секое олабавување.
- Во случај на бремени жени, абдоминалната лента на сигурносниот појас треба да помине што е можно пониско низ карличната област, да се постави рамно и да го “опфати” стоматкот ››› сл. **24**.
- Не превртувајте го сигурносниот појас додека е прицврстен.
- Штом сигурносниот појас е правилно поставен, не го тргајте од телото со раката.

- Не ставајте го сигурносниот појас преку крути или кревки предмети, на пр. очила, пенкала или клучеви.
- Никогаш не користете штипки за сигурносни појаси, прстени за прицврстување или слични предмети за да ја промените позицијата на лентата на појасот.

Предупредување

Ако вашата физичка конституција ве спречува да ја одржувате правилната положба на лентата на појасот, контактирајте со специјализирана работилница за помош со какви било специјални уреди за да се обезбеди оптимална заштита на сигурносниот појас и воздушното перниче. **CUPRA** препорачува да го однесете вашето возило на технички сервис.

Автоматски намотувач, затегнувач и ограничувач на силата на појасот

Сигурносните појаси на возилото се дел од безбедносниот систем на возилото ››› стр. 46. Овој систем ги има следните важни функции:

Автоматски намотувач на појасот

Деловите за рамо на сигрносните појаси на возачкото и совозачкото седиште, како и оние на задните странични седишта (и, во зависност од опремата, и сигурносниот појас на средишното задно седиште) се опремени со автоматски вовлекувачи. Овој уред обезбедува целосна слобода на движење кога делот за рамото се влече нежно или при нормално возење. Меѓутоа, при нагло сопирање, при возење во планина, во кривини и при забрзување, вовлекувачот го блокира сигурносниот појас ако брзо се оптегне.

Во критични возни ситуации, на пр. во случај на итно сопирање или во случај на преголемо или премало управување, проактивната заштита на патниците може автоматски да ги затегне предните сигурносни појаси доколку се врзани[1]. Двата појаси повторно се олабавуваат доколку не се случи незгода или кога ќе помине критичната ситуација. Проактивната заштита на патниците е подготвена повторно да работи ››› стр. 55.

Затегнувач на сигурносен појас

Сигурносните појаси на предните и, зависно од опремата, на страничните задни седишта се опремени со затегнувачи.

Затегнувачите се активираат со сензори во случај на тешки директни судири, странични и задни судири (кај хибридните возила се активираат и во случај на превртување), а ги затегнуваат сигурсноните појаси во насока спротивна на нивното оптегнување.

Ако сигурносниот појас е отпуштен, затегнувачот го затегнува. Ова го ублажува движењето на патниците нанапред кон ударот.

Предзатегнувачите на појасите работат во комбинација со системот на воздушни перничиња. Предзатегнувачите на појасите се активираат во комбинација со некои од воздушните перничиња, во зависност од типот на судир.

Кога ќе се активираат, може да се ослободи фин прав. Тоа е сосема нормално и не е знак за пожар во возилото.

Реверзибилно затегнување на појасите (проактивна заштита на патниците)

Во одредени возни ситуации, може да дојде до реверзибилно затегнување на сигурносните појаси ››› стр. 55. На пример:

- при ненадејно сопирање
- при преголемо или премало управување
- при помали судири

Ограничувач на силата на појасот

Во зависност од опремата и конкретната земја, во случај на незгода, ограничувачот на силата на сигурносните појаси ја намалува силата што сигурносниот појас ја врши врз телото.

[1] Само ако е монтиран PreCrash систем.

Предупредување

- По одредени возни ситуации, реверзибилните затегнувачи на појасите може да останат трајно затегнати[1]. Во овој случај, за олабавување на појасот, тој мора да се отстрани рачно додека возилото е во мирување и потоа правилно да се замени.
- Мора да се почитуваат релевантните безбедносни барања доколку возилото или која било компонента на системот треба да се исфрли. Специјализираните сервисни работилници ги знаат тие барања.

Одржување и исфрлање на затегнувачите на сигурносните појаси

Затегнувачите на сигурносните појаси се компоненти на сигурносните појаси што се монтирани на седиштата на вашето возило. Ако вршите зафати на затегнувачите на сигурносните појаси или отстранувате и монтирате делови од системот кога вршите други поправки, сигурносниот појас може да се оштети. Последица може да биде во случај на незгода затегнувачите на сигурносните појаси да не функционираат правилно или воопшто да не функционираат.

За да не се намали ефикасноста на затегнувачот на сигурносниот појас и отстранетите делови да не предизвикаат повреди или загадување на животната средина, мора да се почитуваат прописите кои им се познати на специјализираните сервисни работилници.

ВНИМАНИЕ

Неправилното ракување и домашните поправки на сигурносните појаси, автоматските вовлекувачи и затегнувачите на појасите може да го зголемат ризикот од сериозни или фатални повреди. Затегнувачите може да не се активираат иако треба, или може да се активираат неочекувано.

- Никогаш не поправајте, прилагодувајте или расклопувајте ги и повторно склопувајте ги компонентите или затегнувачите на сигурносните појаси. Овие зафати секогаш нека ги врши специјализирана сервисна работилница.
- Сигурносните појаси, затегнувачите и нивните автоматски вовлекувачи не може да се поправаат и мора да се заменат.

Напомена во врска со животната средина

Модулите на воздушните перничиња и затегнувачите на појасите може да содржат перхлорат.

Почитувајте ги законските барања за нивното исфрлање.

Систем **PreCrash**

Како функционира

Системот PreCrash е систем за помош што активира низа мерки за заштита на патниците во возилата во потенцијално ризични ситуации, но кои не можат да спречат судир.

Тој работи целосно само ако не е избран посебен профил за возење и ако нема аномалии при работа.

Основни карактеристики

Во зависност од законските одредби на земјата и карактеристиките на возилото, во критични ситуации (на пр. во одредени случаи на итно сопирање или губење на контролата на возилото од страна на возачот) следните функции може да се активираат одделно или во исто време кога возилото се движи побрзо од околу 30 km/h (20 mph).

- Реверзибилно затегнување на предните сигурносни појаси кои се врзани.
- Ракување со предупредувачките светла.
- Автоматско затворање на прозорците додека не се отворат само со процеп и, во зависност од опремата, на сончевиот покрив.
- Во случај на превртување, во зависност од опремата, активирање на затегнувачите на појасите.

[1] Само ако е монтиран PreCrash систем.

Во зависност од тоа колку е критична ситуацијата во возењето, појасите се затегнуваат или поединечно, или двата појаси истовремено.

Дополнително кон **Front Assist**

Во возилата со Front Assist ››› стр. **230**, во рамките на границите на системот, се оценуваат информациите за ризикот од судир со возилото напред. Функциите на системот PreCrash може да се активираат и ако постои голема веројатност за судир одзади или за време на активирањето на Front Assist.

Дополнително кон **Side Assist**

Во возилата со Side Assist ››› стр. **243**, во рамките на границите на овој систем, се оценуваат информациите за ризикот од судир со учесниците во сообраќајот во задниот дел на возилото. Ако е многу веројатен судир одзади, функциите на системот PreCrash може исто така да се активираат. Во оваа ситуација, предупредувачките светла се вклучуваат со поголема фреквенција на трепкања.

Дополнително кон системот **Emergency Assist**

Во возилата со итна помош, информациите за статусот на возачот се оценуваат во рамките на ограничувањата на овој систем. Следниве системи PreCrash може да се активираат ако се открие недостаток на активност:

- Реверзибилно затегнување на сигурносниот појас на возачкиот појас.
- Автоматско затворање на прозорците додека не се отворат само со процеп и, во зависност од опремата, на сончевиот покрив.

Активирање на системот **PreCrash**

Системот PreCrash може делумно да се деактивира со деактивирање на контролата за влечење и/или стабилност, во зависност од опремата. Кога овие безбедносни контроли на возилото се вклучени (стандардно, секогаш кога палењето ќе се вклучи), системот целосно се активира.

Поставувања на избор на возен профил

Во возилата со избор на возен профил, PreCrash се прилагодува за да одговара на специјалната конфигурација на возилото на соодветниот профил ››› стр. **201**.

Ограничена работа

Системот PreCrash не е достапен или има ограничена достапност само во следните ситуации:

- Кога TCS и/или ESC е исклучен.
- Кога возите наназад.
- Кога контролната единица на воздушните перничиња не работи правилно.
- Кога има дефект во самиот систем, во ESC или во Front Assist.

Решавање проблеми

Ако PreCrash не работи правилно, на екранот на инструментната табла трајно се прикажува пораката **System unavailable** (Системот е недостапен) или **System with limited functions** (Системот е со ограничени функции). Одете до специјализиран сервис на CUPRA или Официјален сервис на SEAT и побарајте да се провери системот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Системот **PreCrash** не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Ризиците кои ја загрозуваат безбедноста никогаш не се оправдуваат со употребата на овој систем. Системот не е замена за вниманието на возачот и не може да спречи судир.

- Приспособувајте ја вашата брзина и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.
- Системот не може секогаш да препознава објекти.
- Системот може да не реагира на луѓе или животни или предмети кои се вкрстуваат по должина или кои тешко се откриваат.

- Металните предмети (на пр. огради) или други елементи на јавниот пат или неповолните временски услови може да го попречат неговото функционирање, а со тоа и неговата способност да открие ризик од судир.
- Никогаш не ги игнорирајте предупредувачките сијалички што светат или пораките прикажани на контролната табла.

⚠ ВНИМАНИЕ

Одвлекувањето на вниманието на возачот на кој било начин може да доведе до незгода и да предизвика повреди.

- Никогаш не менувајте ги поставувањата во инфо-забавниот систем додека возите.

Систем на воздушни перничиња

Зошто е толку важно да носите сигурносен појас и правилно да седите?

За воздушните перничиња што се отвораат да постигнат најдобра заштита, сигурносниот појас мора секогаш да се носи правилно и да се заземе правилна положба за седење.

Системот на воздушни перничиња не е замена за сигурносните појаси, но е составен дел од целокупниот систем за пасивна безбедност на возилото. Ве молиме имајте на ум дека системот на воздушни перничиња може ефикасно да работи само кога патниците во возилото ги носат правилно појасите и ги имаат правилно наместено потпирачите за глава. Затоа, најважно е правилно да ги носите сигурносните појаси во секое време, не само затоа што тоа го бара законот во повеќето земји, туку и заради вашата безбедност ››› стр. 49, *Сигурносни појаси на седиштата*.

Воздушното перниче се отвора за неколку секунди, па ако не седите правилно кога ќе се отвори воздушното перниче, може да претрпите фатални повреди. Затоа, од суштинско значење е сите патници во возилото да заземат правилна седечка положба додека патуваат.

Наглото сопирање пред незгода може да предизвика патник кој не носи сигурносен појас да биде исфрлен напред во пределот на отворениот воздушно перниче. Во овој случај, воздушното перниче што се отвора може да му нанесе критични или фатални повреди на патникот. Ова важи и за децата.

Секогаш одржувајте најголемо можно растојание помеѓу себе и предното воздушно перниче. На овој начин, предните воздушни перничиња може целосно да се отворат кога се активираат, обезбедувајќи максимална заштита.

Најважните фактори за активирање на воздушното перниче се видот на неззгодата, аголот на удар и брзината на возилото.

Дали воздушните перничиња ќе се активираат или не зависи првенствено од брзината на сопирање на возилото која произлегува од судирот и ја утврдува контролната единица. Ако сопирањето на возилото што се случува за време на судирот и измерено од контролната единица остане под наведените референтни вредности, нема да се активираат предните, страничните и/или завесните воздушни перничиња. Имајте предвид дека видлива штета во возилото инволвирано во сообраќајна незгода, без разлика колку е сериозна, не е одлучувачки фактор за активирање на воздушните перничиња.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилното носење на сигурносниот појас или неправилната положба при седење може да доведе до критични или фатални повреди

- Сите патници во возилото, вклучително и децата, кои не се соодветно врзани со појас може да претрпат критични или фатални повреди доколку се активира воздушното перниче. Децата до **12** години секогаш треба да патуваат на задното седиште. Никогаш не превезувајте деца во возилото ако не се прицврстени или ако системот за прицврстување не е соодветен за нивната возраст, висина или тежина.

• За да го намалите ризикот од повреда од воздушно перниче што се отвора, секогаш носете го правилно сигурносниот појас ››› стр. 49.

Опис на системот на воздушни перничиња

Системот на воздушни перничиња нуди дополнителна заштита за патниците во комбинација со сигурносните појаси.

Системот на воздушни перничиња ги содржи следните модули (според опремата на возилото):

- Електронска контролна единица
- Предни воздушни перничиња за возачот и совозачот
- Воздушно перниче за колена за возачот
- Странични воздушни перничиња
- Централно воздушно перниче за возачот
- Воздушно перниче за глава
- Контролна сијаличка за воздушно перниче на инструментната табла ››› стр. 59
- Прекинувач со клуч за воздушно перниче за совозачот
- Контролна сијаличка за оневозможен/овозможен статус на воздушното перниче на совозачот.

Работата на системот на воздушни перничиња се следи електронски. Контролната сијаличка на воздушното перниче ќе свети неколку секунди секогаш кога ќе се вклучи палењето (самодијагностика).

Постои дефект на системот ако контролната сијаличка :

- не се вклучува кога ќе се вклучи палењето ››› стр. 59,
- се исклучува по 4 секунди откако ќе се вклучи палењето,
- се исклучува и повторно се вклучува откако ќе се вклучи палењето,
- свети или трепка додека возилото се движи.

Системот на воздушни перничиња не се активира ако:

- палењето е исклучено
- има полесен фронтален судир
- има полесен страничен судир
- има судир одзади
- во случај на превртување на возилото ако динамичките карактеристики измерени од контролната единица се премногу ниски,
- брзината на удар е помала од референтната вредност програмирана во контролната единица.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Сигурносните појаси и воздушни перничиња можат да обезбедат максимална заштита само ако патниците седат правилно ››› стр. 46.
- Ако се појави дефект во системот на воздушни перничиња, веднаш однесете го системот да се провери во специјализирана работилница. Во спротивно, постои опасност за време на судир, системот да не се активира или да не се активира правилно.

Активирање на воздушно перниче

Воздушните перничиња се активираат исклучително брзо, во рок од илјадити дел од секундата, за да обезбедат дополнителна заштита во случај на незгода. Може да се појави ситна прашина кога ќе се отвори воздушното перниче. Ова е нормално и не е индикација за пожар во возилото.

Системот на воздушни перничиња е подготвен да функционира само кога палењето е вклучено.

Во посебни случаи на незгоди, неколку воздушни перничиња може да се активираат истовремено.

Во случај на помали директни и странични судири, судири одзади, извртување или излизгување на возилото, воздушните перничиња не се активираат.

Воздушните перничиња се активираат само ако возилото се преврти во хибридната plug-in верзија на возилото.

Фактори на активирање

Условите што доведуваат до активирање на системот на воздушни перничиња во секоја ситуација не може да се генерализираат. Некои фактори играат важна улога, како што се својствата на предметот во кој удира возилото (тврдо/меко), аголот на удар, брзината на возилото итн.

Траекторијата на забавување е клучна за активирање на воздушните перничиња.

Контролната единица ја анализира траекторијата на судирот и го активира соодветниот систем за задржување.

Ако стапката на забавување е под претходно дефинираната референтна вредност во контролната единица, воздушните перничиња нема да се активираат, иако незгодата може да предизвика голема штета на автомобилот.

Следниве воздушни перничиња се активираат при сериозни директни судири:

- Воздушно перниче за возачот.
- Предно воздушно перниче за совозач
- Воздушно перниче за колена за возачот.
- Воздушни перничиња за глава.

Во случај на сериозни странични судири, може да се активираат некои (или сите) од следните воздушни перничиња (во зависност од тежината на судирот):

- Завесно воздушно перниче (за глава) на страната на незгодата.
- Предно странично воздушно перниче на страната на незгодата.
- Задно странично воздушно перниче на страната на незгодата.
- Централно воздушно перниче.

Во незгода со активирање на воздушното перниче:

- внатрешните светла се вклучуваат (ако прекинувачот за внатрешно светло е во положбата на светло за комфорно користење);
- се вклучуваат предупредувачките светла;
- сите врати се отклучуваат;
- снабдувањето на моторот со гориво е прекинато;
- кај хибридните возила, високонапонскиот систем е исклучен;
- започнат е повик за итен случај.

Контролни сијалички на системот за воздушни перничиња

Светнува на инструментната табла
Дефект на системот на воздушни перничиња и на затегнувачите на сигурносните појаси. Системот веднаш нека се провери во специјализирана сервисна работилница.

OFF Светнува на кровната конзола
Деактивирано предно воздушно перниче на совозачот. Проверете дали воздушното перниче треба да остане деактивирано.

ON Светнува на кровната конзола
Активирано предно воздушно перниче за совозачот. Контролната сијалички автоматски се гаси 60 секунди откако ќе се вклучи палењето.

Неколку предупредувачки и контролни сијалички светнуваат неколку секунди кога палењето ќе се вклучи сигнализирајќи дека функцијата се проверува. Тие ќе се исклучат по неколку секунди.

Ако контролната сијаличка на системот за воздушни перничиња и затегнувачи на појасите остане вклучена или трепка, тоа е знак за дефект на системот на воздушни перничиња и затегнувачи на појасите ››› ⚠ . Системот веднаш нека се провери во специјализирана сервисна работилница.

Ако воздушното перниче на совозачот е деактивирано, предупредувачката сијаличка OFF останува вклучена на кровната конзола за да ве потсети дека воздушното перниче е деактивирано. Ако, со деактивирано воздушно перниче за совозачот, оваа сијаличка не остане вклучена или ако свети заедно со контролната сијаличка на инструментната табла, има дефект на системот на воздушни перничиња ››› ⚠. Ако контролната сијаличка трепка, има дефект во исклучувањето на системот на воздушни перничиња ››› ⚠. Системот веднаш нека се провери во специјализирана сервисна работилница.

⚠ ВНИМАНИЕ


Во случај на дефект на системот на воздушни перничиња и затегнувачи на појасите, воздушните перничиња и сигурносните појаси може да не се активираат правилно, може да не се активираат или дури може да се активираат неочекувано.

- Патниците на возилото ризикуваат да претрпат тешки или фатални повреди. Системот веднаш нека се провери во специјализирана сервисна работилница.
- Не монтирајте детско седиште на совозачкото седиште или отстранете го монтираното детско седиште! Предното воздушно перниче на совозачот може да се отвори за време на незгода и покрај дефектот.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Секогаш обрнувајте внимание на сите вклучени контролни сијалички и на соодветните описи и упатства за да избегнете оштетување на возилото или повреда на патниците.

Предни воздушни перничиња



Сл. **25** Воздушно перниче на возачот во управувачот.



Сл. **26** Предно воздушно перниче за совозач лоцирано во контролната табла.

Предното воздушно перниче на возачот е сместено во управувачот и на совозачот во контролната табла. Воздушните перничиња се означени со зборот “AIRBAG”.

Капаците на воздушните перничиња се отвораат и остануваат прицврстени за управувачот и инструментната табла кога се активираат воздушните перничиња на возачот и совозачот соодветно ››› сл. **25** , ››› сл. **26**.

Во комбинација со сигурносните појаси, системот на предните воздушни перничиња им дава на предните патници дополнителна заштита за главата и градите во случај на тежок фронтален судир ››› ⚠.

Дополнително, при одредени директни судири, воздушното перниче за глава се активира од двете страни на возилото.

Нивниот специјален дизајн овозможува контролирано излегување на гасот кога патникот ќе изврши притисок врз перничето. Така, главата и градите се заштитени со воздушното перниче. По судирот, воздушното перниче спласнува доволно за да овозможи видливост.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Просторот на отворање помеѓу предните патници и воздушните перничиња во никој случај не смее да биде зафатен од други патници, домашни миленици и предмети.
- Воздушните перничиња обезбедуваат заштита за само една незгода; заменете ги откако ќе се отворат.
- Исто така, важно е да не прикачувате предмети како што се држачи за чаши или држачи за телефон на површините што ги покриваат единиците на воздушните перничиња.

Активирајте го и деактивирајте го предното воздушно перниче за совозачот[1)]



Сл. **27** Прекинувач за активирање и деактивирање на воздушното перниче на совозачот.



Сл. **28** На кровната конзола: контролна сијаличка за деактивирање на воздушното перниче на совозачот.

Деактивирајте го предното воздушно перниче на совозачот само ако треба да користите детско седиште свртено наназад на совозачкото седиште.

CUPRA препорачува да го поставите детското седиште на задното седиште за да избегнете деактивирање на воздушното перниче на совозачот.

Ако предното воздушно перниче на совозачот е деактивирано, тоа значи дека само предното воздушно перниче на совозачот е деактивирано. Сите останати воздушни перничиња во возилото остануваат активирани.

1) Не е достапно на сите пазари.


Деактивирајте го и активирајте го предното воздушно перниче за совозачот

- Исклучете го палењето.
- Отворете ја вратата на совозачот.
- Извадете го металниот дел од клучот на возилото.
- Вметнете го металниот дел на клучот во отворот предвиден во прекинувачот за исклучување на воздушното перниче за совозачот ››› сл. **27**. Треба да влезе околу 3/4 од клучот; тоа е најмногу што може.
- Нежно завртете го клучот зада ја промените неговата позиција на **OFF** (деактивирај) или на **ON** (активирај). Ако имате потешкотии, проверете дали сте го внеле клучот колку што може.
- Затворете ја вратата на совозачот.
- При деактивирањето на воздушното перниче, вклучете го палењето и проверете дали контролната сијаличка **OFF** останува осветлена ››› сл. **28**.
- При повторно активирање на воздушното перниче, проверете при вклучено палење дали контролната сијаличка **OFF** не свети и сијаличката **ON** светнува 60 секунди и потоа се гасне.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Возачот на возилото е одговорен за исклучување или вклучување на воздушното перниче.
- Секогаш исклучувајте го палењето пред да го исклучите воздушното перниче на совозачот! Ако не го сторите тоа, може да дојде до дефект во системот за деактивирање на воздушните перничиња.
- Никогаш не го оставајте клучот во прекинувачот за исклучување на воздушното перниче бидејќи може да се оштети или да го вклучите или исклучите воздушното перниче за време на возењето.
- Ако поради која било причина се деактивира воздушното перниче, повторно активирајте го што е можно поскоро за да може да ја исполни својата заштитна функција.

Централно воздушно перниче



Сл. **29** Во внатрешната обвивка на потпирачот за грб на седиштето на возачот: централно воздушно перниче.



Сл. **30** Целосно отворено централно воздушно перниче (зона на отворање).

Централното воздушно перниче е инсталирано за предните седишта и се наоѓа во внатрешната обвивка на потпирачот за грб на седиштето на возачот.

Локацијата на централното воздушно перниче е означена со натписот “AIRBAG” ››› сл. 29.

Кога се отвора, централното воздушно перниче ја пополнува означената зона (зона на отворање) ››› сл. 30. Поради оваа причина, никогаш не поставувајте или поправајте предмети во оваа зона ››› ⚠.

Централното воздушно перниче се активира во случај на страничен судир или ако возилото се превртн, со што се намалува ризикот од повреди на патниците во возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

Кога се активира, воздушното перниче се отвора со голема брзина во милисекунди.

- Секогаш чувајте ја зоната на отворање на централното воздушно перниче слободна.
- Никогаш не прикачувајте предмети на капакот на централното воздушно перниче или зоната на отворање.
- Не дозволувајте други луѓе, животни или предмети да влезат помеѓу патниците на предните седишта и зоната на отворање на воздушните перничиња. Погрижете се сите патници во возилото, вклучително и децата, да го следат ова правило.
- Никогаш не користете облоги или навлаки за седишта кои не се експлицитно одобрени за седиштата на возилото. Во спротивно, страничното воздушно перниче нема да може да се отвори доколку се активира.

⚠ ВНИМАНИЕ


Неправилното ракување со возачкото и совозачкото седиште може да го спречи правилното функционирање на централното воздушно перниче и да предизвика сериозни повреди.

- Никогаш не ги вадете предните седишта од возилото и не менувајте ги нивните компоненти.
- Ако страничните потпирачи за грб се подлежат на голема сила, централното воздушно перниче може да не се активира правилно, може воопшто да не се активира или неочекувано да се активира.
- Веднаш побарајте специјализиран сервис за поправки да го поправи секое оштетување на оригиналниот тапацир на седиштата или шевовите во пределот на модулот на централното воздушно перниче.

Странични воздушни перничиња



Сл. 31 Странични воздушни перничиња на страната на возачот и совозачот.



Сл. 32 Илустрација на целосно надувани странични воздушни перничиња на левата страна од возилото.

Страничните воздушни перничиња се наоѓаат во потпирачите за грб на предните седишта и на страните на задното седиште, во зависност од конфигурацијата на возилото ››› сл. **31**, ››› сл. **32**.

Неговата локација е означена со зборот “AIRBAG” на горниот дел од задниот дел на седиштата или на долните покривки со изгравиран збор AIRBAG.

Во врска со безбедносните ремени, системот на странични воздушни перничиња обезбедува дополнителна заштита на горниот дел од телото во случај на тежок страничен судир ››› ⚠.

При страничен судир, страничните воздушни перничиња го намалуваат ризикот од повреда на патниците во деловите на телото кои се соочуваат со ударот. Покрај нивната нормална заштита, сигурносните појаси ги држат и патниците во случај на страничен судир; вака овие воздушни перничиња обезбедуваат максимална заштита.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Ако не носите сигурносен појас, ако се наведнувате напред или не сте седнати правилно додека возилото е во движење, имате поголем ризик од повреда ако системот на страничните воздушни перничиња се активира при незгода.

- Со цел страничните воздушни перничиња да ја обезбедат својата максимална заштита, пропишаната седечка положба мора секогаш да се одржува со врзани безбедносни појаси додека патувате.

- При страничен судир, страничните воздушни перничиња нема да работат ако сензорите не го измерат правилно зголемувањето на притисокот во внатрешноста на вратите, поради излегувањето на воздухот низ областите со дупки или отвори на панелот на вратата.

- Никогаш не возете ако панелите на внатрешните врати се отстранети или ако панелите не се правилно поставени.

- Патниците на надворешните седишта никогаш не смеат да носат предмети или домашни миленици во просторот за активирање помеѓу нив и воздушните перничиња или да дозволуваат деца или други патници да патуваат во оваа положба. Исто така, важно е да не прикачувате никакви додатоци (како држачи за чаши) на вратите. Ова ќе ја наруши заштитата што ја нудат страничните воздушни перничиња.

- Уверете се дека децата се правилно седнати на нивните седишта и дека нивните глави не се во зоната на активирање на страничните воздушни перничиња ››› сл. **32**, бидејќи активирањето на воздушните перничиња може да ги погоди и да предизвика сериозни повреди.

- Вградените куки за палта треба да се користат само за лесна облека. Не оставајте тешки предмети или предмети со остри рабови во џебовите.

- Големи сили, како што се силни удари или удари со нога, не смеат да се вршат на потпирачот за грб бидејќи системот може да се оштети. Во овој случај, страничните воздушни перничиња нема да се активираат.

- Во никој случај не треба да се поставуваат заштитни капаци над седиштата со странични воздушни перничиња, освен ако капаците не се одобрени за употреба во вашето возило. Бидејќи воздушното перниче се активира од страната на грбниот потпирач, употребата на конвенционални навлаки за седиштата би го попречила страничното воздушно перниче, сериозно намалувајќи ја ефикасноста на истото.


- Секое оштетување на оригиналниот тапацир на седиштата или околу шевовите на единиците на страничните воздушни перничиња мора веднаш да се поправи во специјализирана сервисна работилница.

- Воздушните перничиња обезбедуваат заштита за само една незгода; заменете ги откако ќе се отворат.

- Секоја работа на системот на страничните воздушни перничиња или отстранување и монтажа на компонентите на воздушните перничиња за други поправки (како што е отстранување на предното седиште) треба да се врши само во специјализирана сервисна

работилница. Во спротивно, може да се појават дефекти за време на работата на системот на воздушни перничиња.

Воздушни перничиња за заштита на главата



Сл. **33** Локација на воздушни перничиња за заштита на главата.

Воздушните перничиња за заштита на главата се наоѓаат на двете страни на патничкиот простор, над вратите ››› сл. **33** и нивната локација е означена со зборот “AIRBAG”.

Во комбинација со сигурносните појаси, воздушните перничиња за странична заштита® обезбедуваат дополнителна заштита на горниот дел од телото на патниците во возилото во случај на сериозни странични судири или превртување на возилото ››› ⚠.

Областа со рамка е покриена со воздушно перниче за заштита на главата кога се активира (област за активирање) ››› сл. **33**. Поради тоа, никогаш не треба да се поставуваат или монтираат предмети во оваа област ››› ⚠.

Во случај на страничен судир, завесното воздушно перниче се активира на страната на возилото каде што е ударот.

Воздушните перничиња за заштита на главата го намалуваат ризикот од повреда на патниците на предните и задните странични седишта кои се соочуваат со ударот.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Со цел воздушните перничиња за заштита на главата да ја обезбедат својата максимална заштита, пропишаната седечка положба мора секогаш да се одржува со врзани безбедносни појаси додека патувате.
- Од безбедносни причини, завесното воздушно перниче мора да биде оневозможено во возилата со екран што ја дели внатрешноста на возилото. Посетете го вашата технички сервис за да го направите ова прилагодување.
- Не смее да има други лица, животни или предмети помеѓу патниците на надворешните седишта и просторот за активирање на воздушните перничиња за заштита на главата, така што воздушното перниче за заштита на главата може целосно да се активира без ограничувања и да обезбеди најголема можна заштита. Затоа, ролетните за сонце кои не се изречно одобрени за употреба во вашето возило не смеат да се прикачуваат на страничните прозорци.
- Уверете се дека децата се правилно седнати на нивните седишта и дека нивните глави не се во зоната на активирање на воздушните перничиња за глава ››› сл. **33**, бидејќи активирањето на воздушните перничиња може да ги погоди и да предизвика сериозни повреди.
- Вградените куки за палта треба да се користат само за лесна облека. Не оставајте тешки предмети или предмети со остри рабови во џебовите. Ве молиме, не закачувајте ја облеката на закачалките.
- Воздушните перничиња обезбедуваат заштита за само една незгода; заменете ги откако ќе се активираат.
- Секоја работа на системот на воздушни перничиња за заштита на главата или отстранување и монтажа на компонентите на воздушните перничиња за други поправки (како што е отстранување на кровната шина) треба да се врши само во специјализирана сервисна работилница. Во спротивно, може да се појават дефекти за време на работата на системот на воздушни перничиња.
- Страничните воздушни перничиња и воздушните перничиња за глава се управуваат преку сензори сместени во внатрешноста на предните врати. За да се обезбеди правилно функционирање на страничните и завесните воздушни перничиња, ниту вратите, ниту панелите на вратите не треба да се менуваат

на кој било начин (на пр. со поставување на звучници). Ако предната врата е оштетена, системот на воздушни перничиња може да не работи правилно. Сите работи извршени на предната врата мора да се направат во специјализирана работилница.

Воздушно перниче за колена



Сл. **34** На страната на возачот: локација на воздушното перниче за колената.



Сл. **35** На страната на возачот: радиус на дејство на воздушното перниче за колената.

Воздушното перниче за колената се наоѓа на страната на возачот под контролната табла ››› сл. **34**. Воздушните перничиња се означени со зборот “AIRBAG”.

Времената област (простор на отворање) ››› сл. **35** се покрива од воздушното перниче за колена кога тоа ќе се отвори. Никогаш не треба да се поставуваат или монтираат предмети во оваа област.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Воздушното перниче за колена се активира пред колената на возачот. Секогаш чувајте ги слободни областите на отворање на воздушните перничиња за колена.
- Никогаш не прицврстувајте предмети на капакот или во просторот на отворање на воздушното перниче за колена.
- Прилагодете го возачкото седиште така што да има растојание од најмалку **10 cm (4 инчи)** помеѓу вашите колена и местото на ова воздушно перниче. Ако вашата телесна конституција ве спречува да ги исполните овие барања, погрижете се да контактирате со специјализирана сервисна работилница.

Безбедно превезување деца

Вовед

Од безбедносни причини, како што дознавме од статистиката за незгоди, препорачуваме децата под 12-годишна возраст да патуваат на задните седишта. Во зависност од нивната возраст, висина и тежина, децата кои патуваат на задните седишта мора да користат детско седиште или сигурносен појас. Од безбедносни причини, детското седиште треба да се монтира на задното седиште, зад совозачкото седиште или на средното задно седиште.

Законите на физиката кои се вклучени, како и силите што дејствуваат при судир важат и за децата ››› стр. **51**. Но, за разлика од возрасните, децата немаат целосно развиени мускулни и коскени структури. Ова значи дека децата се изложени на поголем ризик од повреда.

За да се намали ризикот од повреди, децата мора секогаш да користат специјални системи за прицврстување деца кога патуваат во возилото.

Препорачуваме употреба на производи за безбедност на деца од Програмата за оригинални додатоци, која вклучува системи за сите возрасти направени од “Peke” (не за сите земји) (видете www.seat.com).

Овие системи се специјално дизајнирани и одобрени, во согласност со регулативата ECE-R44.

CUPRA препорачува да ги обезбедите детските седишта прикажани на веб-страницата како што е опишано подолу:

- Детски седишта во спротивна насока на возење (група 0+): ISOFIX и потпорна ногарка (ROMER BABY SAFE 3 i-SIZE + ISOFIX BASE / PEKE G0 i-SIZE + i-SIZE BASE).
- Детски седишта во насока на возење (група 1): ISOFIX (PEKE G1 TRIFIX i-SIZE).
- Детски седишта свртени нанапред (група 2): сигурносен појас и ISOFIX (ROMER BRITAX KIDFIX i-SIZE. Дополнително, мора да се користи точката за прицврстување на детското седиште за појасот во скутот “SecureGuard”, а системот за заштита од страничен удар “SICT” што се наоѓа на задниот дел од детското седиште мора да се прилагоди. Прилагодете го само “SICT” што е најблиску до вратата. Ве молиме следете ги упатствата за користење на производителот на детски седишта).
- Детски седишта насочени кон предниот дел на возилото (група 3): сигурносен појас (TAKATA MAXI).

Следете ги упатствата на производителот и почитувајте ги сите законски барања при монтирање и користење на детски седишта. Секогаш прочитајте и имајте предвид ››› стр. 68.

Ви препорачуваме секогаш да го носите во возилото прирачникот со инструкции за детско седиште од производителот заедно со документацијата.

Класификација на групи на детски седишта



Сл. **36** Примери за детски седишта.

Користете само детски седишта кои се официјално одобрени и соодветни за детето.

Тие седишта се предмет на стандардите ECE-R44 или ECE-R129. ECE-R значи: Регулатива на Економската комисија за Европа.

Детски седишта според тежинска група

Детските седишта се групирани во 5 категории:

Група според возраст	Тежина на детето
Група 0	До 10 kg
Група 0+	До 13 kg
Група 1	Од 9 до 18 kg
Група 2	Од 15 до 25 kg
Група 3	Од 22 до 36 kg

Детските седишта кои се тестирани и одобрени според стандардите ECE R44 или ECE-R129 ги носат ознаките за тестирање ECE-R44 или ECE-R129 на седиштето (буквата E во круг со бројот на тестот под него).

Следете ги упатствата на производителот и почитувајте ги сите законски барања при монтирање и користење на детски седишта.

Ви препорачуваме секогаш да го носите во возилото прирачникот со инструкции за детско седиште од производителот заедно со документацијата.

CUPRA препорачува да користите детски седишта од Оригиналниот каталог на додатоци. Тие детски седишта се дизајнирани и тестирани за употреба во нашите возила. Можете да го најдете соодветното детско седиште за вашиот модел и група според возраст кај нашите дилери.

Детски седишта со категорија на одобрение

Детските седишта може да имаат категорија на одобрение универзални, полу-универзални, специфични за возилото (сите според стандардот ECE-R44) или i-Size (според стандардот ECE-R129).

- Универзални: детските седишта со универзално одобрение може да се монтираат во сите возила. Нема потреба да ја следите листата на модели. Во случај на универзално одобрение за ISOFIX, детското седиште е дополнително обезбедено со појас Top Tether.
- Полу-универзално: полу-универзалното одобрение, покрај стандардните барања за универзално одобрение, бара безбедносни уреди за заклучување на детското седиште, за што е потребно дополнително тестирање. Детските седишта со полу-универзално одобрение специфично за возилото исто така вклучуваат листа на модели на возила за кои може да се монтираат.
- Специфично за возилото: одобрението за специфично возило бара динамичен тест на детското седиште за секој модел на возило посебно. Детските седишта со одобрение специфично за возилото исто така вклучуваат листа на модели на возила за кои може да се монтираат.
- **i-Size**: детските седишта со одобрение i-Size мора да ги исполнуваат барањата пропишани во стандардот ECE-R 129 во однос на монтирањето и безбедноста. Производителите на детски седишта можат да ви кажат кои седишта имаат одобрение за i-Size за ова возило.

Монтирање и користење детски седишта



Сл. **37** Налепница за воздушно перниче: ролетна за сонце на совозачката страна.



Сл. **38** Налепница за воздушно перниче: на задната рамка на вратата од совозачката страна.

Предупредувања за поставување на детско седиште

Имајте ги предвид следните општи предупредувања ако сакате да поставите детско седиште. Тие важат за сите детски седишта без разлика на нивниот систем за прицврстување.

- Ве молиме прочитајте ги и следете ги упатствата за работа на производителот на детско седиште.
- Детското седиште по можност треба да се постави на задното седиште зад совозачкото седиште за да може детето да излезе од возилото на страната на тротоарот.
- Поставете ја висината на сигурносниот појас така што природно да се прилагодува на детското седиште, без извртување. Најниската

положба на регулаторот за висина на безбедносниот појас мора да се користи кај детските седишта свртени наназад.

- За правилно користење на детско седиште во задниот дел, предниот потпирач за грб мора да се намести така што да нема контакт со детското седиште во задниот дел во случај да оди спротивно од правецот на автомобилот. Во случај на системи за прицврстување свртени кон напред, предниот потпирач за грб мора да се намести така што нема контакт со стапалата на детето.
- За правилно монтирање на детското седиште на задните седишта, наместете го или откачете го потпирачот за глава, за да спречите контакт со седиштето.
- Ако треба да се монтира седиште од полу-универзален тип, во кој начинот на прицврстување на автомобилот е преку безбедносниот појас и носачот за поддршка, тој никогаш не треба да се монтира на централното задно седиште бидејќи растојанието од подлогата е помало отколку на други места. а носачот за поддршка нема да овозможи седиштето да остане доволно стабилно.
- При монтирање детско седиште на совозачкото седиште, седиштето мора да се помести наназад колку што е можно повеќе и да се постави во највисоката положба. Потпирачот за грб исто така мора да се стави во вертикална позиција[1)].

Важни информации за предното воздушно перниче за совозач

Налепница со важни информации за воздушното перниче на совозачот се наоѓа на ролетната за сонце на совозачот и/или на рамката на вратата од совозачката страна ››› сл. **37**.

Прочитајте ги и секогаш внимавајте на безбедносните информации вклучени во следните поглавја:

- Безбедносно растојание во однос на воздушното перниче на патникот ››› стр. **57**.
- Предмети помеѓу совозачкото и совозачкото странично воздушно перниче ››› ⚠ во *Предни воздушни перничиња* на стр. **61**.

Предното воздушно перниче на совозачката страна, кога е вклучено, претставува сериозен ризик за дете кое е свртено наназад бидејќи воздушното перниче може да удри во седиштето со таква сила што може да предизвика сериозни или фатални повреди. Децата до 12 години секогаш треба да патуваат на задното седиште.

Затоа силно ви препорачуваме да превезувате деца на задните седишта. Ова е најбезбедната локација во возилото. Алтернативно, воздушното перниче за совозачот може да се оневозможи со прекинувач со клуч ››› стр. **61**.

Кога превезувате деца, користете детско седиште соодветно за возраста и големината на секое дете ››› стр. **67**.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Ако детското седиште е прицврстено на совозачкото седиште, се зголемува ризикот за детето да добие критични или фатални повреди во случај на незгода.
- Надуваното воздушно перниче за совозачот може да удри во детското седиште свртено кон задниот дел и да го исфрли со голема сила на вратата, покривот или потпирачот за грб.
- Никогаш не поставувајте детско седиште свртено наназад на совозачкото седиште освен ако предното воздушно перниче на совозачот не е оневозможено. Ризик од потенцијално фатални повреди на детето! Меѓутоа, доколку е потребно, предното воздушно перниче за совозачот мора да се деактивира ››› стр. **61** . Ако совозачкото седиште има опција за прилагодување на висината, поместете го во највисоката, најисправена положба. Ако имате фиксно седиште, не поставувајте систем за врзување на деца на оваа локација.
- За оние возила кои немаат прекинувач за заклучување со клуч за деактивирање на воздушното перниче, возилото мора да се однесе на технички сервис. Не заборавајте повторно да го поврзете воздушното перниче кога возрасен сака да седне на совозачкото седиште.

[1)] Потребна е усогласеност со актуелното национално законодавство и упатствата на производителот при користење или монтирање детски седишта.

- Никогаш не дозволувајте дете да се превезува во возило без да биде соодветно обезбедено, или да стане или да клечи на седиште додека патувате. Во сообраќајна незгода, детето може да биде исфрлено низ возилото, предизвикувајќи веројатно фатални повреди на себеси и на другите патници во возилото.
- Никогаш не оставајте дете само на детското седиште или во возилото.
- Децата кои се пониски од **1,50** метри не смеат да носат нормален сигурносен појас без детско седиште, бидејќи тоа може да предизвика повреди на пределот на стомакот и вратот при ненадејно сопирање или во несреќа.
- Кога детското седиште е поставено на задните седишта, треба да се активира бравата за заштита од деца на вратата ››› стр. **117**.

Системи за прицврстување

Во зависност од земјата, се користат различни системи за прицврстување за безбедно монтирање детски седишта.

Ако откриe дека возилото се крева, системот против влечење го активира алармот.

Вклучување на системот за внатрешен надзор и системот против влечење

- Заклучете го возилото. Кога ќе се вклучи алармот за заштита од кражба, се работи и за системот за внатрешен надзор и за системот за заштита од влечење.

Во зависност од опремата, употребата на преградна мрежа може да влијае на работата на системот за внатрешен надзор.

Привремено исклучување на системот за внатрешен надзор и системот против влечење

- Притиснете го двапати копчето на далечинскиот управувач. Системите за внатрешен надзор и против влечење ќе бидат деактивирани. Алармниот систем останува активиран.

Исклучете го преку инфо-забавниот систем

- Притиснете го функциското копче > **Vehicle > Exterior > Central locking > Interior monitoring** (> Возило > Надворешност > Централна брава > Внатрешен надзор).

Системот за внатрешен надзор и системот против влечење остануваат деактивирани до следниот пат кога возилото не се заклучи.

Системот за внатрешен надзор и системот против влечење може да се исклучат и во менито за поаѓање. За да го направите ова, палењето мора да се исклучи ››› стр. 179.

За да избегнете лажни аларми, исклучете ги системите за внатрешен надзор и против влечење во следниве ситуации:

- Кога луѓе или животни остануваат во возилото.
- Кога возилото треба да се натовари на друго транспортно средство, да се транспортира или влече.
- Кога возилото треба да се остави во автоперална или да се паркира во двокатна гаража.

Ризик од лажни аларми за внатрешен надзор

Системот за внатрешен надзор ќе работи правилно само ако возилото е целосно заклучено. Ве молиме почитувајте ги сите законски одредби. Следниве ситуации може да предизвикаат лажна тревога:

- Ако еден или повеќе прозорци се делумно или целосно отворени.
- Ако лизгачкиот/издигнувачкиот покрив е делумно или целосно отворен.

- Ако во возилото се остават лесни предмети, на пр. лабава хартија или предмети што висат од внатрешниот ретровизор.
- Ако е активирана функцијата за вибрации на мобилен телефон оставен во возилото.

Предупредување

- Не е можно трајно да се деактивираат системите за внатрешен надзор и против влечење.
- Ако некоја врата или задниот капак се отворени кога е активиран алармот за заштита од кражба, ќе се вклучи само алармот. Системите за внатрешен надзор и против влечење ќе се активираат штом ќе се затворат сите врати и задниот капак.
- Кога се исклучуваат системите за внатрешен надзор и против влечење, безбедносниот систем **“Safe”** исто така се исклучува ››› стр. 113.

Врати

Вовед

Вратите и задниот капак може да се заклучат рачно и делумно да се отворат, на пр. ако клучот или централната брава се оштетени.

ВНИМАНИЕ

Невнимателно отворање и затворање на вратите може да предизвика сериозни повреди.

- Ако возилото е заклучено однадвор, вратите и прозорците не можат да се отворат однатре.
- Никогаш не оставајте деца или инвалиди сами во автомобилот. Тие би можеле да бидат заглавени во автомобилот во итен случај и нема да можат да се извлечат на безбедно.
- Во зависност од годишното време, температурите во заклучено и затворено возило може да бидат екстремно високи или екстремно ниски што резултира со сериозни повреди и болести, па дури и смрт, особено кај малите деца.

ВНИМАНИЕ

Попречувањето на вратите и задниот капак е опасно и може да доведе до сериозни повреди.

- Отворете ги и затворете ги вратите и задниот капак само кога нема никој на патот.


ПРЕТПАЗЛИВО

Во одредени временски услови, мраз или снег може да се акумулира на долниот преден дел на вратите помеѓу рамката на вратата и вратата; немојте насилно да ги отворате вратите додека не се уверите дека нема мраз или снег.

ПРЕТПАЗЛИВО

Кога отворате и затворате во итен случај, внимателно расклопувајте ги компонентите и потоа внимателно склопете ги за да избегнете оштетување на возилото.

Вонредно отклучување или заклучување на вратата на возачот



Сл. **78** Рачка на вратата на возачот: цилиндар на брава.

Ако системот за централна брава не работи, вратата на возачот и понатаму може да се заклучи и отклучи со вртење на клучот во бравата.

Како општо правило, кога вратата на возачот е рачно заклучена, сите други врати се заклучуваат. Кога се отклучува рачно, се отвора само вратата на возачот. Ве молиме следете ги упатствата во врска со системот за аларм против кражба ››› стр. 114.

- Извадете го металниот дел од клучот на возилото ››› стр. **104**.
- Вметнете го металниот дел на клучот во цилиндарот на бравата за да го отклучите или заклучите возилото.

Посебни карактеристики

- Алармот против кражба ќе остане активен кога возилото ќе се отклучи ››› стр. **114**.
- Откако ќе се отвори вратата на возачот, имате 15 секунди да го вклучите палењето (зависно од пазарот). Откако ќе помине ова време, се активира алармот.
- Вклучете го палењето. Електронскиот имобилизатор препознава важечки клуч на возилото и го деактивира системот за аларм против кражба.

Предупредување

Алармот за заштита од кражба не се вклучува кога возилото е рачно заклучено со помош на металниот дел од клучот ››› стр. **109**.

Брава за итни случаи на вратите без цилиндрични брави



Сл. **79** Рачно заклучување на вратата.

Ако системот за централна брава не работи или се испразни акумулаторот на возилото, вратите без цилиндрична брава ќе треба да се заклучуваат засебно.

Бравата за итни случаи се наоѓа на предната страна на совозачката врата и на задните врати. Може да се види само ако вратата е отворена.

- Ако е потребно, тргнете ја гумената пломба од предниот дел на вратата ››› сл. **79**.
- Вметнете го клучот во внатрешниот отвор и свртете го надесно колку што може (ако вратата е на десната страна) или налево (ако вратата е на левата страна).
- Заменете го капачето.

Откако вратата ќе се затвори, таа повеќе не може да се отвори однадвор. Повлечете ја внатрешната рачка на вратата еднаш за да ја отклучите и отворите вратата.

Брава за деца



Сл. **80** Брава за деца на левата врата.

Бравата за деца спречува задните врати да се отворат однатре. Нејзината функција е да ги спречи децата ненамерно да отворат врата додека возилото е во движење.

Оваа функција е одвоена од електронските системи за отклучување/заклучување на возилото. Работи само на задните врати. Може да се активира и деактивира само рачно, како што е опишано подолу.

Активирање на бравата за деца

- Отклучете го возилото и отворете ја вратата на која треба да се вклучи безбедносната брава за деца.
- Со отворена врата, свртете го отворот со клучот на возилото во насока на стрелките на часовникот за левите врати ››› сл. 80 и спротивно од стрелките на часовникот за десните врати.

Кога ќе се активира бравата за деца, вратите може да се отворат само однадвор.

Деактивирање на бравата за деца

- Отклучете го возилото и отворете ја вратата од која сакате да ја отстраните бравата за деца.
- Со отворена врата, свртете го отворот со клучот на возилото во спротивна насока од стрелките на часовникот за левите врати ››› сл. 80 и во насока на стрелките на часовникот за десните врати.

⚠ ВНИМАНИЕ

Вратите не може да се отворат однатре кога е активирана бравата за деца. Ова значи дека некои лица може да бидат заклучени во возилото. Во итен случај, можеби нема да можат самостојно да го напуштат возилото или да се спасат.

- Никогаш не оставајте деца или лица на кои им е потребна помош без надзор во возилото кога вратите се заклучени.

⚠ ВНИМАНИЕ

Доколку децата, лицата на кои им е потребна помош или животни се остават без надзор во возилото, тие би можеле да бидат изложени на многу високи или многу ниски температури. Постои ризик од сериозни или фатални повреди.

- Никогаш не оставајте деца, лица на кои им е потребна помош или животни без надзор во возилото.

Заден капак

Вовед

Задниот капак се отклучува и заклучува заедно со вратите.

Кај возила со Keyless Access систем за стартување/заклучување, задниот капак автоматски се отклучува штом ќе се отвори ››› стр. 106.

⚠ ВНИМАНИЕ

Невнимателното и несоодветно заклучување, отворање и затворање на задниот капак може да предизвика незгоди и сериозни повреди.

- Не затворајте го задниот капак со притискање надолу со раката на задното стакло. Стаклото може да се скрши. Ризик од повреда!

- Осигурете се дека задниот капак е заклучен откако ќе го затворите. Ако не, може да се отвори неочекувано додека возите.
- Никогаш не го отворајте или затворајте го задниот капак невнимателно или на неконтролиран начин, бидејќи тоа може да предизвика сериозни повреди на вас или на трети лица. Осигурете се дека нема лица или предмети на патеката на движење на задниот капак кога се отвора или затвора.
- Никогаш не возете со задниот капак отворен или полузатворен, издувните гасови може да навлезат во внатрешноста на возилото. Опасност од труење!
- Никогаш не отворајте го задниот капак ако има товар, на пр. велосипеди, прикачени на него. Задниот капак може сам да се затвори поради дополнителната тежина. Доколку е потребно, прво отстранете го товарот или држете го задниот капак.
- Никогаш не го оставајте возилото без надзор и не дозволувајте децата да си играат внатре или до него, особено ако задниот капак е отворен. Децата може да влезат во багажниот простор, да го затворат задниот капак и да се заробат. Заклучното возило може да достигне екстремно високи и ниски температури, во зависност од годишното време, и на тој начин да предизвика сериозни повреди, болест или дури и смрт.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Пред да го отворите или затворите задниот капак, проверете дали има доволно простор за да го отворите или затворите, на пр. кога влечете приколка или во гаража.
- Никогаш не користете го задниот бришач или задниот спојлер за да го прицврстите товарот или како место за држење. Ова може да предизвика оштетување што може да доведе до кршење на задниот бришач или спојлер.

Предупредување

Пред да го затворите задниот капак, проверете дали клучот не е оставен во багажниот простор.

Отворање и затворање на задниот капак



Сл. **81** Заден капак: отворање однадвор.

За да го отклучите задниот капак, притиснете ги копчињата или на клучот за возилото.

Рачно отворање и затворање

- *Отворете:* малку притиснете на рачката. Задниот капак се отвора автоматски ››› сл. 81.
- *Затворете*: фатете го задниот капак за една од рачките на внатрешниот раб и придвижете го надолу за да го затворите.

Ако вратите се заклучени, и задниот капак е заклучен.

На дисплејот на инструментната табла се појавува предупредување ако задниот капак е отворен или не е правилно затворен.

Задниот капак автоматски се заклучува додека возите.

Кога надворешната температура е околу точката на мрзнење, механизмот за отворање не може секогаш да го подигне задниот капак. Рачно подигнете го задниот капак.

Предупредување

Ако задниот капак не се отвори во рок од неколку минути по отклучувањето, тој повторно се заклучува автоматски.

Заден капак со електрично отворање и затворање



Сл. **82** Заден капак: копче за затворање на задниот капак.



Сл. **83** На вратата на возачот: копче за отворање и затворање на задниот капак.

Отворање на задниот капак

• Отклучете го возилото и кратко притиснете ја рачката на задниот капак. Кај возила со Keyless Access можете директно да ја притиснете рачката на задниот капак. Задниот капак се отклучува ако овластен клуч се препознае во близина на возилото.

• ИЛИ: повлечете го копчето на вратата на возачот нагоре околу 1 секунда ››› сл. 83. Копчето работи и кога палењето е исклучено.

• ИЛИ: притиснете и задржете го копчето на клучот на возилото околу 1 секунда. Ако возилото е заклучено, само задниот капак е отклучен (вратите останууваат заклучени).

• ИЛИ: кај возила со Keyless Access и отворот контролиран со сензор, може да го отворите задниот капак со придвижување на едната нога во пределот на сензорите што се наоѓаат под задниот браник (Easy Open ››› стр. 121). Задниот капак автоматски ќе се отвори.

Затворање на задниот капак

• Кратко притиснете на копчето на задниот капак ››› сл. 82, ››› ⚠ во *Вовед* на стр. 118.

• ИЛИ: повлечете го и задржете го копчето на вратата на возачот додека не се затвори целосно задниот капак ››› сл. 83 (само со вклучено палење).

• ИЛИ: притиснете и задржете го копчето на клучот на возилото додека не се затвори задниот капак.

• ИЛИ: кај возила со Keyless Access и отворот контролиран со сензор, придвижете го стапалото во пределот на сензорите што се наоѓаат под задниот браник (Easy Open ››› стр. 121). Клучот за возилото мора да биде во зоната на препознавање на системот Keyless Access на надворешниот заден дел на возилото.

• ИЛИ: држете го задниот капак за една од рачките поставени на внатрешната обвивка и затворете го движејќи го надолу.

• Задниот капак автоматски се спушта до крајната положба и исто така автоматски се заклучува ››› ⚠ во *Вовед* на стр. 118.

Прекинување на отворањето или затворањето

Откако ќе започнете да го отворате или затворате задниот капак, дејството може да се запре со притискање на едно од копчињата .

Ако притиснете повторно едно од копчињата , задниот капак ќе се придвижи во почетната насока.

Ако задниот капак наиде на отпор или пречка за време на автоматското отворање или затворање, отворањето или затворањето веднаш ќе се прекине. За процесот на затворање, задниот капак повторно се отвора малку.

• Проверете зошто не е можно да се отвори или затвори задниот капак.

• Обидете се повторно да го отворите или затворите задниот капак.

• Доколку е потребно, задниот капак може да се отвори или затвори со рака користејќи разумна сила.

Посебни карактеристики ако влечете приколка

Ако фабрички монтираната опрема за влечење е електрично поврзана со приколка ››› стр. 338, електричниот заден капак може да се отвори или затвори само со копчињата на самиот заден капак.

Звучни предупредувања

Во текот на процесот на отворање или затворање на задниот капак, може да се слушнат звучни предупредувања. *Исклучок:* кога задниот капак се отвора рачно со помош на рачката или со функцијата Easy Open со движење на стапалото или се затвора со копчето на самиот заден капак ››› сл. 82.

Менување и меморирање на аголот на отворање

Ако просторот зад или над возилото е помал од просторот во кој се движи задниот капак, можете да го промените аголот на отворање на задниот капак.

За да меморирате нов агол на отворање, задниот капак мора да биде отворен барем до половина.

- Прекинете го процесот на отворање во саканата положба.
- Притиснете го копчето ››› сл. 82 на задниот капак најмалку 3 секунди.

Аголот на отворање е мемориран. Меморирањето се покажува со трепкање на предупредувачките светла и звучно предупредување.

Ресетирање и меморирање на аголот на отворање

За целосно да се отвори задниот капак, аголот на отворање мора да се ресетира и повторно да се меморира.

- Ослободете го задниот капак и отворете го до мемориранатa висина.
- Рачно подигнете го задниот капак до таму до каде што ќе оди. За да го направите ова, ќе треба да се употреби одредена сила.
- Притиснете го копчето ››› сл. 82 на задниот капак најмалку 3 секунди.
- Ова го ресетира и меморира фабрички поставениот агол на отворање. Меморирањето се покажува со трепкање на предупредувачките светла и звучно предупредување.

Автоматска заштита од прегревање

Ако со системот се ракува повеќепати за кратко време, тој автоматски се исклучува за да се спречи прегревање.

Откако системот повторно ќе се излади, функцијата може повторно да се користи. Дотогаш, задниот капак може да се отвори и затвори само со рака користејќи разумна сила.

Ако батеријата на возилото се исклучи со задниот капак отворен ››› стр. 391 или ако прегори соодветниот осигурувач ››› стр. 371, системот ќе мора да се ресетира. За таа цел, потребно е еднократно целосно затворање на задниот капак.

⚠ ВНИМАНИЕ


Ако на задниот капак се насобере многу снег или е многу натоварен, задниот капак може да не се отвори или, по отворањето, сам да се спушти поради дополнителната тежина и да предизвика сериозни повреди.

- Не отворајте го задниот капак кога има многу снег на него или кога носите товар (на пр. на багажник).
- Пред да го отворите задниот капак, отстранете го снегот или товарот.

Заден капак со отворање и затворање контролирано од сензор (Easy Open)



Сл. 84 Заден капак со отворање и затворање контролирано од сензор (Easy Open).



Сл. 85 Долна област за откривање на сензорот.

Ако има важечки клуч на возилото во близина на задниот капак, можно е да го отклучите и отворите или затворите движејќи се го стапалото во пределот на сензорите што се наоѓаат под задниот браник.

- Исклучете го палењето.
- Застанете пред задниот браник, во средината.
- Со брзо движење, приближете ги стапалото и потколеницата колку што можете поблиску до браникот. Долниот дел од ногата треба да биде блиску до горната област на сензорот, а вашето стапало до долната област на сензорот ››› сл. 84 ①.
- Брзо тргнете ги стапалото и долниот дел од ногата од областите на сензорот ››› сл. 84 ②. Задниот капак автоматски ќе се отвори.
- Ако задниот капак не се отвори, повторете ја постапката по неколку секунди. Зоната за откривање на долниот сензор можеби не е достигната ››› сл. 85.

Задниот капак може да се затвори со друго движење на стапалото слично на отворањето (под услов валиден клуч на возилото да се наоѓа во близина на задниот капак).

Кога е затворен, задниот капак автоматски се заклучува ако возилото претходно било заклучено и нема валиден клуч внатре.

Додека задниот капак е во движење (или се отвора или затвора), може да се запре со друго движење на стапалото слично на она што се отвора (под услов валиден клуч на возилото да се наоѓа во близина на задниот капак).

Функцијата Easy Open не е достапна или има ограничена достапност само во следните ситуации (примери):

- Ако задниот браник е многу валкан.
- Ако задниот браник е мокар со солена вода, на пр. откако сте возеле по патишта со шљунак.
- Ако возилото подоцна било опремено со опрема за приколка.

Во случај на силен дожд, функцијата Easy Open може да потрае малку подолго за да се отвори багажникот или може да се деактивира автоматски, за да се избегне случајно отворање на багажникот, на пр. поради проточната вода.

Функцијата Easy Open може трајно да се поврзе и исклучи во инфо-забавниот систем користејќи го копчето > **Vehicle** > **Exterior** > **Central locking.** (> Возило > Надворешност > Централна брава)

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако има важечки клуч во близина на задниот капак, во некои случаи функцијата **Easy Open** може случајно да се активира и задниот капак ќе се отвори, на пример, кога метете под задниот браник, кога насочувате воден млаз или висок притисок на пареа до областа или кога се вршат работи за одржување или поправки во таа област. Ако случајно се отвори, задниот капак може да повреди некој што се наоѓа во неговата област на работа или да предизвика материјална штета.

- Затоа, секогаш внимавајте да нема валиден клуч без надзор во областа во близина на задниот капак.
- Пред да извршите какви било работи за одржување или поправка на возилото, секогаш исклучувајте ја функцијата **Easy Open** преку инфо-забавниот систем.
- Пред миење на возилото, секогаш исклучувајте ја функцијата **Easy Open** преку инфо-забавниот систем.
- Пред да закачите носач за велосипед или приколка ››› стр. 338, секогаш деактивирајте ја функцијата **Easy Open** преку инфо-забавниот систем.

Отклучување на задниот капак во итен случај



Сл. **86** Багажен простор: рачно отклучување.

Задниот капак може да се отклучи однатре во итен случај (на пр. ако 12-волтната батерија е испразнета).


Во багажниот простор има жлеб што овозможува пристап до механизмот за отворање во итен случај.

Отклучување на задниот капак од внатрешноста на багажниот простор

- Користејќи го металниот дел од клучот, скршете го претходно издупчениот лист, турнете го кон внатрешноста на багажниот простор.
- Вметнете го металниот дел од клучот во отворот и движете го клучот во насока на стрелката додека бравата не се отклучи ››› сл. **86**.

Контроли на прозорците

Отворање и затворање на прозорците



Сл. **87** Детали за вратата на возачот: контроли на прозорците.

- Отворете го прозорецот: притиснете го копчето
- Затворете го прозорецот: повлечете го копчето

Копчиња на вратата на возачот

1. Прозорец од предна врата кај управувач од левата страна
2. Прозорец од предна врата кај управувач од десната страна
3. Прозорец од задна врата кај управувач од левата страна
4. Прозорец од задна врата кај управувач од десната страна
5. Безбедносна контрола за деактивирање на копчињата за контрола на прозорците на задните врати

Предните и задните прозорци може да се ракуваат од контролите на вратата на возачот. Останатите врати имаат посебна контрола за секој прозорец.

Секогаш целосно затворајте ги прозорците кога возилото е паркирано или е надвор од видното поле ››› ⚠.

Можете да ги користите електричните прозорци околу 10 минути по исклучувањето на палењето ако ниту вратата на возачот ниту на совозачот не се отворени и контакт-клучот не е изваден (во зависност од опремата).

Безбедносен прекинувач

Безбедносната контрола ››› сл. **87** 5 на вратата на возачот може да се употреби за оневозможување на копчињата за електричните прозорци на задните врати.

Безбедносната контрола не е притисната: копчињата на задните врати се активирани.

Безбедносната контрола е притисната: копчињата на задните врати се деактивирани.

Симболот за безбедносна контрола свети жолто ако копчињата на задните врати се исклучени.

Комфорно отворање и затворање

Прозорците може да се отвораат и затвораат однадвор со помош на клучот на возилото:

Комфорно отворање:

- Притиснете го и задржете го копчето на клучот за далечинско управување додека сите прозорци и сончевиот покрив не ја достигнат саканата положба.
- ИЛИ: Прво отклучете го возилото користејќи го копчето на клучот за далечинско управување, а потоа чувајте го клучот во брават на вратата на возачот додека сите прозорци и сончевиот покрив не ја достигнат потребната положба.

Комфорно затворање:

- Притиснете го и задржете го копчето на клучот за далечинско управување додека сите прозорци и сончевиот покрив не се затворат ››› ⚠.
- ИЛИ: Чувајте го клучот во возачката врата во позицијата „заклучено“ додека не се затворат сите прозорци и сончевиот покрив.
- ИЛИ: со употреба на системот Keyless Access (само заклучување): Притиснете и задржете ја површината на сензорот за заклучување ››› сл. 89 (стрелка) на рачката на вратата неколку секунди за да ги затворите прозорците и сончевиот покрив. Ако престанете да ја допирате чувствителната површина, функцијата за заклучување е прекината.

Удобното заклучување прво ги затвора прозорците, а потоа и панорамскиот сончев покрив.

Во инфо-забавниот систем, различни поставувања може да се нагодат преку функциското копче **> Vehicle > Exterior > Windows > Convenience opening** (> Возило > Надворешност > Прозорци > Комфорно отворање).

Отворање и затворање преку еден допир

Автоматското кревање и спуштање целосно ги отвора и затвора прозорците. За таа цел не е потребно да го притиснете и држите соодветното копче на прозорецот.

За функцијата за автоматско подигање: повлечете го копчето за соодветниот прозорец нагоре додека не дојде до втората позиција.

За функцијата за автоматско спуштање: турнете го копчето за соодветниот прозорец надолу додека не дојде до втората позиција.

Запирање на автоматското движење: притиснете или повлечете го копчето на соодветниот прозорец.

Ресетирање на функцијата за автоматско подигање/спуштање

Ако 12-волтната батерија е исклучена или испразнета кога прозорците не се целосно затворени, функцијата за автоматско кревање и спуштање на електричниот прозорец се деактивира и треба да се ресетира:

- Вклучете го палењето.
- Затворете го сите врати и прозорци.
- Повлечете го соодветното копче на прозорецот нагоре и држете го во оваа положба неколку секунди.
- Ослободете го копчето, повлечете го повторно нагоре и држете го во оваа положба. Ова ја ресетира функцијата за автоматско кревање и спуштање.

Функцијата може да се ресетира за еден прозорец или за неколку прозорци истовремено.

⚠ ВНИМАНИЕ

Внимавајте на безбедносните предупредувања ››› ⚠ во *Вовед* на стр. **116**.

- Неправилната употреба на електричните прозорци може да предизвика повреда.
- Никогаш не затворајте ги прозорците невнимателно или на неконтролиран начин, бидејќи тоа може да предизвика сериозни повреди на вас или на трети лица. Поради тоа, осигурете се дека нема никој на патеката на движење на прозорците.
- Ако палењето е вклучено, електричната опрема како што се електричните прозорци може да се активира, што може да предизвика повреда.
- Вратите на возилото може да се заклучат со клучот на далечинскиот управувач, што го отежнува добивањето помош во итен случај.
- Поради тоа, секогаш носете го клучот со вас кога го напуштате возилото.
- Електричните прозорци се исклучуваат само кога палењето е исклучено и една од предните врати е отворена.
- Доколку е потребно, деактивирајте ги задните електрични прозорци со безбедносната контрола. Проверете дали се навистина деактивирани.
- Од безбедносни причини, треба да го отклучувате и заклучувате возилото само со клучот на далечинско управување кога сте оддалечени приближно **2** метри од возилото. При притискање на копчето за заклучување, секогаш следете го движењето на прозорците за да избегнете несреќи. Отпуштањето на копчето веднаш го прекинува процесот на затворање.

Предупредување

Ако прозорецот не може да се затвори затоа што е крут или поради пречка, прозорецот автоматски повторно ќе се отвори ››› стр. **125**. Ако тоа се случи, проверете зошто прозорецот не може да се затвори пред да се обидете повторно.

Функција на прозорците против приклештување

Функцијата за враќање назад го намалува ризикот од повреда при затворањето на електричните прозорци.

Ако прозорецот наиде на отпор или препрека при затворањето, веднаш повторно ќе се отвори ››› ⚠.

- Проверете зошто прозорецот не се затворил.
- Обидете се повторно да го затворите прозорецот.
- Ако процесот на затворање повторно се прекине, функцијата против приклештување престанува да работи неколку секунди.
- Ако прозорецот сè уште не може да се затвори, тој ќе застане во соодветната положба. Повторно повлекување на копчето во рок од неколку секунди го затвора прозорецот без функција против приклештување ››› ⚠.

Затворање на прозореците без функција против приклештување

- Обидете се повторно да го затворите прозорецот со повлекување на копчето без да го пуштите, во рок од неколку секунди. Функцијата против приклештување ќе се деактивира!
- Ако процесот на затворање трае подолго од неколку секунди, функцијата против приклештување повторно се активира. Прозорецот повторно ќе застане ако наиде на отпор или пречка и повторно ќе се отвори автоматски.
- Ако прозорецот сè уште не се затвора, посетете специјализирана сервисна работилница.

⚠ ВНИМАНИЕ

Внимавајте на безбедносните предупредувања ››› ⚠ во *Отворање и затворање на прозорците* на стр. **125**.

- Функцијата за враќање назад не спречува прстите или други делови од телото да се заглават во рамката на прозорецот. Ризик од незгода.

Предупредување

Функцијата против приклештување работи и кога прозорците се затворени со комформата функција со помош на клучот на возилото.

Сончев покрив

Вовед

Сончевиот покрив се состои од два стаклени делови. Задниот дел е фиксиран и не може да се отвори. Има и ролетна за сонце.

Сончевиот покрив работи само кога палењето е вклучено. Кога палењето ќе се исклучи, сепак може да го отворите или затворите сончевиот покрив неколку минути доколку вратата на возачот и вратата на совозачот не се отворени.

ВНИМАНИЕ

Ако сончевиот покрив се користи небрежно или без да се внимава, може да дојде до сериозни повреди.

- Отворајте го или затворајте го сончевиот покрив и ролетната за сонце само кога никој не се наоѓа на нивната патека на движење.
- Никогаш не оставајте клуч во возилото кога излегувате.
- Никогаш не оставајте дете или кое било друго лице на кое може да му треба помош во возилото, особено ако има пристап до клучот од возилото. Ако го користат клучот без надзор, тие би можеле да го заклучат возилото, да го запалат моторот, да го вклучат палењето и да го активираат сончевиот покрив.
- По исклучувањето, сè уште е можно да се отвори или затвори сончевиот покрив за кратко време, под услов ниту вратата на возачот ниту совозачот да не се отворат.


ПРЕТПАЗЛИВО

- За да спречите оштетување, при зимски температури отстранете го мразот или снегот што може да е на покривот на возилото пред да го отворите сончевиот покрив или да ја нагодите положбата на навалување.
- Пред да го напуштите возилото или во случај на врнежи, секогаш затврајте го сончевиот покрив. Со отворен сончев покрив или во навалена положба, водата може да навлезе во внатрешноста и може да предизвика значителна штета на електричниот систем. Како резултат на тоа, може да дојде до други оштетувања во возилото.

Предупредување

- Лисјата и другите лабави предмети што се насобираат на шините на сончевиот покрив треба редовно да се чистат или рачно или со правосмукалка.
- Ако сончевиот покрив не работи правилно, нема да работи ниту функцијата против приклештување. Обратете се во специјализирана сервисна работилница.

Ракување со сончевиот покрив



Сл. 88 На облогата на внатрешниот дел од покривот: копче за стаклен покрив.

Областа на функционирање може да се ракува на два начина: со лизгање и притискање.

- Лизгање: Покривот се отвора или затвора целосно или делумно.
- Притискање: Покривот се подига, отвора или затвора целосно или делумно. Притиснете повторно за да го запрете автоматското движење.

Подигање, отворање и затворање на сончевиот покрив

Отворање на сончевиот покрив:

- Автоматско движење: лизгајте го прстот назад преку област на функционирање ››› сл. 88 Ⓐ.
- Рачно движење: лизгајте назад преку област на функционирање и држете ја таму.

Затворање на сончевиот покрив:

- Автоматско движење: лизгајте го прстот нанапред преку област на функционирање Ⓐ.
- Рачно движење: лизгајте нанапред преку област на функционирање и држете ја таму.

Подигнете го сончевиот покрив (можно е да се подигне само сончевиот покрив ако е затворен):

- Автоматско движење: притиснете кратко во центарот на област на функционирање Ⓑ


Затворање на сончевиот покрив кога е подигнат:

- Автоматско движење: лизгајте го прстот нанапред преку област на функционирање Ⓐ.
- Или притиснете кратко во центарот на област на функционирање Ⓑ.

Запрете го автоматското движење за отворање или затворање:

- Повторно притиснете ја област на функционирање Ⓐ.

Функција за комфорно отворање или затворање на сончевиот покрив



Сл. 89 Рачка на вратата: сензорска површина.

Сончевиот покрив може да се отвора и затвора со функцијата за комфорно користење, исто како и прозорците.

Користење на бравата на вратата

- Држете го клучот во бравата на вратата на возачот или во позиција за отклучување или заклучување за да го отворите или затворите покривот во навалена положба. Отпуштете го копчето за да ја прекинете оваа функција.

Користење на далечинскиот управувач

- Држете го притиснато копчето за заклучување или отклучување за да се отвори или затвори покривот. Ако го ослободите копчето, отворањето или затворањето ќе запре.

Користење на системот **Keyless Access (**само заклучување**)**

Притиснете и задржете ја површината на сензорот за заклучување ››› сл. 89 (стрелката) на рачката на вратата за да го затворите подвижниот покрив. Ако ја ослободите површината на сензорот, движењето на затворање запира.

Функција против приклештување на панорамскиот сончев покрив

Функцијата против приклештување може да го намали ризикот од повреда при затворањето на панорамскиот сончев покрив ››› ⚠. Ако панорамскиот сончев покрив наиде на отпор или препрека при затворањето, веднаш повторно ќе се отвори.

- Проверете зошто панорамскиот сончев покрив не се затворил.
- Обидете се повторно да го затворите панорамскиот сончев покрив.

- Ако сончевиот покрив не може да се затвори поради пречка или некој отпор, тој застанува на соодветната положба и потоа повторно се отвора. За автоматско затворање, може да се случи нов обид за затворање.
- Ако сончевиот покрив сè уште не може да се затвори, затворете го без функцијата против приклештување.

Затворање на сончевиот покрив без функција против приклештување

- Пред околу 5 секунди по активирањето на функцијата против приклештување, лизгајте го прстот напред преку функциската област ››› сл. 88 Ⓐ и држете притиснато додека сончевиот покрив не се затвори целосно.
- Сончевиот покрив се затвора без да интервенира функцијата против приклештување!
- Ако сончевиот покрив сè уште не се затвора, посетете специјализирана сервисна работилница.

⚠ ВНИМАНИЕ

Затворањето на сончевиот покрив без функцијата против приклештување може да предизвика сериозна повреда.

- Секогаш бидете внимателни при затворањето на сончевиот покрив
- Ниту една личност не треба да остане на патеката на движење на сончевиот покрив, особено кога се затвора без функцијата против приклештување.
- Функцијата против приклештување не спречува прстите или други делови од телото да се заглават во рамката на покривот и да дојде до повреди.

Ролетна за сонце на стаклениот покрив



Сл. 90 На внатрешниот дел од покривот: ракување со ролетната за сонце.

Отворање или затворање на ролетната за сонце

Автоматско движење:

- Поминете со прст наназад или нанапред преку функциската област ››› сл. 90.


Рачно движење:

- Поминете со прст наназад или нанапред преку функциската област и притиснете и задржете.


Управувач

Повеќефункциски управувач

Функции



Сл. **91** Контроли на управувачот.



Сл. **92** Контроли на управувачот.

Управувачот вклучува повеќефункциски модули од каде што е можно да се контролираат функциите за аудио, телефон, навигација, говорно управување и функции за помош без да се одвлекува вниманието на возачот од патот.

Достапни се копчиња во зависност од верзијата


①	*Завртете:* Зголемете/намалете ја јачината на звукот. *Притиснете:* Исклучете го звукот.
②	*Завртете:* Пребарувајте на менито на инструментната табла. Во режим Навигација, завртете за да зумирате/одзумирате на мапата на дигиталната инструментна табла. *Притиснете:* Изберете ја истакнатата опција на инструментната табла.
⏮ ⏭	*Радио:* Пребарајте претходна/следна станица. *Медиуми:* Кратко притискање: претходна/следна песна; долго притискање: брзо напред/назад.
	Активирајте го менито на телефонот (одговорете на повик, завршете повик).
	Менувајте помеѓу медиумски и радио извори.
◁ ▷	Променете го менито на инструментната табла (претходно/следно).
	Овозможете/оневозможете говорно управување.

VIEW	Променете ги приказите на инструментната табла. ››› стр. **16**
	Активирајте или деактивирајте го греењето на управувачот. ››› стр. **164**
CNCL	Паузирајте го ACC ››› стр. **222** / темпомат ››› стр. **215** / ограничувач на брзината ››› стр. **217** / Travel Assist ››› стр. **236**.
SET	Активирајте ACC / Travel Assist / ограничувач на брзината.
RES	Ресетирање на програмираната брзина.
− +	+: Зголемување на програмираната брзина. –: Намалување на програмираната брзина.
	Отворете го менито за системи за помош на возачот на инструментната табла.
	Изменете го програмираното ACC растојание.

Сателитски копчиња	
	Избирање возен профил. ››› стр. **203**

Сателитски копчиња	
START ENGINE STOP	Стартување и исклучување на моторот. ››› стр. **179**

Нагодување на позицијата на управувачот



Сл. **93** Рачка во долната лева страна на управувачкиот столб.

Нагодете го управувачот пред вашето патување и само кога возилото е во мирување.

- Повлечете ја рачката ››› сл. **93** (1) надолу, поместете го управувачот во саканата положба и кревајте ја рачката назад додека не се фиксира.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилната употреба на функцијата за нагодување на управувачот и неправилното нагодување на управувачот може да резултираат со тешка или фатална повреда.

- Откако ќе го наместите управувачкиот столб, цврсто турнете ја рачката ››› сл. **93** (1) нагоре за управувачот случајно да не ја смени положбата додека возите.
- Никогаш не го нагодувајте управувачот додека возилото е во движење. Ако треба да го наместите управувачот додека возилото е во движење, застанете безбедно и направете го правилното нагодување.
- Нагодениот управувач треба да биде свртен кон вашите гради, а не кон вашето лице за да не ја попречува заштитата на предното воздушно перниче на возачот во случај на незгода.
- Кога возите, секогаш држете го управувачот со двете раце од надворешната страна на кругот во позиции на **9** и **3** часот за да се намалат повредите при отворање на предното воздушно перниче на возачот.
- Никогаш не држете го управувачот во позиција на **12** часот или на кој било друг начин (на пр. во средината на управувачот). Во такви случаи, ако се отвори воздушното перниче на возачот, може да се здобиете со повреди на дланките, рацете и главата.

Седишта и потпирачи за глава

Предни седишта

Вовед

⚠ ВНИМАНИЕ

Секогаш читајте ги и почитувајте ги информациите и советите за безбедност дадени во поглавјето ››› стр. 46, *Правилна позиција на седење на патниците во возилото*.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилното прилагодување на седиштето може да доведе до незгоди и тешки повреди.

- Прилагодете ги седиштата само кога возилото е во мирување, бидејќи седиштата може неочекувано да се поместат додека возилото е во движење и може да ја изгубите контролата над возилото. Понатаму, при поставување на седиштето се прифаќа неправилна позиција.
- Прилагодете ја висината, позицијата и наклонот на предните седишта само кога нивната област за движење е празна.
- Погрижете се да нема предмети во таа област.
- Проверете дали местата за движење и блокирање на седиштата се чисти.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилно користење на облогите и навлаките на седиштата може да предизвика случајно активирање на електричниот систем за прилагодување на седиштата и да го натера да се движи неочекувано додека возите. Ова може да предизвика губење на контролата на возилото, а со тоа и незгоди или повреди. Покрај тоа, електричните компоненти на предните седишта може да се оштетат.


- Никогаш не ставајте облоги или капаци на седиштата на електричните контроли.
- Никогаш не користете облоги или навлаки за седишта кои не се експлицитно одобрени за седиштата на возилото.

! ПРЕТПАЗЛИВО

Предметите со остри рабови може да ги оштетат седиштата.

- Не тријте ги седиштата со остри предмети. Острите предмети, како што се патентите и нитните на облеката или ремените, може да ги оштетат површините. Отворените велкро прицврстувачи исто така може да предизвикаат оштетување.


Рачно приспособување на предните седишта



Сл. 94 Предни седишта: рачно приспособување на седиште

1. Повлечете ја рачката за да го поместите седиштето напред или назад. Седиштето мора да се заглави кога ќе се ослободи рачката!
2. Движете ја рачката нагоре или надолу за да ја приспособите висината на седиштето; неколку пати доколку е потребно.
3. Без да применувате сила на потпирачот за грб на седиштето, свртете го тркалото за да го наместите потпирачот за грб.
4. За да ја приспособите лумбалната потпора, движете ја рачката додека не се постигне потребната позиција.

Електрично приспособување на предните седишта



Сл. **95** Седиште на возачот: електрично приспособување на седиштето.

Ⓐ Прилагодете ја лумбалната потпора: притиснете го копчето според саканата положба.

Ⓑ Седиште напред/назад: притиснете го копчето напред/назад.
Седиште нагоре/надолу: Притиснете го задниот дел од копчето нагоре/надолу. За да го прилагодите аголот на перничката на седиштето, притиснете го предниот дел од копчето нагоре/надолу.

Ⓒ Потпирачот за грб поисправен/понаведнат: притиснете го копчето напред/назад.

Позицијата ќе се зачува автоматски кај активниот корисник на CUPRA CONNECT кога палењето е исклучено.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако електричните предни седишта се користат небрежно или без да се внимава, може да дојде до сериозни повреди.

- Предните седишта може и електрично да се прилагодат кога палењето е исклучено. Никогаш не оставајте дете или кое било друго лице на кое може да му треба помош во возилото.
- Во итен случај, електричното прилагодување може да се прекине со притискање на која било контрола.

ПРЕТПАЗЛИВО

За да избегнете оштетување на електричните компоненти на седиштата, воздржете се од клекнување на седиштето или силно притискање во една точка на перничката на седиштето и потпирачот за грб.

Предупредување


- Можеби нема да биде возможно електрично да се прилагоди седиштето ако батеријата на возилото е многу малку наполнета.
- Ако моторот стартува додека седиштата електрично се прилагодуваат, прилагодувањето ќе престане.

Предупредување


Кога го менувате корисникот, ќе се прикаже предупредување на екранот на инфо-забавниот систем додека седиштето се движи во зачуваната положба. Ова движење може да се запре со притискање на копчето за стоп на екранот.

Задни седишта

Преклопување и подигање на потпирачот за грб на задното седиште



Сл. **96** Задно седиште: прицврстете за да го држите сигурносниот појас на место.



Сл. **97** Задно седиште: преклопување на потпирачот за грб.

Потпирачот за грб на задното седиште е поделен и секој дел се спушта посебно за да се прошири багажниот простор.

Преклопување на потпирачот за грб нанапред

- Ставете ги страничните сигурносни појаси во стегата на облогата ››› сл. **96**.
- Целосно спуштете ги задните потпирачи за глава ››› стр. **134**.
- Притиснете го копчето за деблокирање ››› сл. **97** ① нанапред и во исто време преклопете го потпирачот за грб надолу. Потпирачот за грб на задното седиште не е заглавен кога се гледа црвената ознака на копчето ②.

Претворање на масата во седиште

- Подигнете го и блокирајте го грбниот потпирач. Црвената ознака на копчето ② повеќе не треба да се гледа кога потпирачот за грб е правилно прицврстен.

⚠ ВНИМАНИЕ

Може да се предизвикаат сериозни повреди ако потпирачот за грб на задното седиште се спушти или подигне без должна грижа и внимание.

- Никогаш не го спуштајте или кревајте потпирачот за грб на задното седиште додека возите.
- Не фаќајте го или не оштетувајте го сигурносниот појас кога го кревате потпирачот за грб на задното седиште.
- Кога го спуштате или кревате потпирачот за грб на задното седиште, држете ги рацете, прстите, стапалата и другите делови од телото надвор од неговото движење.
- За појасите на задните седишта да ја понудат потребната заштита, сите делови на задниот потпирач за грб мора да бидат правилно заглавени. Ова е особено важно во случајот со средното задно седиште. Ако некој седи на седиште чиј потпирач не е правилно заглавен, тој ќе одлета напред, заедно со потпирачот за грб, за време на несреќа или ненадејно возење или маневар со сопирање.

- Црвената ознака на копчето ② предупредува дека задниот потпирач за грб не е заглавен. Секогаш проверувајте дали црвената ознака не е видлива кога потпирачот за грб е во исправена положба.
- Кога потпирачот за грб на задното седиште е спуштен или не е правилно поставен, никој друг не може да се вози на соодветните седишта (дури ни дете).

ПРЕТПАЗЛИВО

Може да се предизвика сериозна штета на возилото и на другите предмети ако потпирачот за грб на задното седиште се спушти или подигне без должна грижа и внимание.

- Пред да го спуштите потпирачот за грб на задното седиште, секогаш приспособете ги предните седишта така што ниту потпирачите за глава ниту перничињата на задниот потпирач нема да можат да ги погодат.

Потпирачи за глава

Вовед

Подолу се опишани можностите за прилагодување и вадење на потпирачите за глава. Секогаш проверувајте дали седиштата се правилно прилагодени ››› стр. **46**.

Сите седишта се опремени со потпирач за глава. Централниот заден потпирач за глава е наменет само за централното седиште на задната клупа. Затоа, немојте да го монтирате на кое било друго седиште.

Правилно прилагодување на потпирачот за глава[1)]

Прилагодете го потпирачот за глава така што неговиот горен раб да биде на исто ниво како врвот на вашата глава и во никој случај под нивото на очите. Држете го задниот дел од главата секогаш колку што е можно поблиску до потпирачот за глава.

Прилагодување на потпирачот за глава за ниски луѓе[1)]

Целосно спуштете го потпирачот за глава, дури и ако вашата глава е под неговиот горен раб. Во најниската положба, може да има мало растојание помеѓу потпирачот за глава и потпирачот за грб.

Прилагодување на потпирачот за глава за високи луѓе[1)]

Притиснете го потпирачот за глава нагоре колку што може повеќе.

⚠ ВНИМАНИЕ


Ако патувате со отстранети или неправилно поставени потпирачи за глава, се зголемува ризикот од тешки или фатални повреди во случај на незгоди и ненадејно сопирање или маневри.

- Секогаш патувајте со правилно монтиран и прилагоден потпирач за глава.
- За да го намалите ризикот од повреди на вратните пршлени во случај на несреќа, приспособете го потпирачот за глава правилно врз основа на вашата висина, секогаш внимавајќи неговиот горен раб да биде на иста висина како врвот на главата, но никогаш под нивото на очите. Држете го задниот дел од главата секогаш колку што е можно поблиску до потпирачот за глава и во центарот.
- Никогаш не го нагодувајте потпирачот за глава додека возилото е во движење.
- Во никој случај патниците во задниот дел не треба да патуваат додека потпирачите за глава се во положба што не се користи.


ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Кога ги склопувате и расклопувате потпирачите за глава, не дозволувајте да дојдат во допир со горната облога на возилото, со задниот потпирач на предното седиште или со други делови од возилото. Во спротивно, тоа може да го оштети возилото.

Нагодување на потпирачите за глава



Сл. **98** Предно седиште: нагодување на потпирачот за глава.



Сл. **99** Заден потпирач за глава: нагодување на потпирачот за глава.


[1)] На седиштата со прилагодливи потпирачи за глава.

Нагодување на висината на потпирачите за глава


• Фатете ги страните на потпирачите за глава со двете раце и турнете нагоре до саканата положба. За да го спуштите, повторете го истото дејство, притискајќи го копчето од страна (1) ››› сл. **98** , ››› сл. **99**.

• Потпирачот за глава мора правилно да се фиксира во една положба.

Отстранување и монтирање на потпирачите за глава



Сл. **100** Преден потпирач за глава: отстранување.



Сл. **101** Заден потпирач за глава: отстранување.

Отстранување на предните потпирачи за глава

• Спуштете го потпирачот за глава ако е потребно.

• За да го отклучите, побарајте го жлебот на дното на потпирачот за грб и притиснете во насока на стрелката ››› сл. **100** (1).

• Отстранете го потпирачот за глава во насока на стрелката (2).

Монтирање на предните потпирачи за глава

• Поставете го потпирачот за глава во правилна положба на водилките на соодветниот потпирач за грб и вметнете го.

• Притиснете го потпирачот за глава надолу додека прачките не се фиксираат.

• Прилагодете го потпирачот за глава според упатствата за правилната положба на седиштето.

Отстранување на задните потпирачи за глава

За да го отстраните потпирачот за глава, соодветниот потпирач за грб мора делумно да се склопи напред.

• Отклучете го потпирачот за грб ››› стр. **132**.

• Кревајте го потпирачот за глава нагоре до крај.

• Притиснете го копчето ››› сл. **101** (1) додека истовремено притискате на безбедносната дупка (2) со рамен шрафцигер широк максимум 5 mm и извадете го потпирачот за глава.

• Движете го потпирачот за грб додека не се фиксира правилно ››› ⚠ во *Преклопување и подигање на потпирачот за грб на задното седиште* на стр. **133**.

Монтирање на задните потпирачи за глава

За да ги монтирате надворешните потпирачи за глава, соодветниот потпирач за грб мора делумно да се склопи напред.

• Отклучете го потпирачот за грб ››› стр. **132**.

• Вметнете ги прачките на потпирачот за глава во водилките за да се фиксираат. Не треба да биде можно да се отстрани потпирачот за глава од потпирачот за грб.


• Движете го потпирачот за грб додека не се фиксира правилно ››› ⚠ во *Преклопување и подигање на потпирачот за грб на задното седиште* на стр. **133**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Отстранете ги задните потпирачи за глава само кога е неопходно да се монтира детско седиште. Откако ќе го отстраните детското седиште, веднаш ставете го потпирачот за глава.

Функции на седиштата

Мемориска функција



Сл. **102** На надворешната страна од седиштето на возачот: мемориски копчиња.

Мемориски копчиња

Мемориските копчиња може да се користат за зачувување и активирање на поставувањата за седиштето на возачот и за надворешните ретровизори.

Поставувањата ќе бидат зачувани и кај корисникот на онлајн услугите[1)].

Зачувајте ги поставувањата за седиштето на возачот и надвирешните ретровизори за степен за возење нанапред

- Вклучете ја електронската паркинг-сопирачка.
- Ставете ја рачката на менувачот во неутралната позиција.
- Вклучете го палењето.
- Нагодете го седиштето на возачот и надворешните ретровизори.
- Притискајте **SET** подолго од 1 секунда ››› сл. **102**.
- Притиснете го мемориското копче во кое ќе ги зачувате поставувањата во рок од околу 10 секунди. Звучен сигнал потврдува дека тие се зачувани.

Зачувајте ги поставувањата на надворешните ретровизори на совозачот за возење наназад.

- Вклучете ја електронската паркинг-сопирачка.
- Ставете ја рачката на менувачот во неутралната позиција.
- Вклучете го палењето.
- Притиснете произволно копче за меморија.
- Изберете степен за возење наназад.
- Приспособете го надворешниот ретровизор на совозачот за да можете добро да го видите, на пр. работ на тротоарот.
- Поставената положба за ретровизорите автоматски се зачувува и се доделува на клучот со кој сте го отклучиле возилото.

Активирање на поставувањата

- Кога возилото е запрено и палењето е вклучено, притиснете и задржете го соодветното мемориско копче додека не се достигне зачуваната позиција.
- ИЛИ: Со исклучено палење и отворена врата на возачот, кратко притиснете го соодветното копче.

SYNC Ги синхронизира поставувањата за температурата од страната на возачот на страната на совозачот и/или задниот дел. Активира контрола на температура за страната на совозачот ››› сл. 114 ② и/или задниот дел за да се постави различна температура.

Вентилатори Бојата претставена со стрелките на сликата на внатрешноста на возилото ја означува бараната температура во зависност од условите на околината, а не температурата на отворот за воздух. Насоката на отворот за воздух се бира со копчињата ››› сл. 115 Ⓑ.

Вклучување и исклучување на внатрешната циркулација на воздухот ››› стр. 162.

Рачно поставување на греењето на управувачот со три нивоа на греење. Притискајте го функциското копче повеќепати за да го постигнете саканото ниво. За да го исклучите, притиснете неколку пати додека веќе не свети LED ››› стр. 164.

A/C Вклучување/исклучување на системот за ладење и одмаглување.

A/C MAX Вклучување и исклучување на максималната моќност за ладење. Режимот на затворена циркулација на воздухот автоматски се вклучува и Climatronic автоматски го насочува воздухот кон горниот дел од телото.

AIR CARE Системот за климатизација содржи филтер кој може да ги намали алергените загадувачи. Кога е активирана функцијата Air Care, режимот

за затворена циркулација е вклучен и воздухот се регулира автоматски и континуирано додека не се открие опасност од замаглување.
Информации ℹ за системот AirCare може да се најдат во подменито Поставувања ⚙.

Рачно прилагодување на брзината на вентилаторот со притискање ✲ или ✲.
ИЛИ: со притиснување или лизгање на вашиот прст на линиите додека не се достигне посакуваната брзина на вентилаторот.

AUTO Во овој режим, системот автоматски ја регулира внатрешната температура, брзината на вентилаторот и распределбата на воздухот за оптимален термички комфор. Режимот AUTO ќе се деактивира штом се извршат рачни промени на брзината на вентилаторот, распределбата на воздухот, одмаглувањето на ветробранското стакло или внатрешната циркулација на воздухот.
Брзината на вентилаторот во AUTO режим може да се постави на *ниска, средна или висока* со последователно притиснување на функциското копче AUTO.

Подмени **iClimate**

Подмени каде што се наоѓаат различни паметни и/или автоматски функционалности, во зависност од верзијата.

Топли раце: автоматски ја прилагодува климатизацијата за одредено време за да ја загрее областа на управувачот.

Ладни стапала: автоматски ја прилагодува климата за одредено време за ладење на просторот за нозе.

Одмаглување на прозорците: автоматски ја прилагодува климатизацијата за одредено време за одмаглување на ветробранското стакло.

Топли стапала: автоматски ја прилагодува климатизацијата за одредено време за греење на просторот за нозе.

Свеж воздух: автоматски ја прилагодува климатизацијата за одредено време за вентилација на просторот за патниците.

Брзо ладење: автоматски ја прилагодува климатизацијата за да се вентилира внатрешноста на возилото одредено време.

Подмени Позади

Подмени за климатизацијата во задниот дел на просторот за патници каде што се наоѓаат следните функции:

Кога заклучувањето позади е активирано, не е можно да се прилагоди температурата од задниот дел.


⊕/⊖ Притиснете за да ја прилагодите температурата на задната зона.

Подмени Поставувања

Подмени каде што се наоѓаат следните поставувања:

- Автоматско затворена циркулација на воздухот: за вклучување и исклучување на автоматската затворена циркулација на воздухот ››› стр. 162.
- Загреаниот управувач се вклучува на почетокот на патувањето во зависност од температурата: Притиснете ◔ за да ја вклучите/исклучите функцијата ››› стр. 164.

Контроли во задниот дел



Сл. 116 Во централната конзола, заден дел: контроли за задните седишта.

Избор на температура

- Притиснете ги копчињата ① и ② ››› сл. 116 за да ја прилагодите температурата во задниот дел.

Внатрешна циркулација на воздух

Режимот за внатрешна циркулација на воздухот го спречува надворешниот воздух да навлезе во внатрешноста.

Кога надворешната температура е многу висока, можете да изберете внатрешна циркулација на воздухот за краток временски период за побрзо освежување на внатрешноста на возилото.

Од безбедносни причини, затворената циркулација на воздухот се исклучува кога ќе се притисне MAX или кога сензорот ќе открие дека прозорците на возилото може да се замаглат.

Вклучување и исклучување на внатрешната циркулација на воздухот

- Притиснете го копчето за да ја вклучите или исклучите внатрешната циркулација на воздухот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Загушливиот или искористениот воздух ќе го зголеми заморот и ќе ја намали концентрацијата на возачот што може да резултира со сериозна незгода.

- Никогаш не го оставајте вентилаторот за свеж воздух исклучен или не користете го кружењето на воздухот долги временски периоди; воздухот во внатрешноста на возилото нема да се освежи.

ПРЕТПАЗЛИВО

Во возилата со клима-уред, не пушете кога е вклучена внатрешната циркулација на воздухот. Чадот може да се наталожи на испарувачот за ладење и на активниот комбиниран филтер и да предизвика трајни непријатни мириси.

Предупредување

Кога надворешната температура е многу висока, краткото вклучување на режимот за внатрешна циркулација на воздухот помага побрзо да се лади внатрешноста на возилото.

Греење на седишта

Предните седишта имаат три нивоа на електрично греење.

Контролирање на греењето на седишта

Притиснете ја иконата на редот за клима Ⓐ за да го отворите менито за греење на седишта.

- Притиснете ја иконата за лево или десно седиште за да го поставите греењето на седиштата на максимална моќност.
- Притискајте ја иконата на левото или десното седиште додека не се прилагоди саканото ниво.
- За да го исклучите греењето на седиштата, притиснете ја соодветната икона со седиште неколку пати додека не се вклучи LED.
- Можете исто така да го прилагодите степенот на греење на седиштата со користење на два прста за да притиснете на сензорската површина ① или ② (лево или десно седиште).

Ако палењето се вклучи повторно во следните околу 10 минути, греењето на седиштето на возачот автоматски се вклучува до нивото што било поставено последниот пат.

Паметно греење на седишта

Ова е паметна функција која автоматски го активира и регулира загревањето на возачкото и совозачкото седиште за поголем комфор.

Греењето на седиштата за возачкото и совозачкото седиште може да се прилагоди посебно за да се постигне целосно персонализиран комфор.

За да пристапите до функцијата на паметно греење на седиштата, најпрво мора да се активира услугата за персонализација CUPRA CONNECT ››› стр. 283.

- За да ја вклучите/исклучите функцијата, изберете **> Seats > Settings > Use of the driver/front passenger smart heated seats.** (> Седишта > Поставувања > Употреба на паметни седишта што се загреваат за возачот/совозачот.)

Функцијата за паметно греење на седиштата бара период за регистрирање на навиките за користење. Информациите за почетокот на процесот на регистрирање се прикажани во подменито за греење на седиштата на дисплејот на инфо-забавниот систем. За време на овој процес, ќе се прикаже статусот **LEARNING** (регистрирање), а неговиот напредок ќе се прикаже и со лента за напредокот.

Нивото на загревање на седиштата 3 (максимум) треба да се користи за да се осигури дека навиките се правилно регистрирани.

За време на периодот на регистрирање, препорачливо е да се користи грејачот на седиштата на различни надворешни температури за да се постигнат оптимални перформанси на паметните загреани седишта.

Системот нема да ја регистрира употребата на греењето на седиштата ако се користи веднаш по користењето на греењето на седиштата со климатизација во мирување.[1)]

Откако ќе заврши периодот на регистрирање, загреаните седишта се вклучуваат и нивото на нивната температура се прилагодува автоматски. Статусот **AUTO** се прикажува во подменито за греење на седиштата.

За да ја оптимизирате температурата обезбедена од системот при автоматско прилагодување (**AUTO**), рачно поставете ги трите нивоа на греење на седиштата за да ја оптимизирате функцијата. Процесот на оптимизација ќе се прикаже во подменито за седишта на екранот за инфо-забавниот систем (**Optimizing**).(оптимизирање).

За да го ресетирате процесот и да го започнете периодот на регистрирање, одете во подменито **Settings > Reset driver / front passenger profile** (Поставувања > Ресетирај го профилот на возачот/совозачот).

Случаи во кои не треба да се вклучи греењето на седиштата

Не вклучувајте го греењето на седиштата ако е исполнет кој било од следните услови:

- На седиштето седи лице со ограничена перцепција на болка или температура.
- На седиштето не седи никој.
- Седиштето има прекривка.
- На седиштето има монтирано детско седиште.
- Перничката на седиштето е мокра или влажна.
- Надворешната температура е повисока од +25°C (77°F).

⚠ ВНИМАНИЕ

Луѓето што не можат да перципираат болка или температура поради лекови, парализа или хронични болести (на пр. дијабетес) или имаат ограничена перцепција на истите, може да претрпат изгореници на грбот, бутовите или нозете при користењето на греењето на седиштата.

- Луѓето со ограничени прагови на болка и температура никогаш не смее да го користат греењето на седиштата.
- Ако се утврди погрешно функционирање во контролата на температурата на уредот, нека се провери во специјализиран стручен сервис.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако ткаенината на перничката е мокра, тоа може негативно да влијае на работењето на греењето на седиштата, зголемувајќи го ризикот од изгореници.

- Проверете дали перничката на седиштето е сува пред да го користите греењето на седиштата.
- Не седете на седиштето со мокра или влажна облека.
- Не оставајте мокра или влажна облека на седиштето.
- Не истурајте течности на седиштето.

[1)] Важи само за хибридни возила (продолжена климатизација во мирување).

ПРЕТПАЗЛИВО

- За да избегнете оштетување на грејните елементи на грејачите на седиштата, ве молиме не клекнувајте на седиштето и не притискајте остро во една точка на перницата или потпирачот за грб.
- Течности, остри предмети и изолациони материјали (на пр. капаци или детски седишта) може да го оштетат греењето на седиштата.
- Во случај на мириси, веднаш исклучете го греењето на седиштето и истото нека се провери во специјализиран стручен сервис.
- Ако оригиналниот тапацир на седиштата се замени со друг материјал, греењето на седиштата може да се прегрее или неговата работа може да биде ограничена.

Напомена во врска со животната средина

Греењето на седиштата треба да остане вклучено само кога е потребно. Во спротивно, тоа е непотребна потрошувачка на енергија.

Предупредување

Имајте го предвид следново за функцијата за паметно греење на седиштата:

- Системот може да го ресетира процесот на регистрирање ако тој не бил задоволителен.
- За секој регистриран корисник ќе биде потребно посебно регистрирање на возачкото седиште.
- Совозачкото седиште се регистрира без оглед на активниот регистриран корисник.
- Кај хибридните возила употребата на функцијата на климатизацијата во мирување кај потрошувачите на електрична енергија ››› стр. 170 може да влијае на времето на регистрирање на функцијата.

Греење на управувачот

Избраното ниво на греење на управувачот ќе се прикаже на дисплејот на инструментната табла и во менито за клима-уредот.

Нагодување на греењето на управувачот со притиснување на на повеќефункцискиот управувач

- *Кратко притиснување (помалку од 1 секунда):*

Греењето се вклучува на максимално ниво. Притискајте го копчето на управувачот повеќепати за да го поставите саканото ниво. За да го исклучите греењето на управувачот, повеќепати притискајте го копчето на управувачот додека иконата за загревање на управувачот OFF не се прикаже на инструментната табла.

- *Долго притиснување (повеќе од 1 секунда):*

Греењето се исклучува директно од моменталното ниво на работа. Уште едно долго притискање на копчето го вклучува греењето директно на последното зачувано ниво пред да се исклучи.

Прилагодување на греењето на управувачот преку инфо-забавниот систем

- Во менито за клима-уред, притиснете го копчето за функцијата за греење на управувачот . Греењето се вклучува на максимално ниво.
- Притискајте го функциското копче повеќепати за да го поставите саканото ниво.
- За да го исклучите греењето на управувачот, притиснете го функциското копче неколку пати додека не се вклучи LED.

Автоматско прекинување на врската

Греењето на управувачот автоматски ќе се исклучи кога ќе се исполни некој од следниве услови:

- Потрошувачката на електрична енергија е превисока.
- Системот за греење на управувачот е неисправен.
- Ако се исклучи палењето.

Вентилација во мирување

Со функцијата за вентилација во мирување (зависно од опремата), просторот за патници може да се вентилира.

Струјата потребна за вентилацијата во мирување ја обезбедува 12-волтната батерија на возилото.

Функцијата за вентилација се контролира со My CUPRA App.

Вклучување на вентилацијата во мирување

Функцијата ќе се вклучи на следниов начин:

- Функцијата за вентилација во мирување може веднаш да се вклучи со помош на копчето за вклучување/исклучување веднаш во My CUPRA App.
- Преку програмирање време на поаѓање.

Во случај на ниска наполнетост на 12-волтната батерија, вентилацијата во мирување нема да се вклучи.

Исклучување на вентилацијата во мирување

Вентилацијата во мирување ќе се исклучи во следниве ситуации:

- Кога ќе истече времето на работа за режимот вклучување/исклучување веднаш.
- Функцијата за вентилација во мирување може веднаш да се исклучи со помош на копчето за вклучување/исклучување веднаш во My CUPRA App.
- Кога ќе се достигне планираното време на поаѓање.

Максималниот период на работа на вентилацијата во мирување е 60 мин.

Програмирање на поаѓање/почеток на патувањето

Активирањето на вентилацијата за паркирање за закажаното време важи само за еден процес на вентилација. Времето на поаѓање мора да биде за секој новопрограмиран процес на вентилација.

Пред да го програмирате времето на поаѓање, мора да проверите дали датумот и времето на возилото се правилно поставени.

Кога програмирате време на поаѓање, возилото автоматски го пресметува, во зависност од условите на околината, потребното време на работа на вентилацијата за паркирање.

ПРЕТПАЗЛИВО

Храната чувствителна на топлина или студ, лековите и другите предмети може да се оштетат од протокот на воздух.

- Не ставајте никаков вид храна, лекови или други предмети чувствителни на температура пред отворите за вентилација.

Предупредување

Ако вентилацијата во мирување работи постојано долги временски периоди, нивото на полнење на **12**-волтната батерија ќе се намали. Препорачливо е да го однесете возилото на долго возење за да ја наполните батеријата.

Решавање проблеми

Системот за ладење не може да се вклучи или функцијата му е ограничена

Ако системот за климатизација не може да се вклучи, тоа може да биде предизвикано од следново:

- Моторот не работи.
- Вентилаторот е исклучен.
- Осигурувачот за клима-уредот паднал.
- Надворешната температура е пониска од околу 0°C (+32°F).

- Компресорот на клима-уредот е привремено исклучен бидејќи температурата на течноста за ладење на моторот е превисока.
- Друг дефект во возилото. Клима-уредот нека се провери во специјализирана сервисна работилница.

Променете ја единицата за температура **(Climatronic)**

Приказот на температурата може да се смени од Целзиусови во Фаренхајтови степени на екранот на инфо-забавниот систем со помош на функциското копче ⊛ **> Settings > Units** (> Поставувања > Единици).

Вода или водена пареа под возилото

Ако влажноста и температурата вон возилото се високи, кондензацијата може да капе од испарувачот во системот за ладење и да формира бара под возилото. Ова е нормално и не укажува на истекување!

Кога надворешната влажност е висока, а температурата на околината е ниска, водата од кондензацијата може да испари кога работи климатизацијата во мирување. Во овој случај, може да се излезе пареа од под возилото. Тоа не значи дека возилото има некаква штета.

Предупредување

По стартувањето на моторот, секоја преостаната влажност во клима-уредот може да го замагли ветробранското стакло. Вклучете ја функцијата за одмрзнување што е можно поскоро за да го исчистите ветробранското стакло од кондензација.

Помошно греење (дополнително греење)

Вовед

Помошниот грејач работи на гориво од резервоарот на возилото и може да се користи додека возите и кога возилото е во мирување.

Помошниот грејач може да се контролира преку менито за помошно греење во инфо-забавниот систем, преку My CUPRA App или со далечинскиот управувач.

Во зима, со вклучена помошен грејач, можете да го одмаглите ветробранското стакло и да го отстраните мразот и снегот (ако е тенок слој) пред да започнете да возите.

Ако надворешната температура е многу висока, внатрешноста на возилото може да се вентилира со исклучен мотор со помош на помошниот грејач.

Максималниот период на работа на вентилацијата во мирување е 60 мин.

⚠ ВНИМАНИЕ

Издувните гасови од помошното греење содржат јаглерод моноксид, отровен гас без боја и без мирис. Јаглерод моноксид може да предизвика загуба на свеста и смрт.

- Никогаш не вклучувајте го помошниот грејач и не оставајте го да работи во затворени простори или области без вентилација.
- Никогаш не програмирајте помошното греење да се активира или работи во затворен простор или простор без вентилација.

⚠ ВНИМАНИЕ

Компонентите на помошниот грејач се многу жешки и може да предизвикаат пожар.

- Секогаш паркирајте го вашето возило така што ниту еден дел од издувниот систем нема да може да дојде во контакт со лесно запаливи материјали што може да се наоѓаат под возилото, како што е исушената трева.

ПРЕТПАЗЛИВО

Никогаш не ставајте храна, лекови или други предмети чувствителни на температура блиску до отворите за воздух. Храната, лековите и другите предмети чувствителни на топлина или студ може да се оштетат или да станат несоодветни за употреба од воздухот што доаѓа од отворите.

Вклучување и исклучување на помошниот грејач

Вклучување

Независното греење може да се вклучи на следните начини:

- Притиснете го копчето за итно вклучување/исклучување во My CUPRA App.
- Притиснете го копчето за моментално вклучување/исклучување во менито за поаѓање на инфо-забавниот систем (со исклучено возило) или копчето за вклучување/исклучување во менито за помошно греење на инфо-забавниот систем (со вклучено возило).
- Притиснете го копчето на далечинскиот управувач ››› стр. **167**.
- Автоматско закажување време на поаѓање во менито за помошниот грејач во инфо-забавниот систем или во My CUPRA App ››› стр. **169**.

Исклучување

Помошното греење може да се исклучи на следните начини:

- Функцијата за помошно греење може веднаш да се исклучи со користење на копчето за вклучување/исклучување веднаш во My CUPRA App.
- Притиснете го копчето за моментално вклучување/исклучување во менито за поаѓање на инфо-забавниот систем (со исклучено возило) или копчето за вклучување/исклучување во менито за помошно греење на инфо-забавниот систем (со вклучено возило).
- Притиснете го копчето OFF на далечинскиот управувач ››› стр. **167**.
- Автоматски во закажаното време на поаѓање или откако ќе истече програмираното време на работа.
- Автоматски кога ќе светне контролната сијаличка (индикатор за ниво на гориво).
- Автоматски кога полнењето на 12-волтната батерија ќе стане премногу ниско ››› стр. **389**.


Поставување на саканата температура

- Отворете го менито на инфо-забавниот систем Помошно греење.
- Поставете ја саканата температура со помош на ⊕ и ⊖.

На што треба да се внимава

Откако ќе се исклучи, помошниот грејач ќе продолжи да работи краток временски период за да го согори горивото што останува во системот и исто така да ги исфрли издувните гасови.

Далечински управувач со радиосигнал



Сл. **117** Независно греење: клуч за далечинско управување со радиофреквенција

››› сл. **117**

Вклучете го помошниот грејач

OFF Исклучете го помошниот грејач

(1) Контролна сијаличка

Ако копчињата на далечинскиот управувач се притискаат непотребно, тој може несакано да го вклучи помошниот грејач, дури и кога е надвор од опсегот или кога контролната сијаличка трепка.

За вклучување и исклучување на независното греење, копчето мора да се притисне и да се држи околу 1 секунда.

Контролна сијаличка на далечинскиот управувач

Кога ќе се притиснат копчињата, контролната сијаличка на далечинскиот управувач (1) му дава на корисникот различни информации:

Светнува на околу **2** секунди

- *Во зелена боја:* Помошниот грејач е вклучен преку копчето .
- *Во црвена боја:* Помошниот грејач е исклучен преку копчето **OFF**.

Трепка бавно околу **2** секунди

- *Во зелена боја:* Не е примен сигнал за вклучување. Далечинскиот управувач е вон досегот. Приближете се до возилото.
- *Во црвена боја:* Не е примен сигнал за исклучување. Далечинскиот управувач е вон досегот. Приближете се до возилото.

Трепка брзо околу **2** секунди

- *Во зелена боја:* Независното греење е блокирано. Можни причини: резервоарот за гориво е скоро празен, наполнетоста на 12-волтната батерија е ниска или има дефект.

Светнува на околу **2** секунди

- *Во портокалова боја (потоа зелено или црвено):* Батеријата на далечинскиот управувач е скоро испразнета. Сепак, примен е сигнал за вклучување или исклучување.
- *Во портокалова боја (потоа трепка зелено или црвено):* Батеријата на далечинскиот управувач е скоро испразнета. Не е примен сигнал за вклучување или исклучување.

Трепка околу **5** секунди

- *Во портокалова боја:* Батеријата на далечинскиот управувач е испразнета. Не е примен сигнал за вклучување или исклучување.

Менување на батеријата на далечинскиот управувач со радиосигнал

При притискање на копчињата, ако контролната светилка на далечинскиот управувач (1) трепка околу 5 секунди портокалово или не свети, батериите мора да се заменат.

Батеријата се наоѓа под капакот на задната страна на далечинскиот управувач.

- За да го отворите капакот, подигнете го малку на дното и лизнете го надолу.
- Извадете ја старата батерија.
- Ставете ја новата батерија. Кога го правите тоа, имајте го предвид поларитетот и користете батерии од ист тип ››› ⓘ.
- Заменете го капакот на батеријата со вметнување на јазичињата на врвот и притискање на дното.

Опсег

Ресиверот е во возилото. Далечинскиот управувач, кога е опремен со нови батерии, има опсег од неколку стотици метри. Пречките помеѓу далечинскиот управувач и возилото, лошите временски услови и испразнетите батерии може значително да го намалат опсегот на далечинскиот управувач.

⚠ ВНИМАНИЕ

Голтањето батерија со дијаметар од **20 mm** или која било друга батерија во форма на копче може да предизвика сериозни, па дури и фатални повреди за многу кратко време.

- Секогаш чувајте го далечинскиот управувач, приврзоците за клучеви со батерии, резервните батерии, батериите во форма на копче и сите други батерии над **20 mm** подалеку од дофат на деца.
- Ако се сомневате дека некој проголтал батерија, веднаш побарајте лекарска помош.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Далечинскиот управувач со радиофреквенција содржи електронски компоненти. Затоа, избегнувајте да го навлажнувате и да го изложувате на удари или директна сончева светлина.
- Употребата на несоодветни батерии може да го оштети далечинскиот управувач со радиофреквенција. Од таа причина, секогаш менувајте ја искористената батерија со друга со ист напон, големина и спецификации.

Напомена во врска со животната средина

- Ве молиме фрлајте ги искористените батерии правилно и на еколошки начин.
- Батеријата на далечинскиот управувач може да содржи перхлорат. Почитувајте ги правните одредби во врска со исфрлањето.
- Треба да се внимава да не се ракува ненамерно со далечинскиот управувач за да се спречи случајното вклучување на помошниот грејач.

Програмирање на помошниот грејач

Активирањето на вентилацијата за паркирање за закажаното време важи само за еден процес на вентилација. Времето на поаѓање мора да биде за секој новопрограмиран процес на вентилација.

Пред да го програмирате времето на поаѓање, мора да проверите дали датумот и времето на возилото се правилно поставени.

Кога програмирате време на поаѓање, возилото автоматски го пресметува, во зависност од условите на околината, потребното време на работа на вентилацијата за паркирање.

ВНИМАНИЕ

Никогаш не програмирајте го помошниот грејач така што самиот ќе се вклучи и ќе работи во затворени простори или области без вентилација. Издувните гасови од помошниот грејач содржат јаглерод моноксид, токсичен гас без мирис и боја. Јаглерод моноксид може да предизвика губење на свеста кај луѓето. Тој може да предизвика и смрт.

Упатства за употреба

Издувниот систем на помошниот грејач сместен под возилото мора да се чува чист од снег, кал и други предмети. Издувните гасови мора да можат слободно да излегуваат. Емисиите генерирани од помошниот грејач се отстрануваат преку издувната цевка поставена под возилото.

При загревање на внатрешноста на возилото, во зависност од надворешната температура, топлиот воздух прво се насочува кон ветробранското стакло, а потоа кон останатиот дел од внатрешноста на возилото преку отворите за воздух. Насочувањето на отворите за вентилација – кон прозорците, на пример, – може да влијае на дистрибуцијата на воздухот.

Кога помошниот грејач не е вклучен

- За помошниот грејач е потребна отприлика онолку моќност колку и за фаровите со соборени светла. Ако полнењето на 12-волтната батерија е премногу ниско, помошниот грејач автоматски се исклучува и не може да се вклучи. Ова ги избегнува проблемите при палење на моторот.
- Греењето мора да се активира секогаш кога сакате да тргнете. Слично на тоа, времето на поаѓање мора повторно да се активира секој пат.
- Контролната сијаличка (индикатор за ниво на гориво) светнува.

Предупредување

- Ќе се слушнат звуци додека работи помошниот грејач.
- Кога влажноста на воздухот е висока, а внатрешната температура ниска, од системот за греење и вентилација може да испарува кондензација кога ќе се вклучи помошниот грејач. Во овој случај, може да се ослободи пареа од под возилото. Ова не значи дека има дефект на возилото.

- Ако возилото е навалено, на пр. ако е паркирано на надолнина, работата на помошниот грејач може да се ограничи ако нивото на резервоарот за гориво е ниско (веднаш над нивото на резерва).
- Ако помошниот грејач се користи повеќе пати во подолг временски период, 12-волтната батерија ќе го изгуби полнењето. За повторно да ја наполните батеријата, возилото мора да се вози неколку километри од време на време. Како упатство: патувањето треба да трае приближно онолку колку што бил приклучен грејачот.
- На температури под +5 °C (+41 °F), помошниот грејач може автоматски да се вклучи кога моторот е вклучен. По одредено време, помошниот грејач повторно се исклучува.

Климатизација во мирување

Вовед

✓ Важи за: хибридни возила.

Со климатизацијата во мирување можете да го ладите, проветрите и загревате патничкиот простор додека возилото е паркирано. Во зима, можете исто така да го одмаглите ветробранското стакло и да го одржувате без мраз и снег (ако слојот е тенок).

Климатизацијата во мирување се напојува преку штекер или преку високонапонската батерија на возилото. Климатизацијата во мирување може да се програмира и контролира во инфо-забавниот систем или преку My CUPRA App.

Можете да најдете информации за апликацијата, нејзината достапност и потребните барања за нејзино користење, како и компатибилни терминали, на интернет ››› стр. 281.

ПРЕТПАЗЛИВО

Никогаш не ставајте храна, лекови или други предмети чувствителни на температура блиску до отворите за воздух. Храната, лековите и другите предмети чувствителни на топлина или студ може да се оштетат или да станат несоодветни за употреба од воздухот што доаѓа од отворите.

Предупредување

Користењето на климатизацијата во мирување без поврзување на кабелот за полнење го намалува досегот на возилото. При екстремни надворешни температури, моќта за греење или ладење на климатизацијата во мирување може да биде недоволна за да се постигне саканата температура.

Управување со климатизацијата во мирување

✓ Важи за: хибридни возила.

Климатизацијата во мирување работи само ако е доволно наполнета високонапонската батерија.

Климатизацијата во мирување може да се користи без приклучен приклучок за полнење. Кога конекторот за полнење не е приклучен, климатизацијата во мирување ја добива потребната електрична енергија од високонапонската батерија.

Поставување на саканата температура

- Отворете го менито на инфо-забавниот систем Климатизација во мирување.
- Притиснете **Air conditioning** (клима-уред).
- Поставете ја саканата температура со помош на ⊕и⊖

Вклучување на климатизацијата во мирување

Може да се вклучи на следните начини:

- Притиснете ја иконата за вклучување веднаш на инфо-забавиот систем (додека возилото е исклучено). При непосредна климатизација, возилото ја достигнува поставената температура за најмногу 30 минути.
- Притиснете го копчето за вклучување/исклучување веднаш во My CUPRA App.

- Автоматски со поставување време на поаѓање во My CUPRA App или во инфо-забавниот систем во менито Климатизација во мирување ››› стр. **171**.

Исклучување на климатизацијата во мирување

Може да се исклучи на следните начини:

- Притиснете го копчето за вклучување/исклучување веднаш во My CUPRA App.
- Притиснете ја иконата за вклучување/исклучување на инфо-забавниот систем (додека возилото е исклучено).
- Притиснете го копчето за исклучување на климатизацијата на менито Климатизација на инфо-забавниот систем (додека возилото е исклучено).
- Автоматски, неколку минути по закажаното време на поаѓање.
- Автоматски ако нивото на полнење на високонапонската батерија на возилото падне прекумерно.

Предупредување

- Ќе се слушаат звуци додека работи климатизацијата во мирување.
- Кога надворешната влажност е висока, а температурата на околината е ниска, кондензацијата од системот за климатизација може да испари кога работи климатизацијата во мирување. Во тој случај, може да излегува пареа од под возилото. Тоа не значи дека има дефект на возилото.

Програмирање на климатизацијата во мирување

✓ Важи за: хибридни возила.

Климатизацијата во мирување може да се програмира во инфо-забавниот систем за закажаното време на поаѓање. Можете да ја поставите саканата температура на внатрешноста на возилото за планираното време на поаѓање на возилото.

Врз основа на саканата температура, возилото го пресметува времето во кое треба да се вклучи климатизацијата во мирување за да ја достигне оваа температура до времето на поаѓање. Максималното време на работа на климатизацијата во мирување е околу 30 минути пред времето на поаѓање.

Климатизирање на возилото за поаѓање

- Отворете го менито Климатизација во мирување.
- Притиснете **Exit** (излез) за да го отворите менито на тајмерот.
- Поставете го закажаното време на поаѓање.
- Активирајте го тајмерот со помош на полето за штиклирање.

Најраното планирано време на поаѓање се прикажува во менито за поаѓање на инфо-забавниот систем и таму може да се вклучи и исклучи ››› стр. **44**.

Климатизацијата во мирување се исклучува автоматски

- По приближно 30 минути ако возилото е климатизирано со непосредна климатизација додека палењето е исклучено.
- По приближно 15 минути ако погонскиот систем не е вклучен до еден час по закажаното време на поаѓање.
- Кога состојбата на полнење на високонапонската батерија паѓа прекумерно.

Проширена климатизација во мирување

Ако треба да се користи климатизација за поаѓање, електричните комфорни потрошувачи, како што се греењето на седиштата, греењето на управувачот или греењето на задното стакло, исто така може автоматски да се вклучат пред времето на поаѓање. Електричните комфорни потрошувачи зависат од опремата. Тие се активираат само во услови на ниска температура.

За да се овозможи користење на овие потрошувачи:

- Отворете го менито Климатизација во мирување.
- Притиснете **Air conditioning** (клима-уред).

- Изберете ги седиштата чиишто комфорни потрошувачи треба да се вклучат заедно со климатизацијата во мирување. Само овие седишта ќе се загреваат пред времето на поаѓање.
- За да го вклучите греењето на стаклата пред времето на поаѓање, активирајте ја функцијата Автоматско загревање на стаклата

Максималното време на работа на електричните комфорни потрошувачи е околу 10 минути пред времето на поаѓање.

Ако климатизацијата веднаш се вклучи, се активираат и потрошувачите на електрична енергија.

Итно активирање на греењето на задното стакло

Загревањето на ветробранското стакло може да се вклучи/исклучи со My CUPRA App, без разлика дали е вклучена климатизацијата во мирување.

Климатизирање на возилото откако ќе го отклучите

- Отворете го менито на инфо-забавниот систем Климатизација во мирување.
- Притиснете ⚙ **Settings** (поставувања).
- Штиклирајте го полето за штиклирање Климатизација на возилото по отклучување со притискање на истото.

Возилото ќе биде климатизирано 5 минути штом ќе ја отклучите вратата на возилото.

Климатизацијата на возилото по отклучувањето не е можно ако возилото се полни со наизменична струја (AC).

Проверете го распоредот

Кога палењето е исклучено, инфо-забавниот систем го прикажува следниот пат кога е активно и поставените функции.

Возење

Возни напомени

Педали

- Погрижете се секогаш да можете непречено да ги притискате педалите за гас, сопирачката и куплунгот.
- Осигурете се дека педалите можат да се вратат непречено на нивните првични позиции.
- Уверете се дека патосниците се добро прицврстени за време на патувањето и не ги попречуваат педалите ››› ⚠.

Користете само патосници кои ги оставаат педалите чисти и кои се прицврстени за да не се лизгаат. Соодветните патосници можете да ги набавите кај специјализиран дилер. Прицврстувачите за патосниците се монтирани во просторот за нозе.

Носете соодветни обувки

Секогаш носете чевли кои правилно ги потпираат стапалата и ви овозможуваат добро да ги чувствувате педалите.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Ограничувањето на работата на педалот може да доведе до критични ситуации додека возите.
- Никогаш не поставувајте или монтирајте патосници или други подни просторки над оригиналните патосници. Ова би ја намалило областа на педалите и би можело да ги попречи педалите. Ризик од незгода.
- Никогаш не ставајте предмети во просторот за нозе на возачот. Предмет може да дојде во областа на педалите и да ја наруши работата на педалот.

Избирање оптимален степен

Во зависност од опремата на екранот на инструментната табла, се прикажува препорака со степенот што треба да се постави за да се оптимизира потрошувачката.

Кај возила со *автоматски менувач*, се прикажува само кога возите во режимот Tiptronic ››› стр. **194**.

Доколку е поставен оптималниот степен, нема да се прикаже препорака. Ќе се прикаже моменталниот степен.

Дисплеј	Значење
3	Оптимален степен.
4 ▶ 5	Се препорачува префрлување во повисок степен.
2 ▶ 1	Се препорачува префрлување во понизок степен.

Информации во врска со “чистењето” на филтерот за честички

Кога издувниот систем ќе открие дека филтерот за честички е речиси затнат, функцијата за самочистење на овој систем го препорачува оптималниот степен за таа функција ››› стр. **357**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Препораката за промена на степен на пренос е помошна функција и во никој случај не треба да биде замена за внимателно возење.

- Одговорноста за изборот на правилниот степен на пренос, во зависност од околностите, е исклучиво на возачот.

Напомена во врска со животната средина

Изборот на правилниот степен може да помогне да заштедите гориво.

Предупредување

Препорачаниот приказ на степенот се исклучува кога веќе не сте во режимот **tiptronic.**

Економично и еколошко возење

Потрошувачката на гориво, загадувањето на животната средина и абењето на моторот, сопирачките и гумите во голема мера зависат од стилот на возење. Потрошувачката може да се намали помеѓу 10-15% со ефикасен начин на возење. Следниот дел ви дава неколку совети за намалување на влијанието врз животната средина и истовремено за намалување на вашите оперативни трошоци.

Активно управување со цилиндри **(ACT®)**

Во зависност од опремата на возилото, активното управување со цилиндри (ACT®) може да деактивира некои од цилиндрите на моторот ако ситуацијата на возење не бара премногу моќност. Бројот на активни цилиндри може да се види на дисплејот на инструментната табла ››› стр. 16.

Предвидување при возење

Ако размислувате однапред кога возите, ќе треба помалку да сопирате и со тоа помалку да забрзувате. Искористете ја инерцијата на возилото секогаш кога е можно, со поставен степен на брзина. Ова го користи ефектот на моторното сопирање, намалувајќи го абењето на сопирачките и гумите. Емисиите и потрошувачката на гориво ќе се намалат на нула.

Менување на брзина за заштеда на енергија

Ефективен начин за заштеда е *однапред* да се смени во поголема брзина.

Рачен менувач: сменете од прва во втора брзина што е можно поскоро. Изборот на правилна брзина заштедува гориво. Изберете ја највисоката можна брзина погодна за ситуацијата на возење (моторот треба да продолжи да работи со циклична регуларност).

Автоматски менувач: забрзувајте постепено и без да стигнете до “kick-down” позицијата.

Избегнување на возење со голема брзина

Избегнувајте да возите со максимална брзина на вашето возило, секогаш кога е можно. Потрошувачката на гориво, емисијата на штетни гасови и загадувањето со бучава се зголемуваат со зголемување на брзината. Возењето со умерени брзини ќе помогне да се заштеди гориво.

Намалување на времето на празен од

Кај возилата со системот Start-Stop, режимот на мирување автоматски се намалува. Во возилата без системот Start-Stop пожелно е да се исклучи моторот, на пример, на рамни премини и на семафори кои остануваат црвени долго време. Кога моторот ќе достигне работна температура и во зависност од капацитетот на цилиндарот, ако го држите исклучен најмалку околу 5 секунди, веќе заштедувате повеќе од количината на гориво потребно за повторно стартување.

На моторот му треба долго време за да се загрее кога е во празен од. Механичкото абење и емисиите на загадувачите се исто така особено високи во оваа почетна фаза на загревање. Затоа е најдобро да се тргне веднаш по стартувањето на моторот. Избегнувајте да го активирате моторот со голема брзина.

Редовно одржување

Редовното сервисирање помага да се заштеди гориво дури и пред да се стартува моторот. Добро сервисираниот мотор ви дава предност поради подобрена ефикасност на горивото, како и максимална сигурност и зголемена вредност за препродажба. Лошо сервисиран мотор може да потроши до 10% повеќе гориво отколку што е потребно.

Избегнувајте кратки патувања

Моторот и катализаторот треба да ја достигнат својата оптимална работна температура за да се минимизира потрошувачката на гориво и емисиите.

Ладен мотор троши непропорционална количина на гориво. Моторот ја достигнува работната температура по околу четири километри (2,5 милји), кога потрошувачката на гориво ќе се врати на нормално ниво.

Проверка на притисокот во гумите

Секогаш проверувајте дали гумите се напумпани до правилен притисок ››› стр. 401 за да заштедите гориво. Ако притисокот е под половина бари, потрошувачката на гориво може да се зголеми за 5%. Поради поголемата отпорност на тркалање, недоволното надувување исто така го зголемува абењето на гумите и го нарушува користењето.

Не користете зимски гуми во текот на целата година бидејќи тие ја зголемуваат потрошувачката на гориво до 10%.

Избегнувајте да носите непотребен товар

Со оглед на тоа дека секој килограм дополнителна тежина ќе ја зголеми потрошувачката на гориво, препорачливо е да внимавате да не се транспортираат непотребни товари.

Бидејќи носачот за багаж го зголемува аеродинамичкото влечење на возилото, треба да го отстраните кога не е потребно. При брзини од 100-120 km/h (62-75 mph), тоа ќе заштеди 12% гориво.

Заштеда на електрична енергија

Моторот го придвижува алтернаторот, а со тоа генерира електрична енергија. Ова имплицира дека секое зголемување на потрошувачката на енергија ја зголемува и потрошувачката на гориво! Поради оваа причина, исклучете ги сите непотребни електрични уреди. Уредите што трошат многу електрична енергија вклучуваат вентилатор на висока поставка, греење на задното стакло или греење на седиштата.

Plug-in хибриден погон: сопирајте рано и рамномерно за да ги искористите придобивките од обновувањето на енергијата.

Предупредување

- Ако го имате системот **Start-Stop**, се препорачува да не се исклучува.
- Се препорачува да ги затворите прозорците кога возите со повеќе од **60 km/h (37 mph)**.
- Не возете со стапалото потпрено на педалот за куплунг, бидејќи притисокот може да направи плочката да се лизне. Ова предизвикува абење и може да ја оштети плочката на куплунгот.
- Не возете со притиснат куплунг на нагорнина, користете ја сопирачката. Потрошувачката на гориво ќе биде помала и ќе спречите оштетување на плочката на куплунгот.
- Користете ја моторната сопирачка на надолнини со менување на брзината која е најпогодна за наклонот. Потрошувачката на гориво ќе биде "нула", а сопирачките нема да страдаат.

Возење со натоварено возило

Со цел да се постигнат соодветни возни карактеристики кога возилото е натоварено, ве молиме запомнете го следново:

- Сместете го целиот багаж безбедно ››› стр. 329.
- Забрзувајте со особено внимание и претпазливост.
- Избегнувајте ненадејно сопирање и маневри.
- Сопирајте порано од вообичаено.
- Доколку е применливо, ве молиме имајте ги предвид информациите за кровниот багажник ››› стр. 335.

⚠ ВНИМАНИЕ

Товарот што се движи наоколу може сериозно да ја загрози стабилноста и безбедноста на возилото, да го продолжи растојанието потребно за сопирање при силно или итно сопирање и да доведе до сериозни незгоди и повреди.

- Прицврстете го товарот правилно за да спречите да се движи наоколу.
- Прицврстете ги тешките предмети со соодветни појаси за врзување или ремени за прицврстување.
- Уверете се дека потпирачите за грб на задните седишта се безбедно прицврстени.

Возење со отворен заден капак

Возењето со отворен заден капак е особено опасно. Правилно прицврстете ги сите предмети и отворениот заден капак и преземете ги сите неопходни мерки.

Возењето со отворен заден капак го зголемува аеродинамичниот отпор на возилото, како и потрошувачката на гориво. Затоа, се препорачува да не возите со отворен заден капак.

⚠ ВНИМАНИЕ

Возењето со отклучен или отворен заден капак може да предизвика сериозни повреди.

- Секогаш возете со затворен заден капак.
- Ставете ги сите предмети безбедно во багажниот простор. Во спротивно, неприцврстените предмети може да испаднат од багажниот простор и да ги повредат учесниците во сообраќајот кои возат зад вас.
- Секогаш возете внимателно и со посебно внимание и претпазливост.
- Избегнувајте сопирање и ненадејни маневри, бидејќи отворениот заден капак може неконтролирано да се придвижи.
- Кога превезувате предмети што штрчат од багажниот простор, означете ги соодветно за да ги предупредите другите учесници во сообраќајот. Ве молиме почитувајте ги сите законски одредби.
- Никогаш не користете го задниот капак за да ги поддржувате или зацврстите предметите што излегуваат од багажниот простор.
- Ако на задниот капак е ставен држач за багаж, извадете го и него и багажот кога треба да возите со отворен заден капак.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Отворениот заден капак ја менува висината и, во некои случаи, должината на возилото.

Предупредување

Во зависност од земјата, може да биде забрането да се вози со задниот капак отворен. Ве молиме почитувајте ги законските регулативи на конкретната земја.

Возење по поплавени патишта

За да спречите оштетување на возилото кое вози по поплавени патишта, земете го предвид следново:

- Водата никогаш не треба да доаѓа над долниот раб на каросеријата.
- Возете со брзина на пешаци.
- Никогаш не запирајте го возилото во вода, не возете наназад или не исклучувајте го моторот.
- Возилата кои возат во спротивна насока формираат бранови кои можат да го подигнат нивото на водата толку високо што вашето возило нема да може безбедно да ја премине водата.

⚠ ВНИМАНИЕ

По возење низ поплавените зони, ефективноста на сопирањето може да се намали ако дисковите или влошките на сопирачките се влажни ››› стр. 204.

Предупредување

- Возењето низ поплавените области може сериозно да ги оштети компонентите на возилото како што се мотор, погонскиот систем или електричниот систем.
- Избегнувајте возење низ солена вода (корозија) ››› стр. 421.
- Секогаш кога возите низ вода, системот **Start-Stop** мора да се исклучи ››› стр. 189.

Развозување

Ве молиме следете ги упатствата за развозување нови компоненти.

Развозување на моторот

Новиот мотор мора да се развози во текот на првите 1500 километри (1000 милји). Во текот на првите неколку часа од работењето, внатрешното триење во моторот е поголемо отколку подоцна кога сите подвижни делови ќе си дојдат на место.

Како се вози возилото во првите 1500 km (1000 милји) влијае на идните перформанси на моторот. Во текот на целиот век на траење на возилото, треба да се вози со умерена брзина (особено кога моторот е ладен), тоа ќе го намали абењето на моторот и ќе го зголеми неговиот корисен век. Никогаш не возете со екстремно мали брзини на моторот. Секогаш поставувајте понизок степен кога моторот работи “нерегуларно”. Првите **1000 km** или **600** милји, имајте предвид:

- Не користете полна гас.
- Не го присилувајте моторот над две третини од неговата максимална брзина.
- Не влечете приколка.

Меѓу **1000** и **1500** километри, **(600** до **1000** милји), *постепено* зголемувајте ја моќноста додека не ја достигнете максималната брзина и високи брзини на моторот.

Развозување нови гуми и гуртни за сопирачките

- Замена на фелни и нови гуми ››› стр. 400.
- Информации за сопирачките ››› стр. 204.

Напомена во врска со животната средина

Ако моторот се развози нежно, работниот век на моторот ќе се зголеми и потрошувачката на моторно масло ќе се намали.

Погон на четири тркала (4Drive)

Кај моделите со погон на четири тркала, моќта на моторот се распределува на сите четири тркала

Општи напомени

Кај возилата со погон на четири тркала, моќта на моторот се распределува на сите четири тркала Распределбата на моќноста се контролира автоматски според вашиот стил на возење и условите на патот. Видете и ››› стр. 206.

Погонот на четири тркала е специјално дизајниран да ја надополни супериорната моќност на моторот. Оваа комбинација му дава на возилото исклучителни способности за управување и перформанси, како на нормални патишта, така и во потешки услови, како што се снег и мраз. И покрај тоа (или можеби особено поради оваа причина), важно е да се почитуваат одредени безбедносни точки ››› ⚠.

Зимски гуми

Благодарение на погонот на четири тркала, вашето возило ќе има голема влечна сила во зимски услови, дури и со стандардните гуми. Но, сепак препорачуваме зимски гуми или гуми за сите сезони да се монтираат на сите четири тркала за да се даде уште подобра реакција при сопирање.

Синџири за снег

На патиштата каде синџирите за снег се задолжителни, тоа важи и за автомобилите со погон на четири тркала ››› стр. 405.

Менување гуми

Кај возилата со погон на четири тркала, сите четири гуми мора да имаат ист обем на тркалање. Исто така, избегнувајте да користите гуми со различна длабочина на шарите ››› стр. 400.

Теренско возило?

Вашето возило CUPRA не е теренско возило: нема доволно растојание од подлогата за да се користи како такво. Избегнувајте постојани груби патеки и нерамен терен.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Дури и со погон на четири тркала, секогаш треба да ја прилагодувате брзината за да одговара на условите. Не дозволувајте дополнителните безбедносни карактеристики да ве наведат да преземате какви било ризици додека возите. Опасност од незгода!
- Способноста за сопирање на вашето возило е ограничена од прилепеноста на гумите. Затоа не се разликува од автомобил без погон на четири тркала. Затоа, немојте да бидете во искушение да возите пребрзо на цврсти или лизгави патишта само затоа што возилото сепак има добро забрзување во овие услови. Опасност од незгода!
- На влажни патишта имајте на ум дека предните тркала може да почнат да "пролизгуваат на вода" и да изгубат контакт со патот ако возилото се вози пребрзо. Ако тоа се случи, нема да има нагло зголемување на брзината на моторот за да го предупреди возачот како што се случува со возило со погон на предните тркала. Поради оваа причина, секогаш треба да изберете степен соодветен за условите на патот. Опасност од незгода!

Патувања во странство

Возилото е произведено за одредена земја и ги исполнува прописите за одобрување кои важеле во таа земја во времето кога било произведено.

Ако привремено или на краток временски период ќе го користите возилото во странство, ве молиме следете ги соодветните упатства.

Некои земји имаат посебни безбедносни прописи и одредби кон кои возилото може да не се придржува. Пред да патувате во странство, CUPRA препорачува да побарате информации од некој од вашите дилери за важечките законски одредби во вашата дестинација.

Доколку сакате да го продадете возилото во друга земја или да го користите таму подолг временски период, ве молиме почитувајте ги законските прописи кои важат во конкретната земја.

Во некои случаи може да биде потребно да се инсталира или отстрани одредена опрема подоцна и да се деактивираат одредени функции. Може да бидат засегнати и комплетите и видовите на услуги. Особено, ова може да се случи ако возилото треба да се користи во друг климатски регион подолг временски период.

Поради различните фреквенциски опсези низ светот, фабрички вградениот инфо-забавен систем може да не работи во друга земја.

Кај возилата со бензин, треба да се провери дали безоловниот бензин е достапен во текот на целото патување. Побарајте информации за мрежите на сервисни станици кои продаваат безоловно гориво.

Поради различните технички стандарди што постојат, можеби нема да биде возможно да се полни високонапонската батерија на станици за полнење во други земји или може да биде можно само со соодветен кабел за полнење. Можете да добиете повеќе информации од специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на мрежата на SEAT.

⚠ ВНИМАНИЕ

Како што се зголемува надморската висина, така се намалува густината на воздухот. Поради намалената густина на воздухот, перформансите на моторот може да се намалат и компонентите на возилото може да се оштетат при долготрајно работење на многу големи надморски височини. Намалената моќност на моторот може да доведе до незгоди и сериозни или фатални повреди, на пр. при претекнување.

• Пред да патувате во странство, а особено на надморска височина над **3.000 m** (околу **9.843 ft**), ве молиме контактирајте со специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било дилер во мрежата на **SEAT** за повеќе информации.


ПРЕТПАЗЛИВО

• **CUPRA** не може да биде одговорен за каква било штета на возилото поради недоволна работа или поради недостапност на оригинални резервни делови.

• **CUPRA** не прифаќа никаква одговорност доколку возилото не ги исполнува законските услови кои се во сила во други земји и континенти или ако само делумно ги исполнува.

Стартување и исклучување на моторот

Вклучување и исклучување на палењето



Сл. **118** Копче за стартување

Моторот може да се стартува со копче за стартување (Press & Drive). За ова мора да има валиден клуч во просторот за патници.

Копчето START ENGINE STOP се наоѓа на дното на централната конзола или, во зависност од верзијата, на повеќефункцискиот управувач.

Отворањето на возачката врата при излегување од возилото ја активира електронската брава на управувачкиот столб доколку палењето е исклучено. За возила со автоматски пренос, столбот може да се блокира само ако е активирана блокадата за паркирање **P**.

Вклучување и исклучување на палењето

Ако сакате само да го вклучите палењето (без да го стартувате моторот), накратко притиснете го копчето за стартување еднаш без притискање на педалот за сопирање или на куплунгот ››› стр. **180**.

Текстот на копчето за стартување START ENGINE STOP трепка како чукање на срцето кога системот е претходно поставен за вклучување и исклучување на палењето[1].

Автоматско исклучување на палењето

Кога возилото ќе препознае дека нема возач откако моторот ќе застане, по одредено време палењето автоматски се исклучува. Ако во тоа време се запалени соборените светла, страничните светла ќе останат запалени околу 30 мин. Страничните светла може да се исклучат со блокирање на возилото ››› стр. **112**, или рачно ››› стр. **139**.

Автоматско деактивирање на палењето кај возилата со **Start-Stop** системот

Палењето автоматски се исклучува кога возилото е запрено и автоматското исклучување на моторот е активно, ако:

[1] Важи за верзии со копче за стартување на централната конзола.

- сигурносниот појас на возачот не е врзан,
- возачот не притиска на ниту една педала,
- возачката врата е отворена.

По автоматско исклучување на палењето, ако собореното светло е вклучено, страничното светло останува вклучено околу 30 минути (ако батеријата е доволно наполнета). Ако возачот го заклучи возилото или рачно го исклучи светлото, страничното светло се гаси.

Исклучување на палењето при напуштање на возилото, со хибриден погон

Кога палењето не е исклучено во режимот на работа E-MODE, одредено време по завршувањето на возењето се исклучува автоматски за да се спречи празнење на 12-волтната батерија на возилото.

Функција **“My Beat”**[1)]

За возила со клуч за комфорно користење постои функцијата “My Beat”. Оваа функција обезбедува дополнителна напомена за системот за палење на возилото.

Кога влегувате во возилото, копчето за стартување ››› сл. 118 трепка за да привлече внимание.

Кога палењето е вклучено/исклучено, копчето за стартување на моторот трепка.

Кога палењето е исклучено, копчето за стартување се гаси по неколку секунди.

Кога работи моторот, светлото на копчето за стартување останува вклучено, што покажува дека моторот работи. Времето поминато помеѓу моментот кога корисникот ќе го стартува моторот со копчето за стартување и промената на осветлувањето од трепкање во фиксно ќе зависи од специфичните карактеристики на големината на моторот. Кога копчето за стартување се користи за запирање на моторот, копчето повторно почнува да трепка.

Во возила со системот **Start-Stop**, функцијата “My Beat” исто нуди и дополнителни информации:

- Кога моторот запира за време на фазата Stop, светлото на копчето за стартување останува вклучено, бидејќи системот Start-Stop останува активен иако моторот е исклучен.
- Кога моторот не може повторно да се запали со системот Start-Stop ››› стр. 189 и треба да се стартува рачно, копчето за стартување трепка за да ја покаже оваа ситуација.

⚠ ВНИМАНИЕ

Кога го вклучувате палењето, не притискајте ја сопирачката или педалот на куплунгот, инаку моторот може веднаш да се стартува.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако клучевите од возилото се користат небрежно или без должно внимание, тоа може да предизвика незгоди и сериозни повреди.

- Никогаш не оставајте клуч во возилото кога го напуштате. Во спротивно, дете или неовластено лице може да го заклучи возилото, да го стартува моторот или да го приклучи палењето и да управува со која било електрична опрема.

Предупредување

- Пред да го напуштите возилото, секогаш исклучувајте го палењето и, доколку е соодветно, земете ги предвид упатствата на екранот на инструментната табла.
- Ако возилото е во мирување подолго време со исклучен мотор и вклучено палење, батеријата на возилото може да се испразни и можеби нема да биде возможно да се запали моторот.
- Во возилата со дизел мотори, почекајте додека не се изгасне предупредувачкото светло пред да го стартувате моторот.
- Ако за време на фазата **STOP** го притиснете копчето START ENGINE STOP, палењето се исклучува и копчето трепка[1)].
- Ако на дисплејот на инструментната табла се појави следнава напомена: **“Start-Stop system deactivated:” (Start-Stop** систем

[1)] Важи за верзии со копче за стартување на централната конзола.

деактивиран:)**“Start the engine manually”** (Стартувајте го рачно моторот); копчето START ENGINE STOP ќе трепка.[1)]

Стартување на моторот

- *Возила со рачен пренос:* ставете ја рачката на менувачот во неутрален степен, притиснете на педалот за куплунг и држете во оваа позиција додека не стартува моторот.
- *Возила со рачен пренос:* ставете ја рачката на менувачот во неутрален степен, притиснете на педалот за сопирање и држете во оваа позиција додека не стартува моторот.

- Притиснете го копчето за стартување ››› сл. **118** без да го притиснете педалот за гас. Мора да има валиден клуч во возилото за моторот да стартува. По стартувањето на моторот, светлото на копчето START ENGINE STOP останува фиксно за да напомене дека моторот работи[1)].
- Штом моторот ќе стартува, пуштете го копчето за стартување.
- Ако моторот не стартува, запрете и почекајте околу 1 минута и обидете се повторно. Ако е потребно, извршете стартување во итен случај ››› стр. **183**.

На дизел моторите може да им требаат неколку секунди подолго од вообичаеното за да стартуваат во студените денови. За време на предзагревањето, предупредувачката сијаличка ʊʊ останува запалена. За да избегнете непотребно празнење на батеријата, не користете друга голема електрична опрема додека свеќичките се загреваат однапред.

Времето на предзагревање зависи од течноста за ладење и од надворешните температури. Кога моторот е на работна температура или на надворешна температура над +8°C, предупредувачката сијаличка ʊʊ ќе светне околу една секунда. Ова значи дека можете да го стартувате моторот речиси веднаш.

Стартување на дизел мотор откако ќе остане без гориво

Ако резервоарот за гориво на возилото со дизел работи додека не се испразни целосно, по полнењето гориво може да трае подолго од нормалното за да се стартува моторот, дури и до една минута. Тоа е затоа што системот за гориво мора прво да го елиминира воздухот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Не држете го моторот да работи во затворени простори, бидејќи постои ризик од труење.

- Издувните гасови содржат јаглерод моноксид, отровен гас без мирис и боја кој може да предизвика губење на свеста и смрт.

⚠ ВНИМАНИЕ

Не излегувајте од возилото додека работи моторот, особено ако е ставена брзина. Возилото тогаш може ненадејно да се придвижи или да се случи нешто чудно што би предизвикало оштетување, пожар или сериозна повреда.

⚠ ВНИМАНИЕ

Никогаш не користете спрејови за ладно стартување, тие може да експлодираат или да предизвикаат моторот да работи при високи вртежи. Со тоа ризикувате повреда.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Стартерот на моторот или моторот може да се оштетат ако се обидете да го рестартирате моторот веднаш по исклучувањето.
- Кога моторот е ладен, треба да избегнувате големи брзини на моторот, возење со полна гас и преоптоварување на моторот, бидејќи тоа може да предизвика оштетување на моторот.

[1)] Важи за верзии со копче за стартување на централната конзола.

Напомена во врска со животната средина

Не го загревајте моторот со работење на моторот додека возилото е во мирување. Поидете веднаш со претпазливо возење. Ова му помага на моторот побрзо да ја достигне работната температура и ги намалува издувните гасови.

Предупредување

Електричните компоненти со голема потрошувачка на енергија привремено се исклучуваат кога моторот ќе стартува.

- При стартување со ладен мотор, нивото на бучава може накратко да се зголеми. Ова е сосема нормално и нема причина за загриженост.
- Кога надворешната температура е под **+5 °C (+41 °F)**, ако моторот е дизел, може да се појави малку чад под возилото кога е вклучен помошниот грејач што работи на гориво.

Исклучување на моторот

- Целосно запрете го возилото ››› ⚠.
- *Возила со рачен менувач:* целосно притиснете го куплунгот.
- *Возила со автоматски менувач:* Вклучете ја блокадата за паркирање со притискање на копчето **P**.
- Вклучете ја електронската паркинг-сопирачка.
- Кратко притиснете го копчето за стартување ››› сл. **118**.

Функција за миење возила (хибридни возила)

Кога палењето е исклучено со активиран степен **N**, возилото може да се придвижи во следните 30 минути. Потоа, доколку возилото се запре, автоматски се активира блокадата за паркирање **P**. Соодветната предупредувачка порака се прикажува на дисплејот на инструментната табла една минута пред тоа да се случи.

ВНИМАНИЕ

Никогаш не исклучувајте го моторот додека возилото се движи. Ова може да предизвика губење на контролата на возилото, незгоди и сериозни повреди.

- Воздушните перничиња и затегнувачите на појасите не работат кога палењето е исклучено.
- Сервото на сопирачката не работи со исклучен мотор. Затоа, треба посилно да го притиснете педалот за сопирање за да го запрете возилото.
- Серво управувачот не работи кога моторот не работи. Потребна ви е поголема сила за да управувате кога моторот е исклучен.

- Ако палењето е исклучено, управувачот може да се блокира, што ќе го оневозможи управувањето со возилото.

ВНИМАНИЕ

Секогаш носете го клучот со вас кога го напуштате возилото. Ова е особено важно ако во возилото има деца, бидејќи во спротивно тие би можеле да го запалат моторот или да користат опрема што работи на струја (на пр. електричните прозорци), што може да предизвика повреди.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Ако возилото е запрено и системот **Start-Stop** го исклучи моторот, палењето останува вклучено. Уверете се дека палењето е исклучено пред да го напуштите возилото, инаку акумулаторот може да се испразни.
- Ако моторот се вози со голема брзина подолг временски период, може да се прегрее кога ќе се исклучи. За да избегнете оштетување, оставете го моторот да работи приближно две минути во лер пред да го исклучите.

Предупредување

Откако ќе се исклучи моторот, вентилаторот на радијаторот може да работи до **10** минути, дури и ако палењето е исклучено. Исто така, можно е вентилаторот да се вклучи уште еднаш ако температурата на течноста за ладење се зголеми поради топлината

акумулирана во просторот на моторот или поради неговата продолжена изложеност на сончево зрачење.

Електронски имобилизатор

Електронскиот имобилизатор помага да се спречи стартување на моторот со неовластен клуч и, следствено, возилото да се стави во движење.

Клучот на возилото има интегриран чип кој автоматски го деактивира електронскиот имобилизатор доколку има валиден клуч во патничкиот простор.


Електронскиот имобилизатор автоматски се активира кога веќе нема валиден клуч во возилото.

Поради оваа причина, моторот може да се стартува само со правилно кодиран оригинален CUPRA клуч. Овој тип на клуч може да се купи од специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на мрежата на SEAT.

ПРЕТПАЗЛИВО

Правилната работа на возилото се гарантира само со оригинални **CUPRA** клучеви.

Функција на стартување во итен случај



Сл. **119** На централната конзола: стартување во итен случај.

Ако не се открие валиден клуч во возилото, ќе биде потребно стартување во итен случај. Соодветната порака ќе се појави на дисплејот на контролната табла. Ова може да се случи кога, на пример, батеријата на клучот на возилото е многу испразнета.

- Веднаш по притискање на копчето за стартување, ставете го клучот во држачот за пијалаци на централната конзола ››› сл. **119**, колку што е можно поблиску до логото *Kessy*.
- Палењето се поврзува и моторот се вклучува автоматски.

Напомени за возачот на екранот на инструментната табла

Depress the clutch (Притиснете го куплунгот)

- Оваа напомена се прикажува на возила со рачен менувач кога возачот не го притиска педалот за куплунг при стартување на моторот. Моторот може да се стартува само ако педалот за куплунг е притиснат.

Press the brake (Притиснете ја сопирачката)

- Оваа порака се појавува кај возила со автоматски менувач ако возачот се обиде да го стартува моторот без да го притисне педалот за сопирање.

Press the brake to engage a gear (Притиснете ја сопирачката за да поставите степен)

- Оваа напомена се прикажува при стартување или запирање на моторот ако рачката на автоматскиот менувач е во позиција **D** или **R** и педалот за сопирање не е притиснат. Моторот може да се стартува и запре само на овие позиции.

Engage position P; the vehicle can move; doors can only be locked in position P. (Поставете позиција P; возилото може да се придвижи; вратите може да се заклучат само во позиција P.)

- Од безбедносни причини, оваа порака на возачот се појавува и се огласува звучно предупредување ако копчето за блокада при

паркирање **P** не се притисне по исклучувањето на моторот. Притиснете го копчето **P** во спротивно возилото може да се придвижи.

Ignition is switched on (Палењето е вклучено)

- Оваа порака на возачот се прикажува и се огласува звучен сигнал кога возачката врата се отвора со вклучено палење.

Возење со електричен погон

Вклучување на хибридниот погонски систем

✓ Важи за: хибридни возила

Вклучувањето на хибридниот погон го активира погонскиот систем на возилото. Кога погонскиот систем на возилото е вклучен, електричниот погон се активира. Моторот на согорување се вклучува автоматски кога нивото на полнење на високонапонската батерија не е доволно за да работи со електричниот погон или ако е потребна голема погонска сила.

За пристап до возењето со електричен погон во инфо-забавниот систем:

- Изберете: ⋯ **> Charging > Battery Manager.** (> Полнење > Систем за управување со батеријата)

Барања за вклучување на погонскиот систем

Погонскиот систем може да се вклучи кога се исполнети следниве услови:

- Високонапонската батерија има доволно ниво на наполнетост.
- Нема приклучен кабел за полнење.
- Температурата на високонапонската батерија е во оперативниот опсег.
- Во возилото има валиден клуч од далечинскиот управувач.

Вклучување на погонскиот систем

- Притиснете го копчето за палење и стартување еднаш. Палењето мора да биде вклучено.
- Притиснете го педалот за сопирање и држете го притиснат.
- Прекинувачот за пренос ставете го во позиција **N** или активирајте ја блокадата за паркирање **P**.
- Притиснете го копчето за палење и стартување ››› сл. 118 додека не светне контролната сијаличка **READY** на инструментната табла. Не притискајте на педалот за гас. Пуштете го копчето за палење и стартување кога ќе светне контролната сијаличка **READY** на инструментната табла. Ознаката на приказот за моќност се менува од **OFF**на **0**.
- Ако не светне контролната сијаличка **READY**, прекинете ја и повторете ја активноста.
- Ако возилото е заклучено со клучот на далечинскиот управувач, копчето за палење и стартување е деактивирано. Ако сте внатре во возилото и мора да го стартувате моторот, прво отклучете го возилото или извршете стартување во итен случај ››› стр. 183.

Предупредување

Кога погонскиот систем ќе се вклучи, се слуша кликнување. Ова е сосема нормално и не значи дека има проблем.

Препознавање на погонскиот систем

Со електричниот погон, моторот не прави забележлив шум кога погонскиот систем е вклучен или додека возите. Затоа, не можете да препознаете дека погонскиот систем на возилото е вклучен преку бучавата од моторот. Наместо тоа, следните карактеристики покажуваат дека возилото е подготвено за возење:

- Напомената **O** ››› стр. 21 се прикажува на мерачот на моќноста на инструментната табла.
- Светлото на дисплејот на инструментната табла е вклучено, без разлика дали е вклучено надворешното осветлување на возилото.
- Контролната сијаличка **READY**е вклучена на дисплејот на инструментната табла.
- Се слуша звучен сигнал.

Вклучување на погонскиот систем при многу ниски надворешни температури

Ако надворешната температура е многу ниска (околу -27°C (-16°F) или пониска), високонапонската батерија може да замрзне и да престане да работи. Во овој случај, не е можно да се вклучи погонскиот систем.

Штом температурата на високонапонскиот систем ќе се зголеми доволно, погонскиот систем може повторно да се вклучи.

За да се осигура дека погонскиот систем може да се вклучи, дури и при многу ниски надворешни температури, CUPRA препорачува да го паркирате возилото на место заштитено од студ.

Однесување при поаѓање или застанување

Моторот на согорување работи само ако е потребно. Кога возилото е во мирување, моторот на согорување е вообичаено исклучен и електричните системи на возилото се напојуваат од високонапонската батерија. Бројачот на вртежи на инструментната табла останува на **O** ››› стр. 21.

Моторот на согорување се исклучува во одредени услови на возење. Ова е нормално и има за цел да заштеди гориво. Општо, системите за помош при управување и сопирање остануваат вклучени. Во изолирани случаи, системот може да бара моторот на согорување да продолжи да работи дури и кога возилото е во мирување.

Во сообраќаен метеж, моторот на согорување може да се стартува додека возилото е во мирување за да се наполни високонапонската батерија за последователните фази на *поаѓање* и *запирање*.

Звук на возилото

✓ Важи за: хибридни возила

Електричниот погон прави многу помалку бучава од моторот на согорување. Во верзиите за некои земји, вештачкиот звук на возилото се генерира за да може возилото подобро да се слуша однадвор. При поголеми брзини, кога се зголемува бучавата што ја произведуваат гумите и ветерот, звукот на возилото автоматски се намалува.

⚠ ВНИМАНИЕ

За време на електричното возење, звучната перцепција на возилото од другите учесници во сообраќајот може да биде многу помала. Ова е особено точно во области со ограничен сообраќај и при маневрирање или возење наназад. Опасност од незгода!

Решавање проблеми

✓ Важи за: хибридни возила

Погон: Дефект! Безбедно запрете го возилото

Предупредувачката сијаличка светнува црвено.

Има дефект во погонскиот систем на возилото. Погонскиот систем на возилото повеќе не е достапен. Паркирајте го возилото на безбедно место што е можно поскоро. Побарајте стручна помош.

Погон: Дефект! Електричниот погон не работи правилно. Посетете сервисна работилница

Предупредувачката сијаличка светнува жолто.

Има дефект во погонскиот систем на возилото. Возете полека до специјализирана сервисна работилница за да го поправите дефектот.

Погон: Предупредување! Моќноста е ограничена. Проверете во прирачникот

Предупредувачката сијаличка светнува жолто.

Перформансите се ограничени. Високонапонската батерија можеби не е доволно наполнета или ја достигнала границата за работна температура, на пример при многу ниски надворешни температури.

Звук на возилото: Дефект! Пешаците не можат да го слушнат возилото. Посетете сервисна работилница


Предупредувачката сијаличка светнува жолто.

Постои дефект во звукот на возилото. Возете многу претпазливо, бидејќи другите учесници во сообраќајот можеби нема да можат да го слушнат електричното возило. Веднаш посетете специјализирана сервисна работилница за да го поправите дефектот.

Избор на оперативен режим

Избор на оперативен режим

✓ Важи за: хибридни возила



Сл. **120** Во инфо-забавниот систем: Мени систем за управување со батеријата

Возилото има различни оперативни режими за да може секогаш оптимално да се прилагоди на секоја ситуација додека возите. Откако ќе се вклучи погонскиот систем и под услов да се исполнети сите работни услови потребни за оваа намена, оперативниот режим електричен режим секогаш се активира прво за електрично возење.

Избор на оперативен режим

- Вклучете го погонскиот систем.
- Пристапете до менито **Battery manager** (систем за управување со батеријата) на инфо-забавниот систем > **Charging** > **Battery manager** ››› стр. 95 (> Полнење > Систем за управување со батеријата).
- Изберете **Electric Mode** (електричен режим) или **Hybrid Mode** (хибриден режим) на инфо-забавниот систем. Дополнителни информации за оперативниот режим може да најдете во ⓘ ››› сл. **120** ④.

Електричен режим (возење во електричен режим)[1)]

Во електричен режим, возилото во основа вози само во режим на електрично возење. Колку што е можно, моторот на согорување на возилото не се користи.

Сите од следниве услови мора да бидат исполнети за да се активира електричниот режим:

- Високонапонската батерија има доволно ниво на наполнетост.
- Брзината на возилото е помала од 130 km/h (80 mph).
- Температурата на високонапонската батерија е над -10°C.

Ако додека возите во електричниот режим повеќе не се исполнети потребните услови, стартува моторот на согорување и електричното возење се прекинува. Во таков случај, индикатор светнува на дисплејот на инструментната табла.

Моторот на согорување се вклучува кога ќе се даде полна гас во електричен режим. Сепак, електричниот режим останува вклучен.

Хибриден режим (користење на полнењето на батеријата)[1)]

Ова е оперативниот режим што ви овозможува да заштедите најмногу гориво.

Контролната единица за оперативен режим се обидува максимално да го искористи полнењето на батеријата. За таа цел, со активни насоки се пристапува и до навигациските податоци.

Во овој оперативен режим, електричниот мотор и моторот на согорување ја делат работата на возењето на возилото.

Во хибриден оперативен режим, оптимално се користи струјата од полнењето на батеријата. Ако е активирано водењето по рута, возилото може автономно да ја наполни високонапонската батерија со помош на моторот на согорување.

Рачна контрола на полнењето на батеријата

Рачната контрола на полнењето на батеријата е можно само во хибриден режим. Опцијата избрана од корисникот важи само додека не се исклучи палењето или додека возилото не се префрли на хибриден режим или електричен режим.

Клуч за ››› сл. **120**:

① Хоризонталната лента може да се употреби за избирање поништо теоретско ниво на полнење на високонапонската батерија. Системот не дозволува бирање повисоко ниво на полнење од она што е прикажано. Возилото го користи полнењето на батеријата само кога е над избраното теоретско ниво на полнење. Остатокот се чува до крајот на патувањето.

② Одржете го нивото на батеријата . Нивото на наполнетост на високонапонската батерија се одржува околу моменталното ниво додека возите. Ако забрзате посилно или ја зголемите брзината на возилото, се вклучува моторот на согорување. Кога тоа е дозволено од барањето на возачот за забрзување и брзината на возилото, возилото се враќа во електричен режим. CUPRA препорачува користење на приклучницата за полнење за полнењето на високонапонската батерија, секогаш кога тоа е можно ››› стр. **85**.

③ Нагодете го нивото на рекуперација. Ви овозможува да изберете различни нивоа на рекуперација: Благо, автоматски или силно. Ако нема активна рута, системот ќе препорача активирање на предвидлива рута за да работи во поефикасен хибриден режим.

Приказ на активниот опертивен режим

Активниот оперативен режим во кое било време се прикажува на дисплејот на инструментната табла, на пр. .

[1)] Прикажаниот симбол варира во зависност од активниот оперативен режим и нивото на полнење на високонапонската батерија.

⚠ ВНИМАНИЕ

Префрлувањето на друг оперативен режим додека возите може да ви го одвлече вниманието од сообраќајните услови и да предизвика незгода.

Предупредување

Информациите за оперативниот режим што е моментално активен се прикажуваат на дисплејот на инструментната табла, заедно со нивото на наполнетост на високонапонската батерија.

Решавање проблеми

✓ Важи за: хибридни возила

Електричниот режим не е достапен

Контролната сијаличка светнува бело.

Електричниот режим (возење во електричен режим) не може да се користи затоа што еден или повеќе услови не се исполнети.

- Нека се исполнат условите за користење на електричниот режим.

Start-Stop систем

Опис и ракување

Не важи за PHEV хибридни возила

Системот Start-Stop ви помага да заштедите гориво и да ги намалите емисиите на CO_2.

Во режимот Start-Stop, моторот автоматски ќе се исклучи кога возилото ќе застане или застанува. Палењето останува вклучено. Моторот автоматски повторно се вклучува кога е потребно.

Во ова сценарио, светлото во копчето START ENGINE STOP останува вклучено.[1)]

Кога палењето е вклучено, функцијата Start-Stop автоматски се активира.

Контролни сијалички

Системот Start-Stop е достапен, автоматското исклучување на моторот е активно.

Системот Start-Stop не е достапен или е исклучен.

Запирање и стартување на моторот

Возила со рачен менувач:

- Кога возилото е запрено, ставете во неутрален степен и пуштете го педалот за куплунг. Моторот ќе запре. Предупредувачката сијаличка Ⓐ ќе светне на дисплејот. Моторот може да се запре пред возилото да застане (околу 7 km/h).
- Кога ќе го притиснете педалот за куплунг, моторот повторно ќе стартува. Контролната сијаличка се гаси.

Возила со автоматски менувач:

- Сопирајте додека возилото не застане и држете го стапалото на педалот за сопирање или активирајте го системот Auto Hold за возилото да остане сопрено. Моторот ќе запре. Предупредувачката сијаличка Ⓐ ќе се појави на дисплејот. Моторот може да застане пред возилото целосно да застане (приближно 7 или 2 km/h во зависност од менувачот на возилото[2)]).
- Кога ќе го тргнете стапалото од педалот за сопирање, моторот повторно ќе стартува. Контролната сијаличка се гаси. Со системот Auto Hold, моторот нема да стартува ако ја тргнете ногата од педалот за сопирање. Возилото тргнува кога ќе притиснете на педалот за гас.

1) Важи за верзии со копче за стартување на централната конзола.

2) Во mHEV верзија (полу-хибрид), над 20 km/h.

Основни барања за режимот старт/стоп

- Вратата на возачот мора да биде затворена.
- Сигурносниот појас на возачот мора да биде врзан.
- Хаубата мора да биде затворена.
- Моторот достигнал работна температура.
- Не смее да е поставен степен за возење наназад.
- Возилото не смее да биде на многу стрмна надолнина.

Моторот не се исклучува од различни причини

Пред да го запрете возилото, системот проверува дали се исполнети одредени услови. Моторот не се исклучува, на пример во следните ситуации:

- Моторот сè уште не ја достигнал потребната температура за режимот Start-Stop.
- Температурата избрана на контролата за климата не е постигната.
- Внатрешната температура е многу висока/ниска.
- Активирано е копчето MAX на функцијата за одмрзнување.
- Park assist е вклучен.
- Наполнетоста на батеријата е многу ниска.
- Управувачот е премногу свртен или се врти.
- Ако постои опасност од замаглување.
- По поставување степен за возење наназад.
- На многу стрмен пат.
- Во сообраќаен метеж, откако ќе застане по петти пат, моторот повеќе нема да запира.
- Со оневозможен ESC.
- По итно сопирање или губење на прилепеноста.
- Со прикачена приколка.
- Додека филтерот за честички се регенерира.

се прикажува на екранот на инструментната табла; исто така се прикажува во системот за информации за возачот, START STOP.

Моторот стартува сам

Кога е запрен, нормалниот режим на системот може да биде прекинат во следните ситуации. Моторот повторно стартува без интервенција на возачот.

- Внатрешната температура се разликува од температурата избрана на контролата за климата.
- Активирано е копчето за функцијата за одмрзнување MAX.
- Сопирачката е притисната неколку пати по ред.
- Батеријата не е доволно наполнета.
- Висока потрошувачка на електрична енергија.
- Возилото се движи нанапред или наназад со исклучен мотор.
- ESC е деактивиран.
- Се притиска педалот за гас (автоматски менувач) или куплунг (рачен менувач).
- Малку е завртен управувачот.[1)]
- Кога клима-уредот е вклучен.

Дополнителни информации поврзани со автоматскиот менувач

Моторот се исклучува кога рачката на менувачот е во **D**, **N** и **S**, како и во Tiptronic режим. Кога копчето за блокада при паркирање **P** е активирано, моторот ќе остане исклучен кога ќе го тргнете стапалото од педалот за сопирање.

За да го вклучите моторот повторно, треба да се притисне педалот за гас или да се стави друг степен или да се ослободи сопирачката.

Ако рачката на менувачот е поставена во **R** додека е исклучен, моторот повторно ќе стартува.

Дополнителни информации за возилата со адаптивен темпомат **(ACC)**

Во возилата со функција ACC, моторот повторно ќе стартува во одредени услови ако радарскиот сензор открие дека возилото напред повторно тргнало.

1) Освен за MHEV верзијата.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Никогаш не исклучувајте го моторот додека возилото не застане. Работата на сопирачката и управувањето нема да бидат целосно загарантирани. Ќе биде потребна поголема сила за да се заврти управувачот или да се сопре. Би можеле да претрпите незгода, па дури и сериозни повреди.
- За да избегнете повреда, проверете дали системот **Start-Stop** е исклучен кога работите во просторот на моторот ››› стр. 191.

ПРЕТПАЗЛИВО

Системот **Start-Stop** мора секогаш да биде исклучен кога се вози низ поплавени области ››› стр. 176.

Предупредување

- Во возилата со автоматски менувач, може да контролирате дали моторот треба да се исклучи или не со намалување или зголемување на применетата сила на сопирање. Додека возилото останува запрено, моторот нема да запре ако педалот за сопирање е благо притиснат, на пример во сообраќаен метеж со често запирање и стартување. Штом се изврши силен притисок на педалот за сопирање, моторот ќе застане.
- Кога е запрен, педалот за сопирање мора да се држи притиснат за да се осигури дека возилото не се движи.
- Ако моторот "запре" со рачен менувач, може веднаш повторно да се стартува со притискање на педалот за куплунг.
- Ако рачката на менувачот е поставена во позиција **D**, **N** или **S** по поставување степен за возење наназад, мора да се постигнат **10 km/h (6 mph)** со возење нанапред за системот да може да го запре моторот.

Рачно вклучување и исклучување на **Start-Stop** системот

Не важи за PHEV хибридни возила



Сл. **121** На дисплејот на инфо-забавниот систем: Вклучен Start-Stop систем. Ⓐ Приказ во главното мени. Ⓑ Приказ со исклучен инфо-забавен систем.

Ако не сакате да го користите системот, може рачно да го исклучите:

- На инфо-забавниот систем изберете > **Assistants** > **Smart Assistants** (> Системи за помош > Паметни системи за помош).

Ако симболот Ⓐ се појави во портокалово ››› сл. **121** системот е вклучен и ќе запре и ќе стартува. Ако симболот Ⓐ се појави во бела боја додека системот е исклучен.

Предупредување

Системот се вклучува секојпат кога намерно ќе се исклучи моторот.

Решавање проблеми

Не важи за PHEV хибридни возила

Напомени за возачот на екранот на инструментната табла

Start-Stop system deactivated. (Start-Stop системот е деактивиран) **Start the engine manually** (Стартувајте го моторот рачно)

- Оваа напомена прикажува дека Start-Stop системот не може повторно да го стартува моторот.


Ова се случува од 2 причини: ако вратата на возачот се отвори или ако возачот го одврзал сигурносниот појас.

Start-Stop system: (Start-Stop систем) **Fault!** (Дефект!) **Function not available** (Функцијата не е достапна)

- Има дефект на Start-Stop системот. Возилото однесете го во сервисна работилница за да се поправи дефектот.

Рачен менувач

Менување степени



Сл. **122** Дијаграм на рачен менувач со 6 степени.

Позициите на менувачот се означени на рачката на менувачот ››› сл. **122**.

- Притиснете го куплунгот до крај.
- Турнете ја рачката на менувачот во саканата позиција.
- Пуштете го куплунгот.

Поставете степен за возење наназад

Ставете во степен за возење наназад само кога возилото е запрено.

- Притиснете го куплунгот до крај.
- Со рачката на менувачот во неутрален степен, турнете ја надолу, поместете ја докрај налево и потоа напред за да изберете степен за возење наназад ››› сл. **122** Ⓡ.
- Пуштете го куплунгот.

Префрлување во понизок степен

Кога возите, секогаш треба постепено да менувате степени, т.е. да префрлувате во понизок степен кога вртежите во минута не се високи ››› ⚠. Прескокнувањето еден или повеќе степени при менувањето степени со голема брзина или големи вртежи во минута може да предизвика оштетување на куплунгот и менувачот, дури и ако куплунгот е притиснат ››› ⓘ.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако моторот работи, возилото почнува да се движи штом ќе се постави степен и ќе се ослободи педалот за куплунг. Ова се случува и ако е вклучена електронската паркинг-сопирачка.

- Никогаш не ставајте во степен за возење наназад додека возилото е во движење.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилното менување на степените со избирање степен што е премногу низок може да доведе до губење на контролата над возилото и незгоди и сериозни повреди.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Поставувањето степен што е премногу низок кога се вози со голема брзина или со големи вртежи во минута на моторот може да предизвика значително оштетување на куплунгот и менувачот. Ова може да се случи дури и ако педалот на куплунгот е притиснат и менувачот не е вклучен.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Имајте го предвид следното за да избегнете оштетување и предвремено абење:

- Не потпирајте ја раката на рачката на менувачот додека возите. Притисокот што го врши раката се пренесува на вилушките на менувачот.
- Не потпирајте ја ногата на педалот за куплунгот; дури и ако притисокот изгледа незначителен, може да предизвика предвремено абење на дискот на куплунгот. Користете го потпирачот за нозе кога не менувате степени.
- Проверете дали возилото е целосно запрено пред да ставите во степен за возење наназад.

- Кога менувате степени, секогаш целосно притискајте го куплунгот.
- Не "притискајте го делумно" куплунгот додека моторот работи кога возилото е запрено на нагорнина.

DSG автоматски менувач

Вовед

Вашето возило е опремено со електронски контролиран рачен менувач. Вртежниот момент помеѓу моторот и менувачот се пренесува преку две независни спојки. Тие го заменуваат конверторот на вртежниот момент што се наоѓа на конвенционалните автоматски менувачи и овозможуваат непречено забрзување на возилото.

Tiptronic системот овозможува возачот да менува степени *рачно* ››› стр. 194, *Менување степен во Tiptronic режим*.

Позиции на рачката на менувачот



Сл. **123** На централната конзола: рачка на менувачот.

Позицијата на рачката на менувачот се прикажува кога ќе светне соодветниот знак. Поставениот степен се прикажува и на екранот во позициите за рачно менување степени **M**, **D**, **S** и **E** (ако **Eco** ››› стр. 201 поставувањето на моторот е избрано во профилот **Individual**).

Во одредени верзии, **S+** или **M+** исто се прикажува на екранот ако се избере профилот **Drift** или **CUPRA**. **S+** и **M+** се поекстремни режими за менување степени во споредба со конвенционалниот режим **Sport (S)**.

P – Блокада за паркирање

Кога ќе се притисне копчето **P**, погонските тркала се блокираат. Притискајте го **P** само додека возилото мирува ››› ⚠.

За да го притиснете копчето **P**, истовремено мора да го притиснете педалот за сопирање.

R – Степен за возење наназад

Степенот за возење наназад мора се постави само кога возилото е во мирување, а моторот е во лер ››› ⚠.

За да поставите степен за возење наназад **R**, мора истовремено да го притиснете педалот за сопирање. Светлата за возење наназад се вклучуваат кога степенот за возење наназад **R** ќе се избере и палењето е вклучено.

N – Неутрален степен

Во оваа позиција, степенот е неутрален.

Притиснете го педалот за сопирање за да ја поместите рачката од **N** на **D/S** кога возилото мирува или при брзини под 3 km/h (2 mph) ››› ⚠.

D/S – Позиција за постојано возење напред

Позицијата **D/S** овозможува со степените да се ракува во нормален режим (**D**) или спортски режим (**S**). За да изберете спортски режим **S**, поместете ја рачката наназад. Со повторно туркање на рачката, ќе се избере нормален режим **D**. Избраниот возен режим се прикажува на екранот на инструментната табла.

Во нормален режим (**D**), менувачот го бира најдобриот сооднос на степени. Ова зависи од оптоварувањето на моторот, брзината на возење и програмата за динамично регулирање на степените (DRP).

Режимот **Sport** (**S**) треба да се избере за спортски стил на возење. Ова поставување ја користи максималната излезна моќност на моторот. При забрзување, се забележуваат операциите за менување брзини.

Во одредени околности (на пр. на планински превои) може да биде поволно да се вклучи tiptronic режимот ››› стр. 194, за степените да се приспособат на условите на патот.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Внимавајте да не го притиснете педалот за гас кога возилото е запрено. Возилото може веднаш да почне да се движи (во некои случаи дури и ако е активирана рачната сопирачка) што доведува до ризик од незгода.
- Никогаш не ставајте ја рачката во позиција **R** додека возите. Доколку не се следи ова упатство може да дојде до незгода или откажување.
- Со рачката во која било позиција, ножната сопирачка мора да се притисне секогаш кога работи моторот. Тоа е затоа што автоматскиот менувач сè уште ја пренесува моќноста дури и при неутрален степен.
- Не забрзувајте додека избирате брзина, додека автомобилот е во мирување и моторот работи. Доколку не се следи ова упатство може да дојде до незгода.
- Возачот никогаш не смее да го напушта возилото додека работи моторот и со ставена брзина. Вклучете ја електронската рачна сопирачка и изберете ја блокадата за паркирање (**P**).


Предупредување

- Ако рачката ненамерно се помести во **N** додека возите, пуштете го педалот за гас и оставете брзината на моторот да падне до празен од пред повторно да изберете степен **D** или **S**.
- Ако напојувањето се прекине додека е активна блокадата за паркирање **P**, нема да може да се помести рачката. Ако тоа се случи, може да се примени рачно ослободување. Во овој случај, треба да побарате стручна помош.

Предупредување

- Ако е избран степен, возилото не се движи нанапред или наназад. Продолжете со следниот режим:
  - Ако возилото не се движи во саканата насока, односот на менувачот може да не е правилно поставен од системот. Притиснете го педалот за сопирање и повторно изберете степен.
  - Ако возилото сè уште не се движи во саканата насока, постои дефект на системот. Побарајте помош од стручно лице и проверете го системот.

Менување степен во **Tiptronic** режим



Сл. **124** Управувач: рачки на автоматски менувач

Tiptronic му дава на возачот опција рачно да ги менува брзините.

Кога ќе се префрлите на програмата Tiptronic, возилото останува во моментално избраната брзина. Ова е можно сè додека системот не ја менува брзината автоматски поради сообраќајна ситуација.

Користење на **Tiptronic** со прекинувачите на управувачот

Прекинувачот за менување брзини може да се користи кога рачката на менувачот е во позиција **D/S**.

- Притиснете го прекинувачот за менување степени + за да смените во повисок степен ››› сл. **124**.
- Притиснете го прекинувачот за менување степени − за да смените во понизок степен.
- За да излезете од режимот Tiptronic, повлечете го десниот прекинувач кон управувачот околу 1 секунда.

За да го задржите режимот Tiptronic трајно вклучен, поместете ја рачката на менувачот во позицијата **S**. Ако рачката на менувачот е во позиција **D** и прекинувачите за менување брзини не се ракуваат некое време, режимот Tiptronic автоматски ќе се исклучи.

ПРЕТПАЗЛИВО

- При забрзување, доколку не се избере поголема брзина, таа автоматски ќе се смени кратко пред да го достигне максималното дозволениот број на вртежи во минута.
- Исто така, ако се избере помала брзина, системот нема да се смени додека не откриe дека моторот нема да го достигне својот максимален **RPM**.

Возење со автоматски менувач

Префрлувањето во повисок степен е автоматско.

Моторот може да се стартува само додека рачката е во позицијата **N** и копчето **P** мора да свети (блокадата за паркирање останува активна).

Возење по надолнина

Во одредени околности, може да биде препорачливо да се користи режимот Tiptronic за рачно да се избере степен според условите во кои се вози ››› ⚠.

Запирање/Паркирање

За да паркирате на рамна површина, само притиснете го копчето **P** ››› сл. **123**. На надолнини, прво треба да се активира паркинг-сопирачката, а потоа да се притисне копчето **P**.

Ако се отвори вратата на возачот и копчето **P** не било активирано, возилото може да се придвижи. Следното предупредување се прикажува на инструментната табла: **Gear change:** (Менување степен:)**Selector lever in the drive position!** (Рачката на менувачот во позиција за возење!) Се слуша и звук на зуење.

Запирање на надолнина

Секогаш цврсто стискајте на педалот за сопирање за да спречите возилото да се придвижи; доколку е потребно, активирајте ја електронската паркинг-сопирачка ››› ⚠.

Не забрзувајте додека е во степен за да спречите возилото да се придвижи по надолнината ››› ⓘ.

Поаѓање на нагорнина со функцијата **Auto Hold**

- Откако ќе ставите во степен, тргнете ја нога од педалот за сопирање и нежно притиснете го педалот за гас.

Поаѓање на нагорнина без функцијата **Auto Hold**

- Повлечете го копчето за електронската паркинг-сопирачка.
- Откако ќе ставите во степен, нежно притиснете го педалот за гас и повлечете го копчето за електронската паркинг-сопирачка.

⚠ ВНИМАНИЕ

Внимавајте на безбедносните предупредувања ››› ⚠ во *Позиции на рачката на менувачот* на стр. **194**.

- Никогаш не дозволувајте сопирачката да се трие и не користете го педалот за сопирање премногу често или долго бидејќи сопирачките

може да се прегреат. Тоа ја намалува моќта на сопирање, го зголемува растојанието потребно за сопирање или дури предизвикува дефект на системот за сопирање.

- Ако треба да застанете на нагорнина, држете ги сопирачките на возилото активирани со педалот за сопирање или рачната сопирачка.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Кога го запирате возилото на нагорнина, не обидувајте се да избегнете префрлување во брзина и притискање на педалот за гас. Ова може да го прегрее и оштети автоматскиот менувач.
- Ако дозволите возилото да се движи со рачката во позиција **N** и исклучен мотор, автоматскиот менувач ќе се оштети поради недостаток на лубрикација.
- Во одредени возни ситуации или сообраќајни услови, менувачите може да се прегреат и да се оштетат! Ако светне предупредувачката сијаличка, запрете го возилото штом ќе можете и почекајте менувачот да се излади ››› стр. 198.
- Ако менувачот работи во вонреден режим, дефектот поправете го во специјализирана сервисна работилница без одлагање.

Kick-down

Уредот kick-down овозможува максимално забрзување кога рачката на менувачот е во позициите **D**, **S** или во режимот Tiptronic.

Кога педалот за гас е целосно притиснат, автоматскиот менувач се префрла во помала брзина, во зависност од брзината и брзината на моторот. Ова го користи максималното забрзување на возилото ››› ⚠.

Префрлувањето во следната поголема брзина нема да се случи додека не се достигне претходно поставената максимална брзина на вртежи во минута.

ВНИМАНИЕ

Ве молиме имајте предвид дека ако површината на патот е лизгава или влажна, функцијата **kickdown** може да предизвика вртење на погонските тркала, што може да резултира со излизгување.

Програма за контрола на поаѓање

Програмата за контрола на поаѓање овозможува максимално забрзување од состојба на мирување.

Услов: моторот мора да ја има постигнато работната температура и управувачот не смее да биде завртен.

Брзината на моторот на контролата на поаѓање е различна за мотори на бензин и мотори на дизел.

За да ја користите контролата на поаѓање, мора да ја исклучите контролата на тракција (TCS) или да го активирате режимот ESC Sport или ESC OFF, користејќи го менито на инфо-забавниот систем: притиснете го фукнциското копче > **Driver assist** > **Smart Assistants** (> Помош на возачот > Паметни системи за помош). Сијаличката останува вклучена.

- Притиснете го педалот за сопирање со левото стапало и држете го доле најмалку една секунда.
- Ставете ја рачката на менувачот во позиција **S** или Tiptronic, или изберете го возниот профил **Sport** или **Cupra**.
- Со десното стапало, целосно притиснете на педалот за гас или притиснете го во kick-down позиција. Брзината на моторот ќе се стабилизира на околу **3200** rpm (мотор на бензин) или околу **2000** rpm (мотор на дизел).
- Тргнете го левото стапало од педалот за сопирање. Возилото поаѓа со максимално забрзување.

ВНИМАНИЕ

- Секогаш приспособувајте го вашиот стил на возење на условите во сообраќајот.
- Користете ја програмата за контрола на поаѓање само ако тоа го дозволуваат условите на патот и сообраќајните услови и погрижете се начинот на возење и забрзување на возилото да не предизвика неповолности или опасност за другите учесници во сообраќајот.
- Погрижете се **ESC** да остане вклучен. Имајте предвид дека кога **TCS** и **ESC** се деактивирани, тркалата може да почнат да се вртат и возилото да ја изгуби прилепеноста. Опасност од незгода!

• По поаѓањето, треба да го активирате **TCS** или деактивирате **ESC “sport”** режимот повторно преку инфо-забавниот систем: функциско ⌂ копче **> Driver assist > Smart Assistants (>** Помош на возачот > Паметни системи за помош**)**.

Предупредување

• Динамичното возење или користењето програма за контрола на поаѓање може значително да ја зголеми температурата на катализаторот или менувачот. Во тој случај, програмата може да не работи неколку минути. Програмата ќе може да се користи штом заврши фазата на ладење.

• Забрзувањето со програмата за контрола на поаѓање силно ги оптоварува сите делови на возилото. Тоа може да доведе до зголемено абење.

Режим на инерција

Режимот на инерција ви овозможува да возите одредени растојанија без користење на педалот за гас, што заштедува гориво. Планирајте однапред и користете го режимот на инерција за да “дозволите” возилото да се “тркала”.

Активирање на режимот на инерција

Возила со мотор на согорување (не PHEV, не mHEV):

• Функцијата е достапна само ако е избран возниот профил “**Eco**”, ако педалот за гас не е притиснат и при брзини помеѓу 7 и 130 km/h (помеѓу 4 и 80 mph).

• Ако при возење под околу 22 km/h (околу 14 mph) го притиснете педалот за сопирање со намера да запрете, можно е моторот да се исклучи и да остане исклучен додека возилото не запре. Системот може автоматски да го стартува моторот за да се осигури дека напојувањето се снабдува до електричниот систем или да обезбеди сопствено стартување.

Mild hybrid електрични возила (mHEV):

• Функцијата е достапна само ако е избран возниот профил “**Eco**” или “**Comfort**”, ако педалот за гас не е притиснат и при брзини помеѓу околу 7 и 160 km/h (помеѓу 4 и 99 mph).

• Ако ги активирате сопирачките и возилото забави до запирање под околу 40 km/h (околу 25 mph), моторот се исклучува додека возилото не застане. Системот може автоматски да го стартува моторот за да се осигури дека напојувањето се снабдува до електричниот систем или да обезбеди сопствено стартување.

• Ако го притиснете педалот за сопирање во режим на инерција за да запрете над околу 40 km/h (околу 25 mph), режимот на инерција ќе се прекине и моторот ќе стартува.

• Кога запирате без сопирање, моторот автоматски повторно стартува при минимална брзина за да овозможи маневрирање.

Стартување и прекинување на режимот на инерција

Стартување:

1. Изберете го возниот профил “**Eco**”.

   Или, во mHEVs, изберете го возниот профил “**Comfort**”.

2. Тргнете го стапалото од педалот за гас. Моторот ќе се исклучи и ќе работи во неутрален степен. Возилото се движи без сопирачки ефект на моторот. Моторот може да се исклучи кај возила со mHEV систем.

Прекинување на режимот на инерција:

1. Притиснете на педалот за гас.

   Или, повлечете го *прекинувачот* за менување степени на автоматскиот менувач кон управувачот.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Ако режимот на инерција е вклучен, имајте предвид, кога се приближувате до препрека, дека возилото нема да успори на вообичаен начин: Ризик од незгода!
- Кога користите режим на инерција додека возите по нагорнини, возилото може да ја зголеми брзината: Ризик од незгода!
- Ако други корисници го возат вашето возило, предупредете ги за режимот на инерција.

ПРЕТПАЗЛИВО

Работата на режимот на инерција во комбинација со хибридни мотори **(mHEV** и **PHEV)** може да предизвика исклучување на моторот со согорување.

ПРЕТПАЗЛИВО

Режимот на инерција автоматски ќе се исклучи при стрмни падини од **15%**.

Решавање проблеми

Моторот не стартува.

Контролната сијаличка светнува во зелена боја.

Сопирачката не е притисната, на пр. кога се обидувате да ја смените рачката на менувачот.

- За да изберете степен на брзина, притиснете ја педалата за сопирање.

Напомени на дисплејот на инструментната табла:

Спојка

Clutch overheating! (Спојката се прегрева!) **Please stop!** (Ве молиме запрете!)

- Спојката е прегреана и може да се оштети. Запрете и почекајте менувачот да се излади додека моторот е во неутрален степен и притиснете на копчето за блокада за паркирање **P**. Кога ќе се исклучат предупредувачката сијаличка и пораката за возачот, одете во специјализирана сервисна работилница за да го поправите дефектот. Доколку не се исклучат, не продолжувајте да возите. Побарајте помош од стручни лица.

Дефекти во менувачот

Gearbox: (Менувач:) **Fault!** (Дефект!) **Stop the vehicle and place the lever in P** (Запрете го возилото и ставете ја рачката во P)

- Има дефект на менувачот. Запрете го возилото на безбедно место и не продолжувајте да возите. Побарајте помош од стручни лица.

Gearbox: (Менувач:) **System fault!** (Дефект на системот!) **You may continue driving** (Може да продолжите со возењето.)

- Дефектот веднаш нека се отстрани во специјализирана сервисна работилница.

Gearbox: (Менувач:) **System fault!** (Дефект на системот!) **You can continue driving with restrictions.** (Може да продолжите со возењето со ограничувања.) **Reverse gear disabled** (Оневозможен степен за возење наназад)

- Возилото однесете го во специјализирана сервисна работилница за да се поправи дефектот.

Gearbox: System fault! (Дефект на системот!) **You can continue driving in D until switching off the engine** (Може да продолжите со возењето во D додека не се исклучи моторот)

- Паркирајте го возилото на безбедно место. Побарајте помош од стручни лица.

Gearbox: too hot. (Менувач: прегреан.) **Adapt your driving accordingly** (Соодветно приспособете го начинот на возење.)

- Продолжете да возите полека. Ако се исклучи предупредувачката сијаличка, може да продолжите да возите како вообичаено.

Gearbox: press the brake and engage a gear again (Менувач: притиснете на сопирачката и повторно ставете во степен)

- Ако предупредувањето било предизвикано од температурата на менувачот, оваа порака за возачот ќе се прикаже кога менувачот повторно ќе се излади.

Режим за итен случај

Ако сите позиции на менувачот се прикажани на светла позадина на инструментната табла, има системски дефект и автоматскиот менувач ќе работи со резервната програма. Сепак, можно е да се вози возилото при ниски брзини и во одредени степени на брзина. Возењето во степен за возење наназад не е возможно.

Механизам за рачно ослободување на блокадата за паркирање

Ако, во случај на прекин на напојувањето (на пример, 12-волтната батерија на возилото е испразнета), возилото мора да се влече и рачно да се ослободи блокадата за паркирање. Во овој случај, треба да побарате стручна помош.

Возење по падини

Контрола за задржување на возилото на нагорнина (HHC)

Кога возите по нагорнина или возите на отворен терен со рачката во позиција **D/S**, со запирање на возилото се вклучува контролата за задржување на нагорнина.

Кога ќе се ослободи педалот на сопирачката, системот за помош ги задржува сопирачките на возилото притиснати неколку секунди за да му даде време на возачот да го притисне педалот за гас и да продолжи да вози.

систем за помош при возење по надолнини

Контролната на брзината на надолнина се активира кога рачката на менувачот е во позицијата **D/S** и се активира сопирачката. Поставен е соодветен понизок степен.

Системот за помош се обидува да ја задржи брзината со која се движело возилото кога била активирана сопирачката, во логички граници. Можеби ќе биде потребно да се коригира брзината со притискање на сопирачката.

Системот за помош може да смени во понизок степен само до 3 степен. Можно е на многу стрмни надолнини да треба да се префрлите на tiptronic режим и на тој начин рачно да смените во 2 или 1 степен за да го искористите моторното сопирање и да го намалите оптоварувањето на системот за сопирање.

Контролата на брзината на надолнина се деактивира штом патот повторно ќе се израмни или штом ќе притиснете на педалот за гас.

Кај возила со темпомат ››› стр. 215, контролата на брзината по надолнина се активира кога ќе поставите брзина што треба да се регулира.

⚠ ВНИМАНИЕ

Контролата на брзината на надолнина не може да ги надмине законите на физиката. Затоа, брзината не може да се одржува константна во сите ситуации. Секогаш бидете подготвени да ги употребите сопирачките!

Контрола за возење по надолнини (HDC)

✓ Важи за возила: со 4Drive погон на сите тркала

Функцијата HDC автоматски се активира при возење по стрмна надолнина во режимот **Offroad**.

Контролата за возење по надолнини ја ограничува брзината на стрмни надолнини со автоматско сопирање на сите четири тркала, помагајќи му на возачот да одржи

прецизна контрола над возилото на стрмини вон патот без да мора постојано да ги активира сопирачките.

Системот работи и при возење нанапред и при возење наназад, дури и ако е избрана позицијата **N** на менувачот. Додека антиблокирачкиот систем за сопирање е активен, тоа спречува блокирање на тркалата.

Кај возила со рачни менувачи, контролата за возење по надолнини ја приспособува теоретската брзина без сопирање на моторот под брзината на слободен од.

Контролата за возење по надолнина е достапна кога дисплејот на инструментната табла ја прикажува пораката .

Контролни сијалички

Светнува во бела боја.
HDC е активна.

Светнува во сива боја.
HDC е вклучена, но не е активна бидејќи не се исполнети потребните услови.

По почетокот на возењето по стрмна надолнина при помалку од 30 km/h (18 mph) додека системот е вклучен, HDC автоматски ќе се активира доколку не се притиснати ни педалот за гас ни педалот за сопирање. Брзината се ограничува на најмалку 2 km/h (1 mph) и најмногу 30 km/h (18 mph).

Возачот може во секое време да ја зголеми или намали брзината во гореспоменатите граници со притискање на педалот за гас или за сопирање. Потоа функцијата привремено ќе се прекине додека се регулира брзината и потоа повторно се активира доколку е применливо.

Сепак, најважно е површината да нуди доволна прилепеност. Поради оваа причина, контролата за возење по надолнини нема да ја оствари својата функција кога, на пример, се вози надолу по надолнина со замрзната или лизгава површина.

Контролата за возење по надолнини автоматски интервенира доколку се исполнат следните услови:

- Моторот на возилото работи.
- Избран е возниот профил **Offroad** ››› стр. 203. Возење со брзина под 30 km/h (18 mph) (пораката се прикажува на дисплејот на контролната табла).
- Степенот на надолнината е најмалку 10%.
- Не се притиснати ни педалот за гас ни педалот за сопирање.

Контролата за возење по надолнини се деактивира ако степенот е помал од 5%. Функцијата може да се исклучи рачно на инфо-забавниот систем со употреба на функциското копче > **Assistants** > **Smart Assistants** > **HDC** (> Системи за помош > Интелигентни системи за помош > HDC).

⚠ ВНИМАНИЕ

Секогаш бидете подготвени да ги активирате сопирачките. Во спротивно, може да дојде до незгода и повреда.

- Контролата за возење по надолнини е само помошен систем кој во некои систуации може да не биде во можност доволно да го сопре возилото при возење на надолнина.
- Брзината на возилото може да се зголеми и покрај интервенцијата на контролата за возење по надолнина.

Управување

Информации поврзани со различни процеси на возилото.

За да го направите возилото потешко за крадење, секогаш заклучувајте го управувачот пред да го оставите.

Управување

Кај возилата со електромеханичко управување, серво управувачот автоматски се прилагодува според брзината на возење, вртежниот момент на управувачот и ориентацијата на тркалата. Серво управувањето работи само додека моторот работи.

Ако серво управувањето не работи правилно или воопшто не работи, ќе треба да употребите многу повеќе сила од вообичаеното за да го завртите управувачот.

Прогресивно управување

Во зависност од карактеристиките на возилото, може или не може да има прогресивен систем за управување.

Во *градски сообраќај* не треба толку многу да вртите при паркирање, маневрирање или во многу тесни свиоци.

На *патишта или автопат*, прогресивното управување пренесува, на пр. во свиоци, поспортско, подиректно и значително подинамично чувство на возење.

Помош при управување

Тоа му помага на возачот во критични ситуации. Се препорачува вртење на управувачот за да се изврши корективен маневар (контра-управување), кратко вртење за да се избегне пролизгување ››› ⚠.

⚠ ВНИМАНИЕ

Помошта при управување му помага на возачот во критични ситуации. Возачот е лицето кое мора постојано да го контролира управувањето на возилото.

Решавање проблеми

Дефект при управувањето

Предупредувачката сијаличка светнува црвено.

Има дефект во серво управувањето.

- Запрете го возењето**!** Побарајте помош од стручни лица.
- Не дозволувајте возилото да се влече на своите тркала.

Дефект при управувањето

Контролната сијаличка светнува или трепка жолто.

Управувањето е поцврсто или реагира почувствително од вообичаено.

Контролната сијаличка светнува и останува вклучена:

- Вклучете го моторот повторно и возете полека на кратко растојание. Контактирајте со специјализирана работилница ако контролната сијаличка останува вклучена.
- ИЛИ: 12-волтната батерија била исклучена и повторно поврзана. Возете полека на кратко растојание.

Контролната сијаличка трепка:

- Свртете го малку управувачот од едната кон другата страна.
- Исклучете го палењето и повторно вклучете го.
- Имајте ги предвид ограничувањата прикажани на дисплејот на инструментната табла.
- Ако контролната сијаличка продолжи да трепка откако ќе се вклучи палењето, не продолжувајте да возите. Побарајте помош од стручни лица.

Возни профили

Вовед

Возачот може да ги користи возните профили за да ги приспособи различните карактеристики на системите на возилото на моменталната ситуација на возење, саканиот комфор при возење и економичен стил на возење. Некои од системите што може да се приспособат се суспензијата, управувањето, моторот и клима-уредот.

Во зависност од опремата на возилото, може да се изберат различни возни профили. Степенот на влијание на системите на возилото врз различните возни профили зависи од опремата на возилото.

Мотор

Во зависност од избраниот профил, моторот реагира побрзо или непречено на притискањето на педалот за гас.

Кај возилата со автоматски менувач, однесувањето на менувачот се менува, секогаш кога се менува степен нагоре и надолу, и во различни моменти. Брзината на мирување и позицијата на степените исто така може да се променат според избраниот профил.

Функцијата **Inertia Mode** може да се вклучи и со избирање на профилот **Comfort** или од профилот **Individual** со ставање на моторот во **ECO** режим. Ова овозможува да се намали потрошувачката на гориво. Други фактори може да го предизвикаат неговото вклучување ››› стр. 197.

Со рачен менувач, **ECO** профилот ги менува препораките за промена на степен на брзина за да го олесни поефикасното возење.

Звук на моторот

Во зависност од опремата и избраниот профил, тој го менува звукот во внатрешноста на возилото, како и надворешните нивоа на звук. Дејствува на неколку компоненти на возилото за да го зајакне или ослаби моторот и бучавата од доводот, како и бучавата од издувниот систем. Конфигурацијата е претходно поставена за секој профил и може да се менува во профилот **Individual**.

Адаптивна контрола на шасија **(DCC)**

DCC континуирано ја прилагодува амортизацијата на системот за суспензија на карактеристиките на површината на патот и ситуацијата на возење (брзина, забрзување и агол на управувачот) според избраниот возен профил. Динамичкото однесување на возилото е исто така приспособено да го подобри држењето на кривините и капацитетот за вртење. Во рамките на профилот **Individual**, исто така можете да го прилагодите нивото на DCC на приспособен начин. Во случај на дефект во DCC, на дисплејот на инструментната табла се прикажува следнава порака **Fault: damping adjustment** (Дефект: прилагодување на амортизацијата).

Погон на четири тркала **(4Drive)**

Изменете го преносот за да го прилагодите влечниот капацитет на возилото на површината на патот. Ќе се измени и капацитетот за забрзување од место.

Управување

Работата на серво управувачот е изменета и приспособена на избраниот профил за да понуди најдобро однесување за секоја ситуација.

Клима-уред

Climatronic може да работи во режимот **Eco**, особено намалувајќи ја потрошувачката на гориво.

Адаптивен темпомат **(ACC)**

Во зависност од возниот профил, перформансите на ACC овозможуваат приспособување на брзина која е повеќе спортска или пак поповолна за потрошувачката на гориво.

Систем **PreCrash**

Системот PreCrash се приспособува според избраната конфигурација ››› стр. 55.

Возните профили **Cupra** и **Offroad** имаат посебни поставувања за да ги приспособат на возните карактеристики.

Распределба на вртежниот момент на моторот

Ова го распределува вртежниот момент како што е соодветно помеѓу задните тркала, давајќи поголема влечна сила на кривини.

Избирање возен профил



Сл. **125** Повеќефункциски управувач: копче за менување на возниот профил.

Возниот профил може да се избере кога палењето е вклучено и возилото е во мирување или се движи ››› ⚠.

Избирање возен профил

- Притиснете го функциското копче ⠿ **> Drive Profile** (> Возен профил), ќе се прикажат достапните профили.
- ИЛИ: Со исклучен инфо-забавен систем, со притиснување на иконата возен профил, ќе се прикажат достапните возни профили.
- ИЛИ: Кратко притиснете го копчето ⛛ ››› сл. **125** (стрелка) за да го смените возниот профил. Притиснете и држете го притиснато копчето ⛛ за директно да пристапите до профилот **Cupra**.

Приказ на информациите за возните профили

- За да се прикажат повеќе информации за избраниот возен профил, притиснете **Information** (информации) на инфо-забавниот систем.

⚠ ВНИМАНИЕ

Прилагодувањето на возниот профил додека возите може да го одвлече вниманието од сообраќајот и да предизвика незгоди.

- Секогаш возете со внимание кон сообраќајот и на одговорен начин.

Карактеристики на возните профили

Иконата на избраниот профил постојано се прикажува во горниот централен дел на инструментната табла и на екранот на инфо-забавниот систем кога е исклучен.

Возен профил	Карактеристики
Comfort	Урамнотежен и удобен профил на возење. Поставувањата на компонентите на возилото нудат оптимална удобност, што го прави идеален за секојдневна употреба и долги патувања.
Performance	Возен профил за спортски, динамичен и прецизен стил. Поставувањата на компонентите на возилото нудат поцврсто управување и директна брзина на движење и реакција на моторот.
Cupra	Возен профил за врвно возачко искуство. Поставките на компонентите, од погонската единица до акустиката, нудат највисоки перформанси за возбудливо, агилно и прецизно возење.
Individual	Персонализиран возен профил. Дозволува конфигурацијата на возилото да се прилагоди за да одговара на саканиот стил на возење на корисникот.

Возен профил	Карактеристики
Offroad[a)]	Возен профил за оптимални земјени патишта и перформанси надвор од патот. Прилагодувањето на компонентите нуди зголемена влечна сила и овозможува вклучување на системот за помош за спуштање.
Drift[b)]	Возен профил со дистрибуција на вртежниот момент на моторот, прилагоден за оптимизирање на преголемо управување. Го активира попопустливиот ESC Sport режим.

[a)] Само за 4Drive модели. Не е достапно за PHEV хибридни возила.

[b)] Дизајниран за возење на тркачка патека. Забранет на јавни патишта.

⚠ ВНИМАНИЕ

Брзината и стилот на возење треба секогаш да се приспособат за да одговараат на видливоста, временските услови и сообраќајните услови.

Предупредување

- Независно од избраниот возен профил кога палењето е исклучено, сите системи ќе стартуваат во режимот **Comfort**. За да изберете различен возен профил, користете го копчето **CUPRA** на повеќефункцискиот управувач или дисплејот на инфо-забавниот систем.
- Брзината и стилот на возење треба секогаш да се приспособат за да одговараат на видливоста, временските услови и сообраќајните услови.

Систем за сопирање

Информации за сопирачките

За време на првите 200 до 300 km, новите гурни на сопирачките не обезбедуваат максимална сила на сопирање и мора да "легнат" ››› ⚠. При развозувањето на гуртните на сопирачките, растојанието потребно за итно сопирање е подолго отколку кога би биле развозени. За време на развозувањето, избегнувајте нагло сопирање и ситуации кои предизвикуваат големо оптоварување на сопирачките, на пр. возење премногу блиску до друго возило.

Абењето на гуртните на сопирачките зависи во голема мера од условите во кои возилото се користи и стилот на возење. Ако возилото често се користи во градски сообраќај и на кратки растојанија или за спортско возење, дебелината на гуртните на сопирачките треба редовно да се проверува во специјализирана сервисна работилница.

При возењето со влажни сопирачки, на пр. по возење низ вода, при силен дожд или после миење на возилото, на перформансите на сопирањето може да влијаат влажните дискови на сопирачките, па дури и замрзнатите дискови во зима. Возачот треба да биде подготвен да сопира посилно.

Ако дисковите и гуртните на сопирачките имаат слој сол на нив, перформансите на сопирањето се намалуваат и растојанието потребно за сопирање се зголемува. Кога возите по солени патишта без сопирање некое време, слојот на сол треба да се отстрани со внимателно притискање на сопирачките неколку пати ››› ⚠.

Корозијата на дисковите на сопирачките и нечистотијата на гуртните на сопирачките се зголемува ако возилото се остави долго некористено, доколку не се вози многу километри. Доколку е присутна корозија, се препорачува да се исчистат дисковите и гуртните со силно сопирање неколку пати додека возите со голема брзина. Погрижете се да не ги загрозувате другите возила или учесници во сообраќајот ››› ⚠.

⚠ ВНИМАНИЕ

Возењето со истрошени гуртни на сопирачките или неисправен систем на сопирачките може да доведе до незгоди и сериозни повреди.

- Ако се сомневате дека гуртните на сопирачките се истрошени или дека системот на сопирачките е неисправен, гурните на сопирачките веднаш нека се проверат во специјализирана сервисна работилница и нека се заменат доколку се истрошени.

⚠ ВНИМАНИЕ

Перформансите на сопирање на новите гуртни за сопирачките не се оптимални.

- Во текот на првите **300 km**, новите гуртни на сопирачките не обезбедуваат максимална моќност на сопирање и мора да "легнат". Ова може да се надмине со примена на поголем притисок на педалот за сопирање.
- Кога гурните на сопирачките се нови, возете со дополнително внимание за да го намалите ризикот од сообраќајни незгоди, сериозни повреди или губење на контролата над возилото.
- Извршете силно сопирање за да го исчистите системот за сопирање само кога тоа го дозволува сообраќајната ситуација. Не ги загрозувајте патниците во другите возила. Опасност од незгода!
- Кога ги развозувате новите гуртни на сопирачките, не возете премногу блиску до други возила и не предизвикувајте ситуации во кои би било потребно силно да се активираат сопирачките.

⚠ ВНИМАНИЕ

Кога сопирачките се прегреваат, нивните перформанси на сопирање паѓаат и растојанието на сопирање се зголемува.

- Возењето по надолнина особено ги оптоварува сопирачките и тие многу брзо се загреваат.
- Пред долга стрмна надолнина, намалете ја брзината и префрлете во понизок степен или опсег на брзини. Затоа, користењето на моторната сопирачка го намалува оптоварувањето на сопирачките.
- Ако сакате дополнително да го монтирате предниот спојлер, интегралната облога или други додатоци, погрижете се отворот за воздух околу сопирачките да не се намали, бидејќи во спротивно системот на сопирачките може да се прегрее. Имајте ги предвид ги и информациите за течноста за сопирачките ››› стр. 382.

⚠ ВНИМАНИЕ

На влажните, замрзнати сопирачки или сопирачките покриени со сол потребно им е подолго време на сопирање и го зголемуваат растојанието потребно за сопирање.

- Внимателно тестирајте ги сопирачките.
- Секогаш сушете ги сопирачките и ослободете ги од мраз и сол со повеќекратно сопирање, доколку тоа го дозволуваат видливоста, времето, површината на патот и сообраќајните услови.

⚠ ВНИМАНИЕ

Кога маневрите за сопирање стартуваат автоматски, педалот за сопирање може автоматски да се придвижи во насока на активирање. Не ставајте ја ногата под педалот за сопирање. Ризик од повреда!

⚠ ВНИМАНИЕ

Погрижете се возилото да не се движи додека е во неутрален степен кога моторот е запрен. Растојанието потребно за сопирање значително се зголемува кога сервото сопирачките не се активни.

Предупредување

Никогаш не дозволувајте сопирачките да се "влечат" со оставање на вашето стапало на педалот кога не е неопходно сопирање. Ова може да предизвика прегревање на сопирачките, што резултира со зголемено растојание потребно за сопирање и абење на сопирачките. Ве молиме имајте ги во предвид важните забелешки за течноста за сопирачките ››› стр. 382.

Предупредување

Редовно проверувајте ја дебелината на гурните на сопирачките визуелно низ отворите на фелните или од долната страна на возилото. Доколку е потребно, тркалата треба да се отстранат за потемелна проверка.
За таа цел, **CUPRA** препорачува посета на специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било дилер на **SEAT.**

Решавање проблеми

Дефект во системот за сопирање

Предупредувачката сијаличка светнува црвено. Може да се прикаже и порака.

Прекинете со возењето!

- Информирајте стручна сервисна работилница и побарајте проверка на системот за сопирање.

Индикатор за изабеност на гурните на сопирачките

Контролната сијаличка се вклучува во жолта боја.

Изабени се предните гуртни на сопирачките.

- Веднаш обратете се во специјализирана сервисна работилница.
- Нека се проверат сите гуртни на сопирачките и заменете ги доколку е потребно.

Системи за помош при сопирање

Информации во врска со системите за помош при сопирање

Системите за помош при сопирање може да му помогнат на возачот во критични ситуации на возење или сопирање. Возачот е одговорен за безбедноста при возењето ››› ⚠.

Кога системите за помош при сопирање ги регулираат сопирачките, педалот за сопирање може да се движи или да испушта звуци.
И покрај тоа, продолжете да сопирате со потребната сила и контролирајте ја траекторијата на возилото доколку е потребно.

Во зависност од опремата, поставувањата за ESC и TCS може да се променат во возилото.

- ESC, ABS и TCS можат правилно да работат само ако четирите тркала се опремени со предвидените гуми ››› ⚠.
- Ако се појави дефект во ABS, ESC, TCS и EDS исто така престануваат да функционираат.

Електронска контрола на стабилноста **(ESC)**

ESC помага да се намали ризикот од лизгање и да се подобри стабилноста во одредени возни ситуации ››› ⚠.

Контрола на тракција **(TCS)**

TCS ја намалува движечката сила на лизгачките тркала и ја прилагодува оваа сила за да одговара на условите на површината на патот. TCS го олеснува стартувањето, забрзувањето и искачувањето по нагорнини ››› ⚠.

Електронска распределба на силата на сопирањето **(EBV)**

Електронската распределба на силата на сопирањето (EBV) ја регулира силата на сопирање помеѓу предната и задната оска. Се избегнува прекумерното сопирање на задната оска и возилото останува стабилно за време на работата на сопирањето.

Антиблокирачки систем за сопирање **(ABS),**

ABS може да спречи блокирање на тркалата при сопирање до кратко време пред возилото да застане и му помага на возачот да ја задржи контролата врз управувачот и возилото ››› ⚠.

Систем за помош при сопирање **(BAS)**

Системот за помош при сопирање (BAS) може да помогне да се намали растојанието на сопирање. Системот за помош при сопирање го зголемува притисокот што го врши возачот кога педалот за сопирање брзо ќе се притисне во итен случај.

Електронска блокада на диференцијал **(EDS** и **XDS)**

EDS автоматски ги сопира тркалата што се лизгаат и ја пренесува движечката сила на другите погонски тркала.

XDS ја подобрува тракцијата со притискање на сопирачките за да го подобри забрзувањето во свиоци.

Сопирачка за повеќекратен судир

Сопирачката за повеќекратен судир автоматски го активира сопирањето доколку контролната единица на воздушните перничиња открие судир во случај на незгода.

Барања за автоматско сопирање:

- Возачот не притиска на педалот за гас.

Стабилизирање на приколка[1)]

Имајте предвид дека композицијата возило-приколка генерално има тенденција да се влече. Кога возилото ќе го почувствува нишањето на приколката и истото ќе се препознае од ESC, таа автоматски ќе го запира влечното возило во рамките на границите на системот и ќе ја стабилизира композицијата ››› стр. **345**.

Електромеханичка серво сопирачка **(eBKV)**

Со вклучено палење, сервото на електромеханичката сопирачка (eBKV) ја надополнува силата што ја врши стапалото со зголемување на притисокот што возачот го врши на педалата за сопирање ››› ⚠. Кога системот за помош на возачот ги активира сопирачките, на пр. ACC при регулирање на брзината или при итно сопирање, педалот за сопирање може автоматски да се придвижи.

По исклучувањето на палењето, помоштта на сервото на сопирачките постепено се намалува. Ако продолжите да го држите возилото на место со педалот за сопирање, пораките се прикажуваат на екранот на инструментната табла. Во овој случај, серво функцијата на сопирачките е ограничена.

Откако ќе застанете, имобилизирајте го возилото за да го спречите да се движи ››› стр. **246**.

Мешање на сопирачките[2)]

Регулираната примена на сопирачките го спојува ефектот на сопирање на електричниот мотор при враќање на енергијата и механичкото сопирање од страна на возачот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Паметната технологија на системот за сопирање не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системите. Возењето со голема брзина на замрзнати, лизгави или несредени површини на коловозот може да предизвика губење на контролата над возилото и сериозни повреди на возачот и патниците.

- Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови. Никогаш не преземајте ризик што ја загрозува безбедноста.

[1)] Зависно од верзијата.

[2)] Важи за хибридни возила

- Системите за помош при сопирање не можат да спречат несреќа ако возите премногу блиску до други возила.
- Секогаш користете соодветни гуми. Стабилноста при возење зависи од држењето на гумите.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ефикасноста на **ESC** може значително да се намали ако компонентите или системите кои влијаат на динамиката на возење не се одржуваат правилно или не работат правилно. Ова особено може да се случи ако се направат промени во суспензијата или се користат неодобрени комбинации на бандажи/гуми.

- Осигурете се дека конверзијата и модификациите на возилата се направени само во специјализирани работилници.
- Секогаш користете соодветни гуми. Стабилноста при возење зависи од држењето на гумите.

⚠ ВНИМАНИЕ

Кога возите без серво на сопирачките или со ограничени серво функции на сопирачките, растојанието на сопирање може значително да се зголеми и може да предизвика несреќи и сериозни повреди.

- Ако сервото на сопирачката не работи, педалот за сопирање треба да се притисне посилно, бидејќи растојанието за сопирање се зголемува поради недостаток на помош од серво сопирачката.

Вклучување и исклучување на **ESC** и **TCS**



Сл. **126** На долниот дел од централната конзола: Копче за вклучување/исклучување на ESC

ESC се вклучува автоматски кога моторот ќе се стартува и работи само кога работи моторот и ги вклучува системите ABS, EDS и TCS.

Функцијата TCS треба да се исклучува само во ситуации во кои тракцијата е недоволна.

Во зависност од изведбата и верзиите, постои можност да се исклучи само TCS или да се активира ESC во режимот “Sport”.

Исклучување и вклучување на **TCS**

- TCS може да се вклучува и исклучува со кратко притискање на копчето на централната конзола ››› сл. **126**.
- ИЛИ: во инфо-забавниот систем притиснете го функциското копче **> Assistants > Smart Assistants** (> Системи за помош > Паметни системи за помош) ››› стр. **42**.

Кога TCS е исклучен, контролната сијаличка светнува на инструментната табла.

Исклучување и вклучување на **ESC** во режим **“Sport”**

- Во режимот Sport, ECS може да се исклучува и вклучува со кратко притискање на копчето на централната конзола ››› сл. **126**.
- ИЛИ: во инфо-забавниот систем притиснете го функциското копче **> Assistants > Smart Assistants** (> Системи за помош > Паметни системи за помош) ››› стр. **42**.

Ако режимот “Sport” е вклучен, интервенциите на ESC за стабилизирање на возилото и интервенциите на контролата на тракција (TCS) се ограничени. Во возилата со

погон на 4 тркала, TCS е целосно исклучен. Дополнително, контролната сијаличка светнува следната контролна сијаличка.

Исклучување и вклучување на **ESC**

- ECS може да се вклучува и исклучува со кратко притискање на копчето на централната конзола ››› сл. **126**.
- ИЛИ: во инфо-забавниот систем притиснете го функциското копче **> Assistants > Smart Assistants** (> Системи за помош > Паметни системи за помош) ››› стр. **42**.

Кога ECS е исклучен, предупредувачката контролна сијаличка светнува на инструментната табла.

ESC во режим **“Offroad”**

Изберете го профилот **Offroad** за да го вклучите ››› стр. **203**. Интервенциите на TCS, како и на EDS и ABS системот се прилагодуваат на неправилен терен.

Во следните исклучителни ситуации може да има смисла да се активира режимот Offroad за да се дозволи тркалата да се вртат:

- При нишање на возилото за да го извадите од кал/снег.
- Возење во длабок снег или на лабави површини.
- При возење на нерамна површина со едно или две тркала во воздух (артикулација на оската).
- Стрмни надолнини додека се сопира на неасфалтиран терен.

За ваша безбедност препорачуваме да го исклучите режимот Offroad кога тој не е апсолутно неопходен.

За да го исклучите режимот **Offroad**, изберете поинаков возен режим.

ВНИМАНИЕ

Режимот **ESC Sport** треба да се вклучи само ако тоа го дозволуваат сообраќајната ситуација и способноста на возачот. Опасност од лизгање!

- Со **ESC** во **Sport** режим, функцијата за стабилизирање ќе биде ограничена или целосно деактивирана (зависно од верзијата на моделот) за поспортско возење. Возилото може да се излизга.
- Ако **ESC** е деактивиран, функцијата за стабилизација на возилото не е достапна.

Предупредување

- Ако **TCS** или **ESC** е исклучен или е избран режимот **“Sport”**, темпоматот се исклучува.
- Во режимот **ESC OFF**, **ESC** привремено повторно ќе се активира за да му помогне на возачот за време на сопирањето и ќе се врати во пасивен режим кога ќе се ослободи педалот за сопирање (во зависност од верзијата на моделот).

Решавање проблеми

Електромеханичката серво сопирачката не работи

Престанете да возите

Предупредувачката сијаличка светнува црвено.

Се прикажува соодветна порака. Притиснете ја силно педалот за сопирање бидејќи растојанието за сопирање ќе се зголеми поради недостаток на помош за сопирање од серво сопирачката.

- Веднаш треба да побарате стручна помош.

Има дефект во електромеханичката серво сопирачка

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

Се прикажува порака за неколку секунди.

Притискањето на педалот за сопирање може да предизвика вибрации. Педалот за сопирање треба да се притисне посилно бидејќи растојанието на сопирање се зголемува поради намалената помош од серво сопирачката.

- Обратете се во специјализирана сервисна работилница.

ABS не работи правилно или не работи воопшто

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

- Обратете се во специјализирана сервисна работилница. Сопирачките на возилото работат и без ABS.

ESC или **TCS** регулира

Контролната сијаличка трепка жолто.

ESC во дефект

Контролната сијаличка се вклучува жолто. ESC е исклучен.

Постои грешка или дефект.

- Исклучете го палењето и повторно вклучете го.
- Доколку е возможно, извозете кратко растојание при 15-20 km/h (9-12 mph).
- Ако контролната сијаличка уште свети, посетете специјализирана сервисна работилница.

Системите за помош за сопирање прават звуци

Кога интервенира опишаниот систем за помош за сопирање, може да чуете звуци.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Кога палењето е вклучено, статусот на системот за сопирање и функциите за помош при сопирањето автоматски се проверуваат. Контролните сијалички на инструментната табла накратко светнуваат и потоа се гасат. Секоја контролна сијаличка што останува вклучена укажува на дефект. Веднаш побарајте квалификувана техничка помош.
- Ако предупредувачката сијаличка на системот за сопирање светне заедно со контролната сијаличка , функцијата на **ABS** за регулирање може да не работи и задните тркала може да се блокираат релативно брзо при сопирањето. Тоа може да доведе до загуба на контролата над возилото! Доколку е можно, намалете ја брзината и возете полека и внимателно до најблиската специјализирана сервисна работилница за да се провери системот за сопирање. За време на ова патување, избегнувајте силно сопирање и какви било ненадејни маневри.
- Ако контролната сијаличка не се изгасне, или светне додека возите, тоа значи дека **ABS** не работи правилно. Возилото може да се запре само со нормално сопирање (без **ABS**). Во овој случај, заштитната **ABS** функција нема да биде достапна. Посетете специјализирана сервисна работилница што е можно поскоро.

Системи за помош

Општи напомени

Совет за безбедност

⚠ ВНИМАНИЕ

- Одговорноста за возење е кај возачот во секое време. Системите за помош при возење не се замена за вниманието на возачот. Фокусирајте го целото ваше внимание на возењето и бидете подготвени да интервенирате во секое време.
- Користете ги системите за помош при возење само кога тоа го дозволуваат условите. Стилот на возење мора секогаш да одговара на временските услови, видливоста, условите на патот и сообраќајот.
- Со цел системите за помош при возење да реагираат правилно, сензорите и камерите мора да работат без ограничувања. Ве молиме прочитајте ги забелешките за сензорите и камерите во ова поглавје.

Предупредување

- Имајте ги предвид специфичните правила на секоја земја, особено кога станува збор за возење, формирање на коридор за итни случаи, растојание на сопирање, брзина, позиција на паркирање, позиција на трката итн. Возачот е единствено одговорен секогаш да се придржува кон специфичните прописи на секоја земја.
- Просторот пред и околу радарскиот сензор не треба да биде покриен со лепила, дополнителни фарови или слични предмети, бидејќи тоа може да има негативно влијание врз работата на системите за помош. Ако возилото не е правилно поправено или се направени структурни измени на него, работата на системите за помош може да биде засегната.
- Поправката и прилагодувањето на сензорите и камерите бара посебно знаење и алати. Затоа **CUPRA** препорачува да посетите специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било мрежен дилер на **SEAT**.

Системски граници


⚠ ВНИМАНИЕ

- Системите за помош при возење не можат да ги надминат законите на физиката. Во зависност од околностите, можеби нема да може да се избегне судир.
- Предупредувањата, известувањата и контролните сијалички може да не се прикажуваат навреме или да се прикажуваат погрешно, на пр. ако возилото се приближи премногу брзо.
- Корективните интервенции на системите за помош при возење (на пр. интервенции во управувањето или сопирачките) може да бидат недоволни или никогаш да не се случат, во зависност од околностите. Како возач, мора да бидете подготвени да дејствувате во секое време.

Предупредување

- Поради ограничувањата за откривање на системот во околината, системите може да не даваат предупредувања или да не интервенираат навреме, или може да го сторат тоа дури и ако не е посакувано. Дополнително, системите за помош може погрешно да интерпретираат маневар и, како резултат на тоа, да го предупредат возачот на неочекуван начин.
- Кога е избран режимот за влечење, некои системи за помош може да реагираат со ограничувања, на необичен начин или да не се достапни. Имајте на ум упатството во врска со режимот на влечење.

Копче за системите за помош



Сл. **127** Лева страна на повеќефункциски управувач: копче за системи за помош на возачот (во зависност од верзијата).


Копчето за системите за помош на возачот се наоѓа на повеќефункциски управувач. Тоа копче може да се користи за вклучување и исклучување на системите за помош на возачот во менито **Assistants** (системи за помош).

- Притиснете го копчето за да го отворите менито **Assistants** (системи за помош).
- Изберете го конкретниот систем за помош и исклучете го или вклучете го. Ознаката покажува дека системот за помош е вклучен.
- Следно, потврдете го изборот со притискање на копчето OK на повеќефункциски управувач.


Системите за помош може да се вклучат и исклучат во инфо-забавниот систем, во менито за поставувања на возилото ››› стр. **42**.

Сензори и камери на **Drive assist**

Преден радар



Сл. **128** На предниот браник: радарски сензори.



Сл. **129** Област на препознавање.

На предниот браник на возилото може да се постави радарски сензор ››› сл. **128**. Предниот радар ги препознава сите предмети во зоната за откривање ››› сл. **129** и обезбедува поддршка за следните функции:

- Front Assist ››› стр. **230**.
- Адаптивен темпомат (ACC) ››› стр. **222**.

Радарот може да има опсег до 120 m (400 ft) во зависност од патот и временските услови.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Видливоста на радарскиот сензор може да биде нарушена од нечистотија или влијанија од околината како дожд, магла, снег, кал, прашина, инсекти итн. Во овој случај, функциите **Front Assist** и **ACC** може да престанат да работат. На инструментната табла се прикажува следнава порака: **No**


sensor vision! (Нема видливост на сензорот!) И се палат предупредувачките сијалички за недостапен **Front Assist** или **ACC**.

- Исчистете ја областа на сензорот на браникот како што е наведено во ››› стр. **423**, *Чистење на надворешноста*. Кога радарскиот сензор повторно ќе почне правилно да препознава, пораката исчезнува од екранот и функциите повторно стануваат достапни.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Ако радарскиот сензор е валкан или лошо прилагоден, системот за предна помош може да дава непотребни предупредувања и несоодветно да ги притисне сопирачките.
- Работата на радарот може да биде под влијание на силни рефлексии на емитуваниот сигнал. Ова може да се случи, на пример, во затворен паркинг или поради присуство на метални предмети (на пр. заштитни шини или лимови што се користат при работи на патишта).
- Сензорот може да не се прилагоди правилно ако добие удар. Ова може да ја загрози ефикасноста на системот или да го исклучи. Ако имате чувство дека радарскиот сензор е оштетен или неправилно наместен, исклучете ги функциите **Front Assist** и **ACC** за да избегнете какво било оштетување. Ако се случи ова, однесете го на проверка.

Предна камера



Сл. **130** На ветробранското стакло: поле на видливост на камерата на системот Lane Assist.

Во зависност од опремата, возилото може да биде опремено со предна камера на предното ветробранско стакло. Оваа камера ги открива границите на коловозната лента (линии) за да обезбеди помош за следните функции:

- Lane Assist ››› стр. **234**.
- Travel Assist ››› стр. **236**.
- Emergency assist ››› стр. **241**.

ПРЕТПАЗЛИВО


За да избегнете влијание врз работата на системите, земете ги предвид следниве точки:

- Редовно чистете го видното поле на камерата и проверете дали е без снег и мраз.
- Не покривајте го видното поле на камерата.
- Проверете ветробранското стакло да не е оштетено во областа на видното поле на камерата.

Заден радар



Сл. **131** Заден приказ на возилото: области на радарскиот сензор.



Сл. **132** Зони на детекција на сензорот.

Радарските сензори се наоѓаат лево и десно од браникот и не се видливи однадвор ››› сл. **131**. Сензорите ја набљудуваат и слепата точка и сообраќајот зад возилото ››› сл. **132**.

Тие ги поддржуваат следните функции:

- Side Assist ››› стр. **243**.
- Rear Cross Traffic Alert ››› стр. **271**.
- Exit Warning ››› стр. **272**.

Автоматско деактивирање на поддржаните функции

Задните радарски сензори автоматски се деактивираат кога, меѓу другите причини, ќе се открие дека еден од сензорите е постојано покриен. Ова може да биде случај ако на пример има слој снег или мраз над еден од сензорите.

Соодветната текстуална порака ќе се појави на дисплејот на инструментната табла.

Контролни сијалички

Side Assist функцијата не е достапна

Rear Cross Traffic Alert функцијата не е достапна.

Exit Warning недостапен.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Радарските сензори на браникот може да се оштетат или поместат во случај на судир, на пример, кога влегувате или излегувате од место за паркирање. Ова може да резултира со исклучување на системот или најмалку со намалување на неговата функционалност.
- За да се осигурате дека радарските сензори работат правилно, задниот браник нека биде без снег и мраз и не покривајте го.
- Задниот браник треба да биде обоен само со боја одобрена од **CUPRA**. Функциите на предупредувањето за напуштање лента може да бидат ограничени или да работат неправилно ако се користат други бои.
- Видливоста на радарските сензори може меѓу другото да биде нарушена поради лисја, снег, густа магла или нечистотија. Исчистете ја областа пред сензорите.

- Никогаш не користете автоматско менување коловозна лента или предупредување за напречен сообраќај во задниот дел ако радарските сензори се валкани.
- На функционирањето на радарот исто така може да влијае ако предмети како што се држачи за велосипеди или држачи за багаж ја попречуваат видливоста на радарите.

Ултразвучни сензори

Браниците се опремени со ултразвучни сензори за извршување на следните функции:

- Систем за помош при паркирање ››› стр. **257**.
- Систем за помош при паркирање plus ››› стр. **252**.
- Систем за помош при паркирање наназад ››› стр. **256**.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Оштетувањето на решетката на ладилникот, браникот, лакот на тркалата и долниот дел на возилото може да ја измени ориентацијата на сензорите. Ова може да влијае на функцијата за помош при паркирање. Функцијата нека се провери во специјализирана сервисна работилница.
- Држачот за регистарска табличка или регистарска табличка со димензии што го надминуваат просторот за регистарската

табличка, или извиткана или деформирана регистарска табличка може да предизвика лажни препознавања или губење на видливост на сензорите.

Предупредување

- За да обезбедите добра работа, чувајте ги сензорите чисти, без снег или мраз и не покривајте ги со лепенки или други предмети.
- Ако користите опрема под висок притисок или со пареа за чистење, не ја нанесувајте директно осген ако не е многу кратко и секогаш од растојание поголемо од **10 cm**.
- Монтирањето одредени додатоци на предниот дел од возилото, како што е држачот за таблички со рекламирање, може да ја попречува работата на системот за помош при паркирање.

Систем за приказ на околината



Сл. **133** На рачката на задниот капак: локација на камерата на системот за заден приказ.

Во зависност од опремата на вашето возило, може да се вградат 1 или 4 камери кои обезбедуваат помош за следните функции:

- Камера со приказ одозгора ››› стр. **265**.
- Камера за заден приказ ››› стр. **262**.

ВНИМАНИЕ

Поставувањето рамка со регистарски таблички може да пречи на приказот прикажан на екранот, бидејќи може да го намали видното поле на камерата.

ПРЕТПАЗЛИВО

- За да обезбедите добра работа на системот, чувајте ги камерите чисти, без снег или мраз и не покривајте ги со лепенки или други предмети. Камерата може да се исчисти со работење на бришачот.
- Никогаш не користете абразивни производи за чистење на леќите на камерата.
- Не користете врела или топла вода за отстранување на мразот или снегот од објективот на камерата. Тоа може да ја оштети камерата.

Систем на темпомат

Вовед

Темпоматот (GRA) помага да се одржи константна брзината поставена од вас.

Опсег на брзина

Темпоматот е достапен при возење во степен за возење нанапред при брзина од над околу 20 km/h (15 mph).

Привремено исклучување на темпоматот

Зачуваната брзина може да се надмине во секое време, на пр. за претекнување. Темпоматот се суспендира за време на забрзувањето и потоа продолжува со зачуваната брзина.

Приказ на статус

Кога темпоматот е вклучен, дисплејот на инструментната табла ги прикажува зачуваната брзина и статусот на системот:

Светнува во сива боја.
Ограничувачот на брзината е вклучен, но регулирањето не е активно.

Светнува зелено.
Темпоматот е вклучен и регулирањето е активно.

Ако нема зачувана брзина, дисплејот на инструментната табла прикажува ––– наместо брзина.

Менување степени

Штом ќе се притисне педалот за куплунг, регулацијата се суспендира и продолжува откако ќе се смени брзината.

Возење по надолнини

Префрлете се во понизок степен пред да се спуштите по долга надолнина. Ова го користи моторното сопирање и ги растеретува сопирачките.


Возилото не може да ја одржи зачуваната брзина во сите возни ситуации. Секогаш бидете подготвени да ги активирате сопирачките на возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако е невозможно да се вози со доволно растојание потребно за сопирање и со постојана брзина, користењето на темпоматот може да предизвика незгоди и може да дојде до сериозни повреди.

- Не користете го **Travel Assist** кога видливоста е лоша, на стрмни патишта, на ветровити патишта или во лизгави околности (како снег, мраз, дожд или чакал) или на поплавени патишта.
- Користете го темпоматот само на асфалтирани патишта со цврста површина.
- Приспособувајте ја вашата брзина и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.
- По употреба, секогаш исклучувајте го ограничувачот на брзината за да спречите брзината да се регулира спротивно на вашите желби.
- Опасно е да се користи поставена брзина која е превисока за патот, сообраќајот или временските услови.

Ракување со темпоматот



Сл. **134** На повеќефункциското управувач: копчиња за ракување со темпоматот.

Активирање

- Притиснете го копчето .

Потоа изберете “**Cruise control**” (темпомат) од менито за системи за помош на возачот.

Регулирањето сè уште не е извршено.

Започнување на регулирањето

- Додека возите, притиснете го копчето **SET**.

Системот на темпоматот ја зачувува и ја регулира моменталната брзина.

Нагодување на брзината

Кога е поставен GRA, зачуваната брзина ќе се нагоди:

RES + 1 km/h (1 mph)

SET - 1 km/h (1 mph)

\+ + 10 km/h (5 mph)

– - 10 km/h (5 mph)

Прекин на приспособувањето

- Накратко притиснете го копчето или притиснете го педалот за сопирање.

Брзината се зачувува.

Повторно стартување на регулирањето на брзината

- Притиснете го копчето RES.

Темпоматот продолжува со зачуваната брзина и ја регулира.

Решавање проблеми

Дефект на темпоматот

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

Нарушена функција. Исклучете го системот на темпоматот и однесете го возилото во специјализирана сервисна работилница.

Прилагодувањето се прекинува неочекувано

- Ако педалот за куплунг се притиска долго време.
- Возилото долго време ја надминува зачуваната брзина.
- Не е избрана степен за возење нанапред.
- Систем за помош при сопирањето интервенирал, на пр. TCS или ESC.
- Front Assist го сопрел возилото.
- Доколку дефектот и понатаму постои, исклучете го системот за помош во итен случај и побарајте стручна сервисна работилница.

Ограничувач на брзина

Вовед

Ограничувачот на брзината му помага на возачот да не ја надмине поставената брзина.

Опсег на брзина

Ограничувачот на брзината помага да се спречи надминување на програмираната брзина почнувајќи од околу 30 km/h (20 mph).

Со бирање на ограничувачот на брзината

Ограничувањето на брзината може да се прекине во секое време со целосно притискање на педалот за гас преку точката на отпор. Штом се надмине зачуваната брзина, зелената контролна сијаличка трепка и може да се огласи звучен предупредувачки сигнал. Брзината се зачувува.

Ограничувачот повторно се активира автоматски откако брзината ќе се врати на помалку од поставената брзина.

Приказ на статус

Кога ограничувачот на брзината е вклучен, дисплејот на инструментната табла ги прикажува зачуваната брзина и статусот на системот:

LIM Светнува во сива боја
Ограничувачот на брзината е вклучен, но регулирањето не е активно.

LIM Светнува зелено
Ограничувачот на брзината е вклучен и активен.

Возење по надолнини

Префрлете се во понизок степен пред да се спуштите по долга надолнина. Ова го користи моторното сопирање и ги растеретува сопирачките.


Возилото не може да ја одржи зачуваната брзина во сите возни ситуации. Секогаш бидете подготвени да ги активирате сопирачките на возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

По употреба, секогаш исклучувајте го ограничувачот на брзината за да спречите брзината да се регулира спротивно на вашите желби.

- Ограничувачот на брзината не го ослободува возачот од одговорноста да вози со соодветна брзина. Не возете со голема брзина ако не е потребно.
- Користењето на ограничувачот на брзината при неповолни временски услови е опасно и може да предизвика сериозни незгоди, на пр. пролизгување на вода, снег, мраз, лисја, итн. Користете го ограничувачот на брзината само кога состојбата на патот и временските услови го дозволуваат тоа.

Ракување со ограничувачот на брзината



Сл. 135 На повеќефункцискиот управувач: копчиња за контрола на ограничувачот на брзина.

Активирање

- Притиснете го копчето .

Потоа изберете “Ограничувач на брзината” од менито за системи за помош на возачот.

Регулирањето сè уште не е извршено.

Започнете со регулирање

- Додека возите, притиснете го копчето **SET**.

Моменталната брзина се зачувува како гранична брзина.

Приспособување на брзината

Програмираната брзина може да се постави:

RES + 1 km/h (1 mph)
SET - 1 km/h (1 mph)
+ + 10 km/h (5 mph)
– - 10 km/h (5 mph)

Прекин на приспособувањето

- Притиснете го копчето .

Брзината се зачувува.

Повторно стартување на регулирањето на брзината

- Притиснете го копчето **RES**.

Ограничувачот повторно ќе се активира штом возилото се движи со брзина помала од зачуваната.

Решавање проблеми

LIM Ограничувачот на брзината не е достапен

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

- Неисправност Исклучете го ограничувачот на брзината и одете во специјализирана сервисна работилница.

Прилагодувањето се прекинува неочекувано

- Ја исклучивте електронската контрола за стабилизација (ESC).
- Сопирачките се прегреале. Почекајте сопирачките да се изладат и повторно проверете ја работата.
- Ако дефектот продолжи, консултирајте се со специјализирана сервисна работилница.

Од безбедносни причини, ограничувачот на брзина целосно се исклучува само кога возачот ќе престане да притиска на педалот за гас или рачно ќе го исклучи системот.

Ограничувач на брзина со проактивно прилагодување на брзината

Вовед

Ограничувачот на брзината со проактивно прилагодување на брзината автоматски ја прилагодува максималната брзина што сте ја зачувале на откриените ограничувања на брзината.

Ограничувачот на брзината со проактивно прилагодување на брзината е дополнителна функција на ограничувачот на брзината и го користи динамичниот приказ на сообраќајни знаци на инфо-забавниот систем и навигациските податоци.

Ограничувачот на брзина со проактивно прилагодување на брзината е достапен во зависност од опремата, но не во сите земји.

⚠ ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија на ограничувачот на брзината со проактивно прилагодување на брзината не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката и работи само во рамки на границите на системот. Никогаш не дозволувајте повисокиот степен на комфор што го нуди оваа функција да ве наведе да преземете ризик што ја загрозува безбедноста. Може да се случат сериозни незгоди и повреди ако ограничувачот на брзината со проактивно прилагодување на брзината се користи невнимателно или ненамерно. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Секогаш приспособувајте ја вашата брзина за да одговара на видливоста, времето, условите на патот и сообраќајот.
- Секогаш внимавајте на сообраќајот и секогаш имајте ја предвид околината на возилото.
- Секогаш бидете подготвени сами да ја приспособите брзината. Ако системот за препознавање сообраќајни знаци не работи правилно или податоците за навигација не се ажурираат, брзината може да се промени неочекувано и ненадејно или да не е соодветна за моменталната ситуација во сообраќајот.

Покрај тоа, брзината приспособена од системот може да не одговара на вашиот стил на возење.

- Секогаш бидете подготвени сами да ја приспособите брзината. Ако возите без активна водена рута, ако ја напуштите патеката пресметана од системот за навигација или ако позицијата на возилото не може правилно да се одреди бидејќи **GPS** не дава точни податоци, брзината може да се промени неочекувано и наеднаш или да не се приспособи на моменталната состојба во сообраќајот.
- Секогаш користете ажурирани податоци за навигација.
- Секогаш имајте ја предвид максималната дозволена брзина. Во случај на ограничувања на брзината кои не се вклучени во податоците за навигација, максималната дозволена брзина може да биде надмината.

Предупредување

Имајте ги предвид и информациите што се важни за безбедноста на ограничувачот на брзината ››› стр. 217.

Ограничувања на проактивно прилагодување на брзината

Покрај ограничувањата на системот за динамично препознавање сообраќајни знаци, ограничувачот на брзина со проактивно прилагодување на брзината ги има следните системски ограничувања:

- Ограничувачот на брзина со проактивно прилагодување на брзината препознава само сообраќајни знаци што покажуваат ограничување на брзината.
- Сообраќајни знаци кои индиректно покажуваат ограничување на брзината, на пр. знаците на влезот во градовите се препознаваат само врз основа на податоците за навигација.
- Ако се даде предупредување за ограничување на брзината врз основа на податоците за навигација, без тоа да биде откриено од динамичниот приказ на сообраќајни знаци, означената брзина ќе се прилагоди на најновата зачувана брзина.
- Ограничувачот на брзина со проактивно прилагодување на брзината не е достапен за регистрирани ограничувања на брзина помали од околу 30 km/h (околу 20 mph). Во овој случај, на дисплејот на инструментната табла се прикажува соодветна порака.

Активирајте го проактивното прилагодување на брзината

Ограничувачот на брзина со проактивно прилагодување на брзината може да се активира во менито за системи за помош во инфо-забавниот систем.

Возење со проактивно прилагодување на брзината

- Активирајте го проактивното прилагодување на брзината.
- Вклучете го ограничувачот на брзината и започнете ја контролата ››› стр. 217.
- Кога системот ќе препознае ново ограничување на брзината, се прикажува предупредување на инструментната табла. Оваа брзина ќе биде зачувана во ограничувачот на брзината.

Системот препозна ново ограничување на брзината и го користи за регулирање.

Прекинување на прилагодувањето на брзината

- Притиснете го копчето **RES** на повеќефункцискиот управувач или пуштете и притиснете го педалот за гас двапати. Последната зачувана брзина се продолжува.
- Притиснете го копчето **SET** на повеќефункцискиот управувач. Се презема актуелната брзина.
- Притиснете го копчето на повеќефункцискиот управувач. Системот се префрла во пасивна состојба.

Прилагодете ја прикажаната брзина со помош на копчињата на повеќефункционалниот управувач

RES + 1 km/h (1 mph)

SET - 1 km/h (1 mph)

\+ + 10 km/h (5 mph)

– - 10 km/h (5 mph)

Ако премногу ја прилагодите наведената брзина, проактивното прилагодување на брзината се прекинува.

Предупредување

- Кога ќе се препознае ограничување на брзината, проактивното прилагодување на брзината исто така ја прилагодува зачуваната брзина, дури и ако ограничувачот на брзината не е активен.
- Ако брзината на возење значително го надминува ограничувањето на брзината откриена од системот за откривање сообраќајни знаци, на дисплејот на инструментната табла се прикажува соодветно предупредување.

• Кога се спојувате на автопат или на двоен коловоз, препорачаната брзина автоматски се зачувува како саканата брзина.

Решавање проблеми

Се прикажува порака што покажува дека проактивното прилагодување на брзината моментално не е достапно или не е во вашата земја.

• Ако оваа порака се прикажува подолго време и е достапно проактивно прилагодување на брзината во вашата земја, контактирајте со специјализирана сервисна работилница.

Предупредување

Зависно од конкретната аномалија, може да е појават дополнителни информации во статус на возилото ››› стр. 41.

Eco Assistance



Сл. 136 Напомена на Eco Assist (шематски приказ).

Системот за помош при возење за еко-ефикасност ви помага да возите внимателно и со мала потрошувачка на енергија, следејќи ги упатствата поставени во дигиталниот кокпит, во зависност од ситуацијата.

Кога се приближувате до места како што се крстосница, кружен тек или дел од патот со ограничување на брзината, симболот се прикажува заедно со настанот на дигиталната инструментна табла ››› сл. 136.

Штом ќе ја следите напомената и ќе го тргнете стапалото од педалот за гас, возилото се прилагодува, врз основа на избраниот профил на возење и растојанието до настанот, враќањето на енергијата на сопирачките и брзината.

Eco Assist ги користи податоците за патувањето од инфо-забавниот систем и сензорите на некои системи за помош на возачот. Ако не е активно водење до дестинација, се користи најверојатната рута.

Со притискање на педалот за гас може да се откаже интервенцијата на системот за помош во секое време.

Eco Assist може да се активира и деактивира во инфо-забавниот систем, во поставувањата на системот за помош ››› стр. 42.

Eco Assist е привремено деактивиран ако:

• Рачката на менувачот е во позицијата **S**.

• Се користи **Performance** или возен профил на **CUPRA**.

• Се вози со адаптивен темпомат (ACC) или темпомат (GRA).

Кога овие услови повеќе не постојат, помошта повторно се активира ако е вклучена во поставувањата на системот за помош.

Eco Assist е достапен во зависност од опремата и не во сите земји.

⚠ ВНИМАНИЕ

Системот не го заменува вниманието на возачот.

• Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.

• Сообраќајните знаци на патиштата и сообраќајните прописи имаат приоритет пред забелешките за еко-возење.

Предупредување

• Изгледот на симболите може малку да се разликува во зависност од опремата и моделот. Ажурирањата на системот може да ги сменат или прошират симболите.

• Кога системот е активен, **Eco Assist** може исто така да ја зголеми рекуперацијата без да прикажува никакви индикации. Ова може да се случи во ситуации кога се отпушта педалот за гас кога возилото вози напред. Во овој случај, рекуперацијата на енергијата е приспособена да одговара на брзината на возилото пред вас без да се прикажуваат никакви напомени.

ACC - Адаптивен темпомат

Вовед

Адаптивниот темпомат (ACC) ја одржува константна брзината што возачот ја поставил. Кога се приближувате до друго возило напред, ACC го препознава и автоматски ја прилагодува брзината, одржувајќи го растојанието поставено од возачот.

Дали моето возило има **ACC**?

Вашето возило има ACC ако ги има функциските копчиња за ACC на повеќефункцискиот управувач ››› стр. 130, или ако има мени за конфигурација во инфо-забавниот систем.

Опсег на брзина

ACC регулира при брзини помеѓу 20 и 210 km/h (15 и 130 mph).

Ако е активиран електричниот режим кај хибридни возила, опсегот на брзината на ACC може да варира.

ACC може да го запре возилото ако возилото пред него застане.

Ако вашето возило е опремено со рачен менувач, треба да внимавате на менувањето на степените. ACC може да се исклучи ако бројот на вртежи на моторот стане превисок или низок.

Возење со **ACC**

Може да го премостите ACC во секое време. Сопирањето го прекинува ACC. Ако забрзате, регулирањето се прекинува за време на забрзувањето и потоа продолжува.

Напомена за интервенција на возачот

ACC подлежи на одредени ограничувања што се својствени за системот. Тоа значи дека возачот во одредени ситуации ќе мора да ја контролира брзината и растојанието од другите возила. Во таков случај, дисплејот на инструментната табла ќе ви каже да интервенирате преку употреба на сопирачката и ќе се огласи звучно предупредување.

Сензори на радар

ACC ја користи предната радарска технологија. Прочитајте ги упатствата за одржување и информациите за ограничувањата ››› стр. 211.

⚠ ВНИМАНИЕ

Технологијата на **ACC** не може да ги надмине ограничувањата својствени за системот или да ги промени законите на физиката. Ако се користи небрежно или ненамерно, може да предизвика сериозни незгоди и повреди. Системот не го заменува вниманието на возачот.

• Секогаш бидете подготвени да сопирате или да забрзувате.

• Ако го притиснете педалот за гас, **ACC** ќе престане да работи. Затоа, нема да сопира или да бара каква било интервенција со сопирање.


• Приспособувајте ги брзината и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.

- Не користете го **ACC** при слаба видливост или на патишта што се стрмни, со многу кривини или лизгави.
- Никогаш не користете го **ACC** при возење вон патот или на неасфалтирани патишта.
- Системот може да не реагира навреме на неподвижни препреки (како што е редица при застој во сообраќајот), особено при високи брзини. Реагирајте доволно брзо за да избегнете опасна ситуација.
- Системот може да не реагира на запрени возила во иста лента. Во овој случај, мора да реагирате доволно рано.
- Системот не реагира на луѓе, животни или возила кои преминуваат или се приближуваат во спротивна насока.
- Ако возите со вградено резервно тркало, системот **ACC** може автоматски да се исклучи. Исклучете го системот при стартување.
- Веднаш сопрете ако **ACC** не сопира доволно.
- Веднаш сопрете ако на дисплејот на инструментната табла ќе се прикаже инструкција за интервенција на возачот.
- Ако возилото ненамерно продолжи да се движи по барањето за интервенција на возачот, сопрете го возилото.
- Педалата за сопирање може да се движи надолу за време на сопирањето. Внимавајте да не ја ставите ногата под педалот.


Предупредување

Ако **ACC** не работи како што е опишано во ова поглавје, не користете го додека не се провери од специјализирана сервисна работилница. **CUPRA** препорачува да посетите специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било дилер на **SEAT**.

Ракување со ACC



Сл. **137** На екранот на инструментната табла: ACC а активен.



Сл. **138** На повеќефункцискиот управувач: копчиња за ракување со ACC.

››› сл. **137**

① Препознаено возило напред. Ќе светне доколку се нагоди растојанието до возилото.

② Избрано растојание.

Активирање

- Притиснете го копчето на повеќефункцискиот управувач ››› сл. **138**.
- Потоа изберете “**ACC (**адаптивен темпомат**)**” од менито за системи за помош на возачот.

ACC уште ништо не регулира (во мирување).

Започнете со регулирање

Активирањето на ACC исто така ги активира автоматски ESC и контролата на тракција (TCS).

• За да го започнете регулирањето, притиснете на копчето **SET** ››› сл. **138**.

ACC ја зачувува моменталната брзина и го одржува поставеното растојание. Ако моменталната брзина е вон опсегот на претпочитана брзина, ACC ја приспособува брзината до најблиското ограничување во опсегот.

Зависно од возната ситуација, се вклучуваат следните контролни сијалички:

Светнува зелено
ACC е активиран, нема препознаено возило напред.

Светнува зелено
ACC е активиран, препознаено е возило напред.

Кога ACC е во мирување, контролната сијаличка светнува во сива боја.

Програмирајте ја брзината

RES + 1 km/h (1 mph)
SET - 1 km/h (1 mph)
+ + 10 km/h (5 mph)
– - 10 km/h (5 mph)

Програмирајте го поставувањето на растојанието

Растојанието може да се постави на едно од пет нивоа, од многу кратко до многу долго:

• Притиснете го копчето и потоа **+** или копчето **–** ››› сл. **138**.

• Или, притиснете го копчето онолку пати колку што е потребно за да се постави саканото растојание.

Имајте ги предвид регулативите за минимално растојание за сопирање на секоја земја.

Паузирање на регулирањето (во мирување)

• Накратко притиснете го копчето ››› сл. **138** или притиснете го педалот за сопирање.

Контролната сијаличка за ACC е во сива боја; брзината и растојанието се зачувани.

Ако се исклучи ESC или TCS, ACC автоматски прекинува.

Повторно стартување на регулирањето на брзината

• Притиснете го копчето **RES**. ACC регулира со последното поставување за брзината и растојанието.

• ИЛИ: Притиснете го копчето **SET** за да ја регулирате актуелната брзина.

Надминување на брзината регулирана од **ACC**

Додека возите со вклучен ACC, возачот може да ја зголеми брзината со притиснување на педалот за гас. ACC регулирањето се паузира додека не го пуштите педалот за гас ››› ⓘ.

Поставете го стандардното поставување за растојание

На инфо-забавниот систем, може претходно да го изберете нивото на растојание кога го активирате ACC од:

• многу кратко, кратко, средно, долго и многу долго преку инфо-забавниот систем: > Системи за помош на возачот > Интелигентни системи за помош > **ACC** ››› стр. **42**.

Менување на возниот профил

Кај возила со возен профил, избраниот возен профил може да влијае на однесувањето на ACC при забрзувањето и сопирањето ››› стр. **201**.

Кај возила со возен профил **Drift**, ACC ќе се деактивира кога тој ќе се избере и регулирањето на ACC не може да се стартува додека не се избере друг профил.

Кај возила без возен профил, на однесувањето на ACC може да влијае и доколку на инфо-забавниот систем е избран кој било од следните возни профили во Системи за помош на возачот. Поставувањата на ACC ќе бидат исти како оние во возниот профил.

⚠ ВНИМАНИЕ


Пред да тргнете, проверете дали патот е чист. Радарот на сензорот можно е да не ги препознае препреките што се наоѓаат на патот. Тоа може да доведе до незгода и сериозна повреда. Притиснете на педалот за сопирање ако е потребно.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Ако ја зголемите брзината со педалот за гас, можно е **ACC** да не може безбедно да ја нагоди брзината или растојанието поради ограничувањата на системот.

- Бидете подготвени да реагирате доколку тоа го бара ситуацијата.

Посебни возни ситуации



Сл. **139** На екранот на инструментната табла: ACC е активен, препознато е возило лево.

Имајте ги предвид ограничувањата и предупредувањата опишани на почетокот на ова поглавје ››› стр. **222**, *Вовед*.

Избегнувајте претекнување десно[1)]

Ако на коловозната лента лево е препознаено возило што вози со брзина помала од онаа поставена од возачот, возилото ќе се запре во рамки на комфорните граници на системот за да се избегне претекнување на десната страна ››› сл. **139**.

Ова регулирање може да го откажете со менување на поставената брзина или со притиснување на педалот за гас.

Функцијата работи при брзини над 80 km/h (50 mph). Може да не е достапна во некои земји.

Претекнување

Ако трепкачот е вклучен за претекнување, ACC го намалува растојанието до возилото пред вас за да помогне во маневрот на претекнување. Нема да се надмине поставената регулирана брзина.

Функцијата работи при брзини над 80 km/h (50 mph). Може да не е достапна во некои земји.

Функција **Stop&Go**

ACC може да го запре возилото ако возилото пред него застане. *Возила со рачен менувач:* треба да го држите притиснат педалот за куплунг за да овозможите возилото да запре целосно.

ACC останува активен и пораката **ACC ready to start** (ACC е подготвен да стартува) се прикажува на инструментната табла неколку секунди. Може да го проширите или реактивирате ова предупредување со притискање на копчето **RES** или со фаќање на управувачот доколку вашето возило е опремено со Travel Assist. За тоа време, возилото ќе тргне доколку возилото пред вас се придвижи нанапред.

[1)] Или на левата страна, во земји каде што се вози на левата страна на патот.

За да тргнете кога повеќе не се прикажува пораката **ACC ready to start** (ACC е подготвен да стартува), штом возилото пред вас тргнало:

- Кратко притиснете го педалот за гас (и нежно кренете го педалот за куплунг кај возила со рачен менувач).
- ИЛИ: притиснете го копчето **RES** на повеќефункцискиот управувач.
- ИЛИ: повторно фатете го управувачот ако вашето возило има Travel Assist.

ACC не останува активен во следните случаи:

- Фазата на запирање трае неколку минути.
- Ако се отвори врата на возилото.
- Ако се исклучи палењето.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако пораката **ACC ready to start (ACC** е подготвен да стартува**)** се прикаже на дисплејот на инструментната табла и возилото напред тргне, вашето возило ќе тргне автоматски. Во таков случај, може да не се препознаат препреки на патот. Тоа може да предизвика сериозни незгоди и повреди.

- Секогаш проверувајте го патот пред да тргнете и самите користете ги сопирачките доколку е потребно.

Ограничувања на системот ACC


Ограничувањата на ACC системот значат дека тој не е соодветен во сите ситуации ››› ⚠ во *Вовед* на стр. **222**.

CUPRA не препорачува користење на функцијата во следниве случаи: ››› ⚠:

- Пороен дожд, снег или магла.
- Кога минувате низ тунели.
- На делови од патот каде има работа на пат.
- На рути со кривини, на пр. на планински патишта.
- На рути на отворен терен.
- На покриени паркинзи.
- На патишта со вградени метални предмети како што се шини за воз или трамвај.
- На патишта со чакал.

Обрнете посебно внимание кога користите ACC во следниве ситуации:


На кривини




Сл. **140** Возило на кривина.

ACC може да не го препознае возилото напред на кривина или може да го регулира растојанието од возила на други ленти ››› сл. **140**.

Возила надвор од областа на сензорите



Сл. **141** Мотоциклист напред, надвор од опсегот на радарскиот сензор.




Сл. **142** Возила што менуваат ленти.

Во следните ситуации, ACC може да не реагира или да реагира бавно или несоодветно:

- Возила кои не се поамнети додека возите или кои се надвор од областа за регистрирање на сензорот, како што се мотоцикли ››› сл. **141**.
- Возила што се движат во вашата лента, на мало растојание од вашето возило ››› сл. **142**.
- Возила со товар или додатоци кои излегуваат од страните, задниот дел или покривот.

Предмети што не се регистрираат



Сл. **143** Едно возило врти, а друго е во мирување.

Функцијата ACC регистрира и реагира само на возила што се движат во иста насока. Поради тоа, тој не може да регистрира:

- лица
- животни
- Возила кои возат во спротивна насока или го преминуваат патот.
- други препреки во мирување

ACC може да не реагира на возила во мирување. Ако, на пример, возило регистрирано од ACC сврти или се премести и има возило во мирување пред него, ACC нема да реагира на второто возило ››› сл. **143**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Користењето на **ACC** во горенаведените ситуации може да предизвика сериозни незгоди и повреди и може да го прекршите законот.

Решавање проблеми

ACC недостапен

Контролната сијаличка светнува жолто:

- Радарскиот сензор е валкан или не е правилно прилагоден. Имајте ги предвид предупредувањата опишани на почетокот на ова поглавје. ››› стр. **212**
- Постои грешка или дефект. Исклучете го палењето на возилото и вклучете го повторно по неколку минути.
- Ако проблемот продолжи, консултирајте се со специјализирана сервисна работилница.

ACC не работи како што очекувате

- Проверете дали се исполнети условите за радарскиот сензор да работи правилно ››› стр. **212**.
- Ако сопирачките се прегреат, регулирањето автоматски престанува. Почекајте да се изладат и повторно проверете ја работата.
- Невообичаените звуци за време на автоматското ACC сопирање се нормални и не укажуваат на никакви аномалии.

Следниве услови може да го наведат **ACC** да не реагира:

- Педалот за гас или за сопирање е притиснат.
- Не е поставена брзината или возилото е во брзина **R**.
- Возилото вози наназад.
- ESC работи.
- Возачот не го носи сигурносниот појас.
- RPM е премногу висок или премногу низок.
- Неисправно е стоп-светлото на возилото.
- Неисправно е стоп-светлото на приколката.
- Паркинг-сопирачката е активирана.
- Возење по прекумерна надолнина.

Предвидливо прилагодување на брзината

Вовед

Предвидливото прилагодување на брзината ја приспособува брзината на откриените ограничувања на брзината и на распоредот на патот (кривини, премини, кружни текови итн.).

Предвидливото прилагодување на брзината е дополнителна функција на ACC ››› стр. **222** и го користи системот за откривање сообраќајни сигнали и податоците за навигација на инфо-забавниот систем.

Достапно е предвидливо прилагодување на брзината во зависност од опремата, иако не во сите земји.

⚠ ВНИМАНИЕ

Паметната технологија на предвидливото приспособување на брзината не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Никогаш не дозволувајте зголемената удобност на оваа функција да ве поттикне да преземете ризик што ја загрозува безбедноста. Ако се користи небрежно или ненамерно, може да предизвика сериозни незгоди и повреди. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Секогаш приспособувајте ја вашата брзина за да одговара на видливоста, времето, условите на патот и сообраќајот.
- Секогаш внимавајте на сообраќајот и секогаш имајте ја предвид околината на возилото.
- Секогаш бидете подготвени сами да ја приспособите брзината! Ако системот за препознавање сообраќајни знаци не работи правилно или податоците за навигација не се ажурираат, брзината може да се промени неочекувано и ненадејно или да не е соодветна за моменталната ситуација во сообраќајот. Покрај тоа, брзината приспособена од системот може да не одговара на вашиот стил на возење.
- Секогаш бидете подготвени сами да ја приспособите брзината! Ако возите без активна водена рута, ако ја напуштите патеката пресметана од системот за навигација или ако позицијата на возилото не може правилно да се одреди бидејќи **GPS** не дава точни податоци, брзината може да се промени неочекувано и наеднаш или да не се приспособи на моменталната состојба во сообраќајот.
- Секогаш користете ажурирани податоци за навигација.
- Секогаш имајте ја предвид максималната дозволена брзина. Во случај на ограничувања на брзината кои не се вклучени во податоците за навигација, максималната дозволена брзина може да биде надмината.

ℹ Предупредување

Исто така, забележете ги и информациите поврзани со **ACC** релевантни за безбедноста ››› стр. **222**.

Ограничувања на предвидливото прилагодување на брзината

Покрај ограничувањата на системот за препознавање сообраќајни знаци и ограничувањата на ACC, предвидливото прилагодување на брзината ги има следните системски ограничувања:

- Предвидливото прилагодување на брзината ги препознава само сообраќајните сигнали што покажуваат ограничување на брзината. Предвидливото прилагодување на брзината не ги зема предвид, пред сè, правилата за предност на поминување или семафори.
- Сообраќајни знаци кои индиректно покажуваат ограничување на брзината, на пр. знаците на влезот во градовите се препознаваат само врз основа на податоците за навигација.
- На патишта кои ги нема во податоците за навигација или ги има со мала прецизност, предвидливото прилагодување на брзината не е достапно.
- Ако се забележи ограничување на брзината врз основа на податоците за навигација без тоа да биде откриено од системот за откривање сообраќајни сигнали, наведената брзина ќе се прилагоди на брзината што била зачувана последниотпат.
- Предвидливото прилагодување на брзината не е достапно за ограничувања на брзината под околу 20 km/h (околу 15 mph). Во овој случај, на дисплејот на инструментната табла се прикажува соодветна порака.

Активирање на предвидливото прилагодување на брзината

Во инфо-забавниот систем, во менито за помошни услуги, можете поединечно да го прилагодите типот на инцидентот на кој возилото треба да реагира ››› стр. 42:

- Одговор на распоредот на патот.
- Одговор со дозволени брзини.

Возење со предвидливо прилагодување на брзината

- Вклучете го ACC ››› стр. 223.
- Поставете ги растојанието и брзината.
- Активирајте го предвидливото прилагодување на брзината.

Штом системот препозна ограничување на брзината или релевантен тек на патот за време на рутата, ќе се појави предупредување на дисплејот на инструментната табла. Ова предупредување ќе ја покаже причината и брзината на која возилото ќе се прилагоди поради споменатото ограничување.

Нагодување поради ограничување на брзината

Регулирање поради текот на патот.

Во случај на прилагодување поради ограничување на брзината, откриената брзина ќе се зачува како нова сакана брзина. Во случај на прилагодување поради текот на патот, возилото повторно ќе забрза откако ќе помине причината за прилагодувањето и брзината ќе се прилагоди на онаа што е зачувана.

Брзините наведени за кривини зависат од возниот профил››› стр. 201.

Прекинување на прилагодувањето на брзината

- За време на предупредувањето, притиснете го копчето **RES**.
- За време на регулирањето, притиснете го копчето **SET**.

Прилагодете ја најавената брзина

Најавената брзина може да се прилагоди само во случај на прилагодување поради ограничување на брзината.

Повеќефункциски управувач:

RES + 1 km/h (1 mph)

SET - 1 km/h (1 mph)

+ + 10 km/h (5 mph)

– - 10 km/h (5 mph)

Ако премногу ја прилагодите наведената брзина, предвидливото прилагодување на брзината се прекинува.

Предупредување

- Кога ќе се препознае ограничување на брзината, предвидливото прилагодување на брзината исто така ја прилагодува зачуваната брзина дури и ако **ACC** е исклучен. Сепак, нема да прилагоди.
- Ако брзината на возење значително го надминува ограничувањето на брзината откриена од системот за откривање сообраќајни знаци, на дисплејот на инструментната табла се прикажува соодветно предупредување.
- Во случај да се приклучите на автопат без ограничување на брзината, препорачаната брзина автоматски се зачувува како сакана брзина. Ако претходно била зачувана поголема брзина за автопат без ограничување на брзината, таа се користи наместо препорачаната брзина.

Решавање проблеми

Се прикажува порака што покажува дека предвидливото прилагодување на брзината моментално не е достапно или не е во вашата земја.

- Ако оваа порака се прикажува подолго време и е достапно предвидливо прилагодување на брзината во вашата земја, контактирајте со специјализирана сервисна работилница.

Предупредување

Зависно од конкретната аномалија, може да е појават дополнителни информации во **Vehicle status (**статус на возилото**)** ››› стр. **41**.

Систем за помош при вонредно сопирање **(Front Assist)**

Вовед

Целта на системот е да спречи директни судири со предмети што може да се најдат на патот на возилото или да ги минимизира последиците од таквите удари.

Функцијата е дизајнирана да избегне судири со:

- Паркирани возила.
- Возила, пешаци и велосипедисти кои се движат по иста лента и правец.
- Пешаци и велосипедисти кои попречно ја минуваат патеката на движење на возилото.

Front Assist ги препознава споменатите предмети преку камера на врвот на ветробранското стакло и радарски сензор на предниот дел на возилото ››› стр. **212**.

Во зависност од неколку фактори и од тоа колку е критична ситуацијата, системот работи во нивоа.

Прво го информира возачот и доколку нема или има недоволна реакција, активира автономно вонредно сопирање или маневар за избегнување како што е предизвикано од условите за кои ќе се дискутира во следните точки.

Системот може да се прекине ако се притисне педалот за гас или ако управувачот цврсто се заврти.

Во зависност од опремата и земјата, Front Assist ги вклучува и следните функции:

- Заштита на пешаци ››› стр. **232**
- Заштита на велосипедисти ››› стр. **232**
- Систем за помош при избегнување ››› стр. **232**
- Систем за помош за вртење ››› стр. **232**

⚠ ВНИМАНИЕ

- **Front Assist** е функција за помош при возењето и не може никогаш да го замени вниманието на возачот.
- **Front Assist** не може да ги менува законите на физиката или да го замени возачот во смисла на одржувањето контрола на возилото и реагирање на можна итна ситуација.
- По предупредување за итен случај од **Front Assist**, обрнете внимание на ситуацијата и обидете се да избегнете судир каде што е тоа соодветно.

Нивоа на предупредување и систем за помош за сопирање

Front Assist е активен од 5 km/h (3 mph). Во зависност од различните услови (брзина на возилото, брзина и тип на препознатиот предмет итн.), некои од фазите опишани подолу се испуштени за да се оптимизираат перформансите на системот.

Предупредување за безбедно растојание

Ако системот открие дека возите премногу блиску до возилото пред вас, ќе го предупреди возачот со оваа напомена на дисплејот на инструментната табла.

Времето на предупредувањето варира во зависност од однесувањето на возачот, брзината на возилото и релативната брзина помеѓу двете.

Предупредувањето за растојанието е активно од околу 65 km/h (40 mph).

Првично предупредување

Ако системот открие можен судир со возилото пред вас, го предупредува возачот со звучно предупредување и напомена на дисплејот на инструментната табла.

Моментот на предупредување варира во зависност од сообраќајната ситуација и однесувањето на возачот. Во исто време, возилото ќе се подготви за евентуално итно сопирање ››› ⚠ во *Воведна* стр. **231**.

Кога Front Assist е вклучен, напомените на другите функции на екранот може да се скриени.

Критично предупредување

Ако возачот не реагира на првичното предупредување, системот може активно да интервенира во сопирачките и да создаде кратко сецкање за да го предупреди возачот за непосредната опасност од судир.

Автоматско сопирање

Ако возачот не реагира на критичното предупредување, системот може да иницира независно вонредно сопирање со прогресивно зголемување на сопирањето согласно критичноста на ситуацијата.

Систем за помош на возачот за вонредно сопирање

Ако возачот, по критичното предупредување, почне да сопира, но системот открие дека сопирачката не се активира со доволно сила, интензитетот на сопирање ќе се зголеми. Помошта при сопирање се врши само ако педалот е силно притиснат.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Системот не може да спречи судир, иако може значително да ги минимизира последиците со намалување на брзината и силата на ударот.
- Ако **Front Assist** предизвика сопирање, педалот за сопирање е “потврд”.
- Автоматските интервенции од **Front Assist** на сопирачките може да се прекинат со притиснување на педалот за забрзување или со вртење на управувачот.
- **Front Assist** може да сопира до целосно запирање на возилото. Но, системот за сопирање не го задржува возилото постојано. Употребете ја ножната сопирачка!

Препознавање пешаци и велосипедисти

Системот препознава пешаци и велосипедисти кои патуваат во иста лента и правец и пешаци и велосипедисти кои попречно ја минуваат патеката на возилото.

Технологијата за препознавање пешаци и велосипедисти не може да ги надмине физички пропишаните граници и работи исклучиво во границите на системот. Одговорноста за сопирање секогаш зависи од возачот.

Препознавањето пешаци и велосипедисти може да предизвика несакани предупредувања и интервенции при сопирање, на пр. со скриен радарски сензор или валкано видно поле на камерата.

Бидете подготвени да ја преземете контролата врз возилото во секое време.

Опсегот на работна брзина со препознавање пешаци и велосипедисти е помал од оној на Front Assist.

Систем за помош при избегнување

Системот за помош при избегнување му помага на возачот да избегне пречка во критични услови.

Откако Front Assist ќе активира критично предупредување, ако возачот има намера да го избегне предметот, помоштa за избегнување ќе помогне да се поправи траекторијата. Возачот мора да го започне и заврши маневарот, бидејќи ова е систем за помош, а не автономен.

Системот е активен помеѓе околу 30 km/h (20 mph) и 150 km/h (90 mph).

Ограничувања

Овој систем не реагира на предмети кои се преминуваат попречно или на животни. Треба да се земат предвид и основните ограничувања на Front Assist ››› стр. 232.

Систем за помош при исклучување

Системот за помош при исклучување може да избегне судир со возило што се приближува во спротивна насока, со сопирање на самото возило кога има намера да сврти.

Системот е активен до **20 km/h** (12 mph).

Ограничувања

Функцијата за помош при исклучување е достапна ако сте ја навеле намерата да вртите со активирање на трепкачот за вртење, сте го завртеле управувачот и патеката за вртење започнала.

Реагира само на возила кои се наоѓаат на патеката на возилото (не на животни, луѓе итн.).

Мора да се земат предвид и основните ограничувања на Front Assist››› стр. 232.

Ограничувања на системот

Front Assist има одредени ограничувања карактеристични за системот. Така, во одредени околности, некои од реакциите може да бидат несоодветни од гледна точка на возачот. Затоа внимавајте за да интервенирате доколку е потребно.

Следниве услови може да предизвикаат **Front Assist** да не реагира или да го направи тоа премногу доцна:

(Front Assist се активира) Напомената ќе се прикаже на дисплејот на инструментната табла во првите неколку моменти од возењето по вклучувањето на палењето, поради иницијалната автоматска калибрација на системот.

Непрепознаени предмети

- Возила кои возат вон досегот на сензорите на блиска оддалеченост од вашето возило.
- Возила кои ненадејно се префрлаат во лентата по која се движи вашето возило.
- Пешаци кои не може да се препознаат бидејќи се делумно или целосно скриени.
- Предмети како што се ѕидови, столбови, огради, дрвја или гаражни врати.

- Товари и додатоци на други возила што штрчат од страните, наназад или над горниот дел.
- Во случај на пешаци или велосипедисти кои стојат или се приближуваат во спротивна насока.
- Други возила што ја преминуваат патеката на возилото.

Оперативни ограничувања

Во следните ситуации, Front Assist може да работи задоцнето или на непожелен начин.

- Ако Front Assist или предната камера се оневозможени или скршени.
- Ако радарскиот сензор или предната камера се валкани или покриени.
- При вртење на тесни свиоци или сложени патеки.
- При цврсто притискање на педалот за гас или со полн гас.
- Ако ESC се прилагодува или е расипан.
- Ако се оштетени неколку стоп-светла на возилото или електрично поврзаната приколка.
- Ако возилото вози наназад.
- Во случај на снег или силен дожд.
- Во случај на блескаво сонце или целосна темнина.
- Влезови и излези од тунели.
- Во сложени ситуации на возење (како што се сообраќајни острови, пресечени кружни текови итн.), Front Assist може да издава предупредувања и да интервенира во сопирањето на непотребен начин.

За повеќе детали, видете го делот ››› стр. **211**.

Рачно активирање и деактивирање на функцијата

Индикаторите на Front Assist се појавуваат на дисплејот на инструментната табла.

Front Assist е активен кога секогаш кога е вклучено палењето. Во моментот на стартување на палењето, Front Assist може да не биде достапен за краток временски период додека системот се вклучува. За време на оваа фаза, на дисплејот на инструментната табла ќе се прикаже следната напомена .

Ако Front Assist се оневозможи, се оневозможуваат и функциите за првично предупредување и предупредување за растојанието.

CUPRA препорачува да го оставите Front Assist активиран освен во ситуациите опишани во делот стр. **234,** *Привремено деактивирање на **Front Assist***.

Вклучување и исклучување на **Front Assist**

Додека палењето е вклучено, Front Assist може да се деактивира или активира на следниот начин:

- Преку инфо-забавниот систем: притиснете го функциското копче > **Driver assist** > **Smart Assistants** > **Front Assist** (> Помош на возачот > Smart системи за помош > Front Assist) ››› стр. **42**.
- ИЛИ: Изберете ја соодветната опција од менито преку копчето за системите за помош ››› стр. **212**.

(Front Assist е деактивиран**)** Напомената ќе се прикаже на инструментната табла кога Front Assist е деактивиран.

Секојпат кога ќе се вклучи палењето, Front Assist ќе се прикаже како активен.

Вклучување и исклучување на предупредувањето за растојание

Предупредувањето за растојание може да се активира или деактивира во инфо-забавниот систем преку функциското копче > **Driver assist** > **Smart Assistants** > **Front Assist** (> Системи за помош > Smart системи за помош > Front Assist) ››› стр. **42**.

Секојпат кога ќе се вклучи палењето, предупредувањето за растојанието ќе се прикаже како активно.

CUPRA препорачува да се активира предупредувањето за безбедно растојание освен во исклучоците опишани во делот стр. **234,** *Привремено деактивирање на **Front Assist***.

Активирајте или деактивирајте го системот за помош за избегнување и вртење

Системите за помош за избегнување и вртење може да се активираат или деактивираат во инфо-забавниот систем преку функциското копче > **Driver assist > Smart Assistants > Front Assist** (> Системи за помош > Smart системи за помош > Front Assist) ››› стр. **42**.

Кога и да се вклучи палењето, системот за помош за избегнување и вртење ќе се прикаже како активен.

CUPRA препорачува системите за помош за избегнување и вртење да бидат активирани освен во исклучителни случаи опишани во делот стр. **234**, *Привремено деактивирање на **Front Assist*** .

Привремено деактивирање на **Front Assist**

Во следните ситуации, Front Assist треба да се деактивира поради ограничувањата на системот:

- Кога возилото треба да се влече.
- Ако возилото се тестира.
- Ако има дефект на радарскиот сензор или на предната камера.
- Ако радарскиот сензор или предната камера претрпеле силен удар.
- Ако повеќепати интервенира без потреба.
- Ако радарскиот сензор или предната камера се привремено покриени со додаток.
- Ако возилото ќе се товари заради транспорт.
- Ако ветробранското стакло е оштетено во делот што го покрива видното поле на предната камера.

Lane Assist систем

Вовед

Lane Assist му помага на возачот да остане во неговата лента во рамките на физичките граници на системот. Оваа функција не е соодветна и не е дизајнирана да го држи возилото автоматски во лентата.

Користејќи ја камерата сместена на ветробранското стакло, системот Lane Assist ги препознава границите на лентата што ги делат лентите во кои се движи возилото. Ако возилото се приближи премногу до препознаените граници на лентата, системот го предупредува возачот преку корективно движење на управувачот. Возачот може да го откаже корективното дејство на управувачот во секое време.

Не се дава предупредување со активирани трепкачи, имајќи предвид дека системот Lane Assist разбира дека е потребна промена на лентата.

Граници на системот

Користете го Lane Assist системот само на широки, добро одржувани автопати.

Системот не е достапен во следниве услови:

- Дозволената брзина на возење е под околу 60 km/h (35 mph).
- Системот не препознал ниту една лента.
- На десни кривини.
- Привремено во ситуации со многу спортско возење.
- Ако возачот цврсто ја прекине системската интервенција.
- Ако се премине ознака на лента и покрај интервенцијата на системот.
- Доколку возачот не реагира на барањето да интервенира.

⚠ ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија во системот **Lane Assist** не може да ги промени границите наметнати од физиката и од самата природа на системот. Невнимателно или неконтролирано користење на системот **Lane Assist** може да предизвика незгоди и повреди. Системот не е замена за вниманието на возачот или маневрите при возење.

- Секогаш приспособувајте ја вашата брзина и растојание на возилата пред вас според видливоста, временските услови, состојбата на патот и ситуацијата во сообраќајот.
- Секогаш држете ги рацете на управувачот за тој да може да се заврти во секое време. Одговорноста за остануање во лента секогаш ја има возачот.

- **Lane Assist** системот не ги препознава сите ознаки на патот. Површините на патиштата, градежните активности на патот или објектите што се во лоша состојба може под одредени околности погрешно да се препознаат како ознаки на патот од **Lane Assist**. Веднаш спротивставете се на секоја несакана интервенција на системот.

- Внимавајте на напомените на инструментната табла и постапете како што е потребно доколку ситуацијата во сообраќајот тоа го дозволува.

- Во следните ситуации може да има несакани интервенции на системот или можеби системот воопшто да не интервенира. Во овие ситуации, потребно е посебно внимание од возачот и доколку е соодветно привремено исклучување на системот за предупредување на **Lane Assist**:

  – Во ситуации со многу спортско возење.

  – При неповолни временски услови и патишта во лоша состојба.


  – При минување низ области на кои се изведуваат работи.

  – Пред постепени промени на накосеноста на патот и речни корита.

- Секогаш внимателно набљудувајте ја околината на возилото и возете проактивно.

- Кога видното поле на камерата е валкано, покриено или оштетено, тоа може да влијае на функцијата на системот **Lane Assist**.

Возење со системот **Lane Assist**



Сл. **144** На екранот на инструментната табла: индикации за системот за помош при возење по лента.

① Жолта линија: Системот интервенира помагајќи на претставената страна.

② Бела линија: Линијата на лентата се регистрира. Системот е подготвен да интервенира на прикажаната страна. Кога линијата е сива, линијата на лентата се открива, но системот е во пасивна состојба или не е достапен за интервенција.

Во зависност од опремата, дополнителни детали за линијата за означување на лентата што моментално ја регистрира камерата, на пр. испрекинати ознаки на патот, може да се прикажат и на екранот на инструментната табла.

Контролни сијалички

Светнува сиво
Системот за предупредување за напуштање лента се префрлува на пасивен и не е достапен за водење.

Светнува зелено
Системот Lane е активен и достапен.

Светнува жолто
Системот Lane Assist интервенира со исправување на управувачот.

Вклучување или исклучување на системот **Lane Assist**

Во некои земји, системот Lane Assist секогаш се активира кога палењето е вклучено. Статусот на врската се прикажува во менито Возило на инфо-забавниот систем. Во ова мени може да се изврши и активирање и деактивирање.

Системот Lane Assist е дизајниран да интервенира активно од приближно 65 km/h (40 mph) и ако ги препознае границите на коловозната лента (статус на системот: активен).

Кога ќе се вклучи трепкач, системот привремено се префрла во пасивна состојба во наведената насока и е достапен за работа во спротивната насока.

Енергетската ротација или исправување на управувачот од страна на возачот предизвикува системот привремено да се префрли во пасивна состојба.

Кога Lane Assist е исклучен, жолтата предупредувачка сијаличка за исклучување светнува во инструментната табла (во зависност од земјата).

Предупредување

Ако дефектот на системот продолжи, **Lane Assist** може автоматски да се исклучи.

Барање за интервенција на возачот

Ако управувањето не се коригира рачно, системот го поттикнува возачот преку напомена на дисплејот на инструментната табла и акустични предупредувања.

Ако не се добие реакција од возачот, системот се префрла во пасивна состојба.

Зависно од опремата, Emergency Assist се активира.

Без оглед на маневрите со управувањето, преку индикација на дисплејот на инструментната табла и акустични предупредувања, од возачот исто така се бара да вози по центарот на лентата доколку корекцијата на управувањето трае подолго од вообичаено.

Вибрација на управувачот

Следниве ситуации може да резултираат со вибрации на управувачот:

- Лентата престанува да се препознава при ненадејна интервенција во насока на системот.

Исто така, можно е да изберете вибрации на управувачот во менито Возило на инфо-забавниот систем. Во овој случај, кога возилото со вклучен Lane Assist ќе премине преку откриена ознака на лента, управувачот ќе вибрира.

Решавање проблеми

Систем за помош за предупредување при напуштање лента не е достапен

Контролната сијаличка се вклучува жолто. Релевантно предупредување се прикажува и на екранот на инструментната табла.

- Видното поле на камерата е извалкано. Исчистете го ветробранското стакло ››› стр. 421.
- Видливоста на камерата е намалена поради додатоци или лепила.
- Постои грешка или дефект. Исклучете го моторот и повторно вклучете го.

Системот се однесува поинаку од очекуваното

- Камерата е изменета или оштетена, на пр. поради оштетување предизвикано на ветробранското стакло. Проверете дали има видливи оштетувања.
- Не монтирајте предмети на управувачот.

Ако проблемот продолжи, консултирајте се со специјализирана сервисна работилница.

Предупредување

Откако ќе го вклучите палењето, може да поминат неколку секунди пред да се открие дефект во системот.

Предупредување

Ако **Lane assist** не е достапен, **Emergency Assist** и **Travel Assist** исто така не се достапни.

Систем за помош при возење (Travel Assist)

Вовед

Travel Assist ги комбинира адаптивниот темпомат (ACC) и адаптивната функција за водење во лента. Во рамките на ограничувањата на системот, возилото може да одржува растојание од возилото напред кое е претходно избрано од возачот и да остане во претпочитаната позиција во лентата.

Travel Assist ги користи истите сензори како адаптивниот темпомат (ACC) и Lane Assist. Поради тоа, внимателно прочитајте ги информациите за ACC ››› стр. 222 и Lane Assist ››› стр. 234 и земете ги предвид ограничувањата на системите и напомените дадени во информациите.

Како да знаете дали возилото е опремено со **Travel Assist**

Возилото е опремено со Travel Assist ако опцијата Travel Assist се појавува на менито на инструментната табла кога ќе се притисне копчето на повеќефункцискиот управувач.

Опсег на брзина


Travel Assist регулира при брзини помеѓу 20 и 210 km/h (15 и 130 mph).

Возење со **Travel Assist**

Travel Assist автоматски ги контролира педалот за гас, сопирачките и управувањето. Покрај тоа, Travel Assist може, во рамките на своите ограничувања, да го успори возилото додека не застане зад друго што застанува и автоматски повторно стартува.

Може да го премостите помогнатото нагодување во секое време.

Приказ на статус



Сл. **145** На дисплејот на инструментната табла: приказ на активното регулирање (шематски приказ).

① Бојата на ознаките на лентата го покажува статусот на функцијата адаптивно водење во лента.

- *Зелено:* активна функција на адаптивно водење во лента.
- *Сиво:* пасивна функција на адаптивно водење во лента.

② Поставено растојание.

Во зависност од опремата, дополнителни детали, на пр. испрекинати ознаки на патиштата и возила напред, може да се прикажат и на дисплејот на инструментната табла.

Контролни сијалички го покажуваат статусот на системот на дисплејот на инструментната табла:

Зелена контролна сијаличка: Travel Assist е активен, адаптивниот темпомат и функцијата на адаптивно водење во лента се активни.

Делумна зелена сијаличка: Travel Assist е активен, адаптивниот темпомат е активен, а функцијата на адаптивно водење во лента е пасивно.

Сива сијаличка: Travel Assist е деактивиран, не регулира.

Барање за интервенција на возачот

Ако ги тргнете рацете од управувачот, по неколку секунди системот бара да го преземете управувањето со назнака на дисплејот на инструментната табла и звучни предупредувања.

Ако не реагирате, Travel Assist се деактивира.


Зависно од опремата, системот за помош во итен случај се активира наместо него.

⚠ ВНИМАНИЕ

Паметната технологија на **Travel Assist** не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Ако **Travel Assist** се користи небрежно или ненамерно, може да предизвика сериозни незгоди и повреди. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Имајте ги на ум системските ограничувања и напомени во врска со контролата на адаптивниот темпомат **(ACC)** и **Lane Assist**.
- Приспособувајте ја вашата брзина и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.
- Не користете го **Travel Assist** ако видливоста е слаба, на стрмни патишта, на ветровити патишта или на лизгав пат **(**на пр ., снег, мраз, дожд или лизгава подлога**)**, или на поплавени патишта.
- Не користете го **Travel Assist** вон патот или на патишта каде што подлогата не е цврста. **Travel Assist** е дизајниран само за употреба на асфалтирани патишта.
- **Travel Assist** не реагира на луѓе или животни или возила кои ви ја преминуваат патеката на движење или кои директно ви приоѓаат во истата лента.
- Веднаш сопрете ако **Travel Assist** не сопира доволно.
- Веднаш сопирајте кога ќе ви биде наложено да го сторите тоа на дисплејот на инструментната табла или ако **Travel Assist** не ја намалува брзината доволно.
- Сопирајте кога возилото продолжува да се движи напред без да сакате по напомена за сопирање.
- Ако е можно, не носете ракавици додека возите. Системот може да го протолкува ова како немање активност на возење.
- Доколку се бара интервенција на возачот на дисплејот на инструментната табла, веднаш преземете ја контролата над возилото.
- Држете ги рацете постојано на управувачот за да се осигурите дека имате контрола над управувачот во секое време. Возачот е секогаш одговорен за задржувањето на возилото на сопствената лента.
- Секогаш бидете подготвени сами да ја приспособите брзината.

Ракување со **Travel Assist**



Сл. **146** Лева страна на повеќефункцискиот управувач

Вклучување и започнување на регулирањето

Функцијата на Travel Assist може да се најде во менито заедно со функциите ACC и ограничувачот на брзината.

1. Додека возите со активиран ACC, притиснете на повеќефункцискиот управувач за да ја изберете функцијата Travel Assist.

   Возилото се префрлува од ACC на Travel Assist.

Во зависност од возната ситуација, возилото се префрла на следните системски статуси во Travel Assist:

- Кога ACC регулира, Travel Assist ја одржува моменталната брзина и претходно поставеното растојание до возилото пред вас.

Кога ќе се детектираат ознаки на лентата, возилото исто така се задржува во лентата со движења на управувачот.

- Ако ACC не регулира, Travel Assist останува избран, но во пасивен (нерегулиран) статус.

1. Притиснете го копчето **SET**.

   Travel Assist се префрла на статусот на активниот систем, во зависност од возната ситуација.

Контролната сијаличка за возната ситуација свети на дисплејот на инструментната табла. Исто така се прикажува порака.

Прекин на приспособувањето

1. Кратко притиснете на копчето .

   ИЛИ: притиснете го педалот за сопирање.

   Поставеното растојание останува зачувано.

Префрлување кон **ACC** или ограничувач на брзина

1. Притиснете го копчето на повеќефункцискиот управувач.

   Возилото се префрла од статусот на системот Travel Assist кон ACC или ограничувачот на брзина согласно возната ситуација.

Вршење други приспособувања

Сите други аспекти на Travel Assist се контролираат како ACC.

Користење на системот за помош за менување коловозна лента

Системот за помош за менување коловозна лента го користи истиот сензор како и Side Assist. Поради тоа, внимателно прочитајте ги информациите за Side Assist ››› стр. **243** и почитувајте ги ограничувањата на системот и напомените што тој ги прикажува.

Активирањето на трепкачот на автопат, под услов да се исполнети предусловите и да не се откриени возила во близина, обезбедува помош кога возилото се менува коловозна лента.


Предуслови

Системот за помош за менување коловозна лента е достапен, во зависност од опремата на возилото, само кога возите напред по автопати со повеќе ленти вклучени во податоците за навигација на инфо-забавниот систем и кога возите побрзо од 90 km/h.

Travel Assist исто мора да биде активиран.

Режимот на комфорни трепкачи мора прво да се активира во менито за поставувања на возилото во инфо-забавниот систем ››› стр. **141**.

Приказ на статус



Сл. **147** На екранот на инструментната табла: приказ на системот за помош за менување коловозна лента (шематски приказ).

① Истакната соседна коловозна лента: менувањето коловозна лента е можно на конкретната страна.

② Стрелките во сопствената лента на возилото покажуваат дека функцијата за помогнатото менување лента е вклучена.

- *Сива стрелка:* не е можно менување коловозна лента кон конкретната страна на лентата.
- *Бела стрелка:* можно е менување коловозна лента кон конкретната страна на лентата.

③ Зелена патека на лентата за претекнување: промената на лентата е во тек.

Активирање и деактивирање на системот за помош за менување коловозна лента

Може да го активирате и деактивирате системот за помош за менување коловозна лента на инфо-забавниот систем.

1. Пристапете до менито за системите за помош.
2. Изберете Travel Assist.
3. Активирајте го или деактивирајте го системот за помош за менување коловозна лента како потфункција на Travel Assist.

Предупредување

Ако се појави дефект во системот, системот за помош за менување коловозна лента може автоматски да се исклучи или да биде прекинат за време на промената на лентата.

Активирање на системот за помош при менување коловозна лента за време на возењето

Откако ќе се исполнат предусловите и ќе се постави програмираната брзина со копчето **SET**:

1. Притиснете го уште еднаш копчето **SET**.

   Со тоа се активира lane assist. Стрелките на вашата коловозна лента на дисплејот на инструментната табла се сиви ››› сл. **147** ②

Менување коловозни ленти

Ако системот не препознае објекти во опсегот на сензорскиот систем и е можно помогнато менување коловозна лента во соседна лента, соодветната коловозна лента се прикажува на дисплејот на инструментната табла до вашата коловозна лента. Стрелката на соодветната страна на коловозната лента се прикажува во бела боја ››› сл. **147** ②.

1. Кога трепкачот ќе се активира на саканата страна, возилото ја менува лентата. Исто така се прикажува порака.

Кога се менува лентата, возилото автоматски го активира трепкачот на соодветната страна. Откако ќе заврши промената на лентата, трепкачот автоматски се исклучува.

ВНИМАНИЕ

Сензорскиот систем не може со сигурност да ги открие сите објекти во околината и работи исклучиво во границите на системот. Ако го користите системот за помошт при менување коловозна лента неодговорно, може да дојде до незгоди и сериозни повреди. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Пред да ја смените лентата, проверете дали е безбедно да го сторите тоа. Особено објектите кои брзо се приближуваат може да не се откријат навреме.
- Држете ги рацете постојано на управувачот и бидете подготвени да ја контролирате сопствената брзина и насока на движење.

Исклучување на системот за помош за менување коловозна лента

- Се исклучува ако управувачот нагло се сврти.
- ИЛИ: со притиснување на копчето .
- ИЛИ: со притискање на педалот за сопирање.

Системот за помош при менување коловозна лента е деактивиран.

Решавање проблеми

Travel Assist не е достапен или не работи како што треба

Контролната сијаличка се вклучува жолто. Релевантно предупредување се прикажува и на екранот на инструментната табла.

- Има дефект на сензорите. Проверете ги причините и решенијата опишани во информациите за ACC ››› стр. **227** или Lane Assist ››› стр. **236**.
- Постои грешка или дефект. Исклучете го моторот и повторно вклучете го.
- Надминати се границите на системот.
- Ако проблемот продолжи, советувајте се со специјализирана сервисна работилница. CUPRA препорачува да посетите специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Фатете го управувачот

Предупредувачката сијаличка свети бело, а на екранот на инструментната табла се прикажува порака.

- Го пуштивте управувачот неколку секунди. Фатете го управувачот и преземете ја контролата над возилото.

Фатете го управувачот

Предупредувачката сијаличка свети црвено, а на дисплејот на инструментната табла се прикажува порака. Во зависност од ситуацијата, се огласува звучно предупредување или вибрира управувачот.

- Долго време сте го пуштиле управувачот или сте ги достигнале ограничувањата на системот. Веднаш фатете го управувачот и преземете ја контролата над возилото.

Travel Assist автоматски се исклучува

- *Возила без систем за помош во итен случај:*

Го пуштивте управувачот подолг период.

- Постои грешка или дефект. Исклучете го моторот и повторно вклучете го.
- Ако проблемот продолжи, советувајте се со специјализирана сервисна работилница. CUPRA препорачува да посетите специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Прилагодувањето се прекинува неочекувано

- *Возила без предупредување за напуштање коловозна лента:*

Сте вклучиле трепкач.

Системот за помош за менување коловозна лента е прекинат или не е достапен

Порака за тоа се прикажува на дисплејот на инструментната табла.

- Возилото престанало да ги препознава ознаките на лентата.
- Мора да го пуштите управувачот
- Применувате премногу сила на управувачот.
- Премногу пати сте го вклучиле трепкачот или рачката на трепкачите е заглавена.
- Брзината на возење е помала од околу 85 km/h.
- Возилото препознало предмети во близина кои спречуваат помогнато менување лента.
- Не сте на автопат со повеќе ленти.

Систем за помош во итен случај

Како функционира

Emergency Assist може да открие дали возачот е неактивен и може автоматски да го задржи автомобилот во коловозната лента и целосно да го запре доколку е потребно. На овој начин системот може активно да помогне да се избегне незгода или да се намалат нејзините последици.

Emergency Assist ги користи истите сензори како адаптивниот темпомат (ACC) и Lane Assist Поради тоа, внимателно прочитајте ги информациите за ACC ››› стр. 222 и Lane Assist ››› стр. 234 и земете ги предвид ограничувањата на системите и напомените дадени во информациите.

Барање за брза интервенција на возачот

Ако системот за помош во итен случај открие дека возачот не е активен, од него се бара да ја преземе контролата над возилото со звучни предупредувања и со кратко активирање на сопирачката. Дополнително, се прикажува предупредување на екранот на инструментната табла и јачината на звукот на инфо-забавниот систем се намалува.

Во зависност од опремата, безбедносниот појас на возачот истовремено се затегнува.

Интервенција на системот

Ако возачот не реагира, системот може да го сопре возилото и да го задржи во неговата коловозна лента. На инструментната табла светнува следната контролна сијаличка:

SOS Системот регулира, водењето по лента е активирано.

Системот регулира, пасивно водење по лента.

Можете да го откажете прилагодувањето во секое време со движење на управувачот, прекумерно забрзување или сопирање.

Додека работи системот за помош за итен случај, другите учесници во сообраќајот се предупредуваат на следниов начин:

- Наскоро потоа се вклучуваат трепкачите за предупредување.
- Се огласува свирка (зависно од брзината).

Штом запре возилото, се случува следното:

- Се активираат електронската паркинг сопирачка и позицијата на менувачот **P**.
- Сите врати се отклучуваат.
- Осветлувањето во просторот за патници се вклучува.
- Зависно од карактеристиките, се воспоставува итен повик (eCall).

Воспоставување и прекинување врска

Emergency Assist е секогаш достапен откако ќе се вклучи палењето и се активира доколку се исполнети следниве услови:

- Travel Assist или Lane Assist) е вклучен.
- Системот регистрирал најмалку едно ограничување на лента лево или десно од возилото.

Предупредување

Ако има дефект на системот за помош во итен случај, може автоматски да се исклучи.

Предупредување

Ако **Lane Assist** е недостапен, **Emergency Assist** е исто така недостапен.

ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија вградена во системот за помош во итен случај не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Возачот е одговорен за управувањето со возилото.

- Приспособувајте ја вашата брзина и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.
- Системот за помош во итен случај не може секогаш самиот да избегне незгоди или сериозни повреди.
- Ако радарскиот сензор или камерата се покриени или се изменети или оштетени, системот може да интервенира со сопирачките или со насоката на несоодветен начин.
- Системот за помош во итен случај не реагира на луѓе или животни или возила кои ви ја преминуваат патеката на движење или кои директно ви приоѓаат во истата лента.

ВНИМАНИЕ

Ако системот за помош во итен случај интервенира несоодветно, може да дојде до сериозни незгоди и повреди.

- Ако возилото се однесува поинаку од очекуваното, прекинете ја интервенцијата на системот за помош во итен случај со прекумерно забрзување, сопирање или поместување на управувачот.
- Не користете ги **Travel Assist** или **Lane Assist**. Системот нека се провери во специјализирана сервисна работилница.

Решавање проблеми

Системот за помош во итен случај е недостапен

Контролната сијаличка се вклучува жолто. Релевантно предупредување се прикажува и на екранот на инструментната табла.

- Постои грешка или дефект. Исклучете го погонскиот систем и повторно вклучете го.
- Доколку проблемот и понатаму постои, исклучете го системот за помош во итен случај и посетете стручна сервисна работилница.

Копчињата се однесуваат поинаку од очекуваното

Влагата, нечистотијата и маснотиите може да ја ограничат работата на копчињата.

- Проверете дали копчињата се секогаш чисти и суви.

Предупредување за напуштање на коловозната лента (Side Assist)

Вовед

Предупредувањето за напуштање лента користи радарски сензори за следење на областите зад возилото ››› стр. 6. Системот го прави ова со мерење на растојанието од возилото до другите возила и разликата во брзината. Предупредувањето за напуштање лента нема да работи при брзини помали од околу 15 km/h (9 mph).

Ширината на лентата не се утврдува поединечно, туку е претходно конфигурирана во системот. Така, ако возите по широки ленти или помеѓу две ленти, напомените може да бидат неточни. Освен тоа, системот може да препознае возила кои возат во лентата до вас (ако ги има), а може да препознае и неподвижни предмети како што се разделувачи и со тоа да даде неточна напомена.

Режим со приколка

Side assist е автоматски деактивиран и не може да се вклучи ако фабрички монтираната шипка за влечење е електрично поврзана со приколка или сличен уред.

Штом возачот ќе почне да вози со електрично поврзана приколка на возилото, на дисплејот на инструментната табла се прикажува порака што покажува дека side assist е исклучен. Откако ќе се откачи приколката на возилото, side assist ќе се врати во почетната состојба пред моментот кога приколката електрично била поврзана.

Ако шипката за влечење не е фабрички монтирана, side assist треба да се исклучи рачно кога возите со приколка.

Физички ограничувања својствени на системот

Во некои ситуации, предупредувањето за напуштање лента може да не ја толкува правилно сообраќајната ситуација. Т.е. во следните ситуации:

- на десни кривини;
- ако лентите се со различна ширина;
- на места каде има значителни варијации во накосеноста;
- при лоши временски услови;
- во случај на специјални конструкции на страната на возилото, на пр., високи или неправилни прегради.

⚠ ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија на **Side Assist** не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Може да се случат незгоди и тешки повреди ако **Side Assist** се користи небрежно или ненамерно. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Приспособувајте ги брзината и безбедното растојание до возилото пред вас во секое време за да одговараат на видливоста, времето, условите на патот и условите во сообраќајот.
- Држете ги рацете постојано на управувачот за да бидете подготвени да интервенирате во управувањето во секое време.
- Обрнете внимание на контролните сијалички што може да светнат на надворешните ретровизори и на инструментната табла и следете ги сите инструкции што можеби се дадени.
- Предупредувањето за напуштање лента може да реагира на какви било посебни конструкции што би можеле да бидат присутни на страните на возилото, на пр. високи или неправилни разделувачи. Ова може да предизвика погрешни предупредувања.
- Никогаш не користете го предупредувањето за напуштање лента на неасфалтирани патишта. Предупредувањето за напуштање лента е дизајнирано за употреба на асфалтирани патишта.

- Секогаш обрнувајте внимание на околината на возилото.
- Контролните сијалички на предупредувањето за напуштање лента може да имаат ограничена функционалност поради сончевото зрачење.


Предупредување

Ако **Side Assist** не работи како што е опишано во ова поглавје, не користете го и стапете во контакт со специјализирана сервисна работилница.

Возење со **Side Assist**



Сл. **148** Контролна сијаличка на предупредувањето за напуштање на коловозната лента.



Сл. **149** Контролна сијаличка на предупредувањето за напуштање на коловозната лента.

Вклучување и исклучување

Side Assist може да се вклучи и исклучи преку пристап до менито Системи за помош во инфо-забавниот систем.

Покрај тоа, може да се вклучи и исклучи преку пристап до менито Системи за помош на инструментната табла.

Кога предупредувањето за напуштање на коловозната лента е подготвено да работи, напомените во контролните сијалички ќе се вклучат накратко како потврда.

Кога возилото повторно ќе стартува, последното прилагодување во системот ќе остане активно.

Светечка напомена

Контролната сијаличка дава напомена на соодветната страна за состојбата во сообраќајот зад возилото, доколку се смета дека е критична. Контролната сијаличка на левата страна дава напомена за состојбата во сообраќајот лево зад возилото, а контролната сијаличка на десната страна дава напомена за состојбата во сообраќајот десно зад возилото.

Зоната на предупредувачките сијалички на предупредувањето за напуштање коловозна лента нека биде без предмети, лепенки или слично што може да ја попречат вашата видливост.

Светнува

Се вклучува еднаш накратко: предупредувањето за напуштање на коловозната лента е активирано и подготвено за работа, т.е. при активирање на системот.

Непрекинато свети: предупредувањето за напуштање на коловозната лента препознало возило во мртвиот агол.

Трепка

Препознаено е возило на соседната лента и трепкачот е вклучен во насока на препознаеното возило.

Трепка

За возила што се опремени со Lane Assist ››› стр. 234, ќе се појави предупредување за менување коловозна лента иако не е вклучен трепкач (Lane Assist “Plus”).

Контролните сијалички светнуваат кога палењето ќе се вклучи и треба да се исклучат по приближно 2 секунди. Ова е времето потребно за проверка на функцијата.

Ако нема напомени од контролната сијаличка на предупредувањето за напуштање на коловозната лента, тоа значи дека предупредувањето за напуштање на коловозната лента не открило други возила на задниот дел.

Кога надворешното осветлување е слабо, интензитетот со кој светат контролните сијалички се намалува. Корисникот може да го промени интензитетот на контролните сијалички до 5 нивоа во менито на инфо-забавниот систем.


Lane assist Plus.

Функцијата Lane Assist Plus може да се користи со активирање на **Lane Assist** ››› стр. 234 и **Side Assist** функциите. Во овој случај неговите функции се прошируваат како што е опишано подолу.


Ако возачот иницира маневар за промена на коловозна лента во потенцијално критична ситуација:

- Сијаличката трепка во соодветниот ретровизор иако трепкачот не е вклучен.
- Управувачот вибрира за да го предупреди возачот за ризикот од судир.
- вртежен момент се применува за да се коригира управувањето и да се врати возилото на коловозната лента.

Возни ситуации



Сл. 150 Претекнување со сообраќај зад возилото.



Сл. 151 Претекнување во средишната лента и потоа влегување во десната лента.

Во следните ситуации, напомена се прикажува преку контролната сијаличка ››› сл. 148 , ››› сл. 149 (стрелка):

- Кога ве претекнува друго возило ››› сл. 150.
- При претекнување друго возило ››› сл. 151 со разлика во брзината од околу 10 km/h (6 mph). Ако возилото минува со значително поголема брзина, нема да се прикаже никаква напомена.

Колку побрзо возилото се приближува, толку побрзо ќе се прикаже напомена на контролната сијаличка бидејќи предупредувањето за напуштање на коловозната лента ја зема предвид разликата во брзината со другите возила. Така, иако растојанието од другото возило е идентично, во некои случаи напомената ќе се појави порано, а во други подоцна.

Паркирање и маневрирање

Паркирајте го возилото

Паркирање

При паркирање на вашето возило, треба да се почитуваат сите законски барања.

1. Вклучете ја електронската паркинг-сопирачка ››› стр. 247.
2. *Автоматски менувач:* вклучете ја блокадата за паркирање со притискање на копчето **P**.
3. Запрете го моторот и исклучете го палењето. Свртете го управувачот малку за да ја блокирате бравата на управувачот.
4. *Рачен менувач:* поставете прва брзина на рамна површина и на падини, или дури и степен за возење наназад на нагорнини и отпуштете го педалот на куплунгот.
5. На падини, свртете го управувачот така што ако паркираното возило почне да се движи, да се насочи кон работ.
6. Излезете од возилото ››› ⚠. Внимавајте на другите учесници во сообраќајот!
7. Земете ги со себе сите клучеви од возилото и заклучете го.

За да избегнете оштетување или опасни ситуации, секогаш паркирајте го возилото на соодветна површина за паркирање ››› ⓘ.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако возилото е неправилно паркирано, може да се преврти, дури и на благи падини. Тоа може да предизвика незгоди и сериозни повреди.

- Кога паркирате, секогаш извршувајте ги операциите според предвидениот редослед.
- Пред да го напуштите возилото, проверете дали е вклучена електронската паркинг-сопирачка.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако децата, лицата на кои можеби им треба помош или животни се оставени без надзор во возилото, може да се случат несреќи и сериозни повреди.

- Никогаш не оставајте деца, луѓе на кои можеби им треба помош или животни без надзор во возилото. Тие би можеле да ракуваат со менувачот и да ја отпуштат електронската рачна сопирачка. Возилото може да се стави во движење.
- Никогаш не оставајте деца, луѓе на кои можеби им треба помош или животни во возилото. Во зависност од сезоната, во затворено возило може да се постигнат многу високи или ниски температури.
- Секогаш носете ги сите клучеви за возилото со вас кога истото го напуштате.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Присуството на неправилности на земја, песок или кал може да предизвика оштетување на возилото и да значи дека не може да се паркира правилно.

- Секогаш паркирајте го возилото на цврста и рамна подлога.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Компонентите на долната страна на возилото, како што се браниците, спојлерите и компонентите на опремата за возење, може да се оштетат кога се прегазуваат предмети што штрчат од земјата.

- Возете внимателно кога влегувате во згради, на рампи, кога возите преку рабници или фиксирани ознаки и при спуштање.

ПРЕТПАЗЛИВО

Избегнувајте паркирање на возилото каде што топлиот издувен систем може да запали запаливи материјали, како што се сува трева, ниски грмушки, истурено гориво или запаливи материјали.

Електронска паркинг-сопирачка

Користење на електронската паркинг-сопирачка



Сл. **152** Централна конзола, долен дел: копче за електронска паркинг-сопирачка.

Активирање

Електронската паркинг-сопирачка може да се активира секогаш кога возилото е во мирување, дури и кога палењето е исклучено. Активирајте ја секогаш кога го напуштате или паркирате возилото.

- Повлечете го и задржете го копчето Ⓟ ››› сл. **152**.

Паркирнг-сопирачка е вклучена кога ќе светнат црвената контролна сијаличка Ⓟ на инструментната табла и контролна сијаличка на копчето.

- Пуштете го копчето.

Исклучување

- Вклучете го палењето.
- Притиснете го копчето Ⓟ ››› сл. **152**. Во исто време, стапнете силно на педалот за сопирање или, ако моторот работи, малку притиснете го педалот за гас.
- Контролната сијаличка на копчето и црвената Ⓟ контролна сијаличка на инструментната табла се гаснат.

Автоматско исклучување при поаѓање

Електронската паркинг-сопирачка автоматски се исклучува кога се поаѓа во која било од следниве ситуации, ако вратата на возачот е затворена и сигурносниот појас на возачот е врзан:

- *Возила со автоматски менувач:* поставен е или променет степен и педалот за гас се притиска нежно.

Возила со рачен менувач: педалот на куплунгот се притиска целосно пред поаѓањето, а педалот за гас се притиска нежно.

- За да се олеснат одредени маневри, постојат исклучоци кои овозможуваат паркинг-сопирачката да се исклучи автоматски без ставање на сигурносниот појас на возачот.

Може да се спречи автоматско исклучување на паркинг-сопирачката со постојано влечење нагоре на прекинувачот Ⓟ при поаѓањето.

Електронската паркинг-сопирачка не е исклучена додека не се пушти копчето Ⓟ. Ова може да го олесни стартувањето кога се влече тежок товар ››› стр. **338**.

Автоматска примена при неправилно напуштање на возилото

Во возилата со автоматски менувач, електронската паркинг-сопирачка автоматски се активира при неправилно излегување од возилото ако:

- Рачката на менувачот е во која било позиција (вклучително **N**) или е во режим tiptronic.
- И: кога возилото мирува.
- И: возачката врата е отворена.

Заштита од ненамерно движење

Ако не сакате електронската паркинг-сопирачка да се активира автоматски, на пр. во автоперална или ако сакате да го туркате или влечете возилото, може да се одржи способноста на возилото да се тркала.

Деактивирајте:

Со возилото во мирување, притиснете го педалот за сопирање и изберете ја позицијата **N** на менувачот.

- Потврдете ја пораката **Deactivate rolling protection** (Деактивирајте заштита при тркалање) во инфо-забавниот систем.
- ИЛИ: отворете ги поставките за возилото во инфо-забавниот систем > **Vehicle > Brakes > Deactivate the "*Roll-away protection function*"** (> Возило > Сопирачки > Деактивирај ја функцијата за заштита од тркалање).

Активирајте:

- Притиснете го копчето Ⓟ ››› сл. **152**. Се активира електронската паркинг сопирачка.
- ИЛИ: исклучете го палењето со притискање на копчето за палење/стартување.

Автоматско вклучување кога палењето е исклучено

Оваа функција може да се деактивира преку инфо-забавниот систем. Во возилата со рачен менувач, електронската паркинг-сопирачка се активира автоматски кога палењето е исклучено.

Функција на сопирање во итен случај

Користете ја функцијата на сопирачката за итни случаи само во итен случај, ако возилото не може да се запре со притискање на педалот за сопирање ››› ⚠!

- Повлечете го и задржете го копчето Ⓟ. Возилото нагло ќе сопре. Во исто време, може да се слушне звучно предупредување.
- За да го запрете процесот на сопирање, пуштете го копчето или притиснете го педалот за гас.

Ако е избран режимот **ESC Sport** или **ESC OFF**, ESC повторно ќе се активира за да му помогне на возачот при сопирањето. Во зависност од верзијата на моделот, ESC или ќе се врати во претходната исклучена состојба или ќе остане вклучен.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако возилото е оставено неправилно, може да се придвижи. Ова може да доведе до незгоди, сериозни повреди и материјална штета.

- Кога го паркирате возилото, секогаш вршете ги соодветните дејствија по наведениот редослед ››› стр. **246**, *Паркирање*.
- Пред да го напуштите возилото, проверете дали е вклучена електронската паркинг-сопирачка и дали контролната сијаличка Ⓟ до менувачот е црвена на инструментната табла.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилната употреба на електронската паркинг-сопирачка може да предизвика незгоди и сериозни повреди.

- Никогаш не користете ја електронската паркинг-сопирачка за да го запрете возилото, освен ако тоа не е итен случај. Растојанието на сопирање е значително подолго. Секогаш користете го педалот за сопирање.
- Никогаш не забрзувајте од моторот кога е вклучен опсег на брзини или степен и моторот работи. Возилото може да се почне да се движи, дури и ако е активирана електронската паркинг-сопирачка.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

За да спречите ненамерно движење на возилото при паркирање, прво вклучете ја електронската паркинг-сопирачка, а потоа тргнете ја нога од педалот за сопирање.

Решавање проблеми

Постои дефект на електронската паркинг-сопирачка

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

Посетете дилер на CUPRA или друга специјализирана сервисна работилница.

Електронската паркинг-сопирачка не се ослободува.


12-волтната батерија на возилото е испразнета.

- Користете ја помошта за стартување ››› стр. **362**.

Електронската паркинг-сопирачка испушта звуци

- Кога ќе се активира и отпушта електронската паркинг-сопирачка, може да се слушнат звуци.
- Системот врши автоматски и звучни проверки спорадично во паркираното возило доколку помине некое време без да се користи електронската паркинг-сопирачка.

Auto Hold функција



Сл. **153** Во долниот дел од централната конзола: Копче за Auto Hold функција.

Auto Hold функцијата го држи возилото во мирување и го спречува да се движи без да е потребно да се држи притиснат педалот за сопирање.

AUTO HOLD Кога Auto Hold функцијата е вклучена, сијаличката на инструментната табла свети зелено.

AUTO HOLD Кога Auto Hold функцијата е активна, контролната сијаличка на инструментната табла свети зелено.

Контролната сијаличка на копчето ››› сл. **153** останува вклучена кога е поврзана Auto Hold функцијата.

Барања

- Возачката врата е затворена.
- Сигурносниот појас на возачот е врзан.
- Моторот работи.

Вклучување и исклучување

Притиснете го копчето Auto Hold ››› ⚠. Контролната сијаличка на копчето се вклучува кога е вклучена Auto-Hold функцијата. Функцијата сега е достапна за активирање. Контролната сијаличка на копчето се исклучува кога е исклучена Auto Hold функцијата.

Автоматско вклучување и исклучување

Ако Auto Hold функцијата била вклучена со копчето Auto Hold пред да го исклучите палењето, функцијата ќе остане вклучена кога повторно ќе се вклучите палењето.

Ако Auto Hold функцијата не била вклучена, таа ќе остане исклучена следниот пат кога ќе се вклучи палењето.

Auto Hold функцијата автоматски се исклучува доколку се исполнети следниве услови:

1. Доколку некое од барањата на функцијата повеќе не се исполнува.
2. Ако моторот работи неправилно или има некаква аномалија.
3. Ако моторот престане да работи.

4. *Автоматски менувач:* Ако некоја од гумите има само минимален контакт со подлогата, на пр. ако оските се вкрстени.

Активирање и деактивирање

Auto Hold функцијата се активира автоматски ако се исполнети следните услови (сите точки мора да се исполнат истовремено):

1. Функцијата е вклучена
2. Возилото се доведува до целосно мирување со педалот за сопирање на рамна површина или на наклон.
3. Моторот се ротира “правилно”.

Auto Hold функцијата автоматски се деактивира доколку се исполнети следниве услови:

1. Возилото повторно се придвижува:

   Автоматски менувач: со притискање на педалот за гас.

   Рачен менувач: со тргање на стапалото од педалот за куплунг и со притискање на педалот за гас (доколку е поставен степен).
2. Функцијата се исклучува со дејствата видени во претходните делови.

⚠ ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија на **Auto-Hold** не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката и работи само во границите на системот. Никогаш не дозволувајте зголемената удобност на **Auto Hold** функцијата да ве поттикне да преземете ризик што ја загрозува безбедноста.

- Никогаш не оставајте го возилото да работи со вклучена **Auto Hold** функција.
- **Auto Hold** функцијата не може секогаш да го држи возилото запрено на нагорнини, или доволно да го сопира на надолнина, на пр. на лизгави или замрзнати површини.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Секогаш исклучувајте ја **Auto Hold** функцијата задржување пред да влезете во сервисот за автоматско перење автомобили. Ако не го сторите тоа, може да предизвикате оштетување поради автоматското активирање на рачната сопирачка.

ⓘ Предупредување

Откако ќе ја поврзете **12**-волтната батерија, возете на кратко растојание за да ја ресетирате **Auto Hold** функцијата да работи правилно.

Општи информации за системите за паркирање

Автоматско сопирање

Карактеристиката за автоматско сопирање на системот за паркирање се користи за да се намали опасноста од судир кога ќе се открие пречка за време на маневар за паркирање.

Функции за сопирање

Во зависност од опремата, достапни се следниве системи:

- Функција за маневарско сопирање на системот за помош при паркирање plus ››› стр. **252**.
- Функција за итно сопирање при предупредување за вкрстен сообраќај ››› стр. **271**.
- Функција за итно сопирање на системот за помогнато паркирање ››› стр. **257**.
- Функција за маневарско сопирање на системот за помош при возење со приколка ››› стр. **269**

Сијалички на инфо-забавниот систем

Бела сијаличка: системот е активиран, системот сопира кога ќе открие пречка на патот.

Сијаличка во боја: системот е деактивиран, системот не сопира кога ќе открие пречка, иако сензорите сè уште ја регистрираат.

Барања

- Кога маневрирате, возилото се движи помеѓу 3 km/h и 8 km/h
- Вклучен е систем за паркирање.

Сопирачките не се активираат автоматски кога помошта за паркирање се вклучува автоматски додека се движите напред.

Што се случува во случај на автоматско сопирање?

Ако има пречка, системот го сопира возилото до мирување и го држи во мирување околу 2 секунди. Притиснете ја сопирачката!

Активирање

- Автоматското сопирање се активира кога возачот ќе го вклучи системот за паркирање.

Деактивирање

- Функцијата за автоматско работење на сопирачките се деактивира кога системот за помош при паркирање е исклучен.
- ИЛИ: за привремено деактивирање на функцијата за маневарско сопирање, притиснете го ✪ функциското копче на екранот на системот за помош при паркирање и променете го поставувањето.

⚠ ВНИМАНИЕ

Никогаш не дозволувајте дејствата на автоматското сопирање на системот за помош при паркирање да ве наведат да ја ризикувате безбедноста. Во одредени ситуации, автоматската интервенција со сопирање може да работи само ограничено или да не работи воопшто. Судирите со препреки може да ги повредат луѓето и да го оштетат возилото. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Обрнете внимание и не потпирајте се само на системите за помош при паркирање.
- Секогаш бидете подготвени сами да сопирате и да го контролирате управувањето.
- Не преземајте ризик што ја загрозува безбедноста.
- Постапувајте во согласност со предупредувањата и препораките за возење на системите за паркирање.

ⓘ Предупредување

- Исклучете го системот за паркирање ако автоматските сопирачки работат прекумерно, на пр. при возење на отворен терен.
- Откако функцијата за маневарско сопирање на системот за помош при паркирање ќе го запре возилото, возењето во иста насока за **5** метри се деактивира и повторно станува активно по менување брзина или менување на положбата на менувачот.

Решавање проблеми

Системот за паркирање се однесува поинаку од очекуваното

Може да има неколку причини:

- Не се исполнети барањата на системот.
- Сензорите на камерата се валкани или има мраз на нив ››› стр. **423**.
- Леќата на камерата не е чиста и сликата на камерата не е јасна ››› стр. **423**.
- Некои извори на бучава, како што се чекан или површина од калдрма може да го попречат ултразвучниот сигнал.
- Возилото има некаков вид оштетувања во областа на сензорот или камерата, на пр. поради удар при паркирање.
- Зоната за препознавање на сензорот или видното поле на камерата се блокирани со додаток, на пр. носач за велосипеди.
- Направени се промени во бојата или структурни модификации во областа на сензорот или камерата, на пр. на предниот дел на возилото или на опремата за возење.

Исто така, земете ги предвид пораките прикажани на екранот на инфо-забавниот систем.

Сензор или камера без видливост, или системот за паркирање е исклучен


Ако некој сензор е во дефект, таа зона на сензорот е трајно исклучена. Засегнатата зона на сензорот може да се прикаже на инфо-забавниот систем со **!** симбол и сив графички сегмент. Доколку е потребно, системот за паркирање ја исклучува засегнатата зона.

Ако помошта за паркирање не работи правилно, се огласува континуиран звучен сигнал неколку секунди кога ќе се вклучи. Доколку е применливо, на екранот на инструментната табла се прикажува порака за тоа.

- Проверете дали се појавила една од причините наведени погоре.
- Откако ќе се отстрани изворот на проблемот, системот може повторно да се поврзе.
- Ако проблемот продолжи, консултирајте се со специјализирана сервисна работилница.

Контрола на растојание при паркирање **Plus (Park Pilot)**

Опис



Сл. **154** Приказ на помошта за паркирање на дисплејот на инфо-забавниот систем.

Помошта за паркирање **plus** му помага на возачот давајќи визуелни и звучни предупредувања за препознаени пречки пред и зад возилото.

Браниците се опремени со сензори. Кога ќе се открие пречка, тоа се укажува со звучни сигнали и во инфо-забавниот систем ››› сл. **154**.

Кога се движите блиску до пречка, според звучната фреквенција, можно е да се знае дали пречката е пред возилото или зад него.

Приближниот досег на сензорите е:

Ⓐ 1,20 m
Ⓑ 0,90 m
Ⓒ 1,60 m
Ⓓ 0,90 m

Како што се приближувате до препреката, фреквенцијата на звучните сигнали ќе се зголеми. Сигналот ќе почне континуирано да се огласува на околу 0,30 m: Запрете го возилото!

Ако се задржи одвоеноста, јачината на звукот на предупредувањето ќе се намали по околу 2,5 секунди.

Пораки за грешка

Ако на дисплејот на инструментната табла во системот Park Assist се појави порака за грешка или дефект, постои дефект.

Ако дефектот не исчезне пред исклучувањето на палењето, нема да се прикаже следниот пат кога ќе се вклучи помошта за паркирање.

Ако задниот сензор е неисправен, се регистрираат само пречките во предната област. Ако предниот сензор е неисправен, се регистрираат само пречките во задната област. Прикажан е симболот ⚠.

Препорачуваме возилото да се однесе во специјализирана сервисна работилница за да се поправи дефектот.

Режим со приколка

Кај возилата со фабрички монтирана кука за приколка, кога приколката е поврзана, задните сензори нема да се активираат кога ќе се постави степенот за возење наназад или ќе се притисне копчето P⃠ во инфо-забавниот систем (**> Assistants** (> Системи за помош)). Затоа, сите предмети зад или од страна на возилото нема да бидат означени на екранот и нема да се огласат аудио сигнали.

Екранот ќе прикажува само предмети откриени напред, а траекторијата на возилото ќе биде скриена.

Поставување на системот за помош при паркирање

Напомените и звучните сигнали се поставуваат во инфо-забавниот систем: функциско копче **> Assistants > Parking > P > Settings** (> Системи за помош > Паркирање > Поставувања).

- **Automatic activation:** (Автоматско активирање:) Вклучување/исклучување
- **Front volume:** (Јачина на звук во предниот дел:) Јачина на звук во предниот и задниот дел.
- **Rear volume:** (Јачина на звук одзади:) Јачина на звук во задниот дел.
- **Reduce volume:** (Намалување на јачината на звук:) Кога помошта за паркирање е вклучена, јачината на звукот на аудио изворот ќе се намали зависно од избраната опција.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Секогаш обрнувајте внимание, гледајќи директно, на сообраќајот и областа околу возилото. Системите за помош не го заменуваат вниманието на возачот. Одговорноста секогаш е кај возачот.
- Сензорите имаат слепи точки во кои не се регистрираат пречки и луѓе. Обрнете посебно внимание на децата и животните.
- Секогаш одржувајте визуелна контрола на околината: користете ги ретровизорите за дополнителна помош.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

На функциите за помош при паркирање **plus** може да влијаат различни фактори кои можат да предизвикаат оштетување:

- Под одредени околности, системот не препознава или не прикажува одредени предмети:
  - Синџири, шипки за влечење приколки, решетки, огради, столбови и тенки дрвја.
  - Предмети кои се наоѓаат над сензорите, како што се испакнувања во ѕид.
  - Предмети со одредени површини или структури, како што се жичани мрежи или снег во прав.
- Одредени површини на предмети и облека не ги рефлектираат сигналите на ултразвучните сензори. Системот не може да ги открие овие предмети или лица кои носат таква облека.
- Надворешните звучни извори може да влијаат на сигналите на сензорите. Тоа може да ги спречи да регистрираат луѓе или предмети.
- Ако системот ве предупреди за близината на ниска пречка, имајте предвид дека откако ќе биде регистрирана од системот, конкретната пречка може да исчезне од мерните сензори додека возилото се приближува, а системот повеќе нема да предупредува за нејзиното присуство. Во одредени околности, не се препознаваат предмети како што се високи рабници што може да ја оштетат долната страна на возилото.
- Ако системот за предупредување за паркирање се игнорира, возилото може да претрпи значителна штета.
- Оштетувањето на решетката на ладилникот, браникот, лакот на тркалата и долниот дел на возилото може да ја измени ориентацијата на сензорите. Ова може да влијае на функцијата за помош при паркирање.

  Функцијата нека се провери во специјализирана сервисна работилница.
- Држачот за регистарска табличка или регистарска табличка со димензии што го надминуваат просторот за регистарската табличка, или извиткана или деформирана

регистарска табличка може да предизвика лажни препознавања или губење на видливост на сензорите.

Предупредување

- Приказот на дисплејот на инфо-забавниот систем покажува мало временско доцнење.
- Во одредени ситуации, системот може да даде предупредување иако нема пречка во регистрираната област:
  - Груби површини или калдрма или површини со висока трева.
  - Надворешни извори на ултразвук, како што се други возила опремени со системи за ултразвук.
  - Силен дожд или снег, град или густи издувни гасови.
  - Ако регистарската табличка не е правилно прицврстена на површината на браникот.
  - Промени на нијансите на бојата.
- За да обезбедите добра работа, чувајте ги сензорите чисти, без снег или мраз и не покривајте ги со лепенки или други предмети.
- Ако користите опрема под висок притисок или со пареа за чистење, не ја нанесувајте директно осген ако не е многу кратко и секогаш од растојание поголемо од **10 cm**.
- Монтирањето одредени додатоци на предниот дел од возилото, како што е држачот за таблички со рекламирање, може да ја попречува работата на системот за помош при паркирање.
- Ви препорачуваме да вежбате паркирање во област без сообраќај.
- Јачината и тонот на сигналите и индикациите може да се променат.
- Внимавајте на информациите за влечење приколка.

Ракување со системот за помош при паркирање **plus**

Рачно вклучување и исклучување

- Притиснете го копчето P на инфо-забавниот систем (**> Assistants > Parking assist > Parking aid** (> Системи за помош > Систем за помош при паркирање > Помош при паркирање)).

Автоматско активирање

- Изберете степен за возење наназад.
- ИЛИ: ако возите нанапред со брзина помала од 15 km/h (9 mph) и наидете на препрека, таа ќе се препознае кога ќе биде оптички помалку од околу 95 cm оддалечна или акустично околу 50 cm оддалечена. Ако е активирано автоматското вклучување, се прикажува скратен приказ.
- ИЛИ: ако возилото се движи назад одредено растојание (помеѓу околу 10 и 20 cm зависно од тоа дали е препознаена препрека или не).

Ако системот за помош при паркирање **plus** автоматски се вклучува, на екранот се појавува дијаграм од возилото и сегментите. Оваа функција ќе биде достапна освен ако корисникот не ја деактивирал.

Работи само секојпат кога брзината првпат ќе се намали на под 15 km/h (9 mph).

Автоматското активирање на системот за помош при паркирање може да се вклучи и исклучи во инфо-забавниот систем:

- Вклучете го палењето.
- Во инфо-забавниот систем, изберете **> Assistants > Parking > Parking aid** (> Системи за помош > Паркирање > Помош при паркирање).
- Селектирајте го полето **Automatic activation** (автоматско активирање).

Ако се активира автоматски, звучно предупредување ќе се огласи само ако препреките во предниот дел се на растојание под околу 50 cm.

Ако се исклучи со копчето P на инфо-забавниот систем, мора да се изврши едно од следните дејства за автоматски повторно да се активира:

- Исклучете го палењето и повторно вклучете го.
- ИЛИ: возете нанапред со над околу 15 km/h (9 mph).
- ИЛИ: активирајте го или деактивирајте го копчето за блокада за паркирање **P**.
- ИЛИ: вклучете го и исклучете го автоматското активирање во инфо-забавниот систем.

Автоматско прекинување на врската

- Возете нанапред со 15 km/h (9 mph) или побрзо.
- ИЛИ: притиснете го копчето за блокада за паркирање **P**.

Привремено исклучување на звукот

- Притиснете го функциското копче на екранот на инфо-забавниот систем.
- ИЛИ: активирајте ја електронската паркинг-сопирачка.

Сменете од намален на целосен приказ

- Ставете во степен за возење наназад доколку вашето возило е опремено со камера за возење наназад.
- Притиснете ја иконата со возило на скратениот приказ
- ИЛИ: ако возилото се движи назад одредено растојание (помеѓу околу 10 и 20 cm зависно од тоа дали е препознаена препрека или не).

Префрлете се на сликата на помошта при возење наназад **(**камера за заден приказ **“RVC”)**


- Изберете степен за возење наназад.
- ИЛИ: притиснете на копчето **RVC** на екранот на инфо-забавниот систем.[1)]

Ќе се слушне краток сигнал за потврда и симболот на копчето ќе светне кога ќе се вклучи системот.

ПРЕТПАЗЛИВО

Системот за помош при паркирање **plus** се активира автоматски само при многу бавно возење. Ако стилот на возење не е прилагоден на околностите, може да дојде до незгода и сериозни повреди или оштетувања.

Сегменти за визуелна напомена



Сл. **155** Приказ на помошта за паркирање на дисплејот на инфо-забавниот систем.

Визуелната напомена на сегментите функционира на следниов начин:

- Сиви сегменти: препреката е повеќе од околу 30 cm оддалечена од патеката или во насока спротивна на возењето. Тие се прикажуваат и кога е активирана електронската рачна сопирачка.
- Жолти сегменти: препреките се наоѓаат на патот на возилото и се на оддалеченост помала од околу 30 cm.
- Црвени сегменти: препреките се на оддалеченост помала од околу 30 cm.

Патеката за водење ќе ја означи предвидената траекторија напред или назад, во зависност од брзината што е поставена.

[1)] Копчето RVC ќе се прикаже само кога е поставен степен за возење наназад.

Ако препреката се наоѓа на патеката на возилото, ќе се огласи соодветното звучно предупредување.

Кога ќе се прикаже претпоследниот сегмент, возилото стигнало до зоната на судир. Во зоната на судир, препреките се претставени со црвено (вклучувајќи ги и оние надвор од траекторијата). Запрете го возилото! ››› ⚠ во *Опис* на стр. **253**

Во случај возилото да е опремено со системот Top View Camera, визуелното водење на Park Assist ќе се појави во согласност со приказот избран во системот Top View Camera.

Помош за паркирање одзади

Опис

Системот за помош при паркирање одзади е оптички и звучен систем за помош што предупредува за препреки зад возилото.

Има сензори во задниот браник. Кога тие ќе препознаат препрека, вие добивате предупредување преку звучни и визуелни предупредувања на инфо-забавниот систем.

Ако е инсталиран системот Top View Camera, помошта за паркирање одзади ќе даде звучно предупредување за предмети во близина на задниот дел на возилото, а сликата на Top View Camera ќе биде достапна на екранот на инфо-забавниот систем давајќи реална слика на предметите околу возилото.

Погрижете се сензорите да не се покриени со лепенки, остатоци, нечистотија и слично, бидејќи тоа може да ја наруши работата на системот. Упатства за чистење ››› стр. **423**.

Приближниот досег на задните сензори е:

- Странична област: 0,60 m
- Средишна област: 1,60 m

Како што се приближувате до препреката, фреквенцијата на звучните сигнали ќе се зголеми. Сигналот ќе почне континуирано да се огласува на околу 0,30 m: Запрете го возилото! ››› ⚠ на стр. **253**.

Ако се задржи одвоеноста, јачината на звукот на предупредувањето ќе се намали по околу 2,5 секунди.

Вклучување на помошта за паркирање

- Изберете степен за возење наназад.

Исклучување на помошта за паркирање

- Возете нанапред со 15 km/h (9 mph) или побрзо.
- ИЛИ: употребете ја рачката на менувачот за да изберете **N** или **D**, или притиснете го копчето за блокада за паркирање **P**.

Поставување на системот за помош при паркирање

Напомените и звучните сигнали се поставуваат во инфо-забавниот систем: функциско копче 🚗 > **Assistants** > **Parking** > **P** > **Settings** (> Системи за помош > Паркирање > Поставувања).

- **Rear volume:** (Јачина на звук одзади:) Јачина на звук во задниот дел.
- **Reduce volume:** (Намалување на јачината на звук:) Кога помошта за паркирање е вклучена, јачината на звукот на аудио изворот ќе се намали зависно од избраната опција.

Пораки за грешка

Ако на инструментната табла во системот за помош при паркирање се појави порака за грешка или дефект, постои дефект.

Ако дефектот не исчезне пред исклучувањето на палењето, нема да се прикаже следниот пат кога ќе се вклучи помошта за паркирање.

Препорачуваме возилото да се однесе во специјализирана сервисна работилница за да се поправи дефектот.

Уред за влечење

Кај возила што се фабрички опремени со држач за влечење, ако е прикачена приколка, помошта за паркирање нема да се активира кога ќе се постави степен за возење наназад.

⚠ ВНИМАНИЕ

Внимавајте на безбедносните предупредувања ››› ⚠ во *Опис* на стр. **253**.

Intelligent Park Assist (IPA) систем за автоматско паркирање

Вовед

Системот за автоматско паркирање е дополнителна функција на ParkPilot ››› стр. **252** и му помага на возачот да најде соодветно место за паркирање од следните видови:

- паркирајте со возење наназад во соодветни нормални и паралелни простори,
- паркирајте со возење напред во соодветни нормални простори,
- излезете од место за паркирање возејќи напред од паралелен простор,
- паркирајте во соодветен простор возејќи напред под агол делумно влегувајќи во избраното место за паркирање. Системот ќе го центрира возилото во местото за паркирање,
- завршете го паркирањето наназад во простор во кој сте се обиделе да паркирате рачно со делумно влегување со задниот дел на возилото.

Во возилата со систем автоматско паркирање и фабрички инфо-забавен систем, предниот, задниот и страничниот дел се претставени, а положбата на пречките е прикажана во однос на возилото.

Системот за автоматско паркирање подлежи на одредени ограничувања својствени за системот и неговата употреба бара посебно внимание од страна на возачот ››› ⚠.

⚠ ВНИМАНИЕ

Технологијата што се користи во системот за автоматско паркирање вклучува низа ограничувања својствени за реалниот систем и за употребата на ултразвучни сензори. Употребата на **Park Assist** никогаш не треба да ве искушува да преземете ризик што може да ја загрози безбедноста. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Секое случајно движење на возилото може да резултира со сериозни повреди.
- Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.
- Одредени површини на предмети и облека не ги рефлектираат сигналите на ултразвучните сензори. Системот не може да ги открие, барем правилно, овие предмети или лица кои носат таква облека.
- Надворешни извори на звук може да влијаат на сигналите на ултразвучниот сензор. Во одредени околности тоа може да ги спречи да регистрираат луѓе или предмети.
- Ултразвучните сензори може да имаат слепи точки во кои не се откриваат пречки и луѓе.
- Набљудувајте ја областа околу возилото постојано, бидејќи ултразвучните сензори не откриваат мали деца, животни или одредени предмети во сите ситуации.

⚠ ВНИМАНИЕ

Брзите вртења на управувачот при паркирање или излегување од место за паркирање со системот за автоматско паркирање може да предизвикаат сериозни повреди.

- Не држете го управувачот за време на маневри за паркирање или излегување од место за паркирање додека системот не го побара тоа. Со тоа се оневозможува системот за време на маневрирањето, што резултира со откажување на паркирањето.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Во одредени околности, ултразвучните сензори не откриваат предмети како што се куки за влечење приколка, шипки, огради, столбови или тенки дрвја или отворен заден капак (или што се отвора), што може да го оштети возилото.

• Надополнувањето на одредени додатоци на возилото, како што е багажникот за велосипеди, може да ја попречи работата на системот за автоматско паркирање и да предизвика оштетување.

• Системот за автоматско паркирање користи како референца паркирани возила, рабници и други предмети. Внимавајте гумите и тркалата да не се оштетат додека паркирате. Доколку е потребно, навремено прекинете го маневрот за паркирање за да избегнете оштетување на возилото.

• Ултразвучните сензори на браникот може да се оштетат или поместат во случај на судир, на пример, кога влегувате или излегувате од место за паркирање.

• Ако користите опрема под висок притисок или пареа за чистење на сензорите за ултразвук, не ја нанесувајте директно освен ако не е многу кратко и секогаш од растојание поголемо од **10 cm**.

• Регистарска табличка или држач за табличка на предната страна со поголем простор од просторот за регистарската табличка или регистарска табличка што е закривена или искривена може да предизвика:

– Лажни откривања.

– Сензорите да ја изгубат видливоста.

– Откажување на маневар за паркирање или неисправно паркирање.

• Ако еден од ултразвучните сензори е оштетен, областа што одговара на таа група сензори **(**предни или задни**)** се деактивира и не може да се активира додека не се поправи дефектот. Сепак, сè уште можете да ги користите сензорите на другиот браник како и обично. Ако има дефект во системот, консултирајте се со специјализирана сервисна работилница. За да го сторите тоа, **CUPRA** препорачува да посетите специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било дилер на **SEAT**.

Предупредување

• За да обезбедите добро функционирање на системот, ултразвучните сензори нека бидат чисти, без снег или мраз и не покривајте ги со лепенки или други предмети.

• Одредени извори на бучава, како што се груб асфалт или поплочување и бучава од други возила, може да предизвикаат системот за автоматско паркирање или **ParkPilot** да даваат погрешни предупредувања. Присуството на метални предмети може да влијае и на маневрирањето.

• За да се запознаете со системот и неговите функции, **CUPRA** препорачува да вежбате ракување со системот за автоматско паркирање во област каде што нема премногу сообраќај или на паркинг.

Опис на системот за автоматско паркирање

Компонентите на системот за автоматско паркирање се ултразвучните сензори сместени во предниот и задниот браник, копчето P⍟ за вклучување и исклучување на системот и пораките на дисплејот на инфо-забавниот систем.

Предуслови за паркирање

• Контролата на тракција (TCS) мора да биде вклучена ››› стр. 208.

• Брзина при поминување покрај местото за паркирање: не надминувајте околу **50 km/h (31 mph)**.

• Држете растојание помеѓу **0,5** и **2,0** метри при поминувањето покрај местото за паркирање.

• Должина на просторот (паралелно паркирање): должина на возилото **+ 1** метар.

• Ширина на просторот (паркинг): ширина на возилото **+ 1,1** метри.

Барања за излегување од местото за паркирање **(**само за паралелно паркирање**)**

• Контролата на тракција (TCS) мора да биде вклучена ››› стр. 208.

• Должина на местото: должина на возилото **+ 0.5** метри.

Предвремено запирање или автоматско прекинување на маневрите за паркирање или излегување од местото за паркирање

Системот за автоматско паркирање ги прекинува маневрите за паркирање или излегување од местото за паркирање во кој било од следниве случаи:

- Притиснете го копчето P на инфо-забавниот систем, > **Assistants > Parking > Automatic parking system** (> Системи за помош > Паркирање > Систем за автоматско паркирање).
- Возачот ја презема контролата над управувачот.
- Маневарот за паркирање може да вклучува до 8 движења.
- Маневарот за паркирање не завршува во рок од 6 минути по активирањето на автоматското управување.
- Има дефект во системот (системот е привремено недостапен).
- TCS е исклучен.
- TCS или ESC интервенираат со регулирање.
- Се отвора врата или багажниот простор.
- Системот за паркирање наидува на неочекувана пречка.
- Системот за паркирање препознава голем отпор на тркалање, на пр. ако има пречка на теренот (камен, нерамнина, раб и сл.).


Посебни карактеристики

Системот за автоматско паркирање подлежи на одредени ограничувања што се својствени за системот. На пример, затоа не е можно да се користи за влегување или излегување од паркинг место на остри кривини или на многу стрмни нагорнини.

По замена на тркало

Ако по менувањето тркало возилото престане правилно да влегува и излегува од паркинг местата, обемот на новото тркало може да биде различен и системот можеби ќе треба да се прилагоди на него. Прилагодувањето е автоматско и се одвива за време на возењето ››› ⚠ во *Вовед* на стр. **257**.

Избирање тип на паркинг



Сл. **156** На дисплејот на инфо-забавниот систем: напомена за режимите за паркирање.

Автоматското паркирање ги вклучува следните 5 типа на паркирање:

A Паралелно паркирање наназад.

B Аголно паркирање наназад.

C Аголно паркирање нанапред.

D Паралелно паркирање наназад без претходно возење: “Help me” (помош).

E Паркирање нанапред или наназад во место за паркирање без претходно возење покрај него.

Избирање тип на паркирање по поминување пред просторот

По активирањето на системот за автоматско паркирање и откако ќе открие место за паркирање, на дисплејот на инфо-забавниот систем се предлага тип на паркирање. Системот за автоматско паркирање автоматски го избира типот на паркирање. Избраниот тип се прикажува на дисплејот на инфо-забавниот систем и се прикажува на дисплејот на инструментната табла ››› сл. 156.

- Мора да се исполнат предусловите за паркирање со системот за автоматско паркирање ››› стр. 258.
- Притиснете го копчето P во инфо-забавниот систем, > **Assistants** (> Системи за помош).
- Кога системот е вклучен, симболот P на дисплејот на инфо-забавниот систем е означен. Се прикажува и избраниот тип на паркирање. Можете да го промените типот на паркирање на дисплејот на инфо-забавниот систем.
- Доколку има повеќе слободни места, може да се избере друг простор со кликнување на него на дисплејот на инфо-забавниот систем.
- Следете ги упатствата прикажани на инфо-забавниот систем додека внимавате на сообраќајот и возете го возилото покрај местото за паркирање.

Паралелно паркирање наназад без претходно возење покрај него (тип D)

Со овој тип на паркирање D, притиснете го копчето P така што системот ќе го заврши паркирањето што е веќе започнато. Системот ќе се вклучи само ако е постигнат доволен напредок со маневарот (страничниот сензор мора да може да го открие референтното возило). Ако е невозможно успешно да се заврши маневрирањето што е започнато, самиот систем ќе излезе од местото за паркирање пред да започне паркирањето на сличен начин како тип A.


Посебен случај на паркирање нанапред или наназад во паркинг простор E без претходно возење покрај него.

- Мора да се исполнат предусловите за паркирање со системот за автоматско паркирање ››› стр. 258.
- Движете се напред кон место за паркирање притоа внимавајќи на сообраќајот и запрете го возилото со предниот дел делумно внатре во паркинг просторот.
- Притиснете го еднаш копчето P во инфо-забавниот систем, > **Assistants** (> Системи за помош).
- Кога системот е вклучен, симболот P на дисплејот на инфо-забавниот систем е означен. Се прикажува и избраниот режим на паркирање без намален приказ.
- Пуштете го управувачот ››› ⚠ во *Вовед* на стр. 257.


Паркирање со системот за автоматско паркирање

Мора да бидат исполнети предусловите за да се паркира со системот за автоматско паркирање ››› стр. 258 и режимот за паркирање мора да биде избран ››› стр. 259.

Паркирање



Сл. 157 На дисплејот на инфо-забавниот систем: позиција на паралелно паркирање.



Сл. **158** На дисплејот на инфо-забавниот систем: позиција на паркирање во паркинг простор.

››› сл. **157**, ››› сл. **158**

① Вашето возило

② Откриено место за паркирање

③ Напомена што го покажува предложениот маневар за паркирање

④ Започнете со маневар за паркирање

• Погледнете на дисплејот на инфо-забавниот систем за да видите дали местото е препознаено како “соодветно” и дали е достигната правилната позиција за паркирање ››› сл. **157**, ››› сл. **158**. Запрете го возилото и следете ги упатствата прикажани на екранот на инфо-забавниот систем.

• Запрете го возилото, притиснете ја сопирачката и, по кратка пауза, притиснете го копчето **Start** ④ во инфо-забавниот систем.

• Пуштете го управувачот ››› ⚠ во *Вовед* на стр. **257**.

• Имајте ја предвид следнава порака:

Паркирање на возилото... Активна интервенција на управувачот

• Системот за автоматско паркирање ќе паркира самостојно со преземање на контролата на управувачот (попречна контрола на возилото) и контрола на педалите за гас и сопирање (надолжна контрола на возилото).

• Штом маневрите ќе завршат, тоа се покажува со аудио и визуелно предупредување во инфо-забавниот систем. Во овој момент возилото ќе биде паркирано и имобилизирано (се активира степенот **P**) и ќе се исклучи.

Ленти за напредокот



Сл. **159** На екранот на инфо-забавниот систем: лента за напредок

Лентата за напредок ⑤ на дисплејот на инфо-забавниот систем го покажува релативното растојание што треба да се покрие како симбол. Колку е поцелосна лентата за напредок, толку е пократко растојанието за да се заврши маневарот за паркирање.



Сл. **160** На екранот на инфо-забавниот систем: простор за паркирање


Предупредување

Ако паркинг просторот е прикажан со стрелки на неговите страни, тоа покажува дека е можно да се паркира на поинаков начин на истиот простор со притискање на означениот простор ››› сл. **160**.

Предупредување

Ако маневарот се прекине предвреме за време на паркирањето, резултатот можеби нема да биде најдобар.

Излегување од место за паркирање со системот за автоматско паркирање (само за паралелно паркирање)



Сл. **161** На дисплејот на инфо-забавниот систем: напуштање место од паралелно паркирање.

① Вашето возило

② Порака што го дава предложениот маневар за излез од местото за паркирање

Излегување од место за паркирање (паралелно паркирање)

Треба да се исполнат потребните услови за излегување од место за паркирање со Park Assist ››› стр. **258**.

- Притиснете го копчето P на инфо-забавниот систем: **> Assistants** (> Системи за помош). Кога системот е вклучен, симболот P на дисплејот на инфо-забавниот систем е означен.
- Вклучете го соодветниот трепкач кон патот во кој ќе влезете кога ќе излезете од местото за паркирање и притиснете го педалот за сопирање.
- Притиснете го копчето **Start** ③ во инфо-забавниот систем.
- Пуштете го управувачот ››› ⚠ во *Вовед* на стр. **257**. Имајте ја предвид следнава порака:

Возила што излегуваат од местото за паркирање... Интервенција во активното управување.

- Системот за автоматско паркирање автоматски ќе ги извршува маневрите за излегување на возилото од местото за паркирање со преземање на контролата над управувачот (попречна контрола на возилото) и контрола на педалите за гас и сопирачките (надолжна контрола на возилото).
- Возилото може да се отстрани од местото за паркирање кога ќе се прикаже ваква порака во инфо-забавниот систем (Возилото надвор од местото за паркирање. Преземете ја контролата над возилото) и, доколку е потребно, се огласува звучен сигнал. Преземете ја контролата над управувачот додека го одржувате аголот на истиот поставен од системот за автоматско паркирање.
- Обрнувајќи внимание на сообраќајот и околината, излезете од местото за паркирање.

Систем за помош при возење наназад (Rear View)

Вовед

Камерата инсталирана во рачката на задниот капак му помага на возачот при паркирање наназад или маневрирање ››› стр. **215**.

Сликата од камерата се гледа заедно со линиите за ориентација проектирани на екранот на инфо-забавниот систем. На дното се гледа дел од браникот, кој возачот може да го користи како референтна точка.

Режими на системот за помош при возење наназад

Во зависност од опремата, достапни се следниве режими:

- Аголно паркирање: паркинг наназад нормално на патот.
- Функција за помош за влечење приколка: помош со закачувањето приколка.
- Вкрстен сообраќај: го набљудува вкрстениот сообраќај.

Барања

За да паркирате со системот за помош при возење наназад, мора да се исполнат следниве барања:

- Не ја надминувајте брзината од околу **15 km/h (9 mph)**.
- Ширина на место за паркирање: Ширина на возило + **0,15 m** (без ретровизорите).

За да се прикаже вистинска слика, мора да се исполнат следниве барања:

- Задната врата на багажниот простор е затворена.
- Околината е на рамна површина.
- Возилото не треба многу да се натоварува одзади.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Помошта при возење наназад не овозможува прецизно пресметување на растојанието до препреките и не може да ги надмине сопствените граници на системот, па оттука нејзината несовесна употреба може да предизвика сериозни незгоди и повреди доколку се користи невнимателно. Возачот треба да биде свесен за неговата/нејзината околина во секое време за да обезбеди безбедно возење.
- Објективот на камерата го проширува и искривува видното поле и ги прикажува предметите на екранот на начин што е различен од реалноста. И перцепцијата за растојанието е искривена.
- Поради резолуцијата на екранот или осветленоста, некои предмети може да бидат заматени или воопшто да не се прикажуваат.

Внимавајте со тенки столбови, огради или дрвја кои можеби не се гледаат на екранот и може да го оштетат возилото.

- Системот за помош при возење наназад има слепи точки каде што може да види луѓе или предмети. Постојано набљудувајте ја околината на возилото.
- Системот не го заменува вниманието на возачот. Надгледувајте го маневарот за паркирање и околината на возилото во секое време.
- Гледањето во екранот нека не ви го одвлекува вниманието од сообраќајот.
- Сликите се само дводимензионални. На пример, испакнатите предмети или дупки на патот се потешки за препознавање или можеби воопшто не се гледаат.
- Оптоварувањето на возилото го менува приказот на водечките линии. Ширината што линиите ја покажуваат се намалува со оптоварувањето на возилото. Обрнете посебно внимание на околината кога внатрешноста на возилото на багажниот простор е натоварена.
- Во следните ситуации, предметите или другите возила се чини дека се подалеку или поблиску отколку што навистина се. Обрнете особено внимание:
  - Ако се движите од рамна површина кон наклон и обратно.
  - Ако возилото е многу натоварено.
  - Кога возилото се приближува до предмети кои не се на површината на земјата или кои излегуваат од неа. Овие предмети може да бидат надвор од аголот на видливост на камерата.

Предупредување

- Важно е многу да се внимава и да се обрне особено внимание доколку возачот не е запознаен со системот.
- Референтните линии на системот за помош при возење наназад исчезнуваат ако задниот капак е отворен.

Вклучување и исклучување

Вклучете го системот за помош при возење наназад

- Со вклучено палење, изберете степен за возење наназад.
- ИЛИ: на инфо-забавниот систем изберете > **Driver assist** > **Park assist** (> Помош на возачот > Систем за помош при паркирање).

Исклучете го системот за помош при возење наназад

- Возете напред со брзина од најмалку 15 km/h (9 mph).

Прикажан на дисплејот

Функциите и приказите на системот може да варираат во зависност од опремата.

Приказот на сликата на системот за помош се менува кога фабрички поставената кука за влечење е електронски поврзана со приколка ››› стр. 338.

Функции и симболи на системот за помош при возење наназад

Кога е поврзан системот за помош при возење наназад, можете да направите приспособувања користејќи ги функциските копчиња. Некои приспособувања зависат од опремата.

Излезете од актуелниот приказ

Префрлете се на аголно паркирање ››› стр. 264

Префрлете се на функцијата за помош при прицврстување на приколката

Префрлете се на вкрстен сообраќај

Прилагодете го дисплејот: осветленост, контраст и боја.

Префрлете се на систем за помош при паркирање ››› стр. 252

Прикажи/сокриј го приказот за помош за паркирање

Линии за водење

Зелени хоризонтални линии: продолжување на возилото.

Жолти линии: патека на возилото во зависност од аголот на управување.

Функција за помош при закачување на приколка

Кај возила со фабрички вграден уред за влечење, оваа функција може да се користи за придвижување на возилото блиску до шипка за влечење.

Помошните линии се прикажани во инфо-забавниот систем.


Зелени линии: растојание до куката за приколка. Растојанието помеѓу линиите е околу 0.30 m

Жолта линија: претходно пресметана насока на куката за приколка зависно од тоа како се врти управаувачот.

Вкрстен сообраќај

Овој приказ помага да се следи сообраќајот зад возилото и може да се користи, на пр. при излегување од гаражи или тесни излези.

Аголно паркирање



Сл. 162 Приказ на екранот на инфо-забавниот систем: паркирање со системот за помош при возење наназад.

Клуч до ››› сл. 162:

- A Најдете место за паркирање
- B Одете на избраното место за паркирање
- C Центрирајте го возилото внатре во местото за паркирање
- (1) Пат
- (2) Место за паркирање
- (3) Странична граница на местото за паркирање
- (4) Задна граница на местото за паркирање

Паркирање

- Во инфо-забавниот систем изберете > **Driver assist > Park assist** (> Систем за помош на возачот > Помош за паркирање) пред да поминете пред избраното место за паркирање.
- Кога е поврзан системот за помош при возење наназад и е во работна состојба, притиснете го функциското копче .
- Запрете го возилото пред местото за паркирање ››› сл. **162** (2) A.
- Возете наназад додека го вртите управувачот така што жолтите линии да влезат во местото за паркирање. Зелените и жолтите линии мора да одговараат на страничните гранични линии (3) B.
- Запрете го возилото кога црвената линија ќе стигне до задната гранична линија (4) C.

Решавање проблеми

Системот се однесува поинаку од очекуваното

Може да има неколку причини:

- Камерата е валкана ››› стр. **423**. Покрај нечистотија и снег, видливоста на камерата може да се намали со остатоци од детергент или каков било тип на облога.
- Мора да се исполнат барањата на системот ››› стр. **262**.
- Камерата е покриена со вода.
- Фабрички монтираната опрема за приколка не мора да биде електрично поврзана со приколката ››› стр. **338**.
- Возилото има некаков вид оштетувања во областа на камерата, на пр. поради удар при паркирање.
- Видното поле на камерата е блокирано од додатоци, на пр. систем за носач на велосипеди.
- Направени се промени на бојата во областа на камерата или направени се структурни модификации на некој составен дела, како што е подвозјето.

Камера без видливост, порака за дефект, системот се исклучува

- Исчистете ја камерата или отстранете ги можните лепила или додатоци од неа ››› стр. **423**.
- Проверете дали има видливи оштетувања.

Можно решение

- Привремено исклучете го системот.
- Проверете дали се појавила една од причините наведени погоре.
- Откако ќе се отстрани изворот на проблемот, системот може повторно да се поврзе.
- Ако системот сè уште се однесува непредвидливо, однесете го на проверка во стручна сервисна работилница.

Систем **Peripheral view** (камера со приказ одозгора)

Вовед

Користејќи 4 камери, системот генерира претстава што се прикажува на дисплејот на инфо-забавиот систем. Камерите се наоѓаат на решетката на ладилникот, надворешните ретровизори и задниот капак.

Функциите и претставите на системот за приказ на околината може да се разликуваат во зависност од тоа дали возилото има или не ParkPilot.

⚠ ВНИМАНИЕ

Сликата од камерите не овозможува прецизно да се пресмета растојанието до пречките (луѓе, возила итн.), па нивното користење може да предизвика сериозни несреќи и повреди.

- Објективите на камерата го зголемуваат и искривуваат видното поле, а предметите на екранот се гледаат поинаку и непрецизно.
- Одредени предмети може да не се прикажуваат или да не се прикажуваат многу јасно, на пример, столбови или тенки шини, поради резолуцијата на екранот или ако условите на светлина се недоволни.
- Камерите слепи точки во кои не се регистрираат пречки и луѓе.

⚠ ВНИМАНИЕ


Паметната технологија вградена во системот на камерата за приказ одозгора не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката и работи само во границите на системот. Поголемата удобност што ја обезбедува системот за приказ на околината никогаш не треба да ве наведе да преземете ризик што може да ја загрози безбедноста. Ако се користи небрежно или ненамерно, може да предизвика сериозни незгоди и повреди. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Вашата брзина и стил на возење прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.
- Гледањето во екранот нека не ви го одвлекува вниманието од сообраќајот.
- Набљудувајте ја областа околу возилото постојано, бидејќи камерите не откриваат мали деца, животни или одредени предмети во сите ситуации.
- Системот веројатно нема да може јасно да ги претстави сите области.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Сликите од камерата се само дводимензионални. Поради недостаток на просторна длабочина, предметите што излегуваат или дупките на патот, на пример, се потешки за откривање или можеби воопшто не се гледаат.
- Во одредени околности, камерата не регистрира предмети како греди, огради, столбови или тенки дрвја, што може да го оштети возилото.
- Системот ги прикажува помошните линии и кутии без оглед на околината на возилото, не се регистрираат предмети. Возачот е одговорен да утврди дали возилото ќе влезе во паркинг просторот.

Систем за приказ на околината



Сл. **163** Приказ на системот за приказ на околината: приказ од горе.

Има четири различни прикази што можете да ги изберете ››› сл. **163**:

Ⓐ Област од предна камера
Ⓑ Област од десна камера
Ⓒ Област од задна камера
Ⓓ Област од лева камера

Функциски копчиња:

Зависно од опремата: вклучете го и исклучете го звукот на Park Pilot.

Приказот од горе се генерира со комбинирање на сликите од сите камери ››› сл. **163**. Приказот од горе може да се избере со притискање на возилото во зоната.

Системот автоматски ќе се префрли помеѓу приказот на предната и задната камера според насоката на движење.

Притиснете на различните области ››› сл. **163** Ⓐ до Ⓓ на приказот од горе или намалениот приказ од горе за да го изберете и поставите соодветниот приказ, кој ќе биде означен со портокалово.

Услови неопходни за користење на системот за приказ на околината

- Вратите и задниот капак мора да се затворени.
- Сликата мора да биде веродостојна и јасна. Поради оваа причина, на пример, објективот на камерата мора да биде чист.
- Областа околу возилото мора да биде јасно и целосно видлива.

- Областа за паркирање или маневрирање треба да биде рамна површина.
- Возилото не треба многу да се натоварува одзади.
- Возачот мора да биде навикнат на системот.
- Не треба да има оштетување на возилото во областа на камерата. Ако позицијата или аголот на инсталација на камерите се сменети, на пр. по судир одзади, системот треба да го провери специјализирана сервисна работилница.

Посебни карактеристики

Сликите на камерите на системот за преглед на околината се само дводимензионални. Поради недостаток на просторна длабочина, на екранот е тешко или невозможно да се забележат дупки на патот, предмети што продираат од патот или делови што штрчат од други возила.

Ситуации во кои предметите или другите возила се чини дека се подалеку или поблиску отколку што навистина се:

- При движење од хоризонтална рамнина кон наклон.
- При движење од наклон кон хоризонтална рамнина.
- Ако возилото е многу натоварено одзади.
- Ако возилото се приближува до испакнати предмети. Овие предмети може да бидат надвор од аголот на видливост на камерите.

Режим со приколка

Системот за приказ на околината ги крие, во областа на задната камера, сите помошни линии за водење кога фабрички поставената држач за влечење е електрично поврзан со приколка ››› стр. 338.

Предупредување

За да се запознаете со системот и неговите функции, **CUPRA** препорачува да практикувате ракување со системот за приказ на околината во област каде што нема премногу сообраќај или на паркинг.

Вклучување и исклучување

Активирање

- Изберете степен за возење наназад.
- ИЛИ: на инфо-забавниот систем изберете **> Assistants > Parking assistant > Park assist** (> Системи за помош > систем за помош при паркирање > Park assist).

Исклучување

- Возете нанапред со брзина од најмалку 15 km/h (9 mph).
- ИЛИ: притиснете го функциското копче ×.

Прикази на системот за периферен приказ (режими)

Црвените линии укажуваат на растојание од околу 40 см оддалеченост од возилото.

Воздушни прикази (птичја перспектива)

Главен режим:

Прикажани се возилото и неговата непосредна близина гледано одозгора. Во зависност од опремата, може да се прикаже и патеката на ParkPilot.

Прикази на предната камера (преден приказ)

Вкрстен сообраќај.

Оваа визуализација помага да се следи сообраќајот од левата страна, од напред и десно од возилото и може да се користи, на пр. при излегување од гаражи или тесни излези.

Аголно паркирање.

Прикажана е областа пред возилото. Ориентационите линии се прикажани за да Ве водат.

Приказ на странична камера (страничен приказ)

Десна и лева страна.

Областите лоцирани директно на страната на возилото гледани одозгора се претставени со цел попрецизно да навигирате при можните пречки.

Приказ на задна камера (заден приказ)

Аголно паркирање.

Прикажана е областа зад возилото. Помошните линии се прикажани за да Ве водат.

Функција за помош при спојување на приколка.

Кај возилата со функција за помош при спојување на приколка, функцијата ќе обезбеди насоки за да го олесни спојувањето на приколката. Помошните линии се прикажани во инфо-забавниот систем.
Зелени линии: растојание до куката за приколка. Растојанието помеѓу линиите е околу 0.30 m
Жолта линија: претходно пресметана насока на куката за приколка зависно од тоа како се врти управувачот.

Вкрстен сообраќај.

Оваа визуализација помага да се следи сообраќајот од левата страна, од напред и десно од возилото и може да се користи, на пр. при излегување од гаражи или тесни излези.

Систем за помош за приколка

Вовед

Системот за помош со приколка му помага на возачот да вози наназад и да маневрира со приколка.

Со поместување на вртливото копче на надворешните ретровизори, системот за помош со приколка ја насочува приколката што е прикачена. Возачот мора да забрза, да менува степени и да сопира!

Ограничувања на системот

Под одредени околности, камерата не открива предмети како што се шипки за влечење приколка, шипки, огради, столбови или тенки дрвја или отворен заден капак (или што се отвора), што може да го оштети возилото.

За да обезбедите добро функционирање на системот, камерата нека биде чиста, без снег или мраз и не покривајте ја со лепенки или други предмети. Не дозволувајте шипката за влечење да биде покриена од надворешни влијанија.

Користете го системот за помош за маневрирање со приколка само кога задниот капак е целосно затворен.

ПРЕТПАЗЛИВО

Системот за помош за маневрирање со приколка не ја зема околината на возилото како референца. Не се врши препознавање препреки. Самиот возач мора да процени дали е возможно безбедно да маневрира со композицијата од влечно возило и приколка.

- Секогаш набљудувајте го движењето на приколката и, доколку е потребно, активно прекинете го маневрирањето за да избегнете оштетување. Дури и ако системот за помош за маневрирање со приколка работи правилно, во ретки случаи приколката може да се движи на начин што е различен од поставеното.
- Не потпирајте се само на индикациите на дисплејот на инструментната табла.

Предупредување

Системот за помош за маневрирање со приколка автоматски се исклучува околу **10** минути откако ќе биде активиран. Системот за помош се деактивира и доколку возачот не врши дејствие околу **3** минути.

Барања

Следниве барања мора да бидат исполнети за да работи системот за помош за маневрирање на приколка:

- Моторот работи.
- ESC мора да биде поврзан.
- Вратата на возачот и задниот капак се затворени.
- Надворешните ретровизори се склопени.
- Има нерасчленета приколка со една или две оски закачена и електрично поврзана.
- И влечното возило и приколката се запрени.
- Максималниот агол на свиткување не е надминат.
- Должината на влечната шипка на приколката е одредена.


Одредете ја должината на влечната шипка на приколката

За да може системот за помош за маневрирање на приколката да ја одреди должината на влечната шипка на приколката, возете го комплетот возило-приколка со некои маневри за вртење или на кривини. Колку попрецизно се одредува должината на влечната шипка, толку се поширoки аглите што ќе бидат достапни при маневрирање. Системот за помош ги подели максималните достапни крајни застанувања на индикаторот за агол на четири нивоа: околу 30°, 45°, 60° и 75°.


Предупредување

Од технички причини, системот за помош за маневрирање на приколката не може секогаш правилно да ги открие приколките со задни светла со **LED** технологија.

Ракување



Сл. **164** Вртлив регулатор на надворешниот ретровизор: нагодете го аголот на приколката.



Сл. **165** Дисплеј на инструментната табла: поставете степен за возење наназад.

Клуч до ››› сл. **164** , ››› сл. **165**:

1. Вртливи регулатори на надворешните ретровизори.
2. Насоченост на приколката кон лево
3. Насоченост на приколката кон десно
4. Придвижете го возилото во насока на уредот за влечење.
5. Актуелна позиција на приколката
6. Целна позиција на приколката
7. Индикатор на аголот нула позиција

Маневрирање со композицијата на влечно возило и приколка

Мора да се исполнат барањата на системот ››› стр. **269**.

- Изберете степен за возење наназад.
- Притиснете го копчето на инфо-забавниот систем > **Assistants** > **Parking** > **Trailer Assist** (> Системи за помош > Паркирање > Систем за помош за приколка).
- Пуштете го управувачот ››› ⚠.
- Накосувајте го вртливиот регулатор додека не се достигне саканата насока ››› сл. **164**. Приказ на композицијата од влечно возило и приколка се прикажува на екранот на инструментната табла заради водење ››› сл. **165**.
- Возете наназад со бавно забрзување. Внимавајте на околината!
- Доколку е неопходно, коригирајте го аголот со вртливиот регулатор. Притиснете го регулаторот налево или надесно: композицијата ќе се придвижи налево или надесно. Притиснете го регулаторот наназад: возилото ќе ја следи приколката.
- Возете наназад и придвижете се напред додека не се постигне саканата позиција.
- Маневарот завршува со порака прикажана на дисплејот на инструментната табла и во некои случаи се огласува звучен сигнал.

Автоматско сопирање

Системот за помош при маневрирање со приколка му помага на возачот со автоматско управување со сопирачките во одредени ситуации.

Возачот е одговорен за навременото сопирање ››› ⚠.

Сопирачките може да се активираат автоматски и функцијата да се деактивира во следните ситуации:

- Се надмине одредена брзина.
- Се фати управувачот. Возилото сопира автоматски додека не запре.
- Ако се притисне копчето P⊗ за време на маневрирањето или се отвори вратата на возачот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Управувачот што брзо се врти може да предизвика сериозни повреди.

- Не држете го управувачот за време на маневрирањето додека системот не го побара тоа.
- Исклучок: Ако настане опасна ситуација, интервенирајте и преземете го управувањето.

⚠ ВНИМАНИЕ

Никогаш не дозволувајте автоматското сопирање да ве наведе да ја ризикувате безбедноста. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Системот за помош за маневрирање подлежи на одредени ограничувања што се својствени за системот. Во одредени ситуации, автоматската интервенција со сопирање може да работи само ограничено или да не работи воопшто.
- Секогаш бидете подготвени да сопрете сами!
- Автоматското сопирање завршува по околу **1,5** секунди доколку возилото запре. Потоа, самите сопирајте.

Предупредување

Надворешните ретровизори не може да се нагодат додека системот за помош е активен. Зачуваното поставување за ретровизорот на совозачот може да се активира ››› стр. **153**.

Решавање проблеми

Камера без видливост, порака за дефект, системот се исклучува

- Исчистете ја камерата или отстранете ги можните лепила или додатоци од неа ››› стр. **423**.
- Проверете дали има видливи оштетувања.

Системот се однесува поинаку од очекуваното

Може да има неколку причини:

- Камерата е валкана ››› стр. **423**. Покрај нечистотија и снег, видливоста на камерата може да се намали со остатоци од детергент или каков било тип на облога.


- Мора да се исполнат барањата на системот ››› стр. 269.
- Камерата е покриена со вода.
- Возилото има некаков вид оштетувања во областа на камерата, на пр. поради удар при паркирање.
- Видното поле на камерата е блокирано од додатоци, на пр. систем за носач на велосипеди.
- Направени се промени на бојата во областа на камерата и направени се структурни модификации, на пр. до предниот дел на возилото и опремата за возење.

Решение за сите случаи

- Привремено исклучете го системот.
- Проверете дали се појавила една од причините наведени погоре.
- Откако ќе се отстрани изворот на проблемот, системот може повторно да се поврзе.
- Ако системот сè уште се однесува непредвидливо, однесете го на проверка во стручна сервисна работилница.

Предупредување за напречен сообраќај во задниот дел

Како функционира



Сл. 166 Дијаграм на системот за помош при паркирање: откриена област околу возилото коешто тргнува.

Park Assist користи радарски сензори на задниот браник ››› стр. 213 за да го следи сообраќајот зад возилото додека се враќа назад од просторот за паркирање или додека маневрира, на пример во услови со многу слаба видливост.

Кога системот ќе открие соодветно возило на патот што се приближува до задниот дел на возилото ››› сл. 166, може да се огласи звучен аларм доколку тоа го бара релевантноста.

Покрај звучниот аларм, возачот се информира и со визуелен сигнал на дисплејот на инфо-забавниот систем. Овој сигнал се прикажува во форма на црвена лента на задниот дел од сликата на возилото на екранот на инфо-забавниот систем. Оваа лента ја прикажува страната на возилото кон која сообраќајот се приближува во попречна насока[1].

Автоматско сопирање за намалување на штетите

››› стр. 250.

Вклучување и исклучување

Системот за предупредување за вкрстен сообраќај во задниот дел може да се активира и деактивира со пристапување до менито Системи за помош на инфо-забавниот систем. Тој исто така може да се најде во менито Park Assist Поставувања.

Покрај тоа, може да се вклучи и исклучи преку пристап до менито Системи за помош на инструментната табла.

Кога возилото повторно ќе стартува, последното прилагодување во системот ќе остане активно.

[1] Се прикажува само ако возилото е опремено со систем за паркирање.

Режим со приколка

Системот за предупредување за вкрстен сообраќај во задниот дел автоматски ќе се деактивира и ќе биде невозможно да се активира ако куката за влечење е електрично поврзана со приколка или друг сличен предмет. Штом возачот ќе почне да вози, на екранот на инструментната табла се појавува порака што покажува дека системот за помош е деактивиран.

Штом приколката ќе се откачи од возилото, системот за помош ќе се врати во почетната состојба пред моментот кога приколката била електрично поврзана.

Ако куката за влечење не е фабрички монтирана, тогаш системот за предупредување за вкрстен сообраќај во задниот дел ќе мора рачно да се деактивира кога се вози со приколка.


⚠ ВНИМАНИЕ

Интелигентната технологија на системот за предупредување за вкрстен сообраќај во задниот дел не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката; работи само во границите на системот. Функцијата на системот за помош при паркирање не треба да ве наведе да ризикувате. Системот не го заменува вниманието на возачот.

- Системот никогаш не треба да се користи во услови со ограничена видливост или комплициран сообраќај, на пр. во области со густ сообраќај или при преминување на повеќе ленти.
- Бидете сигурни дека секогаш сте свесни за околината на возилото, бидејќи системот често не успева да открие работи како што се велосипеди или пешаци.
- Самото предупредување за вкрстен сообраќај во задниот дел нема да го сопира возилото до целосно запирање.

Предупредување за излегување

Како функционира



Сл. **167** Графички пример.



Сл. **168** Врата: предупредувачка сијаличка

Предупредувањето за отворање на вратата (Exit Warning) ги предупредува патниците за можен судир при отворање на вратата кога возилото е во мирување.

Системот ја следи, во рамките на самиот систем, задната и страничната околина на возилото користејќи ги задните сензори ››› стр. **213**. Ги регистрира подвижните предмети што се приближуваат одзади, како што се автомобилите ››› сл. **167**.

Ако се открие критична ситуација кога се отвора вратата, предупредувањето се издава со звучен сигнал на звучникот на вратата од соодветната страна ››› сл. **168**. Ќе трепка и контролната сијаличка за странична помош на страната на соодветната врата. Ако вратата е веќе отворена и друг учесник во сообраќајот е откриен во критична ситуација, контролната сијаличка на предупредувањето за напуштање лента на соодветната страна ќе светне трајно.

Светлината на приказот на помошта за отворање на вратата може да се прилагоди со пристап до менито **Side Assist**.

Кога сакате да пристапите до возилото за прв пат, со затворени и заклучени врати, функцијата ќе биде достапна 3 минути по првото отворање на која било од вратите. Функцијата ќе продолжи да биде достапна сè додека возилото е поврзано со палењето и не се движи.

Откако ќе го исклучите палењето, функцијата ќе остане достапна околу 3 минути. После тоа време, контролните сијалички ќе светнат што укажува на деактивирање на функцијата.

Воспоставување и прекинување врска

Системот за помош при отворање врати може да се вклучи и исклучи преку пристап до менито Системи за помош во инфо-забавниот систем. Тој исто така може да се најде во менито Park Assist Поставувања.

Кога возилото повторно ќе стартува, последното прилагодување во системот ќе остане активно.

Режим со приколка

Системот за помош за отворање на вратата автоматски ќе се деактивира и ќе биде невозможно да се активира ако куката за влечење е електрично поврзана со приколка или друг сличен предмет.

Штом приколката ќе се откачи од возилото, системот за помош ќе се врати во почетната состојба пред моментот кога приколката била електрично поврзана.

Ако куката за влечење не е фабрички монтирана, тогаш системот за помош за отворање на вратата ќе мора рачно да се деактивира кога се вози со приколка.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Секогаш внимавајте на сообраќајот и околината на возилото. Предупредувањето за отворање на вратата **(Exit Warning)** не може да го замени потребното внимание што треба да го посветат патниците во возилото. Одговорноста за отворање на вратите и излегување од возилото секогаш е кај патниците.
- Предупредувањето за отворање на вратата **(Exit Warning)** работи непрекинато додека е вклучено палењето на возилото. Во спротивно, системот се деактивира и накратко светнуваат сијаличките.
- Можно е ситуацијата во сообраќајот да не е правилно протолкувана и да не можете да бидете свесни за сите предмети што се приближуваат, како што се пешаците. Секогаш визуелно следете го сообраќајот и областа околу возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

Предупредувањето за отворање на вратата **(Exit Warning)** е предмет на системски ограничувања и не може да предупреди за непосреден судир во сите случаи:

- Ако вашето возило е премногу навлезено во местото за паркирање, а соседните возила го кријат.
- Во одредени околности, предмети или луѓе кои се приближуваат, на пр. на велосипед или скутер, не се препознаваат.
- Системот не реагира на предмети во мирување.

Практична опрема

Преграда за складирање

Вовед

Користете ги преградите за складирање само за мали или лесни предмети.

⚠ ВНИМАНИЕ

Предметите во возилото кои не се прицврстени може да летнат преку кабината во случај на ненадејно сопирање или маневрирање. Ова може да предизвика сериозни повреди, како и губење на контролата на возилото.

- Не носете животни или остри, тврди или тешки предмети во отворените прегради за складирање на возилото, на контролната табла или на полицата зад задните седишта или во делови од облека или торби во возилото.
- Чувајте ги преградите за складирање затворени цело време додека возилото е во движење.
- Не закачувајте облека со тежина поголема од **2,5 kg** (околу **5,5 lb**) на куките за закачување на возилото. Никогаш не оставајте тешки, тврди или остри предмети во џебовите на овие парчиња облека.

⚠ ВНИМАНИЕ


Ако оставите запалки во возилото, тие може да се оштетат или да запалат ненамерно. Ова може да доведе до сериозни изгореници и оштетување на возилото.

- Пред да го поместите седиштето, проверете дали нема запалки во областа на движење на возилото.
- Пред да затворите преграда за складирање, проверете дали нема запалки во делот за затворање.
- Никогаш не оставајте запалка во преградата за складирање или која било друга површина на возилото бидејќи може да се запали поради високите температури на таквите површини, особено во текот на летото.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Не чувајте предмети чувствителни на топлина или студ, храна или лекови во кабината. Топлината и студот може да ги оштетат или да ги направат бескорисни.
- Предметите направени од прозирни материјали оставени во возилото, како што се очилата, лупите или прозирните вшмукувачки залепени на прозорците може да ја концентрираат сончевата светлина и да го оштетат возилото.

Предна преграда



Сл. **169** На страната на совозачот: предна преграда.

Отворање и затворање на предната преграда

Отворање: Повлечете ја рачката ››› сл. **169** и отворете ја предната преграда.


Затворање: Притиснете ја предната преграда нагоре.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако предната преграда се остави отворена, се зголемува ризикот од предизвикување тешки повреди во случај на незгода, ненадејно сопирање или маневрирање.

- Секогаш држете ја предната преграда затворена додека возилото е во движење.

Држач за пијалаци



Сл. **170** Во задниот средишен потпирач за раце: држач за пијалаци.

Преградите за складирање на вратите на возачот и совозачот имаат држач за шишиња.

Предни држачи за пијалаци

Има два држачи за чаша во централната конзола.

Држачи за пријалаци во задниот средишен потпирач за раце

Употреба: Спуштете го средишниот потпирач за раце ››› сл. **170**.

Кога држачот за пијалаци повеќе не се користи, повторно подигнете го потпирачот за раце.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилната употреба на држачите за шишиња може да предизвика повреди.

- Никогаш не ставајте топли пијалаци во држачите за пијалаци. Во случај на ненадејно сопирање или незгода додека возите, топлите пијалаци во држачите за шишиња може да се истурат и да предизвикаат изгореници.
- Погрижете се додека возите да не паѓаат шишиња или други предмети во просторот за нозете на возачот бидејќи тие може да влезат под педалите и да го попречат нивното работење.
- Никогаш не ставајте чаши, храна или други тешки предмети во држачите за пијалаци. Овие тешки предмети може да летнат низ кабината во случај на незгода и да предизвикаат сериозни повреди.

⚠ ВНИМАНИЕ

Затворените шишиња може да експлодираат во возилото поради студ или топлина.

- Никогаш не оставајте затворени шишиња во возилото ако температурата внатре е многу висока или многу ниска.

ПРЕТПАЗЛИВО

Не оставајте отворени лименки во држачите за пијалоци кога возилото е во движење. Ако пијалакот се истури (на пр. поради ненадејно сопирање) може да го оштети возилото и неговиот електричен систем.

Предупредување

Внатрешните елементи на држачите за пијалаци може да се извлечат за чистење.

Преграда за складирање под предните седишта



Сл. **171** Преграда за складирање под предните седишта.

Отворање: Притиснете го јазичето на рачката на фиоката и извадете ја фиоката.

Затворање: Турнете ја фиоката под седиштето за да се фиксира.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако фиоката се остави отворена, тоа би можело да спречи користење на педалите. Тоа може да предизвика сериозни незгоди и повреди.

- Секогаш држете ја фиоката затворена додека возилото е во движење. Во спротивно, фиоката и сите предмети во неа може да паднат во просторот за нозе на возачот и да ги попречат педалите.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Фиоката може да содржи најмногу **1.5 kg**.

Држачи за други предмети

Ќе најдете повеќе држачи за предмети, прегради и потпори во другите делови на возилото:

- Во централната конзола.
- Во горниот дел од фиоката за ракавици. Товарот не треба да надмине 1,2 kg.
- Други прегради за складирање се наоѓаат на задното седиште, лево и десно од седиштата.
- Во потпирачите за грб на предните седишта, џебови за складирање.

На потпорите на вратите и задниот дел има куки за закачување.

⚠ ВНИМАНИЕ

Закачувањето облека може да ја намали видливоста на возачот, што може да предизвика сериозни незгоди и повреди.

- Секогаш закачувајте ја облеката од куките за закачување така што тоа нема да влијае на видливоста на возачот.
- Закачувајте само лесни парчиња облека на куките за закачување на возилото. Никогаш не оставајте тешки, тврди или остри предмети во џебовите на овие парчиња облека.
- Не користете закачалки за облека за да ја закачите облеката, бидејќи тоа може да ја попречи функцијата на воздушните перничиња за заштита на главата.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Не ставајте премногу големи предмети во џебовите на потпирачите за грб на предните седишта (на пр. шишиња) или предмети со остри рабови. Опасност од оштетување на џебовите и тапацирот.

Приклучници

Вовед

Електричната опрема може да се приклучи во приклучниците на возилото.

Уредите мора да бидат без недостаток. Не користете неисправни уреди.

Приклучницата од 12 волти ќе работи само со вклучено палење.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилната употреба на приклучниците или електричните уреди може да доведе до пожар и да предизвика сериозни повреди.

- Погрижете се децата никогаш да не се остваваат без надзор во возилото. Приклучниците и уредите поврзани со нив може да се користат кога палењето е вклучено.
- Ако електричните уреди се прегреат, веднаш исклучете ги и исклучете ги од електричната мрежа.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- За да избегнете оштетување на електричниот систем, никогаш не поврзувајте електрични уреди што напојуваат, како што се соларни панели или полначи за батерии, во приклучниците од **12** волти за да ја наполните **12**-волтната батерија.
- Користете само електрични уреди кои се во согласност со важечките директиви за електромагнетна компатибилност.
- За да спречите флуктуации на напонот да предизвикаат оштетување, исклучете ги сите поврзани електрични уреди пред да го вклучите и исклучите палењето.

- Никогаш не поврзувајте електрични уреди кои трошат повеќе од наведената енергија во приклучница од **12** волти. Надминувањето на максималната потрошувачка на енергија може да го оштети електричниот систем на возилото.
- Почитувајте на упатствата на електричните уреди!

Предупредување

- Употребата на електрични апарати со исклучен мотор ќе предизвика празнење на **12**-волтната батерија.
- Неизолираните уреди може да го попречуваат радиото, инфо-забавниот систем и електронскиот систем на возилото.

Приклучници за напојување на возилото



Сл. **172** Приклучница за напојување на возилото од 12 волти.

››› сл. **172**

① Приклучници за напојување од 12 волти во предниот потпирач за раце.

② 12-волтни USB приклучници на задниот дел од конзолата, помеѓу предните седишта.

Погрижете се да не се надмине максималната моќност на приклучоците. Потрошувачката на струја на уредите е прикажана на плочата за типот на уредите.

Континуираната моќност на сите приклучници од 12 волти на возилото е вкупно 120 вати.

Кога поврзувате два или повеќе електрични уреди истовремено, внимавајте нивната вкупна потрошувачка никогаш да не надминува 190 вати.

3. Екран на допир. Функциите на инфо-забавниот систем може да се користат преку екранот.
4. Дел на допир за вклучување/исклучување (за да се вклучи/исклучи инфо-забавниот систем).
5. Зони на допир (за да се зголеми и намали температурата на клима-уредот).
6. Зони на допир (за да се зголеми и намали јачината на звук).

Општи упатства за користење

Напомени за ракување

- На инфо-забавниот систем му се потребни неколку секунди за целосно стартување на системот и за тоа време не реагира на внесеното. За време на стартувањето на системот може да се прикаже само сликата на системот на камерата за заден приказ.
- Прикажувањето на сите напомени и извршувањето на функциите се случуваат откако инфо-забавниот систем ќе заврши со подигањето. Времетраењето на подигнувањето на системот зависи од бројот на функциите на инфо-забавниот систем и може да потрае подолго од вообичаено во случај на многу високи или многу ниски температури.
- Кога користите инфо-забавен систем и соодветни додатоци, на пр. слушалки, имајте ги предвид регулативите и законските одредби специфични за земјата.
- Некои функции на инфо-забавниот систем бараат активна корисничка сметка CUPRA CONNECT и интернет конекција за возилото. Преносот на податоци не смее да биде ограничен за да се извршат функциите.
- За да го користите инфо-забавниот систем, едноставно лесно притиснете копче или допрете го екранот.
- За правилно функционирање на инфо-забавниот систем, важно е тој да е вклучен и, доколку е потребно, точно да се постават времето и датумот на возилото.
- Ако на екранот недостасува функциско копче, тоа не е дефект на уредот, туку одговара на специфичната опрема на земјата или верзијата.
- Некои инфо-забавни функции може да се изберат само кога возилото е во мирување. Во некои земји мора да се вклучи и блокадата за паркирање (копче **P**) или рачката на менувачот мора да биде во неутрална позиција **N**. Тоа не е дефект, туку се должи на усогласеноста со законските регулативи.
- Во некои земји може да има ограничувања за користењето уреди со Bluetooth® технологија. За повеќе информации, контактирајте со локалните власти.
- Ако ја исклучите 12-волтната батерија, вклучете го палењето пред да го рестартирате инфо-забавниот систем.
- Ако се смени поставувањето, ова може да го промени приказот на екранот и во некои случаи, инфо-забавниот систем може да се однесува на начин различен од оној опишан во ова упатство.
- Во некои земји, инфо-забавниот систем автоматски се исклучува кога моторот е исклучен, а нивото на полнење на 12-волтната батерија на возилото е ниско.
- Погрижете се сите поправки или измени што треба да се извршат на инфо-забавниот систем да ги изврши специјализирана сервисна работилница. За таа цел, CUPRA препорачува посета на специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.
- Користењето уред на мобилен телефон во возилото може да предизвика бучава во звучниците.
- Кај возилата со помош за паркирање, јачината на звукот на аудио изворот автоматски се намалува кога ќе се избере степен за возење наназад. Намалувањето на јачината на звукот може да се прилагоди.
- Информации за вклучениот софтвер и условите за лиценца може да се најдат во **Settings > Information > Copyright** (Поставувањаа > Информации > Авторско право).
- Кога го продавате или позајмувате возилото, проверете дали се избришани сите зачувани податоци, датотеки и поставувања и доколку е потребно се отстранети надворешните аудио извори и медиуми за податоци.

Предупредување

Повеќе информации и совети за користење на инфо-забавниот систем ќе најдете во менито **Help (**помош**).**

Почетен екран

Ако на екранот недостасува икона, тоа не е дефект на уредот, туку одговара на специфичната опрема на земјата или верзијата.

Следниве менија може да се вклучат како икона:

Главни менија


Возило ››› стр. **42**


Навигација ››› стр. **314**


Радио ››› стр. **306**, Медиуми ››› стр. **311**


Телефон ››› стр. **322**


Full Link ››› стр. **288**


Оптоварување ››› стр. **95**



Возен профил ››› стр. **201**


Седишта ››› стр. **162**


CUPRA Assistant ››› стр. **303**


Поставувања ››› стр. **300**


Податоци ››› стр. **41**


Звук


Корисници


Продавница


Правни прашања


Помош

Управување со инфо-забавниот систем

Спроведувајте ги функциите и поставувањата со контролите за инфо-забавниот систем.

Во зависност од опремата, инфо-забавниот систем има различни контроли:

- Екран на допир.
- Зони на допир надвор од екранот, на пример, Јачина на звук (+ -).

Отворете го **Quick Guide** водичот

Повеќе информации и совети за работа може да најдете во Quick Guide водичот на инфо-забавниот систем.

- Притиснете **HOME** > Помош.

Вклучување и исклучување на инфо-забавниот систем

Инфо-забавниот систем се вклучува кога палењето ќе се вклучи, освен ако не бил претходно рачно исклучен.

Инфо-забавниот систем се вклучува со последната поставена јачина на звук, под услов таа да не ја надминува претходно поставената максимална јачина при вклучување.

Инфо-забавниот систем автоматски се исклучува кога ќе се отвори вратата на возачот, под услов палењето да е претходно исклучено.

Преместување објекти и прилагодување на јачината на звукот

Поместете ги објектите на екранот за да ги приспособите поставувањата, на пример, со копчиња за лизгање или за да ги преместите областите на менито.

Во зависност од опремата, менијата и дисплеите може да се приспособат.

Зголемување и намалување на големини на слики или мапи

Совет: користете го палецот и показалецот.

- Притиснете на мапата со двата прста истовремено и оставете ги на екранот.

• За да ги зголемите приказите, полека одвојте го едниот прст од другиот. За да ги намалите приказите, полека спојте го едниот прст со другиот.

Предупредување

Ако рачно го вклучите инфо-забавниот систем со исклучено палење, тој автоматски ќе се исклучи по околу **30** минути.

Предупредување

Како и кај поголемиот дел од најсовремената компјутерска и електронска опрема, во одредени случаи системот можеби ќе треба да се рестартира за да се осигури дека работи правилно. За таа цел, доколку е соодветно, притиснете го и задржете го притиснато копчето **On/Off (**вклучено/исклучено**)** на инфо-забавниот систем **(**>>> стр. 297**)** околу **15** секунди додека не се прикаже логото на **CUPRA** на дисплејот.

Приспособување на инфо-забавниот систем

Приспособете го горното мени или приказот HOME >>> сл. **176** (1) за брзо да пристапите до вашите омилени или најчесто користени функции.

Главното мени содржи функциски копчиња за пристап до сите апликации на инфо-забавниот систем.

Конфигурирање приспособени менија

На врвот на екранот ќе најдете брз пристап за приспособливите системски функции. Користете ги поставувањата за да ги избришете или замените или да го промените нивниот редослед.

• Притиснете и задржете една од иконите (или притиснете на иконата на празна позиција) за да се прикаже дополнителен прозорец.

• Изберете една од иконите од лентата со апликации.

• Притиснете × за да избришете икона.

• Кликнете на иконата во дополнителниот прозорец за да ја замените вредноста.

• За да го затворите режимот за уредување, притиснете × во дополнителниот прозорец.

Поставувања (систем и звук)

Изборот на можните поставувања варира во зависност од земјата, опремата за која станува збор и опремата на возилото.

Менување на поставувањата

Значењето на следните симболи важат за сите системски и звучни поставувања.

Сите промени автоматски се применуваат кога менијата се затворени.

☑ / ◉	Поставувањето е избрано и активирано или поврзано.
☐ / ○	Поставувањето не е избрано, деактивирано е или исклучено.
▼	За да отворите drop-down листа.
+	За да зголемите вредноста на поставувањето.
−	За да намалите вредноста на поставувањето.
<	За да се вратите назад чекор по чекор.
>	За да одите напред чекор по чекор.
⊙	За да ја промените вредноста на поставувањето со копчето за лизгање без прилагодување.

Поставувања на звук

• Пристап до поставувањата за звукот: ⋯ > 🔊.

Во поставувањата на звукот може да ги има следните функции, информации и опции за поставувања:

• Еквилајзер.

• Позиција.

• Поставување.

Системски поставувања

• Пристап до системските поставувања: ⋯ > ⚙.

Во системските поставувања може да ги има следните функции, информации и опции за поставувања:

- Екран.
- Време и датум.
- Јазик.
- Дополнителни јазици на тастатурата.
- Единици.
- Говорно управување.
- Wi-Fi.
- Податочна врска.
- Управување со мобилни уреди.
- Ресетирање на фабричките поставувања.
- Информации за системот.
- Авторско право.
- Помошник за конфигурација.

Прилагодете ја јачината на звукот на надворешните аудио извори

Ако треба да ја зголемите јачината на звук на репродукцијата за надворешниот извор на аудио, прво намалете ја јачината на звукот на инфо-забавниот систем.

Ако звукот од поврзаниот аудио извор е многу слаб, зголемете ја излезната јачина на звук на надворешниот аудио извор. Ако ова не е доволно, сменете ја влезната јачина на средна или висока.

Ако звукот од поврзаниот надворешен аудио извор е многу силен или попречен, намалете ја излезната јачина на звук на надворешниот аудио извор. Ако ова не е доволно, сменете ја влезната јачина на средна или ниска.

Чистење на екранот

Отстранете ја постојаната нечистотија внимателно и без употреба на агресивни средства за чистење. За чистење на екранот препорачуваме:

- Инфо-забавниот систем да биде исклучен.
- Користете чиста, мека крпа натопена со вода ››› стр. 421.
- Во случај на постојана нечистотија: омекнете ја нечистотијата со навлажнување со малку вода. Потоа внимателно отстранете ја со чиста, мека крпа.

ПРЕТПАЗЛИВО

Чистењето на екранот со несоодветни средства за чистење или кога е сув, може да го оштети.

- Кога чистите, само лесно притиснете.
- Не користете агресивни средства за чистење или оние што содржат растворувачи. Таквите производи може да ја оштетат опремата и да го затемнат екранот.

Заштитни знаци, лиценци и авторски права

Регистрирани заштитни знаци и лиценци

Одредени термини во овој прирачник го носат симболот ® или ™. Овие симболи покажуваат дека се заштитни знаци или регистрирани заштитни знаци. Отсуството на овој симбол, сепак, не мора да значи дека конкретниот термин може слободно да се користи.

Другите имиња на производи се регистрирани заштитни знаци на соодветните носители на правата.

- Manufactured under license from Dolby Laboratories. Dolby and the double-D symbol are trademarks of Dolby Laboratories.
- Manufactured under license from Dolby Laboratories. Dolby, Pro Logic and the double-D symbol are trademarks of Dolby Laboratories.

- Android Auto™ е заштитен знак на Google Inc.
- Apple CarPlay™ е заштитен знак на Apple Inc.
- Bluetooth® е регистриран заштитен знак на Bluetooth® SIG, Inc.
- iPod®, iPad® и iPhone® се заштитни знаци на Apple Inc.
- Windows® е заштитен знак на Microsoft Corporation, Redmond, USA.

● MPEG-4 HE-AAC технологијата за аудио кодирање и патентите се лиценцирани од Fraunhofer IIS.

● Овој производ е заштитен со одредени права на индустриска и интелектуална сопственост на Microsoft Corporation. Употребата или комерцијализацијата на технологијата од овој тип надвор од конфигурацијата на овој производ, без лиценца од Microsoft или овластена подружница на Microsoft е забранета.

Авторско право

Како општо правило, аудио и видео датотеките зачувани на податочни медиуми и аудио извори се предмет на заштита на интелектуална сопственост во согласност со националните и меѓународните одредби кои се применуваат во секој случај. Ве молиме почитувајте ги сите законски одредби!

Технички податоци

Централен компјутер со контролна единица и единица за приказ[1)]

Фабрички монтираниот централен компјутер во возилото вклучува компоненти и софтвер специфични за земјата за поврзување и за извршување на функциите на возилото, комфорните функции и функциите на инфо-забавниот систем.

Соодветните напомени се прикажуваат на контролната единица и екранот на единицата за приказ и делумно на инструментната табла.

● Капацитативен екран во боја

● Користење на опремата со:

– Зони на допир, ракување со допир.

– Копчиња на повеќефункцискиот управувач.

– Сензори за приближување и контрола со гестови.

HOME > ⚙ Settings > Display.
(Поставувања > Приказ.)

Функции на возилото и комфорни функции

● Поставувања на системите за помош.

● Поставувања на греењето и клима-уредот.

● Светла и поставувања на функциите за видливост.

● Комфорни поставувања на возилото.

● Поставувања за паркирање и маневрирање.

Музички систем **(**основна опрема**):**

Инфо-забавниот систем што е фабрички доставен е опремен со следното:

● Звучници на различни места и со различна моќност (вати).

● Внатрешен засилувач зависно од системот:

– 7 звучници: 5 x 20 W.

Опции за поставување:

● Изедначувач, зависно од системот:

– 7 звучници: 5 фреквентни појаси и стандардни поставувања.

● Распределувач на звукот, зависно од системот:

– 7 звучници: Balance + Fader (лево / десно / напред / назад).

● Оптимизација на звукот по зони (важи за систем со 7 звучника):

– Рачно (возач и сите).

– Автоматски зависно од зафатените седишта.

Опционален звучен систем

Инфо-забавниот систем може да се прошири со опционален музички систем на следниов начин:

● 10 звучници на различни места и со различна моќност (вати).

● Надворешен засилувач (Ethernet од 340 W), кој процесира аудио сигнали пратени од централниот компјутер.

● Стимулирање на каналите на звучниците преку финални нивоа на класата AB.

● Процесирање аудио сигнал во дигитален процесот на интерен сигнал (DSP).

● Независен сабвуфер во багажниот простор.

[1)] Назив на опремата: Систем за поврзување

Опции за поставување:

- Еквилајзер на корисник: 5 појаси.
- Претходни поставувања за еквилајзер.
- Распределба на звук: Balance (лево / десно) + Fader (преден / заден).
- Оптимизација на звукот по зони:
  - Рачно (возач, напред и сите).
  - Автоматски зависно од зафатените седишта.
- Јачина на звук на сабвуфер.
- Опции на сараунд.

Wi-Fi

- Wi-Fi што одговара на IEEE 802.11 b/g/n.
- Пренос во 2.4 GHz и 5 GHz.
- Apple CarPlay™ и Android Auto™ преку Wi-Fi.
- Симултана врска на најмногу 8 Wi-Fi уреди.
- Два Wi-Fi режима во исто време:
  - Поврзување (2.4 GHz).
  - 2.4 GHz точка за пристап.
- Интернет врска преку Wi-Fi:
  - Поврзување преку телефонот на клиентот.
  - Пристапна точка на клиентите (клиенти) во возилото.
- Процес на спојување поедноставен со WPS или QR код.

Bluetooth® профили

Може да има најмногу два мобилни уреди поврзани со Bluetooth® уредот за разговор со слободни раце и трет уред поврзан со Bluetooth® како музички плеер.

Кога со системот за управување со телефон е поврзан мобилен телефон, се врши размена на податоци преку еден од Bluetooth® профилите.

- Телефонски профил за разговор со слободни раце **(HFP):** HFP може да се користи за управување со повици преку инфо-забавниот систем.
- Аудио профил **(A2DP):** Овој профил овозможува аудио пренос со стерео квалитет. Може да биде потребно поврзување други профили за управување и контрола на репродукцијата.
- Профил за пристап до телефонски именик **(PBAP):** Овозможува содржината на именикот да се преземе од мобилниот телефон.
- Профил за управување **(MAP):** Овозможува кратки пораки (SMS) и е-пошта да се преземе и синхронизира.

CUPRA Assistant

Вовед

Предупредување

Функцијата **CUPRA Assistant** не е достапна на сите пазари.

CUPRA Assistant работи и *онлајн*[1)] и *офлајн*, земајќи ги предвид аспектите наведени во делот “Јазици достапни во зависност од пазарот”.

Во режимот *офлајн*, каталогот со говорни наредби е ограничен. За подобро искуство на корисникот, ви советуваме да го користите режимот *онлајн* со активирање на говорниот асистент *онлајн* преку My CUPRA App, што му овозможува на корисникот поголем обем на говорни наредби.

CUPRA Assistant ги разбира прашањата и изразите без да мора да учи наредби. Наредбите можат да се формулираат слободно и можат да бидат разговорни. За подобро функционирање на системот, се препорачува секогаш да вклучите глагол во говорната наредба. Предлозите за наредби може да се најдат во инфо-забавниот систем, на пример во менито **HOME > CUPRA Assistant > Tips** (HOME > CUPRA Assistant > Совети).

[1)] Не е достапно на сите пазари.

Гласните звуци внатре или надвор од возилото може да предизвикаат погрешно работење, како и збунувачки фрази и одговори.

Препознавање говор зависно од седиштето

Благодарение на дополнителните микрофони, CUPRA Assistant може да препознае дали лицето што зборува е возачот или патникот. Затоа, во случај на достапни јазици, можете да пристапите до функциите за одредено седиште, како што е вклучување на греењето на седиштата.

Достапните јазици зависат од пазарот

- *Онлајн и офлајн:* Германски, американски англиски, британски англиски, француски, италијански, шпански, чешки, холандски, полски, португалски, шведски, дански и норвешки. Овие јазици имаат напредни функции како што се онлајн наредби, контрола на климатизацијата, природна интеракција итн.
- *Офлајн:* Фински, мексиканско шпански.

Другите јазици на инфо-забавниот систем (на пр. грчки, руски, турски, бугарски) немаат природна интеракција.

Барања

- *Офлајн:* говорно управување со соодветниот инфо-забавен систем инсталиран во возилото.
- *Онлајн и офлајн:* говорно управување со соодветниот инфо-забавен систем инсталиран во возилото и активен CUPRA CONNECT Plus договор.

Предупредување

- **CUPRA Assistant** ги препознава само наредбите на јазикот што е поставен во инфо-забавниот систем.
- Тестирајте го **CUPRA Assistant** додека возилото е запрено, пред да тргнете, за да се запознаете со неговото функционирање.
- Говорното онлајн пребарување ќе биде побрзо и посигурно ако поставувањето за приватност "Употреби локација" е избрано и сте се согласиле да се користат податоци за локацијата во апликацијата на вашиот мобилен телефон.
- **CUPRA Assistant** може да контролира само функции што се достапни како дел од опремата на возилото.

Збор за будење и наредби

Активирање збор за **CUPRA Assistant**

CUPRA Assistant започнува кога инфо-забавниот систем ќе го препознае зборот за активирање.

Ако сте го стартувале CUPRA Assistant преку зборот за активирање, активираниот инфо-забавен систем ќе репродуцира звучен тон додека ве слуша и ќе го прикаже аватарот до телепромптерот.

- ИЛИ: по зборот за будење, изговорете ја саканата наредба, на пример: "*Hello CUPRA*" и потоа "*Switch on heating*" (Вклучи греење).

Системот ги скенира зборовите изговорени во возилото по работата за активирање и ги прикажува на телепромптерот.

Вклучете го и исклучете го зборот за будење

- Притиснете **MENU > CUPRA Assistant** (Мени > CUPRA Assistant > Активирање).

Збор за будење:

Шпански	Hola CUPRA
Бугарски	Здравей CUPRA
Чешки	Ahoj CUPRA
Германски	Hallo CUPRA
Дански	Hej CUPRA
Француски	Bonjour CUPRA
Фински	Hei CUPRA
Англиски	Hey CUPRA
Грчки	Γεια σου CUPRA
Италијански	Ciao CUPRA
Норвешки	Hallo CUPRA

Холандски	Hallo CUPRA
Португалски	Olá CUPRA
Полски	Cześć CUPRA
Руски	Привет CUPRA
Шведски	Hej CUPRA
Турски	Merhaba CUPRA

Корисникот може да го персонализира зборот за активирање преку микрофонот или тастатурата.

Наредби

За да му помогнете на говорното управување сигурно да ги препознава наредбите:

- Изговарајте јасно. Збунувачките наредби не се препознаваат. Зборувајте со нормален тон на глас. Зборувајте малку погласно ако возите со голема брзина.
- Избегнувајте надворешни звуци. Отворените прозорци и врати може да пречат на говорното управување.
- Избегнувајте други секундарни звуци, како што се разговори во возилото. Не насочувајте го протокот на воздух од излезите кон микрофонот или внатрешната обвивка на покривот.
- Не правете долги паузи.

Говорното управување е активно и ги препознава изговорените зборови.

Отворете ги предлозите за наредби

- Притиснете **MENU > CUPRA Assistant** (Мени > CUPRA Assistant).

Предупредување

- Ако зборот за активирање е исклучен, **CUPRA Assistant** не може да се активира преку зборот за активирање. **CUPRA Assistant** е сè уште достапен преку копчето на повеќефункциското управувач. Можете да го деактивирате зборот за активирање во **MENU > CUPRA Assistant > Activation (**Мени **> CUPRA Assistant >** Активирање**).**
- Достапноста зависи од земјата и опремата.

Започнување и завршување на CUPRA Assistant

Зависно од опремата, може да го започнете говорното управување на различни начини.

Започнување на **CUPRA Assistant**

- *Активирање на CUPRA Assistant:* кажете го зборот што го активира CUPRA Assistant.
- *Повеќефункциски управувач:* притиснете го копчето за говорно управување .

Во некои случаи, можете да го започнете говорниот асистент и на поврзаниот мобилен уред, со притискање и држење на копчето за говорно управување.

Рачно завршување на **CUPRA Assistant**


CUPRA Assistant се откажува со користење на наредбата **Cancel** (Откажи).

- *Повеќефункциски управувач:* притиснете еднаш на копчето за говорно управување за да го прекинете системот за помош.

CUPRA Assistant автоматски се прекинува ако користите функции на инфо-забавниот систем, ако системот за паркирање е активиран, ако има дојдовен повик, долга пауза или тишина.

Режим за радио

Вовед



Сл. 177 Шематски приказ: Приказ на радио.

Во режимот Радио, можете да ги вклучите достапните радио станици во различни фреквенциски опсези и да ги меморирате вашите омилени на претходно поставените копчиња за брзо да им пристапите.

Видовите на достапни опсези на прием и фреквенција зависат од опремата и земјата. Во одредени земји, фреквентните опсези може да престанат да се емитуваат или пак да не бидат достапни.

Пристапете до менито **RADIO**

- Притиснете **HOME** > > ››› сл. 177.

Пристапете до поставувањата

- Притиснете **HOME** > > .

Онлајн функции во режим на радио[1)]

Онлајн функциите во режим на радио се достапни само под следниве услови:

- Опрема CUPRA CONNECT или CUPRA CONNECT Plus.
- Имате активна корисничка сметка на CUPRA CONNECT.
- Возилото е доделено на вашата корисничка сметка.

[1)] Не е достапно на сите пазари.

- Имате соодветен план за податоци купен од веб-продавницата на официјалниот добавувач на податоци на CUPRA или имате волумен на податоци за вашиот мобилен уред преку Wi-Fi hotspot.

Предупредување

- Радио станиците се одговорни за содржината на информациите што ги пренесуваат. Електричната опрема поврзана со возилото исто така може да предизвика пречки во приемот на радио сигналот и бучава во звучниците.
- Фолија или лепенки обложени метал закачени на прозорците може да влијаат на приемот на возилата со антена за прозорци.

Радио опрема и симболи

Функциите, како и видовите на достапни опсези на прием и фреквенција зависат од опремата и земјата.

- AM тјунер.
- Двоен FM приемник (антена за разновидност).
- Сумирана листа на FM станици.
- Спојување на DAB и FM станици во една листа.
- Соединување на сите станици зачувани во претходно поставени копчиња во една листа. Најмногу 36 омилени станици.
- Лого ознаки на станици.
- Презентација на DAB (слајдшоу). Слики кои се емитуваат последователно.
- Интернет радио: над 10.000 станици и подкасти од целиот свет, вклучени со CUPRA CONNECT PLUS.

Универзални симболи во режим за радио

AM За да го изберете саканиот AM фреквентен опсег[1].

FM/DAB За да го изберете саканиот FM/DAB фреквентен опсег.

Интернет радио За да го изберете типот на прием на интернет радио.

TP До името на станицата, следење на активни сообраќајни информативни станици (TP).

Симболи на фреквенцискиот опсег **FM/DAB**

За прикажување на фреквентниот опсег за рачно избирање на фреквенцијата FM. Само FM опсегот треба да се избере во контекст на Радио.

DAB недостапен.

DAB станиците поддржуваат презентации (слајдшоу).

Симболи на фреквенцискиот опсег **AM**[1]

Рачно ажурирање на списокот со станици.

За прикажување на фреквентниот опсег за рачно избирање на фреквенцијата AM.

Менија во режимот за интернет радио[1]

Прикажи го изборот на станица.

Отвори пребарување на текст.

Прикажи ги последните слушнати онлајн радио станици.

Прикажи ги 100-те начесто репродуцирани радио станици и подкасти.

Прикажи достапни онлајн радио подкасти.

Прикажи онлајн радио станици, групирани по земја.

Прикажи онлајн радио станици на саканиот јазик.

Прикажи онлајн радио станици чија програма припаѓа на саканиот музички жанр.

[1] Не е достапно на сите пазари.

Избирање, поставување и зачувување станица

Изберете фреквентен опсег

Пред да изберете станица, треба да изберете фреквентен опсег или вид на прием. Достапни се различни станици во зависност од избраниот фреквентен опсег или видот на прием.

Видовите на достапни опсези на прием и фреквенција зависат од опремата и земјата.

- Изберете го фреквентниот опсег и видот на прием: AM, FM/DAB, FM (за уреди што немаат DAB), интернет радио.

Пребарајте и изберете станица

Можете да изберете радио станици на различни начини. Опциите се разликуваат во зависност од фреквентниот опсег и видот на прием.

Изберете преку фреквентниот опсег **(AM** и **FM)**

1. Активирајте го фреквентниот опсег.
2. Кликнете на курсорот, скролајте низ фреквентниот опсег и отпуштете го кога ќе го достигнете фреквентниот опсег што го сакате.

   ИЛИ: притиснете точка на фреквентниот опсег. Курсорот автоматски ќе скокне на соодветната фреквенција.

Станицата на поставената фреквенција е поставена.

Изберете од листата на станици **(AM** и **FM/DAB)**

Листата на станици ги прикажува станиците кои моментално може да се постават. Во фреквентниот опсег AM, можеби ќе треба да ја ажурирате листата со станици ако повеќе не сте во областа каде што последен пат сте пристапиле до листата со станици. Во фреквентниот опсег FM/DAB, листата со станици автоматски се ажурира.

1. Отворете ја листата со станици
2. Притиснете ја станицата што ја сакате.

Избраната станица е поставена. Во случај на FM/DAB и ако станицата е достапна, автоматски се избира најквалитетниот прием.

Пребарување и филтрирање станици **(интернет радио)**

Во режимот на онлајн радио, станиците може да се филтрираат по категории и може да се пребаруваат по текст.

1. Отворете ја листата со станици.
2. Изберете ја категоријата според која станиците треба да се филтрираат.

   ИЛИ: притиснете 🔍 за да го започнете следното пребарување. Се прикажува полето за внесување.
3. Внесете го името на станицата што ја сакате. Списокот на пронајдените станици се ажурира при внесување на текстот.
4. Притиснете ја станицата што ја сакате.

Избраната станица е поставена.

Зачувување станици на претходно поставените копчиња

Можете да зачувате до 36 станици од различни фреквентни опсези и видови на прием како омилени користејќи ги претходно поставените копчиња.

1. Поставете ја станицата што ја сакате.
2. Пристапете до копчињата за претходно поставување.
3. Притиснете го претходно поставеното копче и држете го притиснато додека станицата не се зачува.

   ИЛИ: притиснете ја станицата на листата со станици и држете ја притисната. Се прикажуваат претходно поставените копчиња.
4. Притиснете го копчето за претходно поставување.

Станицата е зачувана во избраното претходно поставено копче.

Ако станицата е веќе зачувана во претходно поставеното копче, таа се препишува со новата станица.

Посебни функции во режим на радио

Информации за сообраќајот **(TP)**

Функцијата TP ги следи соопштенијата на станицата со информации за сообраќајот и автоматски ги репродуцира во режим на радио или во мултимедиската репродукција што е активна. За ова, треба да бидете во можност вклучите станица со информации за сообраќајот.

Некои станици без сопствени информации за сообраќајот ја поддржуваат функцијата TP преку емитување информации за сообраќајот од други станици (EON).

Во фреквенциските опсег AM или во режимот за мултимедија, во заднина автоматски се поставува станица со информации за сообраќајот додека е можно да се вклучи станица со информации за сообраќајот.

Ако не може да се вклучи станица со информации за сообраќајот, уредот автоматски бара станици со информации за сообраќајот што може да се вклучи.

Станиците со информации за сообраќајот не се достапни во сите земји.

Активирање и деактивирање на функцијата TP

- Во режим на радио или режим на мултимедија, притиснете ⚙ **> Traffic programme (TP)** (> Сообраќајна програма (TP)).

[1] Не е достапно на сите пазари.

Презентации **(**приказ на слајдови**)** во **DAB**

Функцијата за приказ на слајдови (SLS) е карактеристика на дигиталните радио станици (DAB), што овозможува приказ на слајдови со слики на корисникот, на пр. логото на станицата.

Активирање и деактивирање на функцијата SLS

Можно е да се деактивира функцијата за прикажување на слајдови на радио станиците DAB:

- Мени ⚙ **> Slide Show** (вклучи/исклучи).

Онлајн радио[1)]

Онлајн радио е вид на прием за интернет радио станици и подкасти кои се независни од AM, FM и DAB. Благодарение на интернет преносот, приемот не е ограничен само на регионот.

Интернет радиото е достапно само со активирани онлајн услуги на CUPRA CONNECT PLUS и активен онлајн режим. Користењето на онлајн радио може да повлече трошоци поради пренос на податоци од интернет.

- Во режимот на онлајн радио, притиснете и поставете го квалитетот на звукот на висок или низок за да го нагодите онлајн радиото.

Лого ознаки на станици

Во случај на некои фреквенциски опсези, лого ознаките на станиците може веќе да се претходно инсталирани во инфо-забавниот систем.

Ако во поставувањата на FM/DAB фреквентниот опсег е активирано автоматски избор на лого ознаки на станици, лого ознаките на станиците автоматски се доделуваат на станиците.

Во режимот на онлајн радио, инфо-забавниот систем пристапува до лого ознаките на станиците на онлајн базата на податоци и автоматски ги доделува на станиците.

Рачно доделување лого ознаки на станиците

1. Во режим FM/DAB, притиснете **Station logos** (Лого ознаки на станици).
2. Притиснете на иконата ✎ и потоа изберете ја станицата на која што сакате да се додели лого ознаката.
3. Изберете ја лого ознаката. По желба, повторете го истиот процес со другите станици.
4. ИЛИ: преку менито ⚙ **> Station logos** (> Лого ознаки на станици).

Дополнителни **DAB** предупредувања

Функцијата за DAB соопштенија ги следи можните известувања од радио станиците DAB и ги репродуцира автоматски во режим на радио.

Активирање и деактивирање на дополнителните предупредувања за DAB:

- **Menu > Additional DAB announcements** (Мени > Дополнителни соопштенија за DAB) (активирај/деактивирај).

Радио текст


Функцијата за радио текст обезбедува информации поврзани со избраната радио станица.

Активирање и деактивирање на радио текстот:

- **Menu > Radio Text** (Мени > Радио текст) (активирај/деактивирај).

Режим за медиуми

Вовед



Сл. **178** Шематски приказ: Приказ Медиуми

Во режимот Медиуми може да репродуцирате мултимедиски датотеки од податочни медиуми и преку инфо-забавниот систем.

Во зависност од опремата, може да се користат следниве податочни медиуми:

- Поддршка со USB меморија (на пр. USB стик, мобилен телефон поврзан преку USB).
- Bluetooth® уред (на пр. мобилен телефон или таблет).

Во зависност од опремата, може да се репродуцираат следниве видови мултимедиски датотеки:

- Аудио датотеки.
- Видео датотеки (зависно од системот).

Пристап до менито **MEDIA**

- Притиснете **HOME** > ⏵ > ♫ ››› сл. **178**.

Пристап до поставувањата

- Притиснете **HOME** > ⏵ > ⚙.

Ограничувања и напомени на податочниот медиум

Податочните медиуми може да не работат ако биле изложени на високи температури или се оштетени. Ве молиме имајте ги предвид напомените на производителот.

Разликите во квалитетот помеѓу податочните медиуми произведени од различни производители може да предизвикаат дефекти во репродукцијата на мултимедијата.

Неправилната конфигурација на податочниот медиум може да предизвика податочниот медиум да биде нечитлив.

Листите за репродукција одредуваат само редослед на репродукција и се однесуваат на локацијата за мултимедиските датотеки во структурата на папката. Во листата за репродукција нема зачувани мултимедиски датотеки. За да репродуцирате листа за репродукција, мултимедиските датотеки треба да се наоѓаат во местата за меморирање на податочниот медиум кон каде што упатува листата за репродукција.

Предупредување

CUPRA не презема никаква одговорност за какво било влошување или губење на датотеките на уредите за складирање податоци.

Карактеристики на опремата и медиумски симболи

Аудио, мултимедија и конективност:

- Репродукција на медиуми и контрола преку Bluetooth®.
- Репродукција на аудио во овие формати: AAC, APE, ALAC, FLAC, MP2, MP3, MP4, Vorbis, OPUS, WMA.
- Репродукција на видео во овие формати:
  - MPEG-1 и MPEG-2 (.mpg, .mpeg, .mkv, .avi).
  - ISO MPEG-4 ASP; Xvid (.mp4, .m4v, .mov, .mkv, .avi).
  - ISO MPEG-4 AVC / H.264 (.mp4, .m4v, .mov, .mkv, .avi).
  - Windows Media Video 9 (.wmv, .asf, .mkv, .avi).
- Плејлисти на кој било тип на уред.
- Мултимедијално пребарување.

Универзални симболи во режим за медиуми

- Започни репродукција.
- Паузирај ја репродукцијата.
- Смени на претходната песна.
- Промени на следната песна.
- Повтори ја песната што се репродуцира.
- Повтори ги сите наслови.
- Активирај го редоследот за репродукција со мешање.
- Прикажи листа на омилени.
- Додај медиумска датотека како омилена.
- Горе десно: избери медиумски извор.
- Пристапи до поставувањата.
- Отвори пребарување.
- Врати се во горната папка на медиумскиот извор.

Изберете и репродуцирајте мултимедиски извор

Изберете мултимедиски извор

Пред да репродуцирате мултимедиски датотеки, прво мора да поврзете мултимедиски извор.

- Поврзете надворешен мултимедиски извор.
- Изберете го поврзаниот медиумски извор што ќе се користи за репродукција.

Репродукција на аудио и видео датотеки

Можете да пребарувате и репродуцирате мултимедиски датотеки од достапен мултимедиски извор на различни начини.

Пребарајте во структурата на папката

Мултимедиските датотеки може да се каталогизираат по категории (на пример, албум, изведувач, наслов). Во Мои медиуми приказот на оваа категорија секогаш се прикажува. Во Мои медиуми има и класична структура на папки на индивидуални медиуми со USB податоци.

1. Активирајте ја структурата на папки.

   Се прикажува структурата на папки на избраниот мултимедиски извор. Ако е избрано Мои медиуми, прво се прикажуваат категориите (музика, видеа, листи за репродукција) и поврзаните мултимедиски извори.

2. Пребарајте го насловот што го сакате во структурата на папката.

   ИЛИ: притиснете Q за да започнете пребарување текст. Се прикажува полето за внес.

3. Внесете го името на саканиот наслов. Списокот на пронајдените наслови се ажурира при внесување на текстот.

4. Притиснете на саканиот наслов.

   Ако на почетокот на репродукцијата вашиот избор е во папка на мултимедиски извор, мултимедиските датотеки што се во него исто така се додаваат на репродукцијата.

   Ако се репродуцира листа за репродукција, сите достапни наслови во листата за репродукција се додаваат во репродукцијата.

5. Затворете го изборот со ✕.

Изберете омилени

Во омилените може да зачувате наслови, музички жанрови, изведувачи и албуми поединечно за репродукција.

- Пристап до омилените ★.
- Притиснете го омилениот што го сакате.

Во зависност од вашиот избор, сите наслови кои припаѓаат на омилениот се додаваат во репродукцијата.

Зачувајте омилени

Како омилени може да се зачуваат само мултимедиски датотеки во Мои медиуми на инфо-забавниот систем. Можете да зачувате најмногу 36 наслови, албуми, изведувачи и музички жанрови поединечно како омилени.

1. Започнете репродукција.
2. Пристапете до омилените.
3. Допрете омилен што не е доделен.

   ИЛИ: притиснете и задржете на постоечки омилен околу 3 секунди.

4. Изберете од списокот за избор: Наслов, албум, изведувач, жанрови, листа за репродукција.

Изборот се меморира на местото на претходно избраниот омилен. Ако омилениот е веќе доделен, претходно зачуваниот омилени се пребришува.

Опциите што може да се изберат во списокот за избор зависат од податоците прикачени на мултимедиската датотека. Ако музичкиот жанр не е означен во музичките датотеки на пример, не можете да го зачувате музичкиот жанр како омилен.

Ако се репродуцира видео датотека, само тоа видео може да се зачува како омилено.

Репродукција на забавна содржина во инфо-забавниот систем

Во зависност од инфо-забавниот систем, може да се репродуцираат видеа.


Видео режим

Додека сте во видео режим, видео зачувано на медиум за податоци, во Моја мултимедија може да се репродуцира на дисплејот на инфо-забавниот систем. Во тој случај, звукот на видеото се репродуцира преку звучниците на возилото.

Сликата се прикажува само ако возилото е запрено. Кога возилото е во движење, екранот на инфо-забавниот систем се исклучува. Звукот на видеото се уште се слуша.

Навигација

Вовед



Сл. **179** Шематски приказ: Приказ на навигација.

Предупредување

Функцијата “навигација” не е достапна на сите пазари.

Глобален сателитски систем ја одредува моменталната позиција на возилото и сензорите поставени на возилото ги анализираат рутите по кои се вози. Сите измерени вредности и можни сообраќајни настани се споредуваат со достапните мапи за да се овозможи оптимална навигација до дестинацијата.

Навигациските соопштенија и графичките прикази ќе ве водат до вашата дестинација.

Управувањето со навигацијата се врши на екранот.

Во зависност од земјата, некои функции на инфо-забавниот систем нема да бидат достапни на екранот кога се движите над одредена брзина. Тоа не е дефект, туку се должи на усогласеноста со законските регулативи.

Навигациски соопштенија

Навигациските соопштенија се звучни напомени за возење што се однесуваат на тековната рута.

Видот и зачестеноста на навигациските соопштенија зависат од возната ситуација, на пример, стартување на водењето до дестинација, возење по автопат или на кружен тек и од поставувањата.

Ако не може да се стигне до точната дестинација бидејќи, на пример, е во недигитализирана област, на екранот се прикажуваат напомени кои се однесуваат на адресата и растојанието до дестинацијата.

За време на динамичното водење по рута, ќе добиете информации за пријавениот сообраќаен метеж на рутата. Дополнително

навигациско соопштение се дава доколку рутата се пресмета повторно поради застој во сообраќајот.

Додека се репродуцира навигациско соопштение, неговата јачина на звук може да се нагоди. Следните навигациски соопштенија се репродуцираат со ново нагодената јачина на звук.

Ограничувања за време на навигацијата

Ако инфо-забавниот систем не може да прима податоци од GPS сателити, на пример, во тунел или во подземна гаража, навигацијата продолжува со помош на сензорите на возилото.

Во областите што не се дигитализирани или се само делумно дигитализирани во меморијата на инфо-забавниот систем, инфо-забавниот систем сепак ќе се обидува да обезбеди насочување водење по рутата.

Во случај на непостоечки или нецелосни податоци за навигација, можеби нема да биде можно да се одреди точната положба на возилото. Ова може да значи дека навигацијата не е толку прецизна како и обично.

Патиштата и улиците подлежат на постојана промена (на пр. нови патишта, градежни работи на патиштата, патишта затворени за сообраќај, промени на имињата на улиците и броевите на зградите). Ако податоците за навигација се застарени, тоа може да доведе до грешки или неточни податоци за време на водењето по рутата.

Управување со мапата за навигација

За да овозможите оптимален приказ, можете да управувате и со мапата за навигација со дополнителни движења со прстите.

Поместување на мапата

Совет: користете го показалецот

- Поместете ја мапата со прстот.

Зумирање внатре и надвор од приказот

Совет: користете го показалецот

- Притиснете двапати на мапата и држете го прстот притиснат на екранот.
- За да го одзумирате приказот на мапата, движете го прстот нагоре. За да зумирате во приказот на мапата, движете го прстот надолу.

Менување во **2Д / 3Д** приказ

Совет: користете го показалецот и средниот прст

- Притиснете на мапата со двата прста истовремено и држете ги притиснати.
- За 2Д приказ, движете ги прстите надолу, за 3Д приказ, движете ги прстите нагоре.

Ротирање на мапата

Совет: користете го палецот и показалецот

- Притиснете на мапата со двата прста истовремено и држете ги притиснати.
- За да го ротирате приказот на мапата, свртете ги прстите во или спротивно од стрелките на часовникот.

Зачувани податоци

Инфо-забавниот систем зачувува одредени податоци, на пример, често возени рути и податоци за позицијата, за да го олесни пристигнувањето на дестинацијата и да го оптимизира водењето по рутата.

Избришете ги зачуваните податоци

- Притиснете **Settings > Basic function settings > Delete** (Поставувања > Поставувања на основните функции > Бришење) и потоа **Accept** (Прифати).

⚠ ВНИМАНИЕ

Бирајте ги поставувањата, внесувајте ја дестинацијата и измените за навигацијата само додека возилото е во мирување.

Предупредување

- Ако се помине заобиколен пат за време на водење на рута, навигацијата може повторно да ја пресмета рутата.
- Квалитетот на препораките на навигацијата дадени од инфо-забавниот систем зависи од достапните податоци за навигација и од пријавените сообраќајни застои.
- Навигациските соопштенија не се емитуваат ако звукот е исклучен во инфо-забавниот систем.

Функции и симболи на навигацијата

Навигација

Функциите на навигацијата зависат од опремата и од земјата.

За сите функции за навигација потребно е активирање на онлајн услугите CUPRA CONNECT PLUS.

Функции

- Внесување на дестинацијата и пресметка на рутата (офлајн и онлајн[1]).
- Приказ на две мапи за навигација во исто време (екран и инструментна табла).
- Ажурирање на онлајн мапите.[1]
- Предвидлива навигација.
- 3D градски мапи.
- Онлајн информации за сообраќајот.[1]
- Динамични POIs (точки од интерес).

Симболи на мапата

Копчињата и напомените зависат од поставувањата и моменталната ситуација на возење.

Симболите за сообраќајни настани и точки на интерес (POI) се прикажани на мапата, на пр. бензински станици, железнички станици или интересни места за пауза, под услов навигацијата да има такви податоци ››› стр. 320.

- Моментална позиција.
- Пребарување дестинации.
- Дестинации по должина на рутата.
- Крајна дестинација.
- Домашна адреса.
- Службена адреса.
- Омилени дестинации.
- Дополнителен прозорец со повеќе опции.
- Дополнителен прозорец со опции за рутата.
- Центрирај ја мапата на моменталната позиција.
- Смени приказ: 2D насочена кон север или 2D насочена кон правецот на возење или 3D кон правецот на возење.
- Информации за моменталното водење по рута.
- Размер на мапа.

Симболи во дополнителниот прозорец

- За да го отворите дополнителниот прозорец, притиснете ☰.

- Повтори го последното навигациско соопштение.
- Обем на навигациски соопштенија.
- Осветлување на мапата во автоматски, дневен или ноќен режим.
- Понудете нови рути за водење.
- Индикатор за електричен опсег од 360° (хибридни возила)

Други симболи

- Внесување на деталната дестинација за адреса.
- Пребарување дестинации.
- Омилени дестинации.
- Назад

Симболи во деталите за рутата

- Моментална позиција.

[1] Не е достапно на сите пазари.

Дестинација на моменталното водење.

POI симболи **(**точки од интерес**)**

POI (точки на интерес) се прикажани на мапата, под услов навигацијата да ги има наведените податоци.

Кликнете на саканата POI (точка на интерес) за да започнете водење по рутата ››› стр. 318.

Бензинска станица.

Паркинг.

Канцеларии за туристички информации.

Железничка станица.

Ресторан.

Информации за сообраќајот.

POI (точки на интерес) се прикажани на мапата, под услов навигацијата да ги има наведените податоци ››› стр. 320.

Притиснете на сообраќаен настан за да отворите дополнителен прозорец со дополнителни детали ››› стр. 320.

Бавен сообраќај.

Застој во сообраќај.

Незгода.

Возило во дефект.

Лизгава површина (мраз или снег).

Патот е затворен за сообраќај.

Опасност од лизгав пат.

Опасност.

Работа на пат.

Силен ветер.

Намалена видливост.

Податоци за навигација

Инфо-забавниот систем е опремен со вградена меморија за податоци за навигација. Во зависност од земјата, потребните податоци за навигација можеби се веќе претходно инсталирани.

За да се обезбеди правилно водење по рута и да се искористи максимумот од понудените функции, инфо-забавниот систем треба редовно да се ажурира.

Користењето на застарени податоци може да доведе до грешки при навигацијата. Тековните рути не може да се следат или водењето по рута ќе одведе до погрешни дестинации.

Погрижете се податоците за навигација да се ажурираат постојано.

Онлајн ажурирање на податоците за навигација[1)]

Податоците за навигација на регионите низ кои често патувате автоматски се ажурираат во позадина доколку се воспостави интернет врска и важат поставувањата за приватност.

- Со вклучено палење, податоците за навигација се ажурираат автоматски.

Рачно ажурирање на податоците за навигација

Тековните податоци за навигација за големи региони, на пример Западна Европа, може да се преземат од www.seat.com и да се складираат на USB уреди за податоци.

- Преземете ги податоците за навигација на USB уред за податоци.
- Вклучете го палењето на возилото.
- Поврзете го USB уредот за податоци со инфо-забавниот систем. Податоците за навигација автоматски се ажурираат во позадина.

[1)] Не е достапно на сите пазари.

Верзијата на мапата се прикажува во **HOME** > ⚙ > **System information** (> Информации за системот).

Предупредување

Автоматското ажурирање на податоците за навигација зависи од поставувањата за приватност. Не се врши ажурирање во инкогнито режим.

Започнете водење по рута

Во зависност од земјата и опремата, достапни се различни функции за внесување дестинации.

Различните функции за внесување дестинации се наоѓаат во главното мени за навигација.

Отворање на главното мени Навигација

- Притиснете **HOME** > ⌖.

Изберете ја дестинацијата и започнете со навигацијата

1. Притиснете 🎙.
2. Изберете ја саканата дестинација. Може да изберете помеѓу Предлози, последни дестинации и ☆ Омилени дестинации.

   ИЛИ: притиснете 🔍 и внесете адреса во екранот за внесување.

   ИЛИ: детална адреса.
3. Притиснете Започни.

Досег врз основа на рутата

Досегот потребен за избраната рута повторно се пресметува земајќи ги предвид различните фактори како што се топографијата и типот на патот. Затоа, вредноста на досегот ќе се прилагоди веднаш кога ќе се направи изборот и ќе се пресметува повторно на пат според какви било услови кои можеби не се првично проценети (времето, сообраќајот итн.) до пристигнувањето на дестинацијата, каде што стандардниот досег ќе се прикаже повторно.

Предлози

Синопсисот на дестинацијата користи снимени податоци за да предложи можни дестинации.

Изберете ја дестинацијата и започнете ја навигацијата:

1. Притиснете 🎙 и потоа Предлози.
2. Изберете ја саканата дестинација. Водењето по рута започнува автоматски.

Брзо започнување: за брзо започнување, притиснете и задржете ја саканата дестинација неколку секунди.

Последни дестинации

Навигацијата ги зачувува последните дестинации за да ги направи достапни за водење по рута.

Изберете ја дестинацијата и започнете ја навигацијата:

1. Притиснете 🎙 и потоа Последни дестинации.
2. Притиснете ја саканата дестинација.
3. Притиснете Започни.

Брзо започнување: за брзо започнување, притиснете и задржете ја саканата дестинација неколку секунди.

☆ Омилени дестинации

Зачувајте до 20 дестинации како омилени.

За да зачувате дестинација како омилена, притиснете ☆ во поделениот екран при внесувањето на дестинацијата.

Изберете ја дестинацијата и започнете ја навигацијата:

1. Притиснете 🎙 и потоа Омилени.
2. Притиснете ја саканата дестинација.
3. Притиснете Започни.

Предупредување

Внесете ја дестинацијата што е можно попрецизно. Ако погрешно внесете дестинација, водењето по рута нема да може да започне или ќе ве води до погрешна дестинација.

Започнете со водење по рутата со избирање од мапата

Навигациската мапа вклучува активни области на многу точки кои се погодни за внесување на дестинацијата. За да го направите ова, притиснете ја саканата позиција или место на мапата. Ако има податоци за мапата во тој момент, можете да започнете водење по рута.

Дали е можно да се внесе дестинацијата преку мапата за навигација зависи од состојбата на податоците и тоа не е можно за сите позиции.

За да започнете „навигација надвор од патот“, притиснете празна област без податоци за позицијата.

Започнете ја навигацијата:

1. Притиснете .
2. Поместете го приказот на мапата додека да може да се избере саканата позиција. Навигациската мапа може да се користи со дополнителни движења со прстите ››› стр. **314**.
3. Притиснете ја саканата дестинација на мапата.
4. Pop-up прозорец се појавува доколку притиснете на соодветната икона:
   - ☆: омилена дестинација.
   - : нова рута.
   - Старт: ја започнува рутата до дестинацијата.

Навигација надвор од патот

“Навигацијата надвор од патот” пресметува рути до избрани дестинации со употреба на непознати податоци. Кога дестинацијата е надвор од познатите патишта или податоците за локација, навигацијата ја наоѓа рутата до најблиската точка на познатиот пат и ја комплетира патеката до следната дестинација со директна врска.

Започнете ја навигацијата:

1. Поместете го приказот на мапата додека да може да се избере саканата позиција. Навигациската мапа може да се користи со дополнителни движења со прстите ››› стр. **314**.
2. Притиснете на која било точка на мапата без податоци за локацијата.
3. Pop-up прозорец се појавува доколку притиснете на соодветната икона:
   - ☆: омилена дестинација.
   - : нова рута.
   - Старт: ја започнува рутата до дестинацијата.

Започнете со водење по рутата користејќи детали за контакт

Започнете со водење по рута со зачуваните податоци за адреса на контактот. Контактите зачувани без податоци за адресата не може да се користат за водење по рута.

Започнете ја навигацијата:

1. Притиснете .
2. Притиснете на контактот што го сакате.
3. Pop-up прозорец се појавува доколку притиснете на соодветната икона:
   - ☆: омилена дестинација.
   - : нова рута.
   - Старт: ја започнува рутата до дестинацијата.

Предупредување

Ако деталите за адресата на некој контакт се застарени, водењето по рута сепак ќе ве однесе до регистрираната адреса. Проверете дали адресата на контактот е ажурирана.

Информации за сообраќајот

Инфо-забавниот систем автоматски добива детални информации за сообраќајот[1] доколку е воспоставена интернет-врска. Овие информации се прикажуваат со симболи и истакнувања на патната мрежа во боја на мапата.

Инциденти во сообраќајот

Инцидентите во сообраќајот, на пример, сообраќаен метеж или преоптоварен сообраќај, се прикажуваат на мапата за навигација со помош на симболи.

Со активно водење по рута, инцидентите во сообраќајот што се на тековната рута се прикажуваат во деталите за рутата. Вакви сообраќајни инциденти може да се избегнат ››› стр. 320, *Описи на функциите*.

Напомена за протокот на сообраќајот

Мапата за навигација го прикажува протокот на сообраќајот според тековните сообраќајни настани, истакнувајќи ја патната мрежа во боја.

- Жолта: Бавен сообраќај.
- Црвена: Застој во сообраќај.

Предупредување

Приемот на информации за сообраќајот зависи од поставувањата за приватност. Во режимот за максимална приватност, не се добиваат информации за сообраќајот. Неопходно е поставување на ниво на следење или локација.

Описи на функциите

Детали за рутата

Деталите за рутата содржат информации за сите настани, на пример, почетната точка, застанувањата, сообраќајните настани, точките од интерес и дестинацијата, под услов навигацијата да има такви податоци.

Ако притиснете на настан, се отвора дополнителен прозорец со повеќе опции. Достапните опции зависат од настанот и тековните поставувања.

Отворете ги и затворете ги деталите за рутата

- За да ги отворите, притиснете | или слизнете.
- За да ги затворите, притиснете | или слизнете.

Изменете го водењето по рута

За да го измените водењето по рута, преместете ги застанувањата до дестинацијата во приказот TripView.

- Држете ја саканата дестинација притисната додека видливо не се означи.
- Поместете ја дестинацијата во саканата позиција.
- Тргнете го прстот од екранот. Рутата повторно ќе се пресмета.

Избегнете сообраќајни инциденти

Деталите за рутата ги прикажуваат моменталните сообраќајни инциденти доколку навигацијата има такви податоци. Избегнувајте сообраќајни инциденти со изменување на деталите за рутата ››› стр. 320.

- Притиснете на сообраќаен настан.
- Притиснете на Избегни. Рутата повторно ќе се пресмета.

Поделен екран

Кога ракувате со функциите за навигација, може да се отвори дополнителен прозорец со други опции. Можните опции зависат од функцијата што се користи.

[1] Не е достапно на сите пазари.

Затворете го дополнителниот екран

- Притиснете на празно место надвор од дополнителниот прозорец.
- ИЛИ: притиснете ×.
- ИЛИ: притиснете Прифати.

Функции во дополнителниот прозорец:	
Прикажи на мапа	Прикажи што е избрано на мапата.
Додади попатна дестинација	Додади застанување во водењето по рута.
Директна рута	Започнува директно водење по рута.
Избриши	Избриши застанување во водењето по рута.
Избегни	Избегни сообраќаен метеж. Рутата повторно ќе се пресмета.
Запри го водењето по рута	Го завршува моменталното водење по рута.
×	Затворете го дополнителниот прозорец.
☆	Додади дестинација во омилените.

Научи шема на користење

Кога возилото е во движење, навигацијата зачувува рути и дестинации што се користат за автоматско генерирање на предлози за дестинации. Дестинациите се учат врз основа на времето од денот и денот во неделата.

Навигацијата може да предложи до 5 рути во исто време. Предложените рути може да се разликуваат од рутите на нормалното водење по рута.

Ако се избере една од предложените дестинации, се стартува водењето до таа дестинација.

Водење по рутата ја следи избраната рута додека возилото не отстапи од неа. Во тој случај, рутата повторно се пресметува и ве враќа по најдиректниот пат до првично избраната дестинација.

Важните сообраќајни метежи се земаат предвид при водењето по рута и се избегнуваат доколку се достапни алтернативни рути, под услов навигацијата да има такви податоци.

Можете да ја активирате и деактивирате функцијата кога сакате.

Овозможете и оневозможете го учењето на шемата на користење

Поставувањето е во соодветното навигациско мени ⚙ > Основни поставувања на функциите.

- За да ја активирате функцијата, активирајте Научи шема на користење.
- За да ја деактивирате функцијата, оневозможете Научи шема на користење.
- За да ги избришете зачуваните податоци, притиснете Избриши шема на користење.

Приказ на оперативен електричен досег од **360°**

Важи за: возила со plug-in хибриден погон


Приказот на оперативниот електричен досег од 360° го прикажува можниот досег со актуелното ниво на наполнетост на високонапонската батерија.

Префрлете на приказ на оперативен електричен досег од 360°

- Отворете го прозорецот со дополнителна мапа и притиснете го симболот ⛽.

Телефонски интерфејс

Вовед



Сл. **180** Шематски приказ: Приказ на телефон.

Можете да го користите телефонскиот интерфејс за да го поврзете вашиот мобилен со инфо-забавниот систем и да управувате со функциите на телефонот преку него. Звукот се репродуцира преку звучниците на возилото.

Може да поврзете до два мобилни телефони истовремено со инфо-забавниот систем.

Големите брзини, лошите временски услови или условите на патот и бучната околина (дури и надвор од возилото), како и квалитетот на приемот, сето тоа може да влијае на квалитетот на телефонскиот разговор во возилото.

Предупредување

- Како општо правило, спојувањето уред (на пр. уред за мобилен телефон) е потребно само еднаш. Може да ја обновите врската на уредот преку **Bluetooth®** или **Wi-Fi** со инфо-забавниот систем кога и да посакате, без да мора повторно да го споите уредот.
- Достапноста на некои телефонски функции ќе зависи од мобилниот телефон поврзан на инфо-забавниот систем.

Опрема и симболи на телефонскиот интерфејс

Карактеристики на опремата

- Функција за разговор со слободни раце.
- Користете истовремено до два телефона.
- Телефонски именик со најмногу 5000 контакти.
- SMS функции преку Bluetooth®: Читање SMS, пишување SMS (вклучително и шаблони), репродукција на SMS, историја на пораки.
- Функции за е-пошта преку Bluetooth®: читање е-пошта, пишување е-пошта.

- Опција за поврзување со безжично полнење.
- Поврзување со микрофонот поставен на возилото.

Симболи во главното мени

- Контакти.
- Листа на дојдовни и излезни повици.
- Внесете телефонски број.
- Текстуални пораки (SMS и е-пошта).
- Поставувања на телефонскиот интерфејс.

Симболи за повици

Симболите може да бидат различни во зависност од инфо-забавниот систем.

- Започнете повик или доведете го во преден план.
- Прекинете или одбијте повик.
- Отворете ја листата со контакти или започнете конференциски повик.
- Внесете телефонски број.
- Исклучете го звукот на разговорот со слободни раце
- Задржете повик.
- Продолжете повик.
- Префрлете го повикот на приватен режим.
- Воспоставете итен повик.
- Говорна пошта.
- Одбијте повик со шаблон за SMS порака.
- Игнорирајте дојдовен повик.
- Префрлете го повикот во режим за разговор со слободни раце.
- Одете до содржината на CarPlay.
- Отстранете лице од конференцискиот повик.
- Одете до листата со контакти.
- Воспоставете повик за дефект.
- Воспоставете повик за грижа за корисници.

Симболи на листа на повици

- За да ја отворите листата на повици, притиснете .

- Дојдовен повик.
- Излезен повик.
- Пропуштен повик.
- Телефонски број (деловен).
- Телефонски број (приватен).
- Мобилен телефонски број (деловен).
- Мобилен телефонски број (приватен).
- Факс (приватен).
- Факс.

Симболи за текстуални пораки

Симболите може да бидат различни во зависност од инфо-забавниот систем.

- За да ги отворите текстуалните пораки, притиснете .
- Активирајте запис на говорно управување ››› стр. 303.
- Шаблони за текстуални пораки.

Места со посебни одредби

Исклучете го мобилниот телефон и телефонскиот интерфејс на места со ризик од експлозија. Овие места не се секогаш јасно означени. Тие вклучуваат, на пример:

- Близината на хемиски цевководи и резервоари.
- Долните палуби на чамци и траекти.
- Во близина на возила што работат на течен гас (како пропан или бутан).
- Места каде што воздухот е оптоварен со хемикалии или честички како брашно, прашина или метален прав.
- Сите други места каде што моторот или телефонот мора да се исклучат.

⚠ ВНИМАНИЕ

Исклучете го мобилниот телефон во области со ризик од експлозија!

Предупредување

Во областите каде што важат посебни одредби или употребата на мобилни телефони е забранета, тој мора постојано да биде исклучен. Зрачењето што го произведува мобилниот телефон кога е вклучен може да пречи на чувствителната техничка и медицинска опрема, што може да резултира со дефект или оштетување на опремата.

Спојување, поврзување и управување

Барања за спојување:

- Bluetooth® е активиран на мобилниот телефон.
- Bluetooth® е активиран во инфо-забавниот систем.
- Во зависност од мобилниот уред, ќе биде неопходно да се отвори менито Bluetooth® или да се активира опцијата Видливост за уредот да биде видлив од инфо-забавниот систем.

Спојте мобилен телефон погоден за телефонија со инфо-забавниот систем за да ги користите функциите на телефонскиот интерфејс. При првото поврзување, мобилниот телефон е споен со инфо-забавниот систем. Со тоа се заштитува профилот на корисникот.

Спојувањето може да потрае неколку минути. Достапните функции зависат од користениот мобилен телефон и неговиот оперативен систем.

Спојување мобилен телефон

1. Отворете ја листата со достапни Bluetooth® уреди на мобилниот телефон и изберете го името на инфо-забавниот систем.
2. Ве молиме имајте предвид и, доколку е потребно, потврдете ги пораките што се појавуваат на мобилниот телефон и на инфо-забавниот систем. Ако спојувањето е успешно, податоците на телефонот се зачувуваат во корисничкиот профил.
3. *Опционално:* потврдете ја пораката за пренос на податоци на мобилниот телефон.

Активна и пасивна врска

За да ги користите функциите на телефонскиот интерфејс, мора да има најмалку еден мобилен телефон поврзан на инфо-забавниот систем. Ако има неколку мобилни телефони поврзани со инфо-забавниот систем, можете да се префрлате помеѓу активни и пасивни врски. За да го користите телефонскиот интерфејс со саканиот мобилен телефонски уред, воспоставете активна врска со инфо-забавниот систем.

Разлика помеѓу типовите на поврзување

Активна Мобилниот телефон е споен и поврзан. Функциите на телефонскиот интерфејс се извршуваат со податоците на споменатиот мобилен телефон.

Пасивна Мобилниот телефон е споен и поврзан. Повиците може да се управуваат, но именикот, пораките или другите функции нема да бидат активни.

Споените мобилни телефони се зачувуваат во инфо-забавниот систем, дури и ако моментално не се поврзани.

Поврзување мобилен телефон

Барање: мобилниот телефон е споен со инфо-забавниот систем.

- Bluetooth® е активиран на мобилниот телефон.

Воспоставување активна врска

Барање: неколку мобилни телефони се поврзани на инфо-забавниот систем истовремено.

- Изберете го саканиот мобилен телефон од drop-down менито. Сите други мобилни телефони автоматски се во пасивна врска.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако го извршите спојувањето додека возите, тоа може да предизвика несреќа или повреда.

- Вршете спојување само додека возилото е во мирување.

Предупредување

- Додека инфо-забавниот систем е во менито Познати мобилни телефони, функцијата за безжично полнење е оневозможена. Кога ќе излезете од ова мени, функцијата за безжично полнење повторно се активира.
- Во спојувањето на некои мобилни телефонски уреди, на екранот на мобилниот телефон се прикажува **PIN**-број. Внесете го тој број во инфо-забавниот систем за да го завршите спојувањето.

Basic и **Comfort** телефонија

Во зависност од опремата, може да се користат два вида телефонски интерфејс:

- Basic телефонски интерфејс.
- Comfort телефонски интерфејс.

Basic телефонски интерфејс

Basic телефонскиот интерфејс го користи Bluetooth® HFP профилот за пренос. Овој интерфејс овозможува користење на телефонските функции преку инфо-забавниот систем и репродукција преку звучниците на возилото.

Comfort телефонски интерфејс

Како и Basic телефонскиот интерфејс, Comfort телефонскиот интерфејс исто го користи Bluetooth® HFP профилот.

Comfort телефонскиот интерфејс може да се опреми со функција за безжично полнење ››› стр. **327**.

За да ги користите функциите на функцијата за безжично полнење, треба правилно да поставите соодветен мобилен уред во преградата за складирање. Мобилниот уред потоа ќе се поврзе со антената на возилото. Ова го подобрува приемот и квалитетот на звукот на повиците.

Воспоставување повици и праќање пораки

Отворање на телефонскиот интерфејс

- Притиснете **HOME >** .

Воспоставување повик

Изберете број за да започнете повик. Различни функции се достапни за бирање телефонски број:

Контакти

Ако некој контакт има неколку регистрирани телефонски броеви, треба да изберете еден.

- Притиснете и притиснете број на листата за да воспоставите повик.

ИЛИ: притиснете и внесете го името на контактот во полето за внесување за да го побарате. Притиснете на контактот за да го воспоставите повикот.

ИЛИ: притиснете омилен во главното мени на телефонскиот интерфејс за да го воспоставите повикот.

Повици

Телефонскиот интерфејс ја прикажува листата на повици на мобилниот телефонски уред. Воспоставете повик од листата на повици.

- Притиснете **> All** (> Сите) и притиснете број на листата за да воспоставите повик.

ИЛИ: притиснете и филтрирајте ги записите од листата на повици (на пример, пропуштени повици или бирани броеви). Во филтрираната листа, притиснете број за да го воспоставите повикот.

Бирање број

Рачно внесете телефонски број за да воспоставите повик. Додека го внесувате телефонскиот број, контактите што одговараат на тој број се прикажуваат на екранот на инфо-забавниот систем.

- Притиснете ⊞ и внесете го телефонскиот број.

Притиснете ✆ за да воспоставите повик.

Последниот повик се бира со притискање и држење на копчето ✆ на повеќефункцискиот управувач.

Праќање пораки

Во зависност од мобилниот телефонски уред и користениот инфо-забавен систем, можете да испраќате и примате SMS и е-пошта преку телефонскиот интерфејс.

Испраќање SMS:

1. Притиснете ✉ **> Text message > Enter new message** (> Текстуална порака > Внеси нова порака) и внесете ја пораката на екранот.
2. Внесете го контактот што го сакате во лентата за пребарување.
3. За да ја пратите пораката, притиснете **OK**.

Предупредување

За пораките да бидат достапни, дозволите за споделување пораки мора да бидат прифатени во поставките за мобилниот уред.

Испраќање е-пошта:

- Притиснете ✉ **> E-mail > Enter new message** (> Е-пошта > Внесете нова порака) и внесете ја пораката на екранот.
- Внесете го контактот што го сакате во лентата за пребарување.
- За да ја пратите пораката, притиснете **OK**.

Предупредување

Достапноста на функцијата Е-пошта зависи од поврзаниот мобилен телефонски уред и од апликациите за е-пошта што се користат.

Телефонски именик, омилени и копчиња за брзо бирање

При првото поврзување на телефон со инфо-забавниот систем, телефонскиот именик се зачувува во инфо-забавниот систем. Можеби ќе треба да се потврди преносот на податоци и можеби ќе треба да се прифатат дозволите за споделување контакти на телефонот.

Секојпат кога телефонот повторно ќе се поврзе, телефонскиот именик се ажурира.

Ако се поддржани конференциски повици, може да се остварат повици со најмногу шест учесници со пристап до именикот за време на повик. Ако има зачувана слика за контакт, таа може да се прикаже во листата веднаш до записот.

Омилени

На копче за брзо бирање може да му се додели омилен контакт од телефонскиот именик до најмногу шест. Ако има регистрирана фотографија зачувана за контактот, таа се прикажува на копчето за брзо бирање.

Копчињата за бирање треба да се уредуваат рачно.

Доделување на копче за брзо бирање

- Во менито Омилени, притиснете го копчето **+**, потоа отворете го телефонскиот именик за да изберете контакт како омилен. Ако контактот има неколку телефонски броеви, притиснете на бројот во листата.

Менување на копче за брзо бирање

- За да измените или избришете омилен контакт, притиснете ја иконата ✎ во екранот на менито Омилени. Може да избришете еден или повеќе омилени.

Повикајте омилен

- Притиснете го доделеното копче за брзо бирање.

Предупредување

Омилените не се ажурираат автоматски. Ако измените телефонски број на контакт, мора одново да доделите на копче за брзо бирање.

Connectivity Box



Сл. **181** На централната конзола: подлога за поврзување мобилниот телефон.

Connectivity Box опфаќа различни функции што ќе ви помогнат да го користите вашиот мобилен уред. Тие се:

- *Безжичен полнач*[1].
- Засилувач на сигнал / (*Засилувач на мобилен сигнал*)

Безжичен полнач

Безжичниот полнач овозможува мобилните уреди со Qi[2] технологија да се полнат без кабел.

За да го полните вашиот мобилен телефон безжично:

- Ставете го вашиот мобилен уред во средината на подлогата со екранот свртен нагоре ››› сл. **181** , ››› ⚠.

Погрижете се да нема предмети помеѓу подлогата и мобилниот телефон.

Мобилниот телефон ќе започне автоматски да се полни. За повеќе информации во врска со тоа дали вашиот мобилен уред поддржува Qi технологија, проверете го упатството за употреба на телефонот или посетете ја интернет страницата CUPRA.

Засилувач на мобилен сигнал

Ви овозможува да го намалите зрачењето во возилото и да имате подобар прием.

Од безбедносни причини, се препорачува да ги споите системот и мобилниот преку Bluetooth® и да го ставите на подлогата на Connectivity Box, за најдобар прием без да мора да ракувате со мобилниот телефон.

За врска со надворешната антена на возилото:

- Ставете го вашиот мобилен уред во средината на подлогата со екранот свртен нагоре ››› сл. **181** , ››› ⚠.

Погрижете се да нема предмети помеѓу подлогата и мобилниот телефон.

Вашиот мобилен телефон автоматски ќе биде во можност да ја користи функцијата на надворешната антена.

⚠ ВНИМАНИЕ

Известувањата на екранот на мобилниот уред може да го одвлечат вниманието на возачот и да го зголемат ризикот од сериозна незгода.

- Поставете само еден соодветен мобилен уред, со **Qi** компатибилност доколку е применливо. За да се осигурите дека работи правилно, поставете го без заштитното куќиште и погрижете се да има максимални димензии (ширина **x** должина) од **80 x 140 pmm (3,15 x 5,512** инчи) на основата на **Connectivity Box** како што е наведено.
- Ако мобилниот уред не е поставен на **Connectivity Box** за поврзување, во правилна положба или ако неговите димензии ги надминуваат наведените, може да не се препознае или да не се полни правилно. Под одредени околности, инфо-забавниот систем покажува дека има туѓ предмет во преградата за складирање. Користењето на соодветен уред за мобилен телефон и корекција на неговата позиција може да го отстрани пречката.
- Доколку е потребно, отстранете ги сите предмети што може да ја попречат функцијата за затворање на капакот.

[1] Ја вклучува само функцијата за безжично полнење.

[2] Qi технологијата ви овозможува безжично полнење на вашиот мобилен телефон.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Мобилниот телефон може да се загрее поради безжичното полнење. Размислете за ова пред да го земете и внимавајте кога го отстранувате.
- Не смее да има метални или други предмети помеѓу мобилниот телефон и куќиштето, за да се спречи нарушување на функционалноста на **Connectivity Box**.

ПРЕТПАЗЛИВО

Основата на **Connectivity Box** не се отстранува.

Предупредување

- Вашиот мобилен уред мора да го поддржува стандардот за интерфејс за индуктивно полнење **Qi** за правилно функционирање.
- Времето на полнење и температурата варираат во зависност од уредот што се користи.
- Максималниот капацитет за полнење е **15W**.
- **Qi** технологијата не дозволува истовремено полнење на повеќе од еден мобилен уред.
- Не може да се гарантира подобрување на приемот ако има повеќе од еден мобилен телефон на подлогата.
- Ви препорачуваме да го задржите моторот да работи за да се обезбеди правилно безжично полнење.
- Кога телефонот со **Qi** технологија е поврзан преку **USB**, тој ќе се полни со средства наведени од производителот.

Складирање предмети

Поставување на багажот и товарот

Општи информации

Безбедно поставување на багажот во возилото

Можно е да се носат предмети и багаж во возилото, во приколка ››› стр. 338 и на покривот ››› стр. 335. Кога го правите тоа, ве молиме разгледајте ги сите законски одредби.

- Распоредете го товарот во возилото што е можно поедначкво.
- Секогаш ставајте багаж и тешки предмети што е можно подалеку нанапред во багажниот простор ››› ⚠.
- Земете ја предвид максималната дозволена тежина по оска, како и максималната дозволена тежина на возилото ››› стр. 438.
- Прицврстете ги предметите на прстените за прицврстување на багажникот користејќи соодветни синџири или ремени ››› стр. 332.
- Исто така, и малите предмети сместувајте безбедно.
- Во возилата со динамична контрола на опсегот на предните светла, светлата автоматски се прилагодуваат.
- Прилагодете го притисокот во гумите на товарот. Земете ја предвид налепницата за притисок на гумите ››› стр. 401.
- Во возилата опремени со систем за контрола на притисокот во гумите, приспособете се на новиот статус на оптоварување доколку е потребно ››› стр. 412.

⚠ ВНИМАНИЕ

Лабавите или необезбедените предмети може да предизвикаат сериозни повреди во случај на ненадејно маневрирање или сопирање или во случај на незгода. Особено ако воздушното перниче ги погоди при активирање и тие се фрлени низ внатрешноста на возилото. Ве молиме почитувајте ги следниве правила за да го минимизирате ризикот од повреда:

- Поставете ги сите предмети безбедно во внатрешноста на возилото.
- Обезбедете ги сите предмети, мали и големи.
- Ставете ги предметите во кабината на таков начин што никогаш нема да можат да стигнат до областите за активирање на воздушните перничиња додека возилото е во движење.
- Чувајте ги преградите за складирање затворени цело време додека возилото е во движење.
- Поставете ги предметите на таков начин што никогаш не принудуваат ниту еден патник во возилото да седи во неправилна положба.
- Кога превезувате предмети што зафаќаат седиште, никогаш не дозволувајте некој да го користи тоа седиште.
- Никогаш не оставајте тврди, остри или тешки предмети неприцврстени во отворениот простор за складирање на возилото, на полицата зад задното седиште или на инструментната табла.
- Отстранете ги сите тврди, остри или тешки предмети од тканините и торбите внатре во кабината и чувајте ги безбедно.

⚠ ВНИМАНИЕ

Транспортот на тешки предмети го менува управувањето со возилото и го зголемува растојанието за сопирање. Тешките предмети кои не се правилно поставени или обезбедени може да предизвикаат губење на контролата на возилото и со тоа тешки повреди.

- Никогаш не ставајте премногу товар во возилото. И носивоста како и распределбата на товарот во возилото имаат влијание врз однесувањето во возењето и способноста за сопирање.
- При транспорт на тешки предмети, однесувањето на возилото во возењето варира поради поместувањето на центарот на гравитација.
- Секогаш распоредете го товарот во возилото што е можно поедначкво.
- Секогаш ставајте тешки предмети во багажникот пред задната оска и колку што е можно подалеку од неа.

- Предметите во багажниот простор што се необезбедени може ненадејно да се поместат и да го променат управувањето со возилото.
- Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.
- Забрзувајте со особено внимание и претпазливост.
- Избегнувајте ненадејно сопирање и маневри.
- Сопирајте порано од вообичаено.

ПРЕТПАЗЛИВО


Електричните жици или, во зависност од карактеристиките, антената вградена во задните прозорци може да се оштетат, дури и непоправливо, доколку се во контакт со предмети.

Предупредување


Ремените за прицврстување на товарот на прстените за прицврстување се комерцијално достапни во продавниците за додатоци.

Багажен простор

Полица во багажниот простор



Сл. **182** Во багажникот: отстранување и монтирање на полицата.



Сл. **183** Во багажникот: отстранување и монтирање на полицата.

Отстранување

- Откачете ги јамките ››› сл. **182** Ⓑ од нивните куки Ⓐ.
- Отстранете ја задната полица од страничните потпирачи ››› сл. **183** со повлекување нагоре и потоа извадете ја.

Доколку е потребно, задната полица може да се чува под двојниот под на багажниот простор ››› стр. **331**.

Монтирање

- Вметнете го капакот хоризонтално така што “вдлабнатината” да се вклопува на оската на потпорите ››› сл. **183** и притиснете надолу додека не се заглави.
- Прицврстете ги прицврстувачките ленти ››› сл. **182** Ⓑ на задниот капак.

ВНИМАНИЕ

Животните, лабавите или необезбедените предмети или предметите што се носат на задната полица може да предизвикаат сериозни повреди во случај на ненадејно маневрирање или сопирање или во случај на незгода.

- Не оставајте тврди, остри или тешки предмети или во кеси на задната полица.
- Никогаш не превезувајте животни на задната полица.


ПРЕТПАЗЛИВО

- Пред да го затворите задниот капак, проверете дали задната полица е правилно поставена.
- Преоптовареният багажен простор може да значи дека задната полица не е правилно поставена и може да биде свиткана или оштетена.
- Ако багажниот простор е преоптоварен, извадете ја прегратата.

Предупредување

Погрижете се, кога ставате облека на полицата на багажниот простор, видливоста одзади да не е намалена.

Складирање на задна полица



Сл. **184** Во багажникот: покривки за складирање на задната полица.




Сл. **185** Во багажникот: монтирање на задната полица.


Во зависност од опремата, штом ќе се отстрани полицата на багажниот простор, може да се чува под подот на багажникот.

- Извадете ги левиот и десниот капак ››› сл. **184**.
- Ставете ја задната полица во соодветното куќиште ››› сл. **185**.
- Ставете го левиот и десниот капак во првобитната положба.

Варијабилен под на багажен простор



Сл. **186** Варијабилен под на багажен простор: A подигната позиција; B спуштена позиција.



Сл. **187** Варијабилен под на багажникот: навалена положба.

Варијабилен под во висока позиција

- За да се преместите од ниската во високата позиција, подигнете го подот користејќи ја рачката ››› сл. **186** (1), и повлечете го назад додека предниот дел на подот целосно не ги помине потпорите (2).
- Поместете го подот напред преку потпорите до потпирачот за грб на задното седиште и потоа спуштете го подот со рачката (1).

Варијабилен под во ниска позиција

- За да се преместите од високата во ниската позиција, подигнете го подот користејќи ја рачката ››› сл. **186** (1), и повлечете го назад додека предниот дел на подот целосно не ги помине потпорите (2).
- Сега оставете го предниот дел да падне на подот и лизгајте го подот нанапред до потпирачот за грб на задното седиште; спуштете го подот истовремено со рачката (1).

Варијабилен под во навалена позиција

Кога варијабилниот под е навален, можете да пристапите до резервното тркало или делот на комплетот против пункција.

- Подигнете го варијабилниот под во висока положба со помош на рачката ››› сл. **186** (1), повлечете го нагоре и турнете го кон потпирачот за грб на задните седишта додека не се преклопи по линијата на шарката и подвижниот дел од подот не се потпира на себе.
- Поставете го подот на неговите куќишта ››› сл. **187** (стрелки).

⚠ ВНИМАНИЕ


- Секогаш прицврстувајте ги предметите, дури и кога подот на багажниот простор е правилно подигнат.
- Помеѓу задното седиште и подигнатиот под на багажниот простор може да се носат само предмети што не штрчат повеќе од **2/3** од висината на подот.
- Помеѓу задното седиште и подигнатиот под на багажниот простор може да се носат само предмети што не тежат околу **7,5 kg**.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Максималната тежина што може да се натовари на варијабилниот под на багажниот простор во горната позиција е **100 kg**.
- Не дозволувајте подот на багажниот простор да падне кога го затворате. Секогаш внимателно водете го надолу на контролиран начин. Во спротивно, може да се оштетат облогата и подот на багажниот простор.

Опрема за багажниот простор

Окца за прицврстување



Сл. **188** Во багажниот простор: окца за прицврстување.

Има окца за прицврстување ››› сл. **188** на предната и задната страна на багажникот за прицврстување на лабавите предмети и багажот со ремени и жици за прицврстување.

⚠ ВНИМАНИЕ


Доколку се користат несоодветни или оштетени ремени или ремени за прицврстување, тие може да се скинат во случај на сопирање или незгода. Предметите потоа може да се исфрлат низ патничкиот простор и да предизвикаат сериозни или фатални повреди.

- Секогаш користете ремени или појаси кои се соодветни и во добра состојба.
- Затегнете ги ремените и појасите вкрстено над товарот поставен на подот на багажникот и безбедно прицврстете ги на окцата за прицврстување.
- Никогаш не го надминувајте максималното оптоварување на окцата за прицврстување кога прицврстувате предмети.
- Уверете се дека, особено за рамни предмети, горниот раб на товарот е повисок од окцата за прицврстување.
- Во зависност од карактеристиките, земете ги предвид таблите со упатства на багажникот за тоа како да го наместите товарот.
- Никогаш не прицврстувајте детско седиште на окцата за прицврстување.


Предупредување

- Максималното оптоварување на истегнување што може да го поддржат окцата за прицврстување е околу **3,5 kN**.
- Ремени, појасите и системите за прицврстување за соодветното оптоварување може да се добијат од специјализирани застапништва. За таа цел, **CUPRA** препорачува посета на специјализиран дилер на **CUPRA** или кој било дилер на **SEAT**.

Мрежеста торба



Сл. **189** Во багажникот: мрежеста торба закачена на ниво на подот.



Сл. **190** Во багажниот простор: прстени ① и куки ② за прицврстување на мрежестата торба.

Багажниот простор го спречува движењето на лесниот багаж. Мрежестата торба има патент и може да се користи за складирање на ситни предмети.

Мрежестата торба може да се закачи на багажниот простор на различни начини.

Закачување на мрежестата торба во подот на багажниот простор

Доколку е потребно, предните окца мора прво да се расклопат ››› стр. 332.

- Прицврстете ги куките на мрежата на прстените за прицврстување ››› сл. 189 (1) и (2) ››› ⚠. Патентот на торбата треба да биде свртен нагоре.

Закачете ја мрежестата торба до прагот на товарот

- Прицврстете ги кратките куки на мрежата на прстените за прицврстување ››› сл. 190 (1) ››› ⚠. Патентот на торбата треба да биде свртен нагоре.
- Прицврстете ги ремените во куките на торбите (2).

Отстранување на мрежестата торба

Закачената мрежеста торба е затегната ››› ⚠.

- Ослободете ја мрежестата торба од прстените за прицврстување.
- Чувајте ја мрежестата торба во багажниот простор.

⚠ ВНИМАНИЕ

За да се прицврсти еластичната мрежеста торба на прстените за прицврстување на багажникот, таа мора да се истегне. Штом ќе се закачи, таа е затегната. Ако мрежестата торба е закачена или неправилно откачена, куките може да предизвикаат повреди.

- Секогаш прицврстувајте ги куките за торбите правилно за да не се откачат одеднаш од прстените за прицврстување кога ги закачувате или откачувате.
- Кога ги закачувате или откачувате, заштитете ги очите и лицето во случај куките да се откачат ненадејно.
- Секогаш закачувајте ги куките за мрежестите торби по опишаниот редослед. Ненадејно откачување на кука може да предизвика сериозни повреди.

Куки за торби



Сл. 191 Во багажникот: куки за прицврстување.

Може да има куки за закачување торби од двете страни на багажниот простор ››› сл. 191.

Куките за прицврстување се дизајнирани да обезбедат лесни торби за пазарење.


⚠ ВНИМАНИЕ

Никогаш не користете ги куките за да закачите багаж или други предмети. Во случај на ненадејно сопирање или незгода, куките може да се скршат.

Врата за транспорт на долги предмети



Сл. **192** На потпирачот за грб на задното седиште: отворање на задната плоча.



Сл. **193** Во багажникот: отворање на задната плоча.

На задното седиште, зад средишниот потпирач за рака, има задна плоча за транспорт на долги предмети во внатрешноста, како скии.

Отворање на задната плоча

- Спуштете го средишниот потпирач за раце.
- Повлечете ја рачката за ослободување во правец на стрелката и турнете ја задната плоча ››› сл. **192** (1) надолу и нанапред.
- Отворете го задниот капак.
- Вметнете ги долгите предмети низ празнината од багажниот простор.
- Прицврстете ги предметите со сигурносниот појас.
- Затворете го задниот капак.

Затворање на задната плоча

- Подигнете го капакот на задната плоча додека не се заглави. Црвената ознака на страната на багажниот простор никогаш не треба да биде видлива.
- Затворете го задниот капак.
- Подигнете го средишниот потпирач за рака доколку е потребно.

⚠ ВНИМАНИЕ

Присуството на предмети во делот за активирање на централното воздушно перниче може да го спречи правилното функционирање и може да предизвика сериозни повреди.

- Не оставајте предмети во зоната на активирање на централното воздушно перниче ››› стр. **62**.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Кога потпирачот за рака е спуштен, никој не треба да се вози на централното седиште на задната клупа.
- Не користете го отворот додека возите.
- Кога го спуштате или кревате отворот, внимавајте особено со рацете и не го заглавувајте или оштетувајте сигурносниот појас.

Предупредување

Задната плоча може да се отвори и од багажниот простор. За да го направите тоа, притиснете ја рачката за ослободување надолу, во насока на стрелката и капакот нагоре ››› сл. **193**.

Кровен носач

Вовед

Покривот на возилото е дизајниран да ја оптимизира аеродинамиката. Поради оваа причина, попречните шипки или конвенционалните системи на кровни носачи не може да се прицврстат на одводите за вода на покривот.

Бидејќи одводите за вода на покривот се интегрирани во покривот за да се намали отпорот на воздухот, може да се користат само попречни шипки и системи на кровни носачи одобрени од CUPRA.

Случаи во кои треба да се расклопат попречните шипки и системот на кровни носачи.

- Кога не се користат.
- Кога возилото се мие во сервис за миење возила.
- Кога висината на возилото ја надминува максималната висина, на пример, во некои гаражи.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Секогаш прицврстувајте го товарот правилно користејќи појаси или прицврстувачки ремени кои се соодветни и во добра состојба.
- Обемните, тешки, долги или рамни товари имаат негативен ефект врз аеродинамиката, центарот на гравитација и перформансите на возењето.
- Избегнувајте ненадејно сопирање и маневри.
- Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.


ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Отстранете ги попречните шипки и системот на кровни носачи пред да влезете во сервисот за миење возила.
- Висината на возилото се зголемува со поставувањето попречни шипки или систем на кровни носачи и товар прицврстен на нив. За таа цел, проверете дали висината на вашето возило не ја надминува висината на просторот на пример за подвозници или за влез низ гаражни врати.
- Попречните шипки, системот на кровни носачи и товарот прицврстен на нив не треба да се мешаат со антената на покривот или да го попречат патот на панорамскиот сончев покрив и задниот капак.
- Кога ќе го отворите задниот капак, погрижете се тој да не удри во товарот на покривот.

Напомена во врска со животната средина

Кога се инсталирани попречни шипки и систем на кровни носачи, зголемениот отпор на воздухот значи дека возилото троши повеќе гориво.

Обезбедување на попречните шипки и системот за кровни носачи



Сл. **194** Точки за прицврстување на кровните шини за системот за кровни носачи.

Попречните шипки се основата на низа специјални системи за кровни носачи. Од безбедносни причини, мора да се користат специјални уреди за безбеден транспорт на багаж, велосипеди, скии, даски за сурфање или чамци на покривот. Соодветната галантерија може да се купи кај специјализирани дилери на CUPRA или во кое било застапништво на SEAT.

Секогаш обезбедете ги попречните шипки и системот за кровни носачи. Секогаш земајте ги предвид упатствата за монтирање што доаѓаат со предметните попречни шипки и системот за носење на покривот.

Монтирање шипки

Попречните шипки се монтирани на кровните шини. Растојанието помеѓу попречните шипки ››› сл. **194** Ⓐ треба да биде помеѓу 70 и 90 cm, а растојанието помеѓу попречните шипки и држачите на кровните шини Ⓑ мора да биде 9 cm.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилно прицврстување и користење на попречните шипки и системот за кровен носач може да предизвикаат откачување на целиот систем од покривот и да предизвикаат несреќа и повреди.

- Секогаш земајте ги предвид упатствата за монтирање на производителот.
- Проверете ги спојниците со навој и приклучоците додека возите и доколку е потребно затегнете ги откако ќе поминете кратко растојание. Кога правите долги патувања, проверувајте ги спојниците со навој секогаш кога ќе застанете за пауза.
- Не менувајте ги или не поправајте ги попречните шипки или системот за кровен носач.

Предупредување

Секогаш внимателно читајте ги упатствата за монтирање што доаѓаат со попречните шипки и системот за кровен носач и чувајте ги во возилото.

Товарење на системот на кровни носачи

Товарот може да се прицврсти само ако правилно се инсталирани попречните шипки и системот на кровни носачи ››› ⚠.

Максимално дозволен товар на покривот

Максималното дозволено оптоварување на покривот е **75 kg**. Оваа бројка доаѓа од комбинираната тежина на кровниот носач, попречните шипки и самиот товар на покривот ››› ⚠.

Секогаш проверувајте ја тежината на системот на кровни носачи, попречните шипки и тежината на товарот што треба да се транспортира и измерете ги доколку е потребно. Никогаш не го надминувајте максималното дозволено оптоварување на покривот.

Ако користите попречни шипки и кровен носач категоризирани за помала тежина, нема да можете да го ставите максималното дозволено оптоварување на покривот. Во тој случај, не надминувајте ја максималната граница за тежината за кровниот носач што е наведена во упатствата за монтирање.

Распределба на товарот

Распоредете го товарот рамномерно и прицврстете го правилно ››› ⚠.

Проверете ги прицврстувањата

Откако ќе се монтираат попречните шипки и системот на кровни носачи, проверете ги спојките на завртките и прицврстувањата по кратко патување и потоа во редовни интервали.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Никогаш не го надминувајте максималното дозволено оптоварување на покривот и на оските или максималната дозволена тежина на возилото.
- Никогаш не надминувајте ја носивоста на попречните шипки и системот на кровни носачи, дури и ако не е достигнато максималното дозволено оптоварување на покривот.
- Прицврстете ги тешките предмети што е можно понапред и рамномерно распоредете го товарот на возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако товарот е лабав или не е прицврстен, може да падне од системот на кровни носачи или да предизвика незгоди и повреди.

- Секогаш користете ремени или ремени за прицврстување кои се соодветни и во добра состојба.

Режим со приколка

Вовед

Имајте ги предвид прописите специфични за земјата за возење со приколка и употреба на опрема за приколка.

Возилото е развиено првенствено за превоз на лица, иако може да се користи и за влечење приколка доколку е опремено со соодветната техничка опрема. Ова дополнително оптоварување има ефект врз корисниот век, потрошувачката на гориво и перформансите на возилото и во некои случаи може да ги намали сервисните интервали.

Возењето со приколка бара поголема сила од возилото, а со тоа и поголема концентрација од возачот.

Во зима, зимските гуми треба да се монтираат и на возилото и на приколката.

Максимално вертикално оптоварување што е технички дозволено на уредот за спојување

Максималното вертикално оптоварување што е технички дозволено од шипката за влечење на приколката врз главата за влечење на опремата за приколка е **80 kg**.

Возила со **Start-Stop** систем

Ако возилото има фабрички монтирана опрема за приколка или е повторно опремено од CUPRA, Start-Stop системот работи нормално. Не треба да се земат предвид посебни карактеристики.

Ако системот не ја препознае приколката или опремата на приколката не е повторно опремена од CUPRA, Start-Stop системот мора да се исклучи со притискање на соодветното копче во долниот дел од централната конзола пред да се вози со приколката и треба да остане исклучено за време на остатокот од патувањето ››› ⚠.

Возила со избор на возен профил

Ако сакате да влечете приколка, не се препорачува користење на **Eco** профилот за возење. Ви препорачуваме да изберете друг од достапните возни профили пред да започнете да возите со приколка.

Тежина на приколката/оптоварување на шипката за влечење

Никогаш не ја надминувајте дозволената тежина на приколката. Ако не ја натоварите приколката до максималната дозволена тежина на приколката, тогаш можете да се качувате на соодветно поостри падини.

Наведените максимални тежини на приколки се применуваат само за надморска височина до 1000 m. Бидејќи поголемата надморска височина ги намалува перформансите на моторот и способноста за искачување по падини, оптоварувањето на влечење се намалува пропорционално. Тежината на комбинацијата на возилото и приколката мора да се намали за 10% на секои 1000 m надморска височина. Кога е можно, управувајте со приколката со максимално дозволено оптоварување на шипката за влечење на главата на носачот за влечење, но не надминувајте ја наведената граница.

⚠ ВНИМАНИЕ

Никогаш не користете ја приколката за превоз на луѓе, бидејќи тоа би го загрозило нивниот живот, а исто така е забрането.

⚠ ВНИМАНИЕ

Несоодветното користење на држачот за влечење може да предизвика повреди и незгоди.

- Користете ја опремата за приколка само ако е во беспрекорна состојба на поправка и е правилно прицврстена.
- Никогаш не ја менувајте или не поправајте ја опремата за приколка на кој било начин.
- За да ја намалите опасноста од повреди во случај на судир одзади и да избегнете повреда на пешаците и велосипедистите при паркирање на возилото, покријте ја или отстранете ја куката за влечење кога не користите приколка.

- Според регулативата на ЕУ **2021_535**, не е дозволено да се инсталира уред за влечење што целосно или делумно ја покрива задната регистарска табличка.
- Никогаш не поставувајте опрема за приколка “со распределба на тежината” или “компензација на товарот”. Возилото не е дизајнирано за овој тип на опрема за приколка. Може да пропадне држачот за влечење и приколката да се откачи од возилото.

⚠ ВНИМАНИЕ

Возењето со приколка и транспортирањето тешки или големи предмети може да влијае на возните својства, па дури и да предизвика незгода.

- Секогаш прицврстувајте го товарот правилно користејќи појаси или ремени кои се соодветни и во добра состојба.
- Вашата брзина и стил на возење секогаш прилагодете го за да се приспособи кон видливоста, временските услови, патот и сообраќајните услови.
- Приколките со висок центар на гравитација имаат поголема веројатност да се превртат отколку приколките со низок.
- Избегнувајте ненадејно сопирање и маневри.
- Внимавајте при претекнување.
- Веднаш намалете ја брзината ако забележите дека приколката се ниша, колку и да е незначително.
- Никогаш не возете со брзина поголема од **80 km/h (50 mph)** кога влечете приколка **(или поголема од 100 km/h (60 mph)** во исклучителни околности**)**. Ова исто така важи и во земјите каде што е дозволено возење со поголема брзина. Имајте го предвид ограничувањето на брзината за возила со приколки во соодветната земја, бидејќи може да биде помало од ограничувањето на брзината за возила без приколка.
- Никогаш не обидувајте се да ги “исправите” влечното возило и приколката додека забрзувате.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако опремата за приколка е реконструирана од сервисна работилница која не е **CUPRA**, **Start-Stop** системот мора да се исклучи рачно кога се вози со приколка. Во спротивно, системот за сопирање може да се оштети и последователно да предизвика сериозна незгода или повреда.

- Секогаш рачно исклучувајте го **Start-Stop** системот кога користите опрема за приколка што не е поставена од сервисна работилница на **CUPRA**.

Предупредување

- Пред да закачите или откачите приколка, секогаш исклучувајте го алармот за заштита од кражба ››› стр. 114. Во спротивно, сензорот за навалување може да предизвика алармот да се вклучи.
- Не возете со приколка за првите **1000 km** на моторот ››› стр. 177.
- **CUPRA** препорачува, доколку е можно, куката за влечење да се отстрани или покрие кога нема да се користи. Во случај на судир одзади, штетата на возилото би можела да биде поголема ако е поставена куката за влечење.
- Некои модерно опремени опреми за приколки ја покриваат задната алка за влечење. Во овие случаи, алката за влечење не треба да се користи за стартување со влечење или за влечење други возила. Поради оваа причина, ако возилото е одново опремено со опрема за приколка, секогаш држете ја куката за влечење во возилото кога ќе ја извадите.

Технички барања

Возилата кои се фабрички опремени со опрема за приколка ги исполнуваат сите технички и законски услови за возење со приколка.

Ако возилото е одново опремено со опрема за приколка, може да се постави само опрема што е одобрена за максимално дозволеното

оптоварување на приколката што треба да се влече. Опремата за приколка мора да биде погодна за возилото и приколката и мора да биде соодветно прицврстена на шасијата на возилото. Користете само опрема за приколка што е одобрена од CUPRA за ова возило. Секогаш проверувајте ги и земајте ги предвид упатствата на производителот на опремата за приколка.

Опрема за приколка монтирана на браникот

Никогаш не поставувајте опрема за приколка на браникот или на местото каде што е монтиран браникот. Опремата за приколка не треба да ја нарушува функцијата на браникот. Не правете модификации или поправки на системот за издувни гасови или системот за сопирање. Правете редовни проверки за да се осигурате дека опремата за приколка е безбедна.

Систем за ладење на моторот

Возењето со приколка го зголемува оптоварувањето на моторот и системот за ладење. Системот за ладење треба да има доволно течност за ладење и да биде подготвен за дополнителни напори вклучени во возењето со приколка.

Сопирачки на приколката

Ако приколката има сопствен систем за сопирање, ве молиме земете ги предвид релевантните законски барања. Никогаш не поврзувајте го системот за сопирање на приколката со системот за сопирање на возилото.

Кабел за влечење

Секогаш користете кабел помеѓу возилото и приколката ››› стр. 341.

Задни светла на приколка

Задните светла на приколката треба да се усогласат со законските безбедносни прописи ››› стр. 341.

Никогаш не поврзувајте ги задните светла на приколката директно со електричниот систем на возилото. Ако не сте сигурни дека електричното поврзување на приколката е правилно, однесете го на проверка во специјализирана сервисна работилница. За таа цел, CUPRA препорачува посета на специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Надворешни ретровизори

Ако не можете да ја видите областа зад приколката со надворешните ретровизори на влечното возило, ќе треба да се постават дополнителни ретровизори во согласност со прописите на конкретната земја. Надворешните ретровизори треба да се постават пред да започнете да возите и мора да обезбедат доволно видно поле одзади.


⚠ ВНИМАНИЕ

Ако опремата за приколка е погрешно поставена или не е вистинската, приколката може да се откачи од возилото и да предизвика сериозни повреди.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Ако задните светла на приколката не се правилно поврзани, електронскиот систем на возилото може да се оштети.
- Ако приколката апсорбира прекумерна електрична енергија, електронскиот систем на возилото може да се оштети.
- Никогаш не поврзувајте го електричниот систем на приколката директно на електричните приклучоци на задните светла или на кој било друг извор на енергија. Користете ги само приклучоците наменети за обезбедување електрична струја на приколката.

Прикачување и поврзување приколка



Сл. **195** Дијаграм: доделување на пиновите на електричната приклучница на приколката.

Пин	Значење
1	Лев трепкач
2	Задно светло за магла
3	Заземјување за пиновите 1, 2, 4, 5, 6, 7 и 8
4	Десен трепкач
5	Задно светло, десно
6	Стоп-светла
7	Задно светло, лево
8	Светла за возење наназад
9	Постојана жива жица
10	Кабел за полнење
11	Заземјување за пин 10
12	Недоделено
13	Заземјување за пин 9

Приклучница за напојување за приколката

Редовно проверувајте го нивото на водата во резервоарот за миење на ветробранското стакло и дополнете по потреба.

Резервоарот за миење стакла содржи течен детергент за ветробранското стакло и задниот прозорец.

Во грлото за полнење на резервоарот за течност за миење има сито. При полнење на резервоарот, ова сито задржува големи честички од нечистотија за да не стигнат до прскалките. Не го отстранувајте ситото освен за чистење. Ако ситото е оштетено или не е поставено, овие честички нечистотија може да навлезат во системот за време на полнењето и да ги затнат прскалките за миење на ветробранското стакло.

- Кренете ја хаубата ››› ⚠ на стр. **374**.
- Резервоарот за миење на ветробранското стакло е означено со симболот ⛆ на капачето.
- Проверете дали има доволно течност во резервоарот.

Обичната вода не е доволна за чистење на ветробранското стакло и предните светла. Ви препорачуваме секогаш да додавате производ во течноста за миење на ветробранското стакло.

Капацитетот на резервоарот за миење на ветробранското стакло е приближно 3 литри.

ПРЕТПАЗЛИВО

Ако водата од миењето на ветробранското стакло не содржи доволно антифриз, може да замрзне на ветробранското стакло и задниот прозорец, намалувајќи ја видливоста напред и назад.

- Во зима, проверете дали течноста за миење на ветробранското стакло содржи доволно антифриз.
- Во ладни услови, не треба да го користите системот за бришење на ветробранското стакло освен ако не сте го загреале ветробранското стакло со системот за вентилација. Антифризот може да замрзне на ветробранското стакло и да ја намали видливоста.

ПРЕТПАЗЛИВО

Никогаш не мешајте несоодветен антифриз или други слични адитиви со водата за миење на ветробранското стакло. На ветробранското стакло може да се формира мрсен слој што ќе ја наруши видливоста.


- Користете чиста вода со средство за чистење прозорци препорачано од **CUPRA**.
- Доколку е потребно, додадете соодветен антифриз во водата во резервоарот.

ПРЕТПАЗЛИВО


- Не мешајте производи за чистење препорачани од **CUPRA** со други производи. Ова може да доведе до флокулација и може да ги затне прскалките за миење на ветробранското стакло.
- Кога дополнувате погонски течности, бидете апсолутно сигурни дека ги дополнувате течностите во правилните резервоари. Користењето погрешни течности може да предизвика сериозни дефекти.
- Недостатокот на течност за миење прозорци предизвикува замаглување на видливоста низ ветробранското стакло.

Моторно масло

Општи напомени



Сл. **222** Во просторот на моторот: етикета за моторното масло



Сл. **223** Во просторот на моторот: област каде што се наоѓа етикетата на моторното масло

Клуч до ››› сл. **222**:

Ⓐ Информации за стандардот на моторното масло.

Ⓑ Информации за вискозноста на моторното масло.

Моторот доаѓа со специјално масло со повеќе квалитети што може да се користи во текот на целата година.

Бидејќи употребата на висококвалитетно масло е од суштинско значење за правилното функционирање на моторот и неговиот долг век на употреба, при полнење или менување масло, користете само оние масла што се во согласност со стандардите на VW.

За возила со етикета за моторното масло

Ако моторното масло треба да се дополни, користете едно од маслата прикажани на етикетата ››› сл. **222**. Етикетата со пропишаниот стандард се наоѓа на предниот дел од просторот на моторот ››› сл. **223** ①. Ако го користите препорачаното моторно масло, можете да го дополнувате маслото онолку често колку што е потребно.

За возила без етикета за моторното масло

Контактирајте со специјализирана работилница или официјален сервис на SEAT за информации за соодветниот стандард.

Ако нивото на маслото е премногу ниско

Ако препорачаното моторно масло не е достапно, во случај на итност можете да го смените маслото еднаш со најмногу 0,5 l од следното масло до следното менување масло:

– *Бензински мотори:* стандард VW 504 00, ACEA C3, ACEA C4, API SN или ILSAC GF-6A.
– *Дизел мотори:* стандард VW 507 00, ACEA C3, ACEA C4 или API CK-4.

CUPRA препорачува менување на маслото во специјализирана работилница. CUPRA препорачува специјализиран сервис за CUPRA или официјален сервис на SEAT.

ПРЕТПАЗЛИВО

CUPRA препорачува употреба на моторни масла одобрени според соодветниот стандард на **VW**. Употребата на моторни масла што не ги исполнуваат овие барања за квалитет може да предизвика оштетување на моторот.

CUPRA препорачува употреба на оригинални моторни масла за резервни делови SEAT.

Адитиви на моторно масло

Ниту еден вид адитив не треба да се меша со моторното масло. Влошувањето предизвикано од овие адитиви не е покриено со гаранцијата.

Во зависност од тоа како возите и условите во кои се користи возилото, потрошувачката на масло може да биде до 0,5 l/1000 km. Потрошувачката на масло веројатно ќе биде повисока во првите 5,000 km. Поради оваа причина, нивото на моторното масло мора да се проверува во редовни интервали, по можност при полнење на резервоарот и пред патување.

ПРЕТПАЗЛИВО

Може да се користи **0,5 l** моторно масло според еден од наведените стандарди за моторно масло, само во случај на итност и во исклучителни случаи.

ПРЕТПАЗЛИВО

Имајте го предвид следново ако повторно сте наполниле со моторно масло различно од оние наведени во гореспоменатите стандарди или од вашиот технички центар на **SEAT**:

- Не постои начин целосно да се избегне опасноста од оштетување на моторот и филтерот за честички.
- Можете да продолжите да возите со возилото ако полнењето немало повеќе од **0,5 l** моторно масло. Посетете специјализирана сервисна работилница што е можно поскоро и побарајте замена на маслото. Во спротивно, постои опасност од оштетување на моторот.
- Ако сте наполниле повеќе од **0,5** литри моторно масло, возете со моторот при ниски нивоа на оптоварување и со максимален опсег на средните вртежи во минута. Не возете со повеќе од **80 km/h** и не возете повеќе од **300 km (**приближно**)**. Посетете специјализирана сервисна работилница што е можно поскоро и побарајте замена на маслото. Во спротивно, постои опасност од оштетување на моторот.
- Вие сте одговорни за ризикот од можно оштетување на возилото **(**мотор, систем за издувни гасови**)**. Ако се сомневате, не стартувајте го моторот и побарајте помош од техничкиот сервисен центар.
- Не стартувајте го моторот ако сте наполниле со течност различна од моторното масло. Побарајте помош од техничкиот сервисен центар. Опасност од оштетување на моторот**!**


Предупредување

Пред долго патување, препорачуваме да најдете моторно масло што одговара на соодветните спецификации на **VW** и препорачуваме да го чувате во возилото. На овој начин, правилното моторно масло секогаш ќе биде достапно за полнење доколку е потребно.

- Доколку недостасува етикетата со спецификациите на моторното масло ››› сл. **222**,ве молиме контактирајте со специјализирана работилница.

Проверка и дополнување на нивото на моторното масло

Проверка на нивото на масло во возилата со стапче за мерење



Сл. **224** Стапче за мерење моторно масло.

Ⓐ Во никој случај не дополнувајте масло.

Ⓑ Можете да додадете масло, но да го задржите нивото во таа област.

Ⓒ Нивото на маслото е премногу ниско. Додадете до областа Ⓑ.


Пред да ја отворите хаубата, прочитајте ги и почитувајте ги предупредувањата ››› стр. **374**, *Работа во просторот на моторот*.

Стапчето за мерење моторно масло го покажува нивото на маслото.

- Паркирајте го возилото во хоризонтална положба.
- Накратко вклучете го моторот со брзина на мирување додека не се постигне работната температура и потоа запрете.
- Почекајте околу две минути.
- Пронајдете го стапчето за мерење за нивото на маслото. Може да се препознае по обоениот горен крај.
- Извлечете го стапчето за мерење. Избришете го стапчето за мерење со чиста крпа и повторно вметнете го, туркајќи го колку што може.
- Потоа повторно извлечете го и проверете го нивото на маслото ››› сл. **224**. Дополнете моторно масло доколку е потребно.

Маслото треба да остави трага помеѓу областите Ⓐ и Ⓒ. Никогаш не смее да ја надмине областа Ⓐ.

Проверка на нивото на маслото на дигиталниот дисплеј на возила без стапче за мерење



Сл. **225** На екранот на инфо-забавниот систем: можни прикази на индикаторот за ниво на моторното масло.

Ⓐ Не полнете моторно масло до крај

Ⓑ Нивото на моторното масло е во нормален опсег.

Ⓒ Нивото на моторното масло е ниско, мора да се дополни моторно масло.

Ⓓ Нивото на моторното масло е многу ниско, мора да се дополни моторно масло.

За да го проверите нивото на маслото на екранот за информации, мора да се следат следниве чекори:

1. Вклучете го палењето.
2. Изберете го менито: **Vehicle > Vehicle status > Oil level** (Возило > Статус на возилото > Ниво на масло).

Можни дејства по читање на нивото на масло на екранот за информации››› сл. **225**:

Ⓐ Не дополнувајте моторно масло, не стартувајте го моторот и побарајте стручна помош.

Ⓑ Правилно ниво на масло.

Ⓒ Нивото на масло е ниско, мора да се дополни моторно масло.

Ⓓ Нивото на маслото е под минимумот, моторното масло мора да се дополни.

Ако нивото на моторно масло е во долниот дел од Ⓑ или во делот Ⓒ , може да се дополни до половина од делот Ⓑ (околу 0.5 l). Или следете ги инструкциите на екранот за информации.

Дополнување моторно масло



Сл. **226** Капак на капачето за полнење масло во просторот на моторот.

- Пронајдете го капачето за полнење на моторното масло. Тоа може да се препознае по симболот на капакот ››› сл. **226**.
- Одвртете го капачето од отворот за полнење масло ››› сл. **226**.
- Внимателно додадете масло во мали количини (не повеќе од 0,5 l).
- За да избегнете додавање премногу масло, секогаш кога ќе додадете одредена количина, почекајте околу 2 минути и повторно проверете го нивото на маслото ››› стр. **385**.
- Доколку е потребно, додадете уште малку масло.
- Кога нивото на маслото ќе достигне најмалку зона ››› сл. **224** Ⓑ, внимателно зашрафете го капачето за дополнување моторно масло ››› ⓘ.

Спецификација на моторно масло ››› стр. **384**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Секоја работа извршена во просторот на моторот или на моторот мора да се изведува внимателно.

- Кога работите во моторниот простор, секогаш внимавајте на безбедносните предупредувања ››› стр. **374**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Маслото е многу запаливо! Погрижете се маслото да не дојде во контакт со врелите компоненти на моторот при полнење.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Ако нивото на маслото е над зоната Ⓐ, не стартувајте го моторот. Ова може да резултира со оштетување на моторот и катализаторот. Контактирајте со техничка служба.

Напомена во врска со животната средина

Нивото на маслото во никој случај не треба да биде над областа Ⓐ. Во спротивно, маслото може да се провлече низ вентилаторот на картерот и да истече во атмосферата преку издувниот систем.

Предупредување

Пред долго патување, препорачуваме да најдете моторно масло што одговара на соодветните спецификации на **VW** и препорачуваме да го чувате во возилото. На овој начин, правилното моторно масло секогаш ќе биде достапно за полнење доколку е потребно.

Промена на моторно масло

Ви препорачуваме да го смените моторното масло во технички сервис.

⚠ ВНИМАНИЕ

Променете го моторното масло само само ако го имате потребното стручно знаење!

- Пред да ја отворите хаубата, прочитајте ги и почитувајте ги предупредувањата ››› стр. **374**.
- Почекајте моторот да се излади. Врелото масло може да предизвика изгореници.
- Носете заштита за очи за да избегнете повреди, како што се изгореници од киселина, предизвикани од прскање масло.
- Кога го вадите приклучокот за испуштање масло со прстите, држете ја раката хоризонтална за да спречите масло да тече долж вашата рака.
- Измијте ја кожата темелно ако дојде во допир со моторното масло.

• Моторното масло е отровно! Искористеното масло мора да се чува на безбедно место недостапно за деца.

ПРЕТПАЗЛИВО

Не треба да се користат адитиви со моторното масло. Ова може да доведе до оштетување на моторот. Секоја штета предизвикана од употреба на такви адитиви нема да биде покриена со фабричката гаранција.

Напомена во врска со животната средина

• Препорачуваме да ги менувате моторното масло и филтерот во технички сервисен центар.

• Никогаш не истурајте масло во одводи или на земја.

• Користете соодветен сад кога го испуштате искористеното масло. Тој мора да биде доволно голем за да го собере целото моторно масло.

Решавање проблеми

Притисокот на моторното масло е пренизок.

Контролната сијаличка светнува црвено.

Не продолжувајте со возењето! Исклучете го моторот. Проверете го нивото на моторно масло.

• Ако оваа предупредувачка сијаличка започне да трепка и е придружена со три звучни предупредувања, исклучете го моторот и проверете го нивото на моторното масло. Ако е потребно, додадете масло ››› стр. 385.

• Ако предупредувачката сијаличка трепка и покрај тоа што нивото на масло е во ред, запрете. Не оставајте го моторот да работи ниту во лер! Побарајте стручна помош.

Нивото на моторно масло е многу ниско

Предупредувачката сијаличка трепка црвено, а на контролната табла се прикажува порака: “ Додадете моторно масло веднаш”

Не продолжувајте со возењето! Ова може да доведе до оштетување на моторот.

1. Безбедно запрете го возилото што е можно поскоро.
2. Исклучете го моторот.
3. Проверете го нивото на масло ››› стр. 385.
4. Доколку е потребно, постепено додавајте моторно масло во мали количини, не надминувајте вкупно 0,5 l и внимавајте на напомени за полнење на екранот на инструментната табла.

Ако предупредувачката сијаличка свети дури и ако нивото на маслото е правилно, не продолжувајте да возите. Може да дојде до оштетување на моторот. Побарајте помош од технички сервис.

Нивото на моторното масло е прениско

Контролната сијаличка светнува жолто.

• Проверете го нивото на масло што е можно поскоро ››› стр. 385.

• Промените го маслото штом ќе имате можност да го сторите тоа.

Нивото на моторното масло е превисоко

Предупредувачката сијаличка свети жолто и се прикажува порака на контролната табла.

• Безбедно запрете го возилото што е можно поскоро.

• Исклучете го моторот.

• Проверете го нивото на масло ››› стр. 385.

• Ако нивото на маслото е превисоко, не продолжувајте да возите и не оставајте го моторот да работи. Може да дојде до оштетување на моторот. Побарајте помош од технички сервис.

Дефект на сензорот за ниво на масло

Контролната сијаличка трепка жолто.

• Проверката нека се изврши во специјализирана сервисна работилница.

• До тогаш, ви советуваме да го проверувате нивото на масло секогаш кога дополнувате.

12-волтна батерија

Вовед

12 волтната батерија се наоѓа во просторот за моторот или во багажниот простор (PHEV хибридни возила). 12 волтната батерија се проверува и доколку е потребно се заменува како дел од сервисните зафати.

За сите зафати врз батериите потребно е специјално знаење. Ве молиме обратете се до специјализиран сервис на CUPRA, службен сервис на SEAT или работилница специјализирана за батерии: ризик од изгореници или експлозија на батеријата!

Батеријата не смее да се отвора! Никогаш не обидувајте се да го менувате нивото на течноста на батеријата. Во спротивно, од батеријата се ослободува експлозивен гас што може да предизвика експлозија.

Предупредувачки напомени за батеријата

Носете заштитни очила.

Киселината на батериите е исклучително корозивна. Носете заштитни ракавици и заштита за очи. Исплакнете ги сите места каде што прснал електролит со многу вода.

Забранети се пожари, искри, отворен оган и пушење.

Батеријата треба да се полни само во добро проветрена просторија. Ризик од експлозија!

Држете ги децата подалеку од киселината и батеријата.

Секогаш следете го упатството за употреба.

Ако возилото не се користи долго време

Возилото има систем за следење на тековната потрошувачка кога моторот е оставен исклучен подолг временски период ››› стр. 396. Некои функции, како што се внатрешните светла или далечинското отворање на вратата, може привремено да се оневозможат за да се спречи батеријата да се испразни. Овие функции ќе се вклучат штом ќе се вклучи палењето и ќе се стартува моторот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Зафатите врз **12**-волтната батерија и електричниот систем може да предизвика сериозни изгореници, пожар и струен удар. Секогаш читајте ги и почитувајте ги следните предупредувања и безбедносни мерки на претпазливост пред да вршите зафати врз батеријата:

- Пред да работите на **12**-волтната батерија, исклучете го палењето и сите електрични потрошувачи и исклучете го негативниот кабел од оваа батерија.

- Секогаш држете ги децата подалеку од електролитот на **12**-волтната батерија и од самата батерија.
- Секогаш носете заштита за очи и заштитни ракавици.
- Електролитот на батеријата е многу корозивен Може да предизвика изгореници на кожата и слепило. Кога ракувате со **12**-волтната батерија, особено заштитете ги рацете, дланките и лицето од прскање киселина
- Не пушете додека работите и никогаш не работете во близина на отворен пламен или искри.
- Избегнувајте искри предизвикани од електростатско празнење, исто како кога ракувате со електрични кабли и уреди.
- Никогаш не ги скратувајте терминалите на батеријата.
- Никогаш не користете оштетени **12**-волтни батерии. Тие може да експлодираат. Ако **12**-волтната батерија е оштетена, веднаш заменете ја.
- Никогаш не користете замрзната **12**-волтна батерија. Кога батеријата е испразнета, може да замрзне на температури блиску до **0°C (+32 °F)**. Ако **12**-волтната батерија е замрзната, веднаш заменете ја.

ПРЕТПАЗЛИВО

Не ја изложувајте **12**-волтната батерија на директна сончева светлина подолг временски период.

- Ултравиолетовите зраци може да го оштетат куќиштето на батеријата.

ПРЕТПАЗЛИВО

Ако возилото не треба да се користи подолг временски период, заштитете ја **12**-волтната батерија од мраз.

- Батеријата може да замрзне и како последица на тоа да претрпи непоправлива штета.

Предупредување

Откако ќе го стартувате моторот со длабоко испразнета или новозаменета **12**-волтна батерија, или по помош при стартување, некои системски поставувања (време, датум, персонализирани поставувања за комфор и програми) може да бидат погрешно поставени или избришани. Проверете ги и поправете ги овие поставувања штом батеријата доволно ќе се наполни.

Предупредување

Во текот на зимата, моќноста на стартување може да се намали, а доколку е потребно, батеријата треба да се наполни.

Проверка на нивото на електролити



Сл. **227** Хибридни возила (PHEV): локација на батеријата во багажниот простор



Сл. **228** Стакло за гледање на горниот дел од 12-волтната батерија (шематски приказ).

Пристап до **12**-волтната батерија

12-волтната батерија се наоѓа во просторот на моторот (конвенционални возила) или под подот на багажниот простор (PHEV хибридни возила).

Важи за конвенционални и Mild хибридни возила:

- Подигнете ја хаубата ››› ⚠ во *Работа во просторот на моторот* на стр. **374**.
- Подигнете го капакот што го штити предниот дел на батеријата.

Важи за: хибридни возила (PHEV):

- Отворете го багажниот простор.
- Подигнете го подот од багажниот простор ››› стр. **331** за да овозможите пристап до капакот на 12-волтната батерија ››› сл. **228**.
- Мора да се користи соодветен алат за да се отвори и затвори капакот.

Проверка на нивото

Нивото на електролити треба редовно да се проверува кај возилата со голема километража, во земји со топла клима и кај постарите батерии.

- Проверете го приказот во боја во стаклото за гледање на горниот дел од батеријата ››› сл. **228**.
- Ако има воздушни меури во прозорецот, нежно допрете го прозорецот додека не исчезнат.

Индикаторот за "магично око", кој се наоѓа на горниот дел од батеријата, ја менува бојата, во зависност од состојбата на полнење и нивото на електролити на батеријата.

Постојат две различни бои:

Жолта или безбојна: Нивото на електролити на батеријата е преniско. Одете во специјализирана сервисна работилница за да ја проверите и замените батеријата доколку е потребно.

Црна: Нивото на електролити на батеријата е во ред.

Полнење, замена, исклучување и поврзување на 12-волтната батерија

Ако се сомневате дека 12-волтната батерија е оштетена или неисправна, треба да се провери во квалификувана специјализирана работилница.

Полнење на 12-волтната батерија

Контактирајте со специјализирана работилница за полнење на 12-волтната батерија, бидејќи моделот на батерија што е фабрички вграден во возилото користи технологија што бара полнење со ограничен напон ››› ⚠. За таа цел, CUPRA препорачува посета на специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Замена на 12-волтната батерија

12-волтната батерија на возилото е дизајнирана да одговара на нејзината локација и има посебни безбедносни карактеристики. Ако 12-волтната батерија треба да се замени, батеријата за замена мора да ја инсталира квалификуван техничар. CUPRA препорачува да посетите дилер на CUPRA. Информациите за компонентите во врска со големината, одржувањето, моќноста и безбедносните карактеристики коишто треба да се исполнат, може да се добијат од квалификуван техничар, кој треба да ја има потребната документација и техничка опрема. CUPRA препорачува да посетите специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Отворот за дегасирање на 12-волтната батерија мора секогаш да биде на страната на негативниот пол. Отворот за дегасирање на страната на позитивниот пол мора секогаш да биде запечатена.

Користете само 12-волтни батерии што не се одржуваат и кои се во согласност со стандардите TL 825 06 and VW 7 50 73. Овие стандарди мора да бидат со датум од октомври 2014 година или подоцна.

12-волтната батерија секогаш мора да се замени од квалификуван техничар, бидејќи и електронскиот систем на возилото мора да се прилагоди како дел од замената. Покрај тоа, параметрите на батеријата кои се однесуваат на безбедноста при работа може да се одредат само со оригиналната батерија. Само квалификуван техничар ја има и вистинската технологија за прилагодување и правилната замена на батериите.

ПРЕТПАЗЛИВО

Употребата на батерии кои не ги исполнуваат спецификациите за квалитет на **CUPRA**, или со капацитет помал од оној што е вграден како стандард, може, во зависност од локалното законодавство во секоја земја, да доведе до губење на одобрението или соодветните административни дозволи за возилото. Покрај тоа, може да претставува сериозен безбедносен ризик.

Во возила со Start-Stop функции (››› стр. 189) е монтирана посебна батерија. Затоа, мора да се замени само со батерија со исти спецификации.

Исклучување на 12-волтната батерија

Ако 12-волтната батерија треба да се исклучи од електричниот систем на возилото, ве молиме имајте го предвид следново:

- Исклучете ги сите електрични потрошувачи.
- Пред да ја исклучите батеријата, отклучете го возилото, во спротивно ќе се вклучи алармот.
- Прво исклучете го негативниот, а потоа позитивниот кабел ››› ⚠.

Поврзување на **12**-волтната батерија

- Исклучете ги сите електрични потрошувачи пред повторно да ја поврзете 12-олтната батерија.
- Прво исклучете го позитивниот, а потоа негативниот кабел ››› ⚠.

Откако ќе ја поврзете 12-волтната батерија и ќе го вклучите палењето, може да светнат неколку контролни сијалички. Овие сијалички се гаснат по кратко растојание со брзина од околу 15 до 20 km/h (10 до 12 mph). Ако предупредувачките сијалички не се изгаснат, посетете специјализирана сервисна работилница и проверете го возилото.

Ако 12-волтната батерија била исклучена подолг временски период, веројатно е дека следниот сервис не е правилно наведен или пресметан ››› стр. **16** . Во овој случај ќе биде неопходно да се земат предвид максималните дозволени интервали за одржување ››› стр. **418**.

Возила со систем "Keyless Access" ››› стр. **106**: Ако палењето не може да се вклучи по поврзувањето на 12-волтната батерија, заклучете го и отклучете го возилото однадвор. Потоа обидете се повторно да го вклучите палењето. Ако палењето не работи, побарајте стручна помош.

⚠ ВНИМАНИЕ

Неправилно прицврстување на **12**-волтната батерија или користење несоодветни батерии може да резултира со краток спој, пожар и сериозни повреди.

- Користете само **12**-волтни батерии кои не бараат одржување со систем против истурање со исти својства, спецификации и димензии како фабрички монтираната батерија.

⚠ ВНИМАНИЕ

Полнењето на **12**-волтната батерија создава високо експлозивна мешавина од детонирачки гасови.

- Полнете ја **12**-волтната батерија само на добро проветрено место.
- Никогаш не полнете **12**-волтна батерија што е замрзната или одмрзната. Кога батеријата е испразнета, може да замрзне на температури блиску до **0°C (+32°°F)**.
- Ако **12**-волтната батерија е замрзната, задолжително заменете ја.
- Може да дојде до краток спој ако жиците се неправилно поврзани со половите. Прво исклучете го позитивниот, а потоа негативниот кабел.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Никогаш не поврзувајте или исклучувајте ја **12**-волтната батерија кога палењето е вклучено или моторот работи. Исто така, никогаш не користете **12**-волтна батерија што не ги задоволува спецификациите за батерии на возилото. Електричниот систем или одредени електронски компоненти може да се оштетат и да се појават електрични дефекти.
- Никогаш не поврзувајте електрични додатоци што напојуваат, како што се соларни панели или полначи за батерии, во приклучниците од **12** волти или запалките за цигари за да ја наполните **12**-волтната батерија. Ова може да го оштети електричниот систем на возилото.

Напомена во врска со животната средина

- Батеријата може да содржи токсични материи, како што се сулфурна киселина и олово. Исфрлете ја **12**-волтната батерија во согласност со важечките прописи.
- Електролитот може да ја загади околината. Ако некоја погонска течност истекува, соберете ја и фрлете ја соодветно.

Решавање проблеми

12-волтна батерија

Контролната сијалička светнува ЦРВЕНО.

Се прикажува следната порака:

Error: (Грешка:) **12-V power supply.** (Напојување од 12 V) **Park safely!** (Паркирајте безбедно!) **Please refer to the instruction manual.** (Ве молиме видете во прирачникот.)

Stop driving! (Запрете со возењето!) Запрете го возилото во следната прилика и на безбедно место. 12-волтната батерија не се полни додека возилото е во движење и има критично ниво на полнење или има дефект во мрежата од 12 волти.

- Исклучете го палењето и сите електрични потрошувачи што не се потребни.
- Обратете се во специјализирана сервисна работилница.
- Побарајте проверка на електричниот систем.

12-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува ЖОЛТО.

Се прикажува следната порака:

The 12-V battery is not charged. (12-волтната батерија не е наполнета.) **You may only continue driving with limitations.** (Може да продолжите со возењето во ограничена мера.)

Батеријата на возилото престанува да се полни додека возите. Како што батеријата постепено се празни, исклучете ги сите електрични уреди кои не се неопходни.

Поради овој дефект, ќе можете да возите само ограничен временски период. Откако ќе истече ова време, ќе се прикаже црвена предупредувачка сијаличка. Возете внимателно.

- Системот нека се провери во квалификувана сервисна работилница.

12-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува ЖОЛТО. Се прикажува следната порака:

Error: (Грешка:) **12-V vehicle battery.** (12-волтна батерија на возилото) **Engine cannot be started.** (Моторот не може да стартува.) **Go to the workshop.** (Посетете сервисна работилница.)

Има дефект во врската помеѓу мрежата во возилото и 12-волтната батерија.

Ако во оваа ситуација се исклучи погонскиот систем, не може повторно да се вклучи. Ако е потребно, употребете ги каблите за стартување ››› стр. 362 или побарајте помош од квалификуван персонал.

- Обратете се во специјализирана сервисна работилница.
- Побарајте проверка на електричниот систем.

12-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува ЖОЛТО. Се прикажува следната порака:

12-V battery charge low. (Полнењето на 12-волтната батерија е ниско.) **Please refer to the instruction manual.** (Ве молиме видете во прирачникот.)

Способноста за стартување може да биде ограничена и можеби нема да може да стартува погонскиот систем. Ако погонскиот систем може да се стартува, полнете додека возите. Ако оваа порака на возачот се изгасне по одредено време, батеријата на возилото се наполнила додека возите и достигнала доволно ниво. Ако пораката на возачот не се изгасне, однесете го возилото во специјализирана сервисна работилница.

12-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува ЖОЛТО. Се прикажува следната порака:

12-V power supply limited. (Напојувањето од 12 V е ограничено.) **Drive with extra caution.** (Возете многу внимателно.)

Напојувањето од 12 волти е ограничено затоа што 12-волтната батерија е испразнета или не работи со целосни перформанси, на пример поради многу ниски надворешни температури. 12-волтната батерија може да се полни при возењето. Треба да возите претпазливо додека не исчезне предупредувањето.

12-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува ЖОЛТО. Се прикажува една од следните пораки:

Error: (Грешка:) **12-V supply.** (Напојување од 12 V) **Please visit workshop.** (Ве молиме посетете сервисна работилница.)

Error: (Грешка:) **12 V-battery.** (12-волтна батерија.) **Please visit workshop.** (Ве молиме посетете сервисна работилница.)

Има дефект на напојувањето од 12 волти:

- Обратете се во специјализирана сервисна работилница.
- Нека се провери електричниот систем.


Предупредување

Додека моторот е исклучен, може да се појави жолта предупредувачка сијаличка за батеријата без придружен описен текст во рок од неколку секунди по вклучувањето на палењето. Ова е нормално, едноставно ве предупредува дека **12**-волтната батерија се празни. Штом ќе се стартува моторот, сијаличката ќе се исклучи.

48-волтна батерија

Општи информации

✓ Важи за: Mild Hybrid возила (MHEV)



Сл. **229** 48-волтна батерија: предупредување за опасност

① Никогаш не ја изложувајте 48-волтната батерија на извори на оган, искри или незаштитен пламен.

② Упатството за употреба и информациите за работилницата содржат дополнителни информации и предупредувања во врска со ова.

③ Секогаш држете ги децата подалеку од 48-волтната батерија.

④ Ако 48-волтната батерија е оштетена, течноста може да истече и може да се формираат многу корозивни киселини. Со батеријата треба да ракува само квалификуван персонал.

⑤ Сите работи за одржување кои вклучуваат 48-волтна батерија треба да ги врши само соодветно квалификуван и обучен технички персонал.

⑥ Внимавајте кога ракувате со запаливи материи.

Покрај 12-волтната батерија, возилото може да биде опремено со 48-волтна батерија сместена под совозачкото седиште.

Работите што треба да се извршат на 48-волтната батерија треба да ги врши исклучиво специјализирана работилница со соодветно квалификуван технички персонал, обучен според упатствата на CUPRA.

Преглед на системот на **48**-волтната батерија

Системот на 48-волтната батерија, меѓу другото, ги содржи следните компоненти:

- 48-волтна батерија
- 12V/48V конвертор на напон
- Мотор со алтернатор/стартер од 48 волти
- Виолетови кабли од 48 волти

Предупредувања за **48**-волтната батерија

Постои предупредувачки знак за опасност на 48-волтната батерија ››› сл. **229**.

⚠ ВНИМАНИЕ

Несоодветното ракување со **48**-волтната батерија може да предизвика сериозни повреди или смрт.

- Сите работи за одржување кои вклучуваат **48**-волтна батерија треба да ги врши само соодветно квалификуван и обучен технички персонал.
- Никогаш не правете никакви промени на **48**-волтната батерија.

⚠ ВНИМАНИЕ

Погрижете се **48**-волтната батерија да не дојде во контакт со вода или други течности.

- Течностите може да предизвикаат кратки споеви, електрични удари и изгореници.

Решавање проблеми

✓ Важи за: Mild хибридни возила

Контролни сијалички и пораки за возачот на дисплејот на инструментната табла или инфо-забавниот систем:

48-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува црвено. Се прикажува следната порака:

Battery: (Батерија:) **Risk of fire!** (Ризик од пожар!) **Stop safely and get out immediately.** (Запрете безбедно и веднаш излезете) **Emergency services!** (Служби за итни случаи!)

Температурата на 48-волтната батерија е превисока ⚠.

Ако оваа порака се прикаже на инструментната табла, следете ги чекорите подолу:

- **Stop driving!** (Запрете со возењето!) Веднаш запрете го возилото, имајќи ја предвид состојбата во сообраќајот.
- Изберете безбедно место на отворено, подалеку од згради или возила, настрешници, покриени паркинзи или слични места.
- Доколку е возможно, вклучете ги трепкачите за предупредување.
- Пред да го напуштите возилото, проверете дали е имобилизирано (паркинг сопирачка, блокада за паркирање **P**).
- Исклучете го палењето и оставете го контакт-клучот на контролната табла или на видно место за да можат службите за итни случаи да го употребат (на пример за да го извлечат возилото од опасна област).
- Излезете од возилото и проверете дали нема други луѓе или животни внатре.
- Погрижете се да ја напуштите опасната зона заедно со сите други патници во возилото и сите да останат во област што е заштитена од сообраќај (на пр. зад заштитната ограда).
- Известете ги службите за итни случаи.

48-волтна батерија

Контролната сијаличка светнува црвено додека возите. Се прикажува следната порака:

Error: (Грешка:) **48V power supply.** (Напојување од 48V.) **Stop the vehicle safely!** (Безбедно запрете го возилото!) **Please refer to the instruction manual.** (Ве молиме видете во прирачникот.)

Има грешка кај 48-волтното напојување.

1. Паркирајте го возилото на безбедно место.
2. Запрете го моторот и исклучете го палењето.
3. Почекајте неколку секунди.
4. Повторно вклучете го палењето.
5. Стартувајте го моторот.

Ако сијаличката остане вклучена, побарајте стручна помош. За таа цел, CUPRA препорачува посета на дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

48-волтна батерија

Кога возилото е запрено, светнува предупредувачката сијаличка во жолта боја и се прикажува следната порака:

Error: (Грешка:) **48V power supply.** (Напојување од 48V.) **Do not start driving.** (Не почнувајте да возите.) **Please refer to the instruction manual.** (Ве молиме видете во прирачникот.)

Има грешка кај 48-волтното напојување.

1. Паркирајте го возилото на безбедно место.
2. Запрете го моторот и исклучете го палењето.
3. Почекајте неколку секунди.
4. Повторно вклучете го палењето.
5. Стартувајте го моторот.

Ако сијаличката остане вклучена, побарајте стручна помош. За таа цел, CUPRA препорачува посета на дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

48-волтна батерија

Кога возилото е запрено, светнува предупредувачката сијаличка во жолта боја и се прикажува следната порака:

48V battery charge low. (Полнењето на 48-волтната батерија е ниско) **Start the engine or refer to the owner's manual.** (Стартувајте го моторот за да видите во прирачникот)

Предупредување за нивото на полнење на 48-волтната батерија.

1. Стартувајте го моторот.
2. Застанете на безбедно место и оставете го моторот да работи неколку минути.

Ако сијаличката остане вклучена, побарајте стручна помош. За таа цел, CUPRA препорачува посета на дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Ако моторот не може повторно да стартува:

1. Исклучете го палењето.
2. Користете ја помошта за стартување ››› стр. **362**.

Ако возилото не стартува, побарајте стручна помош. За таа цел, CUPRA препорачува посета на дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Управување со енергија

Оптимизација на капацитетот за стартување

Управувањето со енергијата ја контролира дистрибуцијата на електрична енергија така што секогаш има доволно електрична енергија за да го стартува моторот.

Ако возилото со конвенционален енергетски систем остане неподвижно подолго време, електричните уреди, на пример во електронската контакт-брава, ја испразнуваат батеријата. Под одредени околности, ова може да доведе до недостиг на електрична енергија за стартување на моторот.

Во вашето возило, паметен систем за управување со енергија е одговорен за дистрибуција на електричната енергија. Ова јасно ги подобрува почетните перформанси и работниот век на батеријата.

Главните функции вградени во системот за управување со енергија се дијагноза на батерија, управување со преостаната енергија и динамичен систем за управување со енергија.

Дијагноза на батерија

Дијагностиката на батеријата го одредува статусот на батеријата на тековна основа. За таа цел се следат напонот, струјата и температурата на батеријата. Ова се користи за да се одреди нивото на полнење и ефикасноста на батеријата.

Систем за управување со преостаната енергија

Управувањето со преостанатата енергија ја намалува потрошувачката на енергија додека возилото е паркирано. Кога палењето е исклучено, тој управува со напојувањето на различните електрични уреди. Притоа, ги зема предвид дијагностичките податоци за батеријата.

Додека палењето е вклучен и зависно од нивото на наполнетост на батеријата, тој ги исклучува електричните уреди еден по друг за да избегне претерано празнење на батеријата и да го одржи капацитетот за стартување.

Динамичен систем за управување со енергија

Енергијата генерирана за време на возењето се дистрибуира од системот за динамичко управување со енергијата на електричните уреди според нивните потреби за енергија. Исто така, осигурува дека не се троши повеќе енергија отколку што се генерира, со што се обезбедува оптимално ниво на полнење на батеријата.

Предупредување

- Системот за управување со енергија, исто така, не може да ги надмине границите наметнати од законите на физиката. Имајте предвид дека капацитетот и работниот век на батеријата се ограничени.
- Кога постои ризик возилото да не стартува, ќе се прикаже предупредувачка сијаличка за ниско ниво на полнење на батеријата ››› стр. 392.

Испразнета батерија

Одржувањето на почетниот капацитет има врвен приоритет. Оптоварувањето на батеријата е значително при кратки патувања, градско возење и во студената сезона од годината.

Во овие ситуации, потребна е многу енергија, но многу малку се генерира. Ако моторот е запрен и во исто време се вклучени електричните уреди, батеријата може да се испразни до критична точка. Во овој случај енергијата се троши без да се генерира истовремено.

Во овие ситуации ќе забележите дека системот за регулација на енергија врши активно прилагодување на дистрибуцијата на енергија.

Возило што е во мирување подолго време

Ако не го возите возилото неколку дена или недели, ќе се направат прилагодувања за да се намали потрошувачката или електричните уреди ќе се деактивираат еден по еден. Ова ја намалува потрошувачката на енергија и капацитетот за стартување се одржува подолго време. Некои комфорни функции може да не се достапни под одредени околности. Комфорните функции ќе бидат повторно достапни кога ќе се вклучи палењето и ќе се стартува моторот.

Додека моторот е исклучен

Ако слушате радио, на пример, додека моторот е исклучен, батеријата ќе се испразни.

Ако потрошувачката на енергија значи дека постои ризик моторот да не стартува, во возилата со систем за информирање на возачот ќе се прикаже текст.

Оваа порака на возачот покажува дека моторот мора да се стартува за да се наполни батеријата.

Додека моторот работи

Батеријата може да се испразни и покрај фактот што енергијата се генерира додека возилото е во движење. Ова е особено случај ако се генерира премалку енергија и се троши премногу во исто време додека нивото на полнење на батеријата не е оптимално.

За да се врати енергетската рамнотежа, уредите што трошат најмногу енергија или привремено се прилагодуваат или се деактивираат. Особено системите за греење трошат многу енергија. Ако забележите, на пример, дека греењето на седиштата или грејачот на задното стакло не работат, тие можеби се привремено исклучени или регулирани на помала излезна топлина. Овие системи може повторно да се користат веднаш штом ќе се врати енергетската рамнотежа.

Доколку е потребно, може да забележите и мало зголемување на брзината на празен од. Сепак, ова е нормално и не треба да

ве загрижува. Зголемувањето на брзината на празен од генерира дополнителна енергија и ја полни батеријата.

Тркала и гуми

Важни информации за тркалата и гумите

Општи напомени

- При возење со нови гуми, бидете особено внимателни првите 600 km (300 милји).
- Ако треба да возите преку тротоар или слична препрека, возете многу бавно и што е можно поблиску под прав агол до препреката.
- Одвреме-навреме проверувајте дали гумите се оштетени (дупнатини, исеченици, пукнатини или вдлабнатини). Отстранете ги сите туѓи предмети бутнати во шарите.
- Оштетените тркала и гуми мора веднаш да се заменат.
- Гумите нека бидат без маснотии, масло и гориво.
- Заменете ги капачињата на вентилите што недостасуваат што е можно поскоро.
- Обележете ги тркалата пред да ги извадите за да ротираат во иста насока кога ќе се вратат назад.
- Кога ќе се отстранат, тркалата или гумите треба да се чуваат на ладно, суво и по можност темно место.

Гуми со низок профил

Гумите со низок профил имаат поширока шара, поголем дијаметар на тркалото и помала висина на страничниот ѕид. Затоа, нивното однесување при возењето е поагилно.

Гумите со низок профил може да се изабат побрзо од стандардните гуми, на пример поради силни удари, дупки, капаци на шахти и рабови на тротоари. Правилниот притисок во гумите е многу важен ››› стр. 401.

За да избегнете оштетување на гумите и тркалата, возете особено внимателно кога возите по патишта во лоша состојба.

Визуелно проверувајте ги тркалата на секои 3000 km.

Ако гумите или фелните претрпеле силен удар или се оштетени, нека провери специјализирана сервисна работилница дали е потребно или не да ја смените гумата.

Гумите со низок профил може да се изабат побрзо од стандардните гуми.

Скриено оштетување

Оштетувањето на гумите и фелните често не е лесно видливо. Ако забележите невообичаено вибрирање или возилото завлекува на една страна, тоа може да биде знак дека една од гумите е оштетена. Веднаш намалете ја брзината ако има каква било причина да се сомневате дека можеби има оштетување. Проверете дали гумите се оштетени. Ако не е видливо надворешно оштетување, возете полека и внимателно до најблиската специјализирана сервисна работилница и оставете го возилото да се прегледа.

Туѓи тела во гумата

- Не отстранувајте туѓи тела ако навлегле низ ѕидот на гумата!
- Ако возилото доаѓа со систем за мобилност на гуми, каде што е потребно запечатете ја оштетената гума како што е прикажано во делот ››› стр. 415.

Посетете специјализирана сервисна работилница за поправка или замена. За таа цел, CUPRA препорачува посета на специјализиран дилер на CUPRA или кој било дилер на SEAT.

Смесата за затнување на долниот дел од шарата на гумата се обвитква околу туѓото тело и привремено ја запечатува гумата.

Гуми со шара на профил со одредена насока

Стрелката на страничниот ѕид на гумите ја покажува насоката на вртење на гумите на една оска. Секогаш внимавајте на наведената насока на вртење при монтирањето на тркалото. Ова овозможува оптимално користење на својствата на гумите во однос на пролизгување на вода, прилепеност, прекумерна бучава и абење.

Дополнително монтирање додатоци

Ако сакате да менувате или да монтирате тркала, бандажи или фелни на тркалата, ви препорачуваме да се консултирате со специјализиран сервис на CUPRA или официјален сервисен центар на SEAT за совет во врска со тековните технички препораки.

Симболи за брзината

Ознаката за брзина ја прикажува максималната брзина дозволена за гумите.

P макс. 150 km/h (93 mph)
Q макс. 160 km/h (99 mph)
R макс. 170 km/h (106 mph)
S макс. 180 km/h (112 mph)
T макс. 190 km/h (118 mph)
U макс. 200 km/h (124 mph)
H макс. 210 km/h (130 mph)
V макс. 240 km/h (149 mph)
Z макс. 240 km/h (149 mph)
W макс. 270 km/h (168 mph)
Y макс. 300 km/h (186 mph)

⚠ ВНИМАНИЕ

- Новите гуми немаат максимална прилепеност за време на првите **600** километри. Возете особено внимателно за да избегнете можни незгоди.
- Никогаш не возете со оштетени гуми. Тоа може да предизвика незгода.
- Ако забележите невообичаени вибрации или ако возилото завлекува на едната страна додека возите, веднаш запрете го возилото и проверете ги гумите.
- Никогаш не користете стари гуми или гуми со непозната историја на употреба.

Нови тркала и гуми

Најдобро е сите тркала и гуми да ги сервисира специјализирана сервисна работилница. Таму го имаат потребното знаење, специјалниот алат и соодветните резервни делови.

- Дури и зимските гуми ја губат својата контрола врз мразот. Ако сте монтирале нови гуми, возете ги првите 600 km внимателно и со умерена брзина.
- Сите четири тркала мора да бидат опремени со гуми од ист тип, големина (обем на тркалање) и, ако е можно, шема на шарите.
- Кога менувате гуми, не менувајте само една; сменете најмалку две на иста оска.
- Ако сакате да го опремите вашето возило со комбинирани гуми и бандажи кои се различни од оние што се фабрички монтирани, информирајте ја вашата специјализирана сервисна работилница пред да ги купите ››› ⚠

Големините на бандажите и гумите одобрени за вашето возило се наведени во документацијата за возилото (на пр., ЕС сертификат за сообразност или документ COC[1]). Документацијата на возилото варира во зависност од земјата на живеење.

Ако типот на резервното тркало е различен од нормалните тркала — на пр. во случај на зимски гуми или особено широки гуми —, резервното тркало треба да се користи само привремено во случај на дупнување, а возилото треба да се вози внимателно. Поставете го нормалното тркало на патот што е можно поскоро.

Во возилата со погон на четири тркала, 4-те тркала мора да бидат опремени со гуми од иста марка, тип и шари за да не се оштети системот за влечење поради разликата во бројот на вртења на тркалата. Затоа, во случај на дупнување, треба да се користи само резервно тркало со ист периметар како и обичните гуми.

[1] COC = *сертификат за сообразност*.

Датум на производство

Датумот на производство е означен и на страничниот ѕид на гумата (или на внатрешната страна на тркалото):

DOT ... 2220 ...

тоа значи, на пример, дека гумата е произведена во 22-та недела од 2020 година.

ВНИМАНИЕ

- Користете само комбинации на гуми и бандажи, како и соодветни навртки на тркалата, одобрени од **CUPRA**. Во спротивно возилото може да се оштети, предизвикувајќи незгода.
- Од технички причини не е можно да се користат тркала на други возила; во некои случаи не треба да се користат ниту тркала од истиот модел на возило.
- Секогаш погрижете се гумите што сте ги избрале да имаат соодветно растојание. При изборот на гуми за замена, не потпирајте се целосно на номиналната големина на гумата означена на гумата, бидејќи номиналната големина на гумата може значително да се разликува во зависност од производителот. Недостигот на растојание може да ги оштети гумите или возилото и, како резултат на тоа, да ја загрози безбедноста на патот. Опасност од незгода!
- Користете гуми стари над **6** години само во итен случај и возете со особено внимание.
- На вашето возило не е дозволено монтирање гуми со **run-flat** особини! Забранетата употреба може да предизвика незгоди или да го оштети вашето возило.
- Ако последователно се монтираат украсни капаци, проверете дали пропуштаат доволно воздух за да се излади системот за сопирање. Опасност од незгода!
- Моделите со аеродинамични бандажи на тркалата и/или со пластични елементи со завртки (позатворен дизајн) ја зголемуваат веројатноста за акумулација на мраз и снег во внатрешноста. Ова треба да се земе предвид, во зависност од ситуациите на возење, бидејќи снегот или мразот насобран на тркалата може да предизвика вибрации во возилото кога се вози со над **40 km/h**. Препорачливо е да се отстрани мразот и снегот од внатрешната страна на тркалата со помош на топла вода.
- Ако возите по земјени патеки или чакал, веројатноста за заглавување на камења во бандажите на тркалата со пластични елементи се зголемува кога возите со голема брзина или на спортски начин. Ако видите дека има камчиња заглавени помеѓу бандажот на алуминиумското тркало и влошката, можете да се обидете да ги отстраните користејќи вода под притисок.


Напомена во врска со животната средина

Старите гуми мора да се отстранат според законите во односната земја.

Предупредување

- Треба да се консултира сервисен центар **CUPRA** за да се дознае дали може да се монтираат тркала или гуми со различна големина од оние што првично се поставени од **CUPRA** и да се дознае за дозволените комбинации помеѓу предната оска (оска **1**) и задната оска (оска **2**).
- Никогаш не монтирајте користени гуми ако не сте сигурни во нивната “претходна историја”.

Корисен век на гумите



Сл. **230** Локација на лепенката за притисок во гумите.

Правилниот притисок на надувување и разумните навики на возење ќе го зголемат корисниот век на вашите гуми.

- Проверувајте го притисокот во гумите најмалку еднаш месечно, а исто и пред секое долго патување.
- Притисокот во гумите треба да се проверува само кога гумите се ладни. Не го намалувајте притисокот на топлите гуми.
- Прилагодете го притисокот во гумите на товарот што го носи возилото ››› сл. **230**.
- Во возилата со индикатор за притисок во гумите, зачувајте го изменетиот притисок во гумите ››› стр. **412**.
- Избегнувајте брзо поминување кривини и силно забрзување.
- Одвреме-навреме проверувајте дали гумите имаат неправилно абење.

Притисок во гумите

Вредностите за притисокот во гумите се прикажани на лепенката која се наоѓа на рамката на предната лева врата ››› сл. **230**.

Недоволниот или прекумерниот притисок во голема мера го намалува корисниот век на гумите и негативно влијае на перформансите и возењето на возилото. Точните притисоци се многу важни, особено при брзо возење.

Притисокот во гумите мора да се прилагоди според товарот што го носи возилото.
Ако возилото ќе биде целосно натоварено, зголемете го притисокот во гумите до максималната вредност на оптоварување прикажана на лепенката ››› сл. **230**.

Не заборавајте на резервното тркало кога го проверувате притисокот во гумите: Чувајте го ова резервно тркало надувано со највисок притисок потребен за тркалата.

Во случај на минимизирано привремено резервно тркало (125/70 R16 или 125/70 R18) надувајте до притисок од 4,2 бари како што е наведено на лепенката за притисок во гумите ››› сл. **230**.

Стил на возење

Брзото поминување кривини, големото забрзување и силното сопирање (чкрипење гуми) го зголемуваат абењето на гумите.

Баланс на тркала

Тркалата на новите возила се избалансирани. Меѓутоа, одредени околности може да доведат до нерамнотежа (истрошување), што се препознава како вибрации во управувачот.

Небалансираните тркала треба да се ребалансираат, бидејќи во спротивно предизвикуваат прекумерно абење на управувачот, суспензијата и гумите. Тркалото мора да се ребалансира и кога се поставува нова гума или ако се поправа гума.

Неправилно центрирање на тркалата

Неправилното центрирање на тркалата предизвикува прекумерно абење на гумите, што ја нарушува безбедноста на возилото. Ако забележите прекумерно абење на гумите, треба да го проверите центрирањето на тркалата во специјализиран сервис за CUPRA или официјален сервис на SEAT.

⚠ ВНИМАНИЕ

Несоодветното ракување со тркалата и гумите може да доведе до ненадејни загуби на притисокот во гумите, до одвојување на шарите или дури и до пукање.

- Возачот е одговорен да обезбеди сите гуми на возилото да се правилно напумпани до вистинскиот притисок. Препорачаниот притисок во гумите е означен на етикетата ››› сл. **230**.
- Редовно проверувајте го притисокот во гумите и проверете дали тие се одржуваат на наведените притисоци. Пренизок притисок во гумите може да предизвика прегревање, што резултира со одвојување на шарата или дури и пукање на гумите.
- Притисокот во гумите треба да биде оној што е наведен на етикетата кога гумите се постојано ладни ››› сл. **230**.
- Редовно проверувајте го притисок на ладни гуми. Доколку е потребно, сменете го притисокот во гумите на возилото додека се ладни.

- Редовно проверувајте ги вашите гуми за оштетување и абење.
- Никогаш не ја надминувајте максималната дозволена брзина или оптоварување наведени за типот на гуми монтирани на вашето возило.


Напомена во врска со животната средина

Недоволно напумпаните гуми ќе ја зголемат потрошувачката на гориво.

Индикатори за изабеност



Сл. **231** Профил на гума: индикатори за изабеност.



Сл. **232** Замена на местата на гумите.

Индикаторите за изабеност со околу 1.6 mm висина може да се најдат на основата на профилот на оригиналните гуми, наредени на редовни интербали и долж целиот профил ››› сл. **231**. Буквите “TWI” или траголниците на страничниот ѕид на гумата ја обележуваат позицијата на индикаторите за изабеност.

Минималната дозволена длабочина на профил [1] е достигната кога гумите ќе се изабат до индикаторите за изабеност. Заменете ги гумите со нови ››› ⚠.

Со спортски начин на возење, проверувајте ја длабочината на профилот на секои 5000 / 10000 km (3000 / 6000 mi). При проверката на длабочината на профилот, проверете ги индикаторите за изабеност на сите гуми.

Менување на местата на гумите

За гумите да се трошат на рамномерен начин, се препорачува редовно да се менуваат нивните места според дијаграмот ››› сл. **232**. Корисниот век на сите гуми тогаш ќе биде приближно исто време.

⚠ ВНИМАНИЕ

Гумите мора да се заменат најдоцна кога профилот е истрошен до индикаторите за изабеност. Доколку не се следи ова упатство може да дојде до незгода.

- Особено во тешки услови за возење, како што се влажни или замрзнати коловози. Важно е профилот на гумата да биде колку што е можно подлабок и приближно ист на гумите и на предната и на задната оска.
- Слабата безбедност при возење поради недоволната длабочина на профилот е особено видлива при управувањето со возилото, кога постои ризик од “пролизгување на вода” во длабоки бари со вода и при возење низ кривини, а исто така негативно влијае и на сопирањето.
- Брзината треба да се прилагоди соодветно, инаку постои ризик да се изгуби контролата над возилото.

[1] Почитувајте ги регулативите на земјата во која возите.

Завртки на тркало

Завртките за тркала и бандажите на тркалата се дизајнирани да бидат дел од комплетот. Кога поставувате различни тркала (на пример алуминиумски тркала или тркала со зимски гуми) важно е да ги користите правилните завртки на тркалата со соодветна должина и правилно обликувани глави на завртките. Ова осигурува дека тркалата се поставени безбедно и дека системот за сопирање правилно функционира.

Завртките на тркалата мора да бидат чисти и лесно да се вртат.

Потребен е специјален адаптер за вртење на завртките на тркалата против кражба ››› стр. 408.

⚠ ВНИМАНИЕ

Навртките на тркалата никогаш не треба да се подмачкуваат или намастуваат.

- Користете само завртки за тркалата кои припаѓаат на тркалото.
- Ако пропишаниот вртежен момент на завртките на тркалата е премногу низок, тие може да се олабават додека возилото е во движење. Ризик од незгода! Ако вртежниот момент на затегнување е превисок, завртките и навоите на тркалото може да се оштетат.

⚠ ПРЕТПАЗЛИВО

Погледнете ››› стр. 410 за да го дознаете препорачаниот вртежен момент за затегнување за навртките на тркалата за бандажи од челик и легура.

Зимски гуми

- Зимските гуми мора да се монтираат на сите четири тркала.
- Користете само зимски гуми кои се одобрени за вашето возило.
- Ве молиме имајте предвид дека максималната дозволена брзина за зимски гуми може да биде помала отколку за летните гуми.
- Исто така, имајте предвид дека зимските гуми повеќе не се ефикасни кога шарата е истрошена.
- Откако ќе ги монтирате тркалата, секогаш мора да го проверувате притисокот во гумите. Кога го правите тоа, земете ги предвид правилните притисоци во гумите наведени на задниот дел од рамката на предната лева врата ››› стр. 401.

Во зимски услови на патишта зимските гуми значително ќе го подобрат управувањето со возилото. Дизајнот на летните гуми (ширина, гумена смеса, шема на шарите) дава помала контрола на мразот и снегот. Ова особено се однесува на возила опремени со гуми со широк дел или со гуми со голема брзина (буква H, V или Y на страничниот ѕид).

Користете само зимски гуми од соодветен тип кои се одобрени за вашето возило. Големините на овие гуми се наведени во документите на возилото (на пр. ЕС сертификат за сообразност или COC[1]). Документацијата на возилото варира во зависност од земјата на живеење.

Зимските гуми губат голем дел од нивните својства кога шарата е истрошена до длабочина од 4 mm.

Перформансите на зимските гуми исто така сериозно се нарушуваат со стареење, дури и ако шарата е сè уште многу подлабока од 4 mm.

На сите зимски гуми се печати шифрата што го означува ограничувањето на брзината ››› стр. 399.

Во менито Поставувања на возило на инфо-забавниот систем, може да се постави предупредување за брзина во менито Гуми.

Возилата што можат да ги надминат овие брзини мора да имаат закачена соодветна налепница, така што таа да биде видлива за возачот. Соодветни налепници се достапни во специјализираните сервиси на CUPRA, официјалните сервисни центри на SEAT и

[1] COC = *сертификат за сообразност*.

специјализираните работилници. Ве молиме имајте ги предвид регулативите за оваа цел во вашата земја.

Гумите за "сите годишни времиња" може исто така да се користат наместо зимски гуми.

Користење зимски гуми со **V**-оцена

Ве молиме имајте предвид дека општо применливата брзина од 240 km/h (149 mph) за зимски гуми со буквата V е предмет на технички ограничувања; максималната дозволена брзина за вашето возило може да биде значително помала. Максималното ограничување на брзината за овие гуми директно зависи од максималните тежини на оската за вашиот автомобил и од наведената оцена на тежината на гумите што се користат.

Најдобро е да контактирате со специјализиран сервис на CUPRA или официјален сервис на SEAT за да ја проверите максималната брзина што е дозволена за гумите со V-оцена поставени на вашиот автомобил врз основа на овие информации.

⚠ ВНИМАНИЕ

Надминувањето на максималната дозволена брзина за зимските гуми поставени на вашиот автомобил може да предизвика дефект на гумите, што резултира со губење на контролата на возилото – ризик од незгода.

Напомена во врска со животната средина

Кога зимата ќе заврши, во соодветен момент сменете ги летните гуми. На температури над **+7°C (+45°F)**, перформансите ќе се подобрат ако се користат летни гуми. Ќе се намалат бучавата при тркалање, абењето и потрошувачката на енергија.

Синџири за снег

Синџирите за снег се дозволени само на предните тркала, дури и кај возила со погон на **4** тркала.

- Проверете дали се правилно поставени по возење неколку метри; поправете ја положбата доколку е потребно, во согласност со упатствата за монтирање на производителот.
- Брзината нека ви биде под 50 km/h (30 mph).
- Ако постои опасност да останете заглавени и покрај тоа што сте ги поставиле синџирите, најдобро е да ја исклучите контролата на тракција (TCS) во ESC ››› стр. **208**.

Синџирите за снег ќе ја подобрат *можноста за одлавување* како и *тракцијата* во зимски услови.

Од технички причини, употребата на синџири за снег е дозволена само на следните комбинации на фелни и гуми:

Гуми	Фелна на тркало	Синџири
215/55 R17	7.5Jx17 ET40	Макс. врска 15 mm
225/55 R17	7.5Jx17 ET40	Макс. врска 9 mm
225/50 R18	8x18 ET40	
245/45 R18	8x18 ET40	
245/40 R19	8x19 ET40	
Други димензии не дозволуваат синџири		

Отстранете ги сите централни фелни на тркалата пред да поставите синџири за снег.

⚠ ВНИМАНИЕ

Употребата на несоодветни или неправилно поставени синџири може да доведе до сериозни незгоди и оштетувања.

- Секогаш соодветни синџири за снег.
- Почитувајте ги упатствата за монтирање дадени од производителот на синџирите за снег.
- Никогаш не надминувајте ги максимално дозволените брзини кога возите со синџири за снег.

ПРЕТПАЗЛИВО

- Отстранете ги синџирите за снег за да возите по патишта без снег. Во спротивно тие ќе го нарушат управувањето со возилото, ќе ги оштетат гумите и ќе се истрошат многу брзо.
- Фелните на тркалата може да се оштетат или изгребат ако синџирите дојдат во директен контакт со нив. **CUPRA** препорачува употреба на обложени синџири за снег.

Замена на тркало

Вовед

Менувајте тркало сами, само ако сте запознаени со потребните операции и безбедносни мерки, ако ги имате потребните алати и ако возилото е безбедно паркирано.


Прелиминарни дејствија

- Запрете го возилото на рамна површина и на безбедно место, што подалеку од сообраќајот на патиштата.
- Вклучете ја електронската паркинг-сопирачка.
- Вклучете ги трепкачите за предупредување.
- *Рачен менувач:* поставете прв степен.
- *Автоматски менувач:* вклучете ја блокадата за паркирање **P**.
- Ако влечете приколка, откачете ја приколката од вашето возило.
- Поставете ги алатите за возилото ››› стр. 360 и тркалото што треба да се смени.
- Следете ги законските одредби на секоја земја (флуоресцентен елек, предупредувачки триаголници, светилник итн.).
- Извадете ги сите патници од возилото и држете ги надвор од опасната зона (на пр. зад заштитната банкина).


ВНИМАНИЕ

- Секогаш почитувајте ги горенаведените чекори и заштитете се себеси и другите учесници во сообраќајот.
- Ако го смените тркалото на наклон, блокирајте го тркалото од спротивната страна на автомобилот со камен или слично за да спречите движење на возилото.

Локација и користење на привременото резервно тркало



Сл. **233** Во багажниот простор: кренат под за товарање.



Сл. **234** Во багажникот: извадете го сабвуферот.

Привременото резервно тркало се чува под подниот панел во багажниот простор и е прицврстено со завртка.

Привременото резервно тркало е дизајнирано да се користи за кратки временски периоди. Гумата нека се провери и замени што е можно поскоро во специјализиран сервис на CUPRA, официјален сервис на SEAT или во специјализирана сервисна работилница.

Резервното тркало не смее да се замени за резервно тркало од друго возило.

Отстранување на привременото резервно тркало

- Подигнете ја и држете го подниот панел за да го извадите привременото резервно тркало ››› стр. 331.
- Завртете ја завртката спроти насоката на стрелките на часовникот ››› сл. 233.
- Извадете го привременото резервно тркало.

Вадење на резервното тркало од возила опремени со опционален звучен систем (со сабвуфер)

За да го отстраните резервното тркало, прво мора да го извадите сабвуферот.

- *Возила без варијабилен под во багажниот простор:* повлечете го подот на багажниот простор (тепих) нагоре за да го извадите.
- *Возила со варијабилен под во багажниот простор:* кренете го и прицврстете го подот на багажниот простор како што е објаснето во ››› стр. 331.
- Исклучете го кабелот за звучник на сабвуферот ››› сл. 234 ①.
- Свртете го прицврстувачкото тркало спротивно од стрелките на часовникот ››› сл. 234 ②.
- Отстранете го звучникот на сабвуферот и резервното тркало.
- Кога повторно ја монтирате резервната гума, внимателно поставете го сабвуферот на основата на работ на тркалото. Притоа, врвот на стрелката “НАПРЕД” на субвуферот треба да покажува нанапред.
- Повторно поврзете го кабелот за звучниците и цврсто завртете го прицврстувачкото тркало во насока на стрелките на часовникот така што системот на сабвуферот и тркалото ќе бидат цврсто на своето место.

Синџири

Од технички причини, синџирите за снег не смеат да се користат на привременото резервно тркало.

Ако имате дупка на едно од предните тркала кога користите синџири за снег, поставете го привременото резервно тркало на местото на едно од задните тркала. Монтирајте ги синџирите за снег на задното тркало што сте го извадиле и заменете го дупнатото предно тркало со ова тркало.

⚠ ВНИМАНИЕ

- Откако ќе го поставите привременото резервно тркало, проверете го притисокот во гумите што е можно поскоро. Ако не го сторите тоа, може да дојде до незгода. Притисокот во гумите е наведен на задниот дел од рамката на левата предна врата ››› стр. 401.
- Не возете со над **80 km/h (50 mph)** ако привременото резервно тркало е монтирано на возилото: ризик од незгода!
- Никогаш не возете повеќе до **200 km** со привременото резервно тркало.
- Избегнувајте силно забрзување, силно сопирање и брзи свиоци: ризик од незгода!
- Никогаш не користете повеќе од едно привремено резервно тркало во исто време, ризик од незгода.
- Ниту еден друг вид гума (обична летна или зимска гума) не смее да се поставува на компактниот раб на привременото резервно тркало.
- Ако возите со резервното тркало, системот **ACC** може автоматски да се исклучи за време на патувањето. Исклучете го системот при стартување.

Капаци за завртки на тркала



Сл. **235** Тркало: завртки на тркала со капаци.


Отстранување

- Поставете ја пластичната штипка (алатки за возилото ››› сл. **204**) над капачето додека не кликне на своето место ››› сл. **235**.
- Отстранете го капачето со пластичната штипка.

Капаците ги штитат завртките на тркалата и треба повторно да се монтираат по промената на гумата.

Завртката за блокирање на тркалата против кражба има посебно капаче. Ова се вклопува само на завртките за блокирање против кражба и не е за употреба со стандардни завртки за тркала.

Завртки на тркалата за заштита од кражба



Сл. **236** Завртка за тркало против кражба со капа и адаптер.

Олабавување на завртката на тркалото против кражба

- Отстранете ја фелната на тркалото или капачето на главината.
- Вметнете го специјалниот адаптер ››› сл. **236** (1) (алати во возилото ››› стр. **360**) на завртката против кражба и турнете до крај.
- Вметнете го носачот на тркалото (алати во возилото) во адаптерот до крај.
- Отстранете ја завртката на тркалото ››› стр. **408**.

Предупредување

Забележете го кодот на завртката на тркалото за заштита од кражба и чувајте ја на безбедно место, но не во вашето возило. Ако ви треба нов адаптер, можете да го набавите од специјализиран сервис на **CUPRA** или од официјален сервис на **SEAT**, со наведување на кодот.

Разлабавување на завртки за тркало



Сл. **237** Промена на гуми: разлабавување на завртките на тркалото.

Користете го само клучот за тркалата што му припаѓа на автомобилот за да ги олабавите завртките на тркалата.

Олабавете ги завртките на тркалото само околу едно вртење пред да го кренете возилото со дигалката.

Ако завртката на тркалото е многу стегната, внимателно турнете го крајот на клучот на тркалото со нога. Држете се за возилото за поддршка и внимавајте да не се лизнете за време на оваа активност.

Разлабавување на завртки за тркало

- Ставете го клучот на кутијата во завртката колку што може ››› сл. 237.
- Држете го клучот на крајот и завртете ја завртката приближно *едно* вртење спротивно од стрелките на часовникот ››› ⚠.

Важни информации за завртките на тркалата

Фабрички монтираните бандажи и завртките на тркалата се специјално усогласени за време на конструкцијата. Затоа, ако се поставени различни бандажи, мора да се користат правилните завртки на тркалата со соодветна должина и глави. Ова осигурува дека тркалата се поставени безбедно и дека системот за сопирање правилно функционира.


Во одредени околности, не треба да користите ни завртки на тркалата од возила од ист модел.

⚠ ВНИМАНИЕ


Ако завртките на тркалата не се правилно затегнати, тие може да се откачат додека возите и да предизвикаат несреќа, сериозни повреди и губење на контролата на возилото.

- Користете само завртки на тркалото што одговараат на конкретната фелна.
- Никогаш не користете различни завртки на тркалата.
- Завртките и навоите на тркалата треба да бидат чисти, без масло и маснотии и треба да биде можно лесно да се навртуваат.
- За да ги олабавите и затегнете завртките на тркалата, користете го само клучот за тркалата што доаѓа фабрички заедно со автомобилот.
- Завртките на тркалата треба само малку да се олабават (околу едно вртење) пред да го кренете возилото со дигалката. Ризик од незгода!
- Никогаш не нанесувајте маст или масло на завртките на тркалата или на шарите на тркалото. Дури и ако завртките се затегнати до пропишаниот вртежен момент, тие може да се откачат додека возите.
- Никогаш не олабавувајте ги навртуваните споеви на бандажите на тркалата со облоги на прстени со завртки.
- Ако завртките на тркалата се затегнати под пропишаниот вртежен момент, завртките и бандажите може да се олабават додека возите. Ако вртежниот момент на затегнување е превисок, завртките или навоите на тркалото може да се оштетат.

Кревање на возилото



Сл. 238 Точки за позиции на дигалката.



Сл. 239 Попречен носач: монтирање на дигалката на возилото.

- Ставете ја дигалката (алат во возилото) на цврста подлога. Доколку е потребно, користете голема, цврста даска или слична подлога. Ако површината е лизгава (на пример плочки), поставете ја дигалката на гумена подлога или слично за да спречите лизгање ››› ⚠.
- Побарајте ја ознаката на точката за потпора на дигалката (вдлабната област) најблиску до тркалото што треба да се смени ››› сл. 238.
- Свртете ја рачката на дигалката, која се наоѓа под точката за потпора за да ја подигнете за јазичето (1) ››› сл. 239 да биде под куќиштето што е обезбедено.
- Порамнете ја дигалката така што јазичето (1) "се држи" на куќиштето предвидено на попречниот член и мобилната основа (2) е поставена на подлогата. Основната плоча (2) треба да паѓа вертикално во однос на точката за потпора (1).
- Продолжете со вртење на дигалката додека тркалото малку не се подигне од подот.

⚠ ВНИМАНИЕ

Фабрички испорачаната дигалка е дизајнирана само за менување тркала на овој модел. Во никој случај не се обидувајте да ја користите за подигнување на потешки возила или други товари. Ризик од повреда.

- Погрижете се дигалката да биде стабилна. Ако површината е лизгава или мека, дигалката може да се лизне или да се спушти, соодветно, со последователен ризик од предизвикување повреди.
- Подигајте го возилото само со фабрички испорачаната дигалка. Други дигалки, дури и оние одобрени за други модели на **CUPRA** може да се лизгаат, со последователен ризик од повреда.
- Ставајте ја дигалката само на точките за потпора предвидени за таа цел на потпората и порамнете ја. Во спротивно, дигалката може да се лизне бидејќи нема доволно прилепеност на возилото: ризик од повреда!
- Никогаш не треба да ставате телесен екстремитет како рака или нога под подигнатото возило што се држи само со дигалката.
- Ако треба да работите под возилото, мора дополнително да користите соодветни држачи за да го потпрете возилото, постои ризик од незгода!.
- Никогаш не кревајте го возилото ако се навалува на едната страна или ако моторот работи.
- Никогаш не вклучувајте го моторот кога возилото е подигнато. Возилото може да се откачи од дигалката поради вибрациите на моторот.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

- Возилото не смее да се крева на попречниот носач. Ставајте ја дигалката само на точките за потпора предвидени за таа цел на потпората и порамнете ја. Во спротивно, може да се оштети возилото.
- Секаков вид на оптоварување или тежина нанесена на надворешниот праг/врата (стапнување, монтирање на дигалката, оставање тешки предмети итн.) може да предизвика оштетување. **CUPRA** не презема никаква одговорност за оштетувања предизвикани од несоодветна употреба на надворешниот праг или каросерија.

Вадење и монтирање тркало

Променете го тркалото откако ќе ги олабавите завртките на тркалото и ќе го подигнете возилото со дигалката.

Кога го вадите/монтирате тркалото, работ може да удри и да го оштети дискот на сопирачката. Поради тоа, ве молиме внимавајте и побарајте второ лице да ви помогне.

Откачување на тркалото

- Одвртете ги завртките со клучот за тркалата и ставете ги на чиста површина.
- Извадете го тркалото.

Ставање резервно тркало

Проверете ја насоката на вртење на гумата ››› стр. 411.

- Ставете го резервното тркало или привременото резервно тркало на место.
- Зашрафете ги завртките на тркалото и затегнете ги малку со клучот за тркала.
- Користете го соодветниот адаптер за затегнување на завртките на тркалото против кражба.
- Внимателно спуштете го возилото користејќи го дигалката.
- Користете го клучот на тркалото за да ги затегнете сите навртки на тркалото во насока на стрелките на часовникот. Затегнете ги завртките во дијагонални парови (не во круг).
- Повторно ставете ги капачињата, фелните или целосните капаци.

Монтирање на минимизираното резервно тркало **(**во зависност од верзијата**)**

Од технички причини (големина на дискот за сопирачките), можеби нема да биде возможно да се постави минимизираното резервно тркало на предната оска.

Во случај на дупчење или оштетување на предната гума, следете ги упатствата подолу:

1. Отстранете го задното тркало на истата страна како и оштетеното предно тркало.
2. Монтирајте го минимизираното резервно тркало на задната оска.
3. Заменете го оштетеното предно тркало со отстранетото задно тркало.

Доколку е потребно, проверете дали притисокот во гумите е точен што е можно поскоро.

Вртежен момент на затегнување на навртките на тркалото

Пропишаниот вртежен момент на затегнување на завртките на тркалата за челични и алуминиумски тркала е **140 Nm**.

Откако ќе смените тркало, веднаш проверете го вртежниот момент на затегнување со вртежен клуч кој работи беспрекорно.

Завртките на тркалата треба да бидат чисти и лесно да се вртат. Пред да го ставите резервното тркало, проверете ја состојбата на тркалото и површините за монтирање. Овие површини мора да бидат чисти пред да го наместите тркалото.

Пред проверката на вртежниот момент на затегнување, заменете ги сите рѓосани завртки на тркалата кои тешко се завртуваат и исчистете ги шарите на тркалото.

Никогаш не нанесувајте маст или масло на завртките на тркалата или на шарите на тркалото. Дури и ако завртките се затегнати до пропишаниот вртежен момент, тие може да се откачат додека возите.

Гуми со шара на профил со одредна насока

Гумите со шара на профил со одредена насока се дизајнирани да работат најдобро кога ротираат во само една насока. Страна на страничниот ѕид на гумата ја покажува насоката на ротација на гумите со шара со одредена насока. Секогаш запазувајте ја наведената насока на ротација со цел да се гарантира оптимална прилепеност и да се избегне пролизгување на вода, преголем шум и изабеност.

Ако гумата е монтирана во спротивна насока на ротирање, возете со голема претпазливост бидејќи гумата повеќе не се користи правилно. Ова е од особено значење кога површината на патот е влажна. Сменете ја гумата што е можно поскоро или повторно монтирајте ја со правилна насока на ротирање.

Зафати по замена на тркало

- Заменете ги капачињата на главината или капачињата на завртките на тркалата (во зависност од опремата).

- Вратете ги сите алатки на нивното место за складирање.
- Ако заменетото тркало не пасува во куќиштето за резервното тркало, чувајте го безбедно во багажниот простор ››› стр. 329.
- Проверете го притисокот во гумите на новомонтираната гума што е можно поскоро.
- Во возилата опремени со индикатор за притисок во гумите, прилагодете го притисокот и меморирајте го ››› стр. 412.
- Проверете го вртежниот момент на затегнување на навртките на тркалото што е можно поскоро со клуч за вртежен момент ››› стр. 410. Во меѓувреме, возете внимателно.
- Заменете ја дупнатата гума што е можно побрзо.

Систем за следење притисок на гуми

Индикатор за следење притисок на гуми



Сл. 240 Инструментна табла: предупредување за губење притисок на гума.

Системот за следење на притисокот во гумите ги споредува индивидуалните брзини на секое тркало, а со тоа и динамичкиот радиус со помош на сензорите на ABS.

Доколку се смени обемот на тркалање на едно или повеќе тркала, индикаторот за следење на притисокот во гумите ќе го покаже тоа на инструментната табла и преку предупредувачка сијаличка и предупредување до возачот ››› сл. 240. Кога е засегната само една конкретна гума, ќе се покаже нејзината позиција во возилото.

(!) **Loss of pressure:** (Губење притисок:)**Check left tyre pressure!** (Проверете го притисокот на левата гума!)

Промена на дијаметарот на тркалото

Дијаметарот на тркалото се менува кога:

- Притисокот во гумите се менува рачно.
- Притисокот во гумите е недоволен.
- Структурата на гумата е оштетена.
- Возилото не е на ниво поради оптоварување.
- Тркалата на оската подлежат на поголемо оптоварување (на пр. со тежок товар).
- На возилото има монтирани синџири за снег.
- Привременото резервно тркало е монтирано.
- Едно тркало е сменето на оска.

Може да има доцнење во реакцијата на индикаторот за следење на притисокот во гумите (!) или може да не покажува ништо под одредени околности (на пр. спортско возење, патишта покриени со снег или неасфалтирани патишта или кога возите со синџири за снег).

Калибрирање на индикаторот за следење притисок на гуми

По промена на притисокот во гумите или замена на едно или повеќе тркала, индикаторот за следење на притисокот во

гумите мора повторно да се калибрира. Ова треба да се направи, на пример, при менување на предните и задните гуми.

Треба да се калибрира кога возилото е запрено и на ладни гуми. Ако се калибрираат додека гумите се загреани, постапката за проверка на притисок и калибрација треба да се повтори кога се оладени пред следното патување.

- Вклучете го палењето.
- Зачувајте го новиот притисок на надувување во инфо-забавниот систем: функциско копче ⊞ > 🚗 **Vehicle > Vehicle > Exterior > Tyres** (Возило > Возило > Надворешност > Гуми) ››› стр. 41.
- ИЛИ: ⊞ > 🚗 **Vehicle > Status > Tyre pressure** (Возило > Статус > Притисок во гуми).

По зачувувањето на новиот притисок на надувување, ќе се прикаже порака за потврда, предупредувачкото светло во инструментната табла накратко ќе трепка и ќе се репродуцира тон за предупредување на возачот.

Индикаторот за губење на притисокот во гумите ги користи сензорите на ABS за да ги спореди вртењата на секое тркало и, според тоа, меѓу другото, нивниот обем на шарите. Поставените вредности се собираат и се следат по долго патување со различни брзини.

На пример, ако тркалата се под многу тешки оптоварувања, притисокот во гумите мора да се зголеми до вкупниот препорачан притисок во гумите пред калибрацијата ››› сл. 240.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ако гумите се надуени на различен притисок или на премногу низок притисок, може да се оштети гума и да се изгуби контролата над возилото. Ова може да доведе до сериозна, па дури и фатална несреќа.

- Ако сијаличката (!) светне, веднаш намалете ја брзината и избегнувајте какви било ненадејни маневри на вртење или сопирање. Застанете што е можно поскоро и проверете го притисокот и статусот на сите гуми.
- Индикаторот за губење на притисокот во гумите работи правилно само ако сите гуми се со правилен притисок кога се ладни, а потоа се калибрира според опишаната постапка.
- Ако гумите немаат дупнатини и не треба веднаш да се заменат, возете до најблиската специјализирана сервисна работилница со мала брзина и проверете го и коригирајте го притисокот во гумите.

ⓘ Предупредување

- Кога возите за прв пат со нови гуми со големи брзини, гумите може малку да се рашират, што може да резултира со предупредување за притисокот на воздухот.
- Ако се открие низок притисок во гумите кога палењето е вклучено, ќе се огласи звучно предупредување. Ако системот не работи, се огласува звучен сигнал.
- Возењето по неасфалтирани патишта долго време или спортското возење може привремено да го деактивира системот. Предупредувачката сијаличка покажува дефект, но исчезнува кога условите на патот или однесувањето при возење се менуваат.
- Не потпирајте се само на системот за следење на притисокот во гумите. Редовно проверувајте ги гумите за да се уверите дека притисокот во гумите е точен и дека гумите не се оштетени како што се дупнатини, исеченици, шипки и вдлабнатини. Отстранете ги сите предмети што не можат да продрат во гумите.
- Индикаторот за следење на притисокот во гумите не функционира кога има дефект во **ESC** или **ABS** ››› стр. 206.

Решавање проблеми

(!) Низок притисок во гума

Контролната сијаличка се вклучува жолто.

Притисокот на надувување на едно или повеќе тркала е многу помал од вредноста поставена од возачот, или гумата има структурно оштетување. Покрај тоа, се огласува звучно предупредување и се прикажува текстуална порака на екранот на инструментната табла.

- Запрете го возилото! Запрете го возилото на безбедно што е можно поскоро.
- Проверете ги сите гуми и притисоци.
- Заменете ги сите оштетени гуми.

Дефект во индикаторот за губење на притисокот во гумите

Контролната сијаличка трепка околу 1 минута, а потоа постојано свети жолто.

- Ако гумата е правилно напумпана, исклучете го палењето и повторно вклучете го.
- Повторно калибрирајте го системот за следење притисок на гуми >>> стр. 412
- Ако дефектот продолжи, отидете во специјализирана сервисна работилница.

Поправка на гума

TMS (систем за мобилност на гуми) прибор за санирање гуми

Приборот за санирање гуми (систем за мобилност на гуми) безбедно ќе ги запечати дуплите предизвикани од пенетрација на туѓо тело до околу **4 mm** дијаметар. Не отстранувајте ги туѓите предмети, на пр. завртки или клинци, од гумата.

Откако ќе го ставите средството за затнување во гумата, мора повторно да го проверите притисокот во гумите околу 10 минути по стартувањето на моторот.

Приборот за мобилност на гумите треба да го користите само ако возилото е паркирано на безбедно место, ако сте запознаени со постапката и го имате потребниот прибор за мобилност на гуми. Инаку, треба да побарате стручна помош.

Приборот за санирање не смее да се користи во следните случаи:

- Ако обрачот на тркалото е оштетен.
- На надворешни температури под -20°C (-4°F).
- Ако засекот или дупнатините во гумите се поголеми од 4 mm.
- Ако гумата се возела со многу низок притисок на надувување или без притисок во гумите.
- Ако истече рокот на траење на шишето со заптивната смеса.

⚠ ВНИМАНИЕ

Користењето на приборот за санирање гуми може да биде опасно, особено кога ја полните гумата покрај патот. За да го намалите ризикот од сериозни повреди, имајте го предвид следново:

- Запрете го возилото што е можно поскоро на безбедно место. Паркирајте на безбедно растојание од патниот сообраќај за да ја наполните гумата.
- Проверете дали подлогата е рамна и цврста.
- Сите патници, особено децата, треба да се држат на безбедно растојание подалеку од работната површина.
- Вклучете ги предупредувачките трепкачи за да ги предупредите другите учесници во сообраќајот.
- Секогаш запирајте го моторот, активирајте ја електронската паркинг-сопирачка и ставете во степен ако имате рачен менувач или притиснете го копчето за блокада за паркирање **P** ако има автоматски менувач, со цел за да го намалите ризикот од несакано придвижување на возилото.
- Користете го приборот за санирање гуми само ако сте запознаени со потребните операции. Инаку, треба да побарате стручна помош.
- Приборот за санирање гуми треба да се користи само во итен случај, за да стигнете до најблиската гаража.
- Заменете ги поправените гуми со комплетот за затнување што е можно поскоро.
- Средството за затнување е опасно по здравјето и мора веднаш да се исчисти доколку дојде во допир со кожата.
- Секогаш чувајте го приборот за санирање гуми подалеку од дофат на деца.

⚠ ВНИМАНИЕ

Гумата исполнета со средство за затнување ги нема истите возни перформанси како конвенционалната гума.

- Никогаш не возете побрзо од **80 km/h (50 mph)**.
- Избегнувајте полн гас, силно сопирање и вртење при големи брзини.
- Возете само **10** минути со максимална брзина од **80 km/h (50 mph)** и потоа проверете ја гумата.

Напомена во врска со животната средина

Фрлете го искористената или истечената заптивна смеса за гуми во согласност со релевантните законски барања.


Предупредување

Можете да купите нови шишиња со заптивната смеса за гуми од специјализирани дилери на **CUPRA** или кој било дилер на мрежата на **SEAT**.

Предупредување

Имајте го предвид посебното упатство за употреба приложено од производителот на системот за мобилност на гуми.

Содржина на приборот за санирање гума



Сл. **241** Стандарден приказ: содржина на приборот за санирање гума.

Приборот за санирање гума се наоѓа под подната покривка во багажниот простор. Ги вклучува следните компоненти ››› сл. **241**:

1. Отстранувач на влошки за вентили
2. Налепница што треба да се залепи на инструментната табла во видното поле на возачот за да потсети дека максималната препорачлива брзина е “најмногу 80 km/h” или “најмногу 50 mph”
3. Цевка за полнење со капа
4. Компресор за воздух (во зависност од верзијата, моделот може да варира).
5. ON/OFF прекинувач
6. Завртка за пропуштање на воздухот (може да се вклопи и во цевката за надувување).
7. Предупредување од системот за следење на притисокот во гумите (може да се интегрира и во цевката за надувување).
8. Цевка за надувување гуми
9. 12-волтен конектор
10. Шише со смеса за запечатување
11. Резервен вентил за гума

Отстранувачот на влошки за вентили (1) има празнина на долниот крај за влошка за вентил. Вметнувањето на вентилот може да се наврти или одврти само на овој начин. Ова важи и за неговиот резервен дел (11).

Запечатување и пумпање гума

Запечатување гума

- Отшрафете го капачето на вентилот на гумата и вметнете. Употребете го уредот ››› сл. **241** (1) за да го извадите капачето на вентилот. Ставете го на чиста површина.
- Силно протресете го шишето со средство за запечатување гуми ››› сл. **241** (10).
- Зашрафете го цревото за пумпање на гумата ››› сл. **241** (3) во шишето со средство за запечатување гуми. Пломбата на шишето автоматски ќе се скрши.
- Отстранете го капачето за полнење ››› сл. **241** (3) и зашрафете го отворениот крај на цевката во вентилот на гумата.

- Со шишето наопаку, испразнете ја целата содржина во гумата.
- Извадете го шишето од вентилот.
- Заменете го пиштолот со уредот ››› сл. **241** (1) во вентилот на гумата.

Пумпање гума

- Зашрафете ја цевката за пумпање на гумата на компресорот ››› сл. **241** (8) на вентилот на гумата.
- Проверете дали завртката за излез на воздухот е затворена ››› сл. **241** (6).
- Стартувате го моторот и оставете го да работи.
- Прикачете го конекторот ››› сл. **241** (9) на штекерот од 12 волти на возилото ››› стр. **276**.
- Вклучете го компресорот со прекинувачот ON/OFF ››› сл. **241** (5).
- Задржете го компресорот за воздух додека не достигне притисок од 2.0-2.5 bar (29-36 psi/200-250 kPa). Најмногу **8** минути.
- Исклучете го компресорот за воздух.
- Ако не го достигне наведениот притисок, одвртете ја цевката за пумпање на гумата од вентилот.
- Поместете го возилото 10 m така што средството за запечатување ќе се распореди низ гумата.
- Зашрафете го надувувачот на гумата на компресорот во вентилот.
- Повторете го процесот на пумпање.
- Ако сè уште не се достига притисокот, гумата е премногу тешко оштетена. Застанете и побарајте помош од овластени лица.
- Исклучете го компресорот за воздух. Одвртете ја цевката за пумпање на гумата од вентилот на гумата.
- Кога притисокот во гумите е помеѓу 2,5 и 2,0 bar, продолжете да возите без надминување на 80 km/h (50 mph).
- Прикачете ја лепенката ››› сл. **241** (2) на дисплејот на инструментната табла во видното поле на возачот.
- Проверете го притисокот повторно по 10 минути ››› стр. **416**.

⚠ ВНИМАНИЕ

При пумпање на тркалото, компресорот за воздух и цевката за пумпање може да се загреат.

- Заштитете ги рацете и кожата од жешките делови.
- Не ставајте ја топлата флексибилна цевка за пумпање или врелиот компресор за воздух на запалив материјал.
- Оставете ги да се изладат пред да го складирате уредот.
- Ако не е можно да се напумпа гумата најмалку до **2.0 bar (29 psi / 200 kPa)**, гумата е премногу оштетена. Средството за запечатување не е во добра состојба за да ја запечати гумата. Не продолжувајте да возите. Побарајте помош од стручни лица.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

Исклучете го компресорот за воздух по најмногу **8** работни минути за да избегнете прегревање! Пред повторно да го вклучите компресорот за воздух, оставете го да се излади неколку минути.

Проверка по **10**-минутно возење

Повторно зашрафете ја го цревото за пумпање ››› сл. **241** (8) и проверете го притисокот на манометарот (7).

1.3 bar (19 psi / 130 kPa) и понизок:

- Запрете го возилото! Гумата не може да се запечати доволно со комплетот за мобилност на гумата.
- Треба да побарате стручна помош ››› ⚠.

1.4 bar (20 psi/140 kPa) и повисок:

- Поставете го повторно притисокот во гумите на правилната вредност.
- Внимателно продолжете со вашето патување додека не стигнете до најблиската специјализирана работилница без пречекорување 80 km/h (50 mph).
- Заменете ја оштетената гума.

⚠ ВНИМАНИЕ

Возењето со незапечатена гума е опасно и може да предизвика несреќи и сериозни повреди.

- Не продолжувајте да возите ако притисокот на гумата е **1.3 bar (19 psi / 130 kPa)** и понизок.
- Побарајте помош од стручни лица.

Одржување

Сервис

Сервисни зафати и Дигитален план за одржување

Дневник на извршени сервисни зафати **(“Дигитален план за одржување”)**

Специјализираните дилери на CUPRA, застапништвото на SEAT или специјализирана сервисна работилница ги евидентира сметките за сервисирање во централен систем. Благодарение на оваа сеопфатна документација за историјата на сервисот, можно е да се репродуцираат извршените услуги во секое време. CUPRA препорачува да се побара потврда за сервис по секој извршен сервис која ги содржи сите услуги извршени на системот.

Секогаш кога има нов сервис, потврдата се заменува со актуелна.

Дигиталниот план за одржување не е достапен на некои пазари. Во тој случај, вашиот специјализиран дилер на **CUPRA** или застапништво на **SEAT** ќе ве информира за документацијата за сервисната работа.

Сервисни зафати

Во Дигиталниот план за одржување, вашиот специјализиран дилер на CUPRA, дилерот на SEAT или специјализирана работилница ќе ги документира следните информации:

- Кога била извршена секоја од сервисните услуги.
- Дали е предложена одредена поправка, на пр. менување на влошките на сопирачките во блиска иднина.
- Доколку сте изразиле посебно барање за одржување. Вашиот советник за сервис ќе го напише работниот налог.
- Компонентите или течностите што биле сменети.
- Датумот на следниот сервис.

Long Life гаранцијата за мобилност важи до следната проверка. Овие информации се документирани во сите извршени проверки.

Видот и обемот на сервисот може да се разликуваат од едно до друго возило. Специјализираната сервисна работилница ќе може да обезбеди конкретни информации за работните зафати за вашето возило.

⚠ ВНИМАНИЕ

Доколку сервисот е недоволен или не е извршен и доколку не се почитуваат сервисните интервали, возилото може да биде имобилизирано во сообраќајот и да предизвика сообраќајна незгода и тешки повреди.

- Погрижете се сите поправки да ги врши специјализиран дилер на **CUPRA**, застапништво на **SEAT** или специјализирана сервисна работилница.

ПРЕТПАЗЛИВО

CUPRA не може да биде одговорен за каква било штета на возилото поради недоволна работа или поради недостапност на резервни делови.

Предупредување

Редовните сервиси на возилото не само што ја одржуваат неговата вредност, туку и правилното функционирање и безбедноста на патиштата. Поради оваа причина, спроведете го сервисот во согласност со упатствата на **CUPRA**.

Фиксни или флексибилни сервисни интервали

Сервисите се поделени на сервис за промена на масло и проверка. Приказот на сервисниот интервал на дисплејот на инструментната табла служи како потсетник за следниот сервис.

Во зависност од карактеристиките, моторот и условите за користење на автомобилот, за сервисот за промена на масло ќе се применува или фиксниот сервис или флексибилниот сервис.

Како да знаете кој тип на сервис му треба на возилото

Проверете ги табелите подолу:

Сервис за промена на масло[a]		
PR бр.	Тип на сервис	Сервисен интервал
QI1	Фиксен	На секои **5000 km** или по **1** година[b]
QI2		На секои **7500 km** или по **1** година[b]
QI3		На секои **10000 km** или по **1** година[b]
QI4		На секои **15000 km** или по **1** година[b]

Сервис за промена на масло[a]		
PR бр.	Тип на сервис	Сервисен интервал
QI6	Флекси-билен	Според приказот на сервисниот интервал.

[a] Податоците се засноваат на нормални услови на употреба.
[b] Што ќе се случи прво.

Контролен сервис[a]
Според приказот на сервисниот интервал.

[a] Податоците се засноваат на нормални услови на употреба.

Посебни карактеристики на флексибилниот сервис

Што се однесува до флексибилниот сервис, сервисот за промена на масло треба да се врши само кога на возилото му е потребно. За да пресметате кога треба да го извршите овој сервис, земете ги предвид индивидуалните услови на користење и личниот стил на возење. Главна компонента на флексибилниот сервис е употребата на маслото LongLife наместо обично моторно масло.

Имајте ги предвид информациите за спецификациите на моторното масло според стандардот на VW ››› стр. 384.

Ако не сакате флексибилен сервис, можете да го изберете фиксниот сервис. Сепак, фиксниот сервис може да влијае на трошоците за услугата. Сервисниот советник со задоволство ќе ве советува.

Приказ на сервисен интервал

Во CUPRA, датумите на сервисните услуги се означени со приказот на сервисни интервали во инструментната табла ››› стр. 25 или во менито Поставувања на возилото на инфо-забавниот систем ››› стр. 42.

Приказот на сервисни интервали дава информации за датумите на сервисирање кои вклучуваат промена на моторното масло или проверка. Кога ќе дојде време за соодветната услуга, може да се изврши дополнителен потребен зафат, како што се промена на течноста за сопирачките и свеќичките.

Информации за условите за користење

Сервисните интервали и групи обично се засноваат на нормални услови на користење.

Ако, пак, возилото е под неповолни услови на користење, дел од работата мора да се изврши пред следниот сервисен период или дури и помеѓу сервисните интервали.

Несаканите услови на користење вклучуваат:

- Употреба на гориво со висока содржина на сулфур.
- Чести кратки патувања.
- Оставање на моторот во лер подолго време, како во случајот со такси.
- Користење на возилото во области со густа прашина.
- Често возење со приколка (во зависност од опремата).
- Користење на возилото најчесто во ситуации со многу сообраќај и застанувања (на пр. во град).
- Користење на возилото најчесто во зима.

Ова особено важи за следните делови (во зависност од опремата):

- Филтер за прав и полен
- Air Care филтер за алергени
- Филтер за воздух
- Запчест ремен
- Филтер за честички
- Моторно масло

Советникот за сервис на вашата специјализирана работилница со задоволство ќе ве информира за потребата од извршување на сервисни зафати помеѓу нормални сервисни интервали, секогаш имајќи ги предвид условите за користење на вашето возило.

⚠ ВНИМАНИЕ

Доколку сервисот е недоволен или не е извршен и доколку не се почитуваат сервисните интервали, возилото може да биде имобилизирано во сообраќајот и да предизвика сообраќајна незгоди и тешки повреди.

- Погрижете се сите поправки да ги врши специјализиран дилер на **CUPRA**, застапништво на **SEAT** или специјализирана сервисна работилница.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВО

CUPRA не може да биде одговорен за каква било штета на возилото поради недоволна работа или поради недостапност на резервни делови.

Сервисни пакети

Сервисните пакети ги вклучуваат сите зафати за одржување потребни за да се обезбеди безбедност и непречено возење на возилото (во зависност од условите за користење и карактеристиките на возилото, како што се моторот, менувачот или погонските течности).

Зафатите на одржување се делат на *контролен* сервис и сервис за *проверка*. Консултирајте се за деталите за зафатите потребни за вашето возило кај:

- Вашиот дилер на CUPRA
- Вашиот дилер на SEAT
- Вашата специјализирана сервисна работилница

